**“УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ**

**Муазам Х. Халили**

# “КРИМИНОЛОШКО - КРИМИНАЛИСТИЧКИ АСПЕКТИ НА ЗЛОУПОТРЕБИТЕ НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”

***-Докторска дисертација-***

**С К О П Ј Е, 2015**

| | |
|---|---|
| **М е н т о р:** | Вон. проф. д - р Светлана С. Николоска<br>Факултет за безбедност - Скопје<br>Универзитет “Св.Климент Охридски”- Битола |
| **Членови на комисија:** | Вон. проф. д - р Миодраг Ј. Лабовиќ<br>Факултет за безбедност - Скопје<br>Универзитет “Св.Климент Охридски”- Битола |
| | Вон. Проф. д - р Марјан А. Николовски<br>Факултет за безбедност - Скопје<br>Универзитет “Св.Климент Охридски”- Битола |
| | Доц. д - р Снежана С. Мојсоска<br>Факултет за безбедност - Скопје<br>Универзитет “Св.Климент Охридски”- Битола |
| | Доц. д - р Љупчо А. Тодоровски<br>Факултет за безбедност - Скопје<br>Универзитет “Св.Климент Охридски”- Битола |

**Дата на одбрана:**

**Дата на промоција:______________________**

**БЕЗБЕДНОСНИ НАУКИ**

## Апстракт

Кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ предвидено во Кривичниот законик на Република Македонија во чл 353, според досегашните истражувања е најзастапено дело во групацијата на економските кривични дела, т.е економскиот криминалитет.

Економскиот криминалитет ја поткопува довербата во функционирањето на државната управа и политичкиот систем. Борбата против овој вид на криминалитет мора да стане постојана задача на сите општествени чинители.

За злоупотребата на службената положба и овластување како девијантна појава не може да се размислува изолирано, бидејќи истата ја среќаваме во сите институции на системот.

Борбата против инкриминираните дејствија со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување на кохерентен и ефективен начин треба да завземе централно место во приоритетите на институциите на системот во борбата против криминалитетот, воопшто.

Како појава, е старо зло, кое го среќаваме уште во самите почетоци на организираното општество.

По однос на мотивот на извршување на оваа кривично дело може да се каже дека немаме промени во историјата од првичните облици на злоупотреба до денес, но криминалните дејствија се прилагодуваат според општествено - економските и социјалните услови на живеење.

Во овој труд меѓу другото, се прави анализа на обемот на кривичното дело ,,Злоупотреба на службената положба и овластување”, во рамките на економскиот криминалитет и во самата групација каде припаѓа ова дело, динамиката по години за истражуваниот период за пријавени, обвинети и осудени сторители на криминалните однесувања согласно статистичките податоци на државните органи и институции.



**Клучни зборови:** економски криминалитет, злоупотреба на службената положба и овластување, инкриминации, криминална ситуација, превенција.

Abstract

The crime acts of malfeasance for abuse the power and authority provided in the Criminal Code of the Republic of Macedonia in Article 353, according to previous research is most work in the group of economic crimes, or economic crime in general.

Economic crime undermines confidence in the functioning of public administration and political system. The fight against this type of crime have become a constant task for all stakeholders.

Misuse of official position and authority as a deviant phenomenon can be considered in isolation, as it is present in all institutions of the system.

Fighting against criminal activities with elements of abuse of power and authority in a coherent and effective manner should occupy a central place in the priorities of the institutions of the system in the fight against crime in general.

As a phenomenon, is ancient evil, is that even in very beginnings of organized society.

Regarding the motive of carrying out this crime can be said that there is no change in the history of the initial forms of abuse today, but criminal actions are adjusted according to socio - economic and social living conditions.

Candidate in this paper, among other things, makes an analysis of the scope of crimes against official duty, within the economic crime and in the group where this work belongs, dynamic after years of research period for offenses detected and reported, accused and convicted offenders, according to annual statistical analysis of the state bodies and institutios.

**Keywords:** economic crime, abuse of power and authority, incrimination, criminal situation, prevention.

**ВОВЕД......................................................................................................16**

**ПРВ ДЕЛ**

**ТЕОРЕТСКО - МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП КОН ТЕМАТА………….......................18**

**1.Формулација на истражувачкиот проблем.....................................................19**

**2.Определување на предметот на истражувањето............................................21**

**2.1.Теоретско одредување предметот на истражувањето...................................22**

**2.2.Појмовно - категоријален апарат..................................................................23**

**2.3.Операционално определување на трудот ....................................................26**

**2.4.Временско и просторно одредување на предметот......................................26**

**3. Цели на истражувањето...................................................................................27**

**4. Хипотетичка рамка - хипотези .......................................................................28**

**5. Начин на истражување (методи и техники).....................................................29**

**6.Научна и општествена оправданост на истражувањето ....................................29**

**ВТОР ДЕЛ**

**КРИВИЧНО - ПРАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ.......................31**

**1.Историски аспект...............................................................................................32**

**2.Кривично правни аспекти на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување..........................................................................................35**

**2.1. Законско битие на делото……………………………………………………...36**

**2.1.1 Искористување на службената положба и овластување ...................................37**

**2.1.2 Пречекорување на границите на службеното овластување..............................40**

**2.1.3 Неизвршување на службена должност...........................................................44**

**2.1.4 Активен субјект – извршител...........................................................................46**

**2.1.5 Субјективен елемент.......................................................................................47**

**2.1.6 Услови за инкриминација.............................................................................48**

**2.1.7 Квалифицирани облици...............................................................................48**

**2.2. Однос со другите кривични дела....................................................................51**

**ТРЕТ ДЕЛ**

**КРИМИНОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ЗЛОУПТРЕБА НА СЛУЖБЕНА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ..............................53**

**1.Злоупотреба на службена положба и овластување.........................................................54**

**1.1.Поим и дефинирање ..................................................................................54**

**2.Етиолошки карактеристики...........................................................................62**

**3.Феноменолошки карактеристики.....................................................................68**

**3.1. Злоупотреба на службената положба и овластување како коруптивно дело......69**

**3.2. Злоупотреба на службената положба и овластување при јавните набавки…......83**

**4.Обем, структура и динамика на кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување.......................................................................................89**

**ЧЕТВРТИ ДЕЛ**

**КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ...................................................................108**

**1.Криминалистички карактеристики на КД “Злоупотреба на службената положба и овластување„.......................................................................................................109**

**1.1.Начинот и средствата за извршување...........................................................115**

**1.2. Местото, просторот и времето на извршување..............................................120**

**2. Државни органи и институции во Република Македонија надлежни за истражување на економско - финансискиот криминалитет ......................................123**

**2.1. Јавно обвинителство...................................................................................124**

**2.1.1. Конституирање на Правосудна полиција.....................................................127**

**2.1.2. Истражни центри на јавното обвинителство.................................................127**

**2.1.3. Права и обврски на јавниот обвинител.............................................................129**

**2.2. Министерство за внатрешни работи..................................................................132**

**2.3. Управа за финансиска полиција.........................................................................135**

**3. Соработката на институциите на системот во истражувањето на кривични дела од областа на злоупотребата на службената положба и овластување...............................139**

**4. Полициската улога во откривањето на кривичните дела против службената положба и овластување................................................................................................149**

**4.1. Должности и овластувања на полицијата...........................................................150**

**4.2. Должности и овластувања на полицијата според новиот ЗКП...........................154**

**4.2.1. Повикување...........................................................................................................157**

**4.2.2. Приведување.........................................................................................................159**

**4.2.3. Задржување...........................................................................................................160**

**4.2.4. Начин на дознавање – прибирање информации................................................163**

**4.3. Тактички начин на прибирање информации од информатор и соработник......167**

**4.4. Криминалистичка контрола ................................................................................172**

**4.5. Криминалистичка обработка................................................................................174**

**4.6. Стандардна оперативна процедура за размена и насочено собирање на информации во врска со водење на криминалистички истраги..................................179**

**4.6.1. Улогата на секторот за криминалистичко разузнавање и анализа..............182**

**4.7. Расветлување на кривичното дело „Злоупотреба на службена положба овластување”................................................................................................................182**

**4.7.1.Оперативно - тактички начин.............................................................................183**

**4.7.2.Оперативно - тактички комбинации...................................................................187**

**4.7.3. Преглед и претрес на деловни простории и увид во деловна документација……………………………………………………………………..190**

**4.7.4.Посебни истражни мерки..........................................................................196**

**4.7.4.1. Поим и дефинирање…........................................................................196**

**4.7.4.2. Видови и примената на посебните истражни мерки..................................198**

**4.8.Докажување на кривичното дело “Злоупотреба на службената положба и овластување„....................................................................................................211**

**4.8.1.Обезбедување на доказен материјал.....................................................211**

**4.8.2.Значење на вештачењето како истражно дејствие во докажувањето на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување....................................................................................................218**

**ПЕТТИ ДЕЛ**

**УЛОГАТА НА ПРЕВЕНЦИЈАТА КАЈ КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊА ..........................................................228**

**1.Превенцијата како фактор за спречување на криминалитетот против злоупотребата на службената положба и овластување со елементи на корупција...........................................................................................................229**

**ШЕСТИ ДЕЛ**

**ЕМПИРИСКО АНКЕТНО ИСТРАЖУВАЊЕ...................................................238**

**1.Спроведени емпириски истражувања, со анкетирање.................................239**

**2.Анализа и заклучок од истражувањето…......................................................262**

**3.Заклучни согледувања – заклучок..................................................................267**

**4.Предлози........................................................................................................277**

**Користена литература.......................................................................................280**

# ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

**Табела бр. 1 Табеларен приказ за пријавени, обвинети и осудени сторители за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ чл.353 од КЗ на РМ во период 2002 – 2012 година.........................................................................90-91**

**Табела бр.2 „Откриени кривични дела „Злоупотреба на службената положба и овластување“, пријавени сторители на истите и предизвиканата материјална штета по години во период од 2002 – 2012 година…………………………………………..........94**

**Табела бр.3 Откриени кривични дела од Секторите за внатрешни работи и Центарот за сузбивање организиран и сериозен криминал (ЦСОСК)...........................................98**

**Табела бр. 4 Откриени сторители од Секторите за внатрешни работи и Центарот за сузбивање организиран и сериозен криминал...............................................................101**

**Табела бр.5 Преглед на националната припадност и степенот на образование на испитаниците...........................................................................................................240**

**Табела бр. 6 Преглед на возраста на испитаниците и половата структура…………241**

**Табела бр. 7 Дали знаете што е Злоупотреба на службената положба и овластување.......................................................................................................................242**

**Табела бр. 8 Според ваше мислење дали во институциите на системот на Република Македонија има злоупотреби на службената положба и овластување.......................................................................................................................243**

**Табела бр. 9 Во која институција најмногу е изразена кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“.........................................................................244**

**Табела бр. 10 Која од следниве акции или мерки според ваше мислење би била најефективна во борба против криминалот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување........................................................................................245**

**Табела бр. 11 Што мислите зошто криминалитетот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување за разлика од другите кривични дела од областа на економскиот криминалитет е поголем....................................................................247**

**Табела бр. 12 Со стапување во сила на новиот Закон за кривична постапка, каде на јавното обвинителство им се даваат поголеми ингиренци во борбата против криминалитетот, дали сметате дека ќе се подобри процесот на расветлување и докажување на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување............................................................................................................248**

**Табела бр. 13 Во која институција имате најголема доверба да пријавувате криминал поврзан со „Злоупотреба на службената положба и овластување“..............................249**

**Табела бр. 14 Доколку во вашето подрачје дознавате за криминал поврзан со „Злоупотреба на службената положба и овластување“ дали случајот ќе го пријавивте во полициските органи кој функционират на вешето подрачје или во МВР – Скопје.....................................................................................................................250**

**Табела бр. 15 Доколку дознаете за криминал поврзан со Злоупотреба на службената положба како би го пријавиле во полиција..................................................................252**

**Табела бр. 16 Дали резултатите од борбата против криминалитетот поврзан со Злоупотреба на службената положба и овластување, влијае врз забавување на процесот на интеграција на РМ во ЕУ.........................................................................253**

**Табела бр. 17 Дали зголемувањето на структурата на единиците во рамките на Централните полициски сили при МВР на РМ, во борбата против организираниот криминал ќе дават подобри резултати во ефикасноста на докажување на криминалот со елементи на Злоупотреба на службената положба и овластување.........................................................................................................................254**

**Табела бр. 18 Според ваше мислење дали вработените пред сè во полиција како и во други органи, кои директно се инволвирани во борбата против криминалот поврзан со елементи на Злоупотреба на службената положба и овластување, се адекватни според стручната спрема, искуството и други елементи што би требало да ги имаат.......................................................................................................................255**

**Табела бр. 19 Според ваше мислење дали во државните институции, на работните места, чија дејност е да се борат против криминалот поврзан со Злоупотреба на службената положба и овластување се примаат професионалци со соодветно образование..................................................................................................................257**

**Табела бр. 20 Според ваше мислење дали улогата на непосредниот раководител во полициските служби влијае врз степенот на откривање, расветлување и докажување на кривични дела поврзан со Злоупотреба на службената положба............................258**

**Табела бр. 21 Колку е важно за вас ослободувањето од политички влијанија и други центри на моќ на државните органи кои се борат против криминалитетот со злоупотреба на службената положба..........................................................................259**

**Табела бр. 22 Коклку е важно за вас зголемувањето на платите на службениците за борба против криминал со елементи на Злоупотреба на службената положба и овластување.........................................................................................................................260**

## ЛИСТА НА ГРАФИКОНИ

**Графикон бр. 1 Приказ за пријавени, обвинети и осудени сторители за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ чл. 353 од КЗ на РМ во период 2002 – 2012 година..........92**

**Графикон бр. 2 Откриени кривични дела „Злоупотреба на службената положба и овластување“, пријавени сторители на истите и предизвиканата материјална штета по години во период од 2002 – 2012 година..........95**

**Графикон бр.3 Процентуално учество на кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ во однос на кривичните дела наведени во глава XXX од Кривичниот законик на Република Македонија..........95**

**Графикон бр.4 Процентуално учество на кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ во однос на кривичните дела од економски криминал..........97**

**Графикон бр.5 Откриени кривични дела од Секторите за внатрешни работи и Центарот за сузбивање организиран и сериозен криминал (ЦСОСК)..........100**

**Графикон бр. 6 Откриени сторители од Секторите за внатрешни работи и Центарот за сузбивање организиран и сериозен криминал..........102**

**Графикон бр.7 Преглед на националната припадност и степенот на образование на испитаниците..........240**

**Графикон бр.8 Преглед на возраста на испитаниците и половата структура..........241**

**Графикон бр. 9 Дали знаете што е Злоупотреба на службената положба и овластување..........242**

**Графикон бр. 10 Според ваше мислење дали во институциите на системот на Република Македонија има злоупотреби на службената положба и овластување..........243**

**Графикон бр. 11 Во која институција најмногу е изразено кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“..........244**

**Графикон бр. 12 Која од следниве акции или мерки според ваше мислење би била најефективна во борба против криминалот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување..........246**

**Графикон бр. 13 Што мислите зошто криминалитетот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување за разлика од другите кривични дела од областа на економскиот криминалитет е поголем.....................................................................247**

**Графикон бр. 14 Со стапување во сила на новиот Закон за кривична постапка, каде на јавното обвинителство им се даваат поголеми ингеренции во борбата против криминалот, дали сметате дека ќе се подобри процесот на расветлување и докажување на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување..........................................................................................................248**

**Графикон бр. 15 Во која институција имате најголема доверба да пријите криминал поврзан со „Злоупотреба на службената положба и овластување“..............................250**

**Графикон бр. 16 Доколку во вашето подрачје дознаете за криминал поврзан со „Злоупотреба на службената положба и овластување“ дали случајот ќе го пријавите кај полициските органи кои функционират на вешето подрачје или во МВР – Скопје....................................................................................................................251**

**Графикон бр. 17 Доколку дознаете за криминал поврзан со Злоупотреба на службената положба како би го пријавиле во полиција.................................................252**

**Графикон бр. 18 Дали резултатите од борбата против криминалитетот поврзан со Злоупотреба на службената положба и овластување, влијае врз забавување на процесот на интеграција на РМ во ЕУ.......................................................................253**

**Графикон бр. 19 Дали зголемувањето на структурата на единиците во рамките на Централните полициски сили при МВР на РМ, во борбата против организираниот криминал ќе дават подобри резултати во ефикасноста на докажување на криминалот со елементи на Злоупотреба на службената положба и овластување....255**

**Графикон бр. 20 Според ваше мислење дали вработените пред сè во полиција како и во други органи, кои директно се инволвирани во борбата против криминалот поврзан со елементи на Злоупотреба на службената положба и овластување, се адекватни, според стручната спрема, искуството и други елементи што би требало да ги имат...........................................................................................................................256**

**Графикон бр. 21 Според ваше мислење дали во државните институции, на работните места, чија дејност е да се борат против криминалот поврзан со Злоупотреба на службената положба и овластување се примаат професионалци со соодветно образование...........................................................................................................257**

**Графикон бр. 22 Според ваше мислење дали улогата на непосредниот раководител во полициските служби влијае врз степенот на откривање, расветлување и докажување на кривични дела поврзан со Злоупотреба на службената положба............................258**

**Графикон бр. 23 Колку е важно за вас ослободувањето од политички влијанија и други центри на моќ на државните органи кои се борат против криминалот со злоупотреба на службената положба........................................................................260**

**Графикон бр. 24 Колку за вас е важно зголемувањето на платите на службениците за борба против криминалот со елементи на Злоупотреба на службената положба и овластување.........................................................................................................261**

## КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

АКН - Агенција за катастар на недвижности

БЈБ - Биро за јавна безбедност

ДКСК - Државна комисија за спречување на корупција

ЕУ - Европска Унија

ЗП - Закон за полиција

ЗН - Законот за нотаријат

ЗКП - Закон за кривична постапка

ЗИ - Закон за извршување

ЈП - Јавно претпријатие

ЈЗУ - Јавна здравствена установа

КПУ - Казнено поправна установа

КД - Кривично дело

КЗМ - Кривичен законик на Република Македонија

КЗ - Кривичен законик

МВР - Министерство за внатрешни работи

МЗШВ - Министерство за земјоделие шумарство и водостопанство

НАТО - Северно - атлантска организација за безбедност (North atlantic treaty organization)

НРМ - Национален разузнавачки модел

НК за КР - Надворешна канцеларија за криминалистички работи

ОЈО - Основно јавно обвинителство

ПИМ - Посебни истражни мерки

ПИОМ - Пензиско инвалидско осигурување на Македонија

РМ - Република Македонија

РГ за ГР - Регионален центар за гранични работи

СВР - Сектор за внатрешни работи

ССА - Спогодба за стабилизација и асоцијација

СРМ - Социјалистичка Република Македонија

СФРЈ - Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СОП - Стандардни оперативни процедури

СКРА – Сектор за криминалистичко разузнавање и анализа

САД - Соединети Американски Држави

ФНРЈ - Федеративна Народна Република Југославија

ФЗО - Фонд за здравствено осигурување

ФП - Финансиска полиција

ЦСОСК - Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал

ЦУ - Царинска управа

ЦПС – Централни полициски служби

МИА - Македонска информативна агенција

МРКК – Македонска ревија за казнено право и криминологија

ВОВЕД

Кривичното дело „ Злоупотреба на службената положба и овластување” е дело од групацијата на Кривични дела против службената должност и дело кое припаѓа во областа на економско - финансискиот криминалитет.

Злоупотребите на службената положба и овластување, во јавноста привлекувале секогаш големо внимание од сите можни видови криминал.

Злоупотребата на службената положба и овластување ја среќаваме, во сите институци на државата како што се здравството, образованието, агенцијата за катастар на недвижности, општините, царината, инспекциските служби, јавните претпријатија, полицијата, судството, па се до највисоките органи на државата.

Големата распространетост на ова кривично дело ја попречува државата нормално да функционира, го намалува економскиот развој, го забавува процесот на интеграција во Европската Унија. Сведоци сме на голем број случаи во Република Македонија што во себе содржат обележја на кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“, за кои ќе стане збор при изработка на овој труд.

Злоупотребата на службената положба и овластување како криминална појава во Република Македонија доживува експанзија во периодот на транзиција особено во првите години, на овој процес.[1] Со текот на времето, оваа инкриминација се прилагодувала во зависност од општествените услови на земјата.

Извршителите на ова кривично дело се образовни и стручни лица со посебни својства и позици во општествено економските односи.[2]

---

[1] Повеќе за ова види кај Манески, М., *Корупцијата во РМ (превентивни и казнени мерки за спречување),* Скопје, 2005, стр. 30 - 34. (1)

[2] Поконкретно за лица кои се јавуваат во својство на извршители на кривичното дело *„Злоупотреба на службената положба и овластување“* може да се види во стр.106 - 108 од трудот како и од примерите презентирани во самиот труд.

Имајќи  предвид  дека сторителите на ова дело се лица образовани кои добро ја познават законската регулатива на нивниот делокруг на работа, откривањето на криминалот со елементи на злоупотреба  на службената положба и овластување направен од нивна страна, не е толку лесен, бидејќи истите многу вешто тежнеат да ги сокријат трагите од нивната криминална активност.

Главните начини на извршување се најчесто насочени кон непочитување на законските прописи или заобиколување на истите.

Последните години органите на прогон ја претпочитуваат тимската, планираната и кординирана работа при расветлување на ова кривично дело.

Постоењето на проблемот на оваа кривично дело, нејзиното ширење и развивање, нејзината темна бројка, ерозијата на вредносниот систем, другите негативни ефекти предизвикани од ова криминална појава, нејзината поврзаност со организираниот криминал, десетгодишното искуство на кандидатот во областа на економско - финансискиот криминалитет, претставува доволен поттик за научно истражувачка работа која ќе ја третира оваа проблематика, чии резултати би можеле да бидат скромен придонес во напорите Република Македонија подобро да се позиционира во однос на борбата против овој вид на криминалитет.

**ПРВ ДЕЛ**

# ТЕОРЕТСКО - МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. ФОРМУЛАЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЧКИОТ ПРОБЛЕМ

Кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување" во Кривичниот законик на Република Македонија е одредено во глава XXX (триесет) и зазема централно место во групацијата на кривичните дела против службената должност.

Како кривично дело е најзастапено по обем, структура и динамика во групата на кривични дела против службената должност а застапеноста е голема и во однос на кривичните дела од економски криминал.[3]

Причините за тоа се најразлични, истите можат да бидат од субјективен карактер, но големо е влијанието на надворешните фактори кои можат да бидат од економски, политички, кривично правен и друг карактер.

Злоупотребите на службената положба и овластување се специфични според, начинот на извршување, статусот на извршителите, стручноста и професионалноста на извршителите, штетата што се предизвикува, видливоста на последицата и сл.

Злоупотребата на службената положба и овластување се појавува во три облика - дејствија:[4]

а) Искористување на службената положба и овластување ;

б) Пречекорување на границите на службеното овластување, и

в) Неизвршување на службена должност

За искористување на службена положба се зборува тогаш кога дејствието на сторителот останува во границите на своето овластување, но сепак врши злоупотреба на тие овластувања во таа смисла што вистинските интереси на службата и нејзиното правилно исполнување ги заменува со свои интереси или интереси на трето лице.

Пречекорување на границите на службеното овластување е вториот облик на делото. За пречекорување на границите на службеното овластување се зборува тогаш кога дејствието на службеното лице задржува службен карактер, но излегува надвор од границите на овластувањата на службеното лице. Неизвршување на службената должност

---

[3] Наведеното се потврдува од анализа на статистичките податоци презентирани, и обработени во стр. 92, 93, 98 од самиот докторски труд.

[4] Витларов, Т. , *"Казнено - Правна заштита од корупција"*, Докторска дисертација, Правен факултет, Јустинијан први, Скопје, 2005, стр. 138. (2)

постои кога службеното лице свесно, пропушта да изврши службено дејствие за кое е овластен и должен е да постапи, или пак постапува само формално, на таков начин и со такви средства во такво време и место, за да не може да се оствари посакуваната цел, која би се остварила доколку службеното лице постапило онака како што треба.

Според податоците добиени од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, (МВР на РМ) - Сектор за криминалистичко разузнавачка анализа (СКРА) генерален заклучок е дека сторителите делата ги вршеле најчесто со искористување на нивната службена положба постапувајќи спротивно законските прописи со фалсификување документација, склучување штетни договори, носење на незаконски решенија и одобренија, злоупотреба на парични средства, непочитување на пресуди, спроведување на фиктивни тендерски постапки и сл.[5]

Како сторители на злоупотребите на службената положба можат да се јават разни категори на лица на кои тоа им го овозможува службената положба, почнувајќи од обични референти, административни службеници, лица со јавни овластувања, па се до службени и одговорни лица кои имаат повисока функција.

За намалување на злоупотребите на службената положба и овластување, Република Македонија во последните години направила низа реформи пред сѐ од областа на правото, односно неговото усогласување со правната регулатива на ЕУ, како и структурни реформи во областа на институциите на системот кои се инволвирани во борбата против криминалот, особено против економско - финансискиот криминалитет во која категорија спаѓат и злоупотребите на службената положба и овластување. Очекуваните резултати од наведените реформи не се на задоволително ниво, кое нешто се поткрепува од годишните извештаи за напредокот на Република Македонија во процесот на интеграција во Европската Унија.[6] Па така, проблемот кој се поставува во ова истражување е: Дали

---

[5] Податоци се обезбедени од интерен допис бр.21.2-2018 од 28.06.2013 год, од Секторот за криминалистичко - разузнавачка анализа при Бирото за јвна безбедност на МВР на РМ.

[6] Скоро во сите извештаи на Европската комисија објавени секоја година за напредокот на Република Македонија во насока на исполнување на Копенхагенските критериуми, корупцијата се потенцира како тежок проблем со кои се соочува Република Македонија.

доволно е работено на истражуваното дело пред сè во насока на криминолошко – криминалистички аспект, при откривање, расветлување и докажување на ова дело, детектирање на прпусти и пронаоѓање на поосодветни решенија кои би помагале во борбата против овој вид на криминалитет.

## 2. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на истражување во овој труд се злоупотребите на службената положба и овластување преку сите нејзини аспекти – кривично-правни, криминолошки и криминалистички. Причините поради кои во докторската дисертација се земени злоупотребите на службената положба и овластување, за анализа и обработка е нивниот голем обем и застапеност во рамките на кривичните дела против службената должност, солидната застапеност во економско – финансискиот криминалитет, својствата на сторителите, специфичноста во однос на начинот на извршување, како и негативните ефекти предизвикани од истата.

Сложеноста, актуелноста, динамичноста, како и негативните ефекти предизвикани од злоупотребите на службената положба и овластување, налага континуирана потреба за изградување и усовршување на криминалистички методи, со крајна цел нејзино ефикасно откривање, расветлување и докажување.

Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската Управа како основни институци за откривање на кривични дела, во кординација со Јавното обвинителство, и Обвинителството за организиран криминал, во рамките на нивните надлежности и овластувања применуваат соодветни оперативно тактички мерки и активности заради спречување на извршување на кривични дела, откривање на извршени кривични дела и нивните сторители како и собирање на доказен материјал. Значаен придонес во ова насока даваат и други органи и институци како што се Државна комисија за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија, Управа за финансиско разузнавање, како и други инспекциски служби.

Злоупотребата на службената положба и овластувања анализирано како коруптивно дело, како криминално поведение е предмет на проучување на многу научни трудови.[7]

Оваа укажува на тоа дека науката која се занимава со оваа појава постојано бара одговори, односно работи на пронаоѓање соодветни решенија за сузбивање на овој вид криминалитет.

Така што при објаснувањето на научната оправданост на овој труд, некои прашања, тези или тврдења можно е да се повторуват. Меѓутоа, тоа не би требало да се смета како слабост на трудот, затоа што овој вид на криминалитет, е широко распространет во институциите на системот, така што за неа треба постојано да се зборува, а одредени работи и да се повторуваат, како би можело да се сфатат повеќедимензионалните последици од нејзиното постоење.

## 2.1. Теоретско одредување на предметот на истражувањето

Предмет на истражување во рамките на докторската дисертација ќе биде разработен преку три вида на карактеристики (аспекти), и тоа: кривично – правните, криминолошките и криминалистичките.

Во рамките на кривично – правните карактеристики ќе бидат анализирани следните елементи: историски аспект на делото, законското битие на делото, појавни облици на делото, активен субјект – извршител, субјективна страна на делото, условите на инкриминација, квалифицираните облици на делото како и односот со други дела. Овие карактеристики се значајни за да се утврди дали се исполнети условите за кривичното дело. Сето тоа е важно при поднесувањето на кривичната пријава од страна на органите на прогон до Јавното обвинителство, против некое лице извршител на кривично дело злоупотреба на службена положба и овластување, потоа при донесување на обвинителниот акт и судската пресуда кога се врши одмерување на санкцијата.

---

[7] По сериозно со ова проблематика се занимават, Свтлана Николоска, Владо Камбоски, Тодор Витларов, Михајло Манески.

Во рамките на криминолошките карактеристики спаѓаат етиолошките и феноменолошките карактеристики на ова кривично дело. Во рамките на етиолошките карактеристики заначајни се факторите, причините, условите за извршување на кривичното дело.

Во рамките на феноменолошките карактеристики, се обрнува внимание на обемот, динамиката, структурата, во подрачјето кое е предмет на истражување во текот на истражуваниот период.

Криминалистичките карактеристики во себе ги вклучуваат начинот и средствата на извршување на кривичното дело, времето, местото и просторот на делување, трагите од кривичното дело, личноста на сторителот и личноста на жртвата на кривичното дело.

Криминалистичките карактеристики се многу значајни, при истражувањето на кривичниот настан и идентификувањето на можниот сторител.

При извршување на ова дело извршителот не применува физичка сила, односно станува збор за ненасилни дејствија, а во повеќе случаи, непосредно по извршувањето на кривичното дело последицата не е видлива.

Како дело може да се изврши поединечно во тесен круг или пак со заедничко делување на повеќе лица кои се меѓусебно поврзани, но самиот чин на извршување се одвива тајно.

## 2.2 Појмовно - категоријален апарат

За да се има јасна претстава што всушност претставува кривичното дело ,,Злоупотреба на службената положба и овластување", значајно е кривично – правната дефинираност на одредени поими кои се содржани во самото кривично дело.

Злоупотреба на службена положба и овластување е дело определено со член 353 од Кривичниот законик на Република Македонија. Ова дело постои кога службено лице, одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице што има претставништво во Република Македонија или врши дејност во Република Македонија, лица со јавни овластувања, ја искористиле службената положба, ги пречекорувале нивните овластувања или не ја извршиле службената работа за која биле овластени и по службена должност требало да си ја извршат и како резултат на тоа се стекнале со противправна имотна корист за себе или за друг или предизвикале штета на друг.

Имајќи го предвид наведеното, во рамките на истражувачкиот потфат реализиран во ова докторска дисертација, ќе бидат употребени поимите содржани во делото.

Во Кривичниот законик на Република Македонија во член 122 се дадени дефиници на повеќе поими од кои ги издвојуваме само оние кои се оденсуват за кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување.

Во чл.122 ставовите 4, 5 и 7 од Кривичниот законик на РМ точно се наведени лицата кои се јавуваат во улога на сторители на кривични дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување.

Како службено лице, кога тоа е означено како сторител на кривично дело се смета:[8]

- **Службено лице, кога тоа е означено како сторител на кривично дело и како службени лица се сметаат:**
    - Претседателот на Република Македонија, поставените амбасадори и други претставници на Република Македонија во странство и именувани лица од Претседателот на Република Македонија, избран или именуван функционер во и од Собранието на Република Македонија, во Владата на Република Македонија, во органите на државната управа, во судовите, Јавното обвинителство, Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Македонија и други органи и организации што вршат определени стручни, управни и други работи во рамките на правата и должностите на Републиката, во единиците на локалната самоуправа, како и лица кои постојано или повремено вршат службена должност во овие органи или организации.

- **Странско службено лице,** кога тоа е означено како сторител на кривично дело се смета лице кое во странска држава, меѓународна организација или јавна институција врши некоја од функциите или должностите предивдени како за службено лице. Странско службено лице ќе се смета како службено лице кај кривичните дела кај кои како извршител е определено службено лице кое во такво својство извршило службено дејствие,

[8] Камбовски, В. *"Кривичен законик на РМ," (интегрален текст),* Скопје, 2009, стр.122 - 124. (10)

постапувајќи на територијата на Република Македонија врз основа на меѓународен договор.

- **Одговорно лице во правно лице** се смета лице во правно лице на кое со оглед на неговата функција или врз посебно овластување во правното лице му е доверено определен круг на работи што се однесуваат на извршувањето на законските прописи или на прописите донесени врз основа на закон или општ акт на правното лице во управувањето, користењето и располагањето со имот, раководењето со производниот или деловен потфат, некој друг стопански процес или надзорот над нив. Како одговорно лице се смета и службено лице кога се во прашање дела кај кои како сторител е означено одговорно лице, а не се предвидени во главата за кривични дела против службената должност, односно како кривични дела на службено лице предвидени во некоја друга глава на овој Законик. Кога е тоа посебно предвидено во овој Законик, како одговорно лице се смета и лицето кое врши посебна функција или овластување или на кое му е доверено самостојно вршење на определени работи во странско правно лице, како и лицето кое е претставник на странско правно лице во Република Македонија.

- **Под правно лице** се подразбираат: Република Македонија, единиците на локалната самоуправа, политички партии, јавни претпријатија, трговски друштва, установи и здруженија, фондови, финансиски организации и други со закон определени организации регистрирани како правни лица и други заедници и организации на кои им е признато својството на правно лице.

- **Под странско правно лице** се подразбира јавно претпријатие, установа, фонд, банка, трговско друштво или друг облик на организираност според законите на странска држава во вршење на стопански, финансиски, банкарски, трговски, услужни или други дејности, кој има седиште во друга држава, или претставништво во Република Македонија или е основано како меѓународно друштво, фонд, банка или установа.

- **Лице кое врши работа од јавен интерес** се смета лицето кое врши функции, должности или работи од јавен, односно општ интерес, како што се наставник, воспитувач, лекар, социјален работник, новинар, нотар, адвокат или друго лице, кое тие работи ги врши самостојно или во правно лице што врши дејност од јавен, односно општ интерес определен со закон.

Законодавецот дефинирал[9] и други поими кои се значајни за кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување" криминалитет, а тоа се:

- **Поголема имотна корист, вредност или штета, под што** се подразбира корист, вредност или штета што одговара на пет просечни месечни плати во Република Македонија во времето на извршување на делото.

- **Значителна имотна корист, вредност или штета** под што се подразбира корист, вредност или штета што одговара на 50 просечни месечни плати во Република Македонија во времето на извршување на делото.

- **Корист, вредност или штета од големи размери** под што се подразбира корист, вредност или штета што одговара на 250 просечни месечни плати во Република Македонија во времето на извршување на делото.

### 2.3 Операционално определување на трудот

Во трудот се обработува криминолошко – криминалистичкиот аспект на злоупотребата на службената положба и овластување, но секако ќе биде опфатен и кривично - правниот аспект .

### 2.4 Временско и просторно одредување на предметот

Временската рамка ќе го опфати периодот од 2002 до 2012, со интенција преку компаративна анализа на статистичките показатели со кои располагаат надлежните служби, да се дојде до сознанија од кои ќе може да се утврдат причините кои влијаеле на интензитетот на овој вид на криминалитет.

Истражувањето просторно ќе ја опфати целата територија на Република Македонија со посебен акцент делот од Западна Македонија.

[9] Чл. 122 од КЗ на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 15/04 и 114/09.*

## 3. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Генерална цел на овој труд ќе биде да помогне во создавање на стратегија за справување со Кривичното дело „Злоупотреба на службена положба и овластување" и промовирање на решенија за надминување на слабостите на борбата против овој вид криминалитет.

**Практичните цели и задачи на научно – истражувачката работа се движат во неколку насоки:**

- Да се откријат недостатоците и пропустите при преземање на мерки и активности за откривање, расветлување и докажување на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување.
- Да се утврди кои криминалистичко – технички мерки и активности се преземат за расветлување и докажување на делото.
- Добивање податоци за пријавени, обвинети и осудени сторители за кривични дела злоупотреба на службената положба и овластување за период од 2002 до 2012 година.
- Преку практични примери да се изврши нивно анализирање, пред сè начинот на извршување и карактеристиките на сторителите,
- Податоци за застапеноста на ова дело во групацијата на економскиот криминалитет и во групата на кривични дела против службената должност.
- Да се види улогата на меѓуинституционалната соработка во расветлувањето и докажувањето на ова дело.
- Да се предложат мерки и активности за превенција на ваквите криминални активности.

## 4. ХИПОТЕТИЧКА РАМКА - ХИПОТЕЗИ

**Главна хипотеза**

- Ефикасноста на откривање, расветлување и докажување на злоупотребите на службената положба и овластување пред сè зависи од стручноста, професионалноста на оперативниот службеник, стручното реализирање на оперативно тактичките мерки, како и кординираната меѓуинституционалната соработка особено во процесот на обезбедување на метеријални докази.

**Посебни хипотези** :

- Злоупотребата на службена положба и овластување е најизвршувано кривично дело од обласа на кривични дела против службената должност, а значајна застапеност зазема и во вкупниот економско - финансиски криминалитет.
- Злоупотребата на службената положба и овластување, како појава, во Република Македонија, доживува експанзија во периодот на транзиција како резултат на правниот вакуум и неподготвеноста на институциите на системот за новонастанатата општествено - економска и правна состојба во државата .
- Злоупотребите се вршат на повеќе нивоа и низ разните сфери на општествено - економскиот и политичкиот живот во државата.
- Статусот на извршителите на КД Злоупотреба на службената положба и овластување како и времето на извршување се значајни елементи кои го карактеризираат битието на ова дело.
- Сторителите на ова кривично дело во своето криминално дејствување не применуват физичка сила или насилство, туку вештина во изигрување или одбегнување на одредени законски прописи, акти, договори и сл.
- Доминантен мотив на криминална активност е стекнување со против правна имотна корист.
- Злоупотребата на службената положба и овластување најчесто е поврзано со фалсификување на службени исправи, непочитување на законските прописи од соодветната област, прикривање и уништување на документација и сл.

- Бавните судски процеси, и претежно скромниот судски епилог во однос на предмети поврзани со злоупотреба на службена положба и овластување влијае на зголемување на инкриминираните дејствија со елементи на злоупотреби.

Со потврдување или отфрлање на поставените хипотези, доаѓаме до конкретни податоци за криминалитетот од типот на злоупотреба на службената положба и овластување во местата и периодот опфатени во овој труд и тоа неговиот обем, динамика структура, висината на нанесената штета, начинот на извршување, својствата на сторителите, причините за појавување, кординирањето на надлежните институции во борбата против овој криминалитет, негативните ефекти предизвикани од истата и сл.

## 5. НАЧИН НА ИСТРАЖУВАЊЕ (МЕТОДИ И ТЕХНИКИ)

Да се спроведе научно истражување од било каков вид значи примена на соодветни научни методи. Во текот на истражувањето ќе бидат користени следните научни методи :

- Статистички метод на анализа;
- Анализа на случаи;
- Метод на компарација;
- Анкета како екстензивна метода.

## 6. НАУЧНА И ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Кривичните дела од обласа на злоупотреба на службената положба и овластување поопширно сфатени како коруптивни дела отсекогаш кај нас и во светот било предмет на проучување. Опсервирана од криминолошки, криминалистички и друг аспект, како општествена појава што длабоко ги нагризува општествените текови, борбата против, овој вид на криминалитет била меѓу врвните приоритети на многу меѓународни организации и институции. Согледувајќи ги големите опасности од овој вид на криминалитет, која директно ги напаѓа највиталните вредности на општеството, меѓународната заедница презема потребни мерки за законско регулирање на прашањата на меѓународно ниво неопходни за успешна борба против овој вид на криминалитет. За таа цел се донесени голем број меѓународни прописи, конвенции и договори од страна на меѓународни

организаци и институци. Република Македонија и покрај тоа што има направено напори за спречување на оваа негативна појава, сепак на домашен и глобален план се карактеризира како земја со високо ниво на корупција. Оваа негативна појава сериозно и се заканува на правната држава затоа што во неа наместо да владее правото и неговите норми ќе владеат поединци раководени од користољубиви цели.  Вршењето јавни овластувања многу често добива карактер на вршење на определени услуги само за оние граѓани што можат да ги платат. Наш базичен интерес во овој истражувачки труд ќе бидат делата од сферата на злоупотреба на службената положба и овластување како дел од  економско - финансискиот криминал. Фактот што органите на прогон, најголемиот дел од поднесените кривични пријави од областа на економско - финансискиот криминал, ги поднесуваат за кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од Кривичниот законик[10] на Република Македонија укажува на тоа дека науката која се занимава со оваа појава сè уште не дава одговор, односно не пронашла соодветни решенија за спречување, на овој вид криминалитет.

Денешната актуелност на ова појава како и недоволната ефикасност за нејзино спречување налага научно истражувачкиот потенцијал да се насочи кон проучување на ова појава и создавање поефикасна национална стратегија со систем на мерки и активности преземени од надлежните институци за спречување и за поуспешно откривање на кривичните дела поврзани со злоупотребата на службената положба и овластување, како и откривање на нејзините  сторители. Резултатите кои би се постигнале со истражувањето на ова проблематика  би можеле да дадат скромен придонес во напорите Република Македонија, подобро да се позиционира во однос на борбата против овој вид на криминалитет во тој контекст и во исполнувањето на дел од Копенхагенските критериуми за влез на нашата држава  во Европската Унија.

---

[10] Тоа го потврдуваат официјалните статистички податоци добиени од Заводот за статистика на РМ и од Секторот за криминалистичко разузнавачка анализа при МВР на РМ.

## ВТОР ДЕЛ

## КРИВИЧНО - ПРАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

# 1. ИСТОРИСКИ АСПЕКТ

Историски гледано први почетни облици на кривичното дело ,,Злоупотребата на службената положба и овластување", како облик на криминално однесување, со елементи на организиран односно економско - финансиски криминал, се појавуваат со ширењето на Римската држава, заостирувањето на класните судири и првичните злоупотреби на нејзините државни службеници. Со одредени, мали или поголеми разлики, како кривично дело, злоупотребата на службената положба и овластување е познато во поголем број законодавства, самиот кривичен закон ги набројува сите дејствија на злоупотреба на службената положба. Како такви се сметат: а) искористување на власта од страна на службено лице во правни лица, б) ако службено лице ја искористи власта што по закон не му припаѓа на него, ц) ако врши власт - должност што по закон не му припаѓа нему, д) ако ги пречекори овластувањата итн.[11] Во други законодавства, не се наведуват сите елементи на злоупотребата, туку се дава еден општ поим кој од страна на теоријата се разработува. По завршувањето на Втората светска војна, во тогашна ФНРЈ донесен е Закон за кривични дела против службената должност.[12] Во рамките на овој закон меѓу другите кривични дела како на пример повреда на законот од страна на службено лице, примање мито, пречекорување на службените овластувања, бил пропишан и кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување.

Во кривичниот законик од 1951 година во посебна глава се опфатени инкриминаците под наслов "Кривични дела против службената должност"[13] и тоа Злоупотребата на службена положба или овластување, каде како посебни кривични дела се опфатени делата: Злоупотребата на службена положба или овластување од користољубие, кршење на закон од страна на судија, противзаконита наплата и исплата и примање поткуп. Во кривичните закони од 1977[14] година се предвидени во посебна глава Кривични дела против службената должност (злоупотреба на службената положба,

---

[11] Витларов, Т. "*Казнено - Правна заштита од корупција", Докторска дисертација*, Правен факултет, Јустиниан први, Скопје, 2005, стр. 137. (2)

[12] *Сл. лист на ФНРЈ бр. 84/48.*

[13] *Сл. лист на ФНРЈ бр. 13/51.*

[14] *Сл. весник на СРМ бр. 25/77.*

примање поткуп, давање поткуп, противзаконито посредување). Со измените и дополнувањата на кривичниот законик на СФРЈ и Кривичниот закон на СРМ[15] во посебната глава 16, се класифицирани повеќе Кривични дела против службена должност и во општиот дел на законот е дефиниран и поимот службено лице, одговорно лице, општествениот имот и општествено правно лице.

По распаѓањето на Југословенската Федерација, Република Македонија во 1991 година прогласи независност и како независна суверена држава до 1 ноември 1996 година го применуваше Кривичниот закон на СРМ од 1984 година. Со усвојувањето на Кривичниот законик на Република Македонија од 1996 година, се заокружува првата фаза од реформата на македонското казнено право во прв ред насочена кон раскрстување со остатоците од поранешниот социјалистички систем и негово казнено право и кон обезбедување ефикасна казнено - правна заштита на новите демократски вредности, правната држава и човековите слободи и права.[16]

Имено, во 1996 година, со првиот Кривичен законик[17] беше предвидена одговорност за: службено лице кое со искористување на својата службена должност или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета.

Со оваа инкриминација е предвидена одговорност само за службените лица кои исто така беа дефинирани со одредбите од овој Законик, но како пропуст е направено тоа што не е предвидено одговорноста на одговорните лица и тоа токму во периодот на експанзија на приватниот сектор, регистрација на приватни правни лица и посебно во ек беше процесот на приватизација и трансформација на општествениот капитал.[18]Кривична

---

[15] *Сл. лист на СФРЈ бр. 34/84.*

[16] Камбовски, В., *Казнено право општ дел*, Скопје, 2011, стр. 77. (11)

[17] *Сл. весник на РМ бр. 37/96, 37/09, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 51/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 28/14.*

[18] Николоска, С., *Методика на истражување на економско - финансиски криминалитет*, Ван Гог, Скопје, 2013, стр. 430. (2)

одговорност за злоупотреба на службената положба беше предвидена само за службено лице, а не и за одговорно лице во правно лице. Голем број сторители на кривичното дело злоупотреба на службената положба во временскиот период од 1996 до крајот на 1999 г, што вршеле одговорни функции во правни лица, не можеле да бидат земени на казнена одговорност за сторени кривични дела од облата на економско финансискиот криминал. Тој пропуст, повеќе одговорни лица во правни лица, што вршеле одговорна функција или должност, најчесто генерални директори, директори на фирми, финансиски и комерцијални раководители и други одговорни лица, добро го искористија и доста бргу сфатија дека нема да одговараат што и да сторат и каков било финансиски криминал да направат со злоупотреба на положбата. Тие ја одбегнаа кривичната одговорност за извршениот грабеж и нанесената штета од неколку стотина милиони евра, затоа што однапред беа законски амнестирани од одговорност. Тогаш се поставени цврсти темели на корупција со злоупотреба на положбата и овластувањето, која денес има силен замав, и многу тешко се запира. Штетните последици што настанаа поради тоа и денес се чувствуваат.[19]

За да се надмине правниот вакуум и бројните несогласувања за тоа што е правно лице, одговорно и службено лице, Кривичниот законик од 1996 година кај инкриминаците на злоупотреба на службена положба и овластувње, во 1999 и 2004 година беше збогатен и допрецизиран, со тоа што во 1999 година беше предвидена одговорност за кривични дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластувања на одговорното лице, одговорно лице во странско правно лице што има претставништво или врши дејност во Република Македонија или што врши дејност од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност, додека во 2004 година кај оваа инкриминација е додадена и одговорноста на службените и одговорните лица ако извршат кривично дело при вршење јавни набавки или на штета на средствата на буџетот на Република Македонија од јавните фондови или од други средства на државата.

---

[19] Маневски, М., *Корупцијата во РМ* (*превентивни и казнени мерки за спречување*), Скопје, 2005, стр. 327. (1)

Во 2009 година повторно имаме допрецизирање на кривичното дело “Злоупотреба на службената положба и овластување”[20] со тоа што во став 3 зборовите “од една до десет години” се заменуваат со зборовите најмалку три години, додека во ставот 5 зборовите “од став 1” се заманувaат со зборовите од ставовите 1 и 4, а зборовите “најмалку четири години” се заменуваат со зборовите “најмалку пет години”.

## 2. КРИВИЧНО - ПРАВНИ АСПЕКТИ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

Во нашето законодавство т.е во Кривичниот законик на Република Македонија кривичното дело ,,Злоупотребата на службената положба и овластување“, е одредено како самостојно и посебно дело, со посебни елементи и облици и зазема централно место во главата на кривични дела против службената должност.

Под поимот злоупотреба на службената положба и овластување во суштина се подразбира противзаконито вршење на правата и должностите што произлегуваат од службената положба и овластувањето. Кривичното дело ,,Злоупотреба на службената положба и овластување" е дело од општа или супсидијарна природа. Општиот карактер се состои во тоа одредено дејствие против службената должност да не може да се квалификува под оваа одредба, доколку во него се содржани обележја на некои од посебните дела против службената должност кои во себе ги содржат елементите на ова општо дело. Од друга страна, тоа што делото ги содржи општите елементи на кривичното дело против службената должност обезбедува одредбата да најде субсидијарна природа ако не е установено посебно дело за овие елементи.[21]

Во теоријата на кривичното право, злоупотреба на службена положба се сфаќа во објективна и субјективна смисла. Под првата се подразбира формална и содржинска

---

[20] *Сл. весник на РМ, бр. 114/09.*

[21] Камбовски, В. и Тупанчески, Н., *Казнено право, посебен дел*, 2011, стр. 473. (12)

несогласност меѓу постапката на службеното лице и прописите со кои е определен делокругот на неговите надлежности, што се состои во пречекорување на овластувањата или невршење на службената должност.

Под злоупотреба во субјективна смисла се подразбира постапување на службеното лице што е формално во границите на службената должност и неговите овластувања, но не е мотивирано со интересите на службата, туку со други, пред сѐ, лични интереси на службеното лице.[22] Законскиот опис на оваа дело инкриминација ги поврзува тие две компоненти, така што за злоупотреба во смисла на ова дело е релевантно и едното и другото.

### 2.1. Законско битие на делото

Кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување чл. 353 од КЗ на РМ[23] се состои од пет ставови и тоа:[24]

ст.1 Службено лице кое со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

ст.2 Ако сторителот на делото од став 1 ќе прибави поголема имотна корист или ќе предизвика поголема имотна штета или потешко ќе ги повреди правата на друг, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

ст.3 Ако сторителот на делото од став 1 прибави значителна имотна корист или нанесе значителна штета, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку три години.

ст.4 Со казна од ставовите 1, 2 и 3 ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице што има претставништво или врши дејност во Република

---

[22] Камбоски, В. и Тупанчески, Н., *оп. цит.*, стр. 473. (12)

[23] *Сл.весник на РМ бр. 37/96, 37/09, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 51/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 28/14.*

[24] Камбовски, В., *оп .цит.* стр. 97. (10)

Македонија или лице што врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност.

ст.5 Ако делото од ставовите 1 и 4 е сторено при вршење јавни набавки или на штета на средствата на Буџетот на Република Македонија, од јавните фондови или од други средства на Државата,сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Доколку се анализира ставот 1 од оваа дело може да се констатира дека делото се појавува во три облици - дејствија и тоа:[25]

а) Искористување на службената положба и овластување,

б) Пречекорување на границите на службеното овластување и

ц) Неизвршување на својата службена должност.

Интересно е тоа што без разлика за кој облик станува збор, поимот службена положба е присутен и токму поради тоа пред да дадеме појаснување за наведените облици најпрвин би го дефинирале поимот на службена положба. Во литература постојат низа дефиници во однос на тоа што претставува службена положба, но јас би ја користел дефиницијата дадена од Николоска[26] која под поимот службена положба се подразбира збир на права и овластувања на службените, одговорните, воените лица и лицата кои вршат работи од јавен интерес кои се востановуваат со изборот, именувањето, постапувањето или на друг легален начин пропишување на тоа својство.

### *2.1.1 Искористување на службената положба и овластување*

За искористување на службена положба се зборува тогаш кога дејствието на сторителот останува во границите на своето овластување, но сепак врши злоупотреба на тие овластувања во таа смисла што вистинските интереси на службата и нејзиното правилно исполнување ги заменува со свои интереси или интереси на трето лице. Во таа

---

[25] Витларов, Т. , *"Казнено - Правна заштита од корупција"*, Докторска дисертација, Правен факултет, Јустиниан први, Скопје, 2005, стр. 138. (2)

[26] Николоска, С., *Кривични дела против службената должност*, Графотранс, Скопје, 2008, стр. 108. (1)

смисла дејствието на сторителот се јавува како незаконито во материјална смисла, а не во формална смисла, затоа што не се состои од пречекорување на овластувањата или невршење службена должност или овластувања.

**Пример**: *Доколку полициски службеник при извршена контрола над возило, управувано од одредено лице, ќе пронајде цигари без контролни маркици (бандероли), со намера истите да ги присвои за себе, на лицето нема да му даде потврда за привремено одземени предмети, и случајот нема да го пријави во содветните органи, тогаш полицискиот службеник сторил кривично дело предвидено во чл.353, каде доаѓа до израз првиот облик на ова дело т.е искористување на службената положба и овластување.*

Во овој облик сторителот на делото, ја искористува околноста што е овластен да постапува во дадена ситуација, но при тоа користејќи ја таа околност за остварување на одредени свои цели што се изразуват во прибавувања некаква корист за себе или друг, или нанесување на штета на друго лице.

Користа или штетата при преземање на инкриминирани дејствија освен што може да биде од имотна и друга материјална корист, се изразува и како друга неимотна, односно нематеријална корист.

Потенцираниот пример во врска со полицискиот службеник одговара на криминална ситуација каде доаѓа до израз злоупотребата на службената положба и овластување со стекнување на противправна имотна корист од материјална природа. Но да видиме друг случај каде доаѓа до израз истиот облик на стореното дело, каде користа или штетата е од нематеријална природа.

**Пример**: *Кога полициски службеник има задача да достави покана до странка за да истиот се јави во комисијата за прекршоци, а во врска со претходно направен собраќаен прекршок, полицискиот службеник без да му ја достави поканата на странката, искористувајќи ја службената положба сочинува службена белешка дека поканата лично е примена од страна на странката, и ја доставува до содветната комисија која одлучува по истата. Со ваквото постапување, полицискиот службеник, и нанесува штета на странката во смисла на повредување на неговите права што му следуват по закон за доставување на приговор до содветната комисија.*

Како други примери за овој облик на злоупотреба можат да се потенцираат ситуаците, кога службените лица при вршење на секојдневната службена работа ќе се соочуват со одредена проблематика за чије решавање истиот има дискреционо право да избира еден од повеќето методи и решенија што му се на располагање.

Доколку службеното лице при изборот на решението, не се раководи од интересите на службата, туку кон своите или интересите на друго лице, а со цел прибавување за себе или за друг имотна корист односно нанесување штета на друг, со таквото дејствије службеното лице врши злоупотреба на службената положба, иако формално делува во границите на неговото службено овластување. Особено, во практиката ваквите случаи на злоупотреба на службената положба се среќаваат при донесување на разни управни акти со дискрециони овластувања. Тоа, најчесто, се случаите на давање на разни согласности или одобренија од надлежни управни органи за изградба на објекти, за отпочнување со работа на угостителски објекти, на трговски друштва итн. Во сите нив, службеното лице не се раководи од интересите на службата, туку од лично свои или туѓи интереси односно презема постапки со кои на друг му нанесува штета.

Според Јовашевиќ, Д.[27] делото злоупотреба на службената положба и овластување, може да се изврши како со искористување на службената положба така и со искористувањето на службените овластувања. Логиката на ова раздвојување според истиот автор, е во тоа што за одговорни службени положби поврзани се посебни службени овластувања.

Секое службено лице располага со одредено одговорно овластување, но службените лица кои се наоѓаат на одредена службена положба имаат и посебни овластувања кои впрочем произлегуват, токму од положбата што ја имаат и истата може да ја искористи само за времето на извршување на таа функција.

Доколку во наведената намера, овластеното службено лице, ги искористува овластувањата што ги има во однос на вршењето на службата, а не врз основа на положбата што ја има во службата, тогаш постои злоупотреба на овластувањата. Ваков облик на извршување на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување може да се среќава при вршење на секоја службена должност поврзано со одредена службена положба. Службената положба е искористена тогаш кога службеното

---

[27] Јовашевич, Д., *Злоупотреба службеног положаја и корупција*, Номос, Београд, 2005, стр. 55.

лице, во остварувањето на однапред предвидени цели ги користи овластувањата што му произлегуват токму од неговата службена положба.

Секоја службена положба на некој начин ја одредува обемот и природата на овластувања што ги имаат службените лица и по правило се остваруваат одредени хиерархиски односи меѓу нив. Искористувањето на службената положба и овластување значи користење на правата со кои располага одредено службено лице, кои права по правило нему му припаѓат, што значи не произлегуват посебно од службената положба, туку од самите својства на службеното лице.

### *2.1.2 Пречекорување на границите на службеното овластување*

Пречекорување на границите на службеното овластување е вториот облик на делото. Се работи за постапување на службеното лице што задржува службен карактер, но излегува надвор од границите на овластувањата на службеното лице. Не претставува пречекорување на овластувањето преземањето некое дејствие што воопшто нема службен карактер.[28]

Покрај пречекорувањето на своето овластување, злоупотреба во смисла на ова дело претставува и вршење друго службено дејствие што не е во надлежност на сторителот. Така, пречекорување постои и во случај кога претпоставено службено лице ќе преземе дејствие за кое е надлежно подредено службено лице, а нема овластување за преземање такво дејствие.

За утврдување дали некоја постапка на службеното лице претставува пречекорување на овластувањата или не, треба да се утврдуват границите на овластувањата, а за тоа меродавни се прописите и правилата со кои се одредуваат овластувањата на службените лица. Во теоријата постојат различни мислења за содржината на овој поим.

[28] Пример: *Не врши пречекорување на овластувањето Директор на училиште доколку ќе изврши дело на телесна повреда.*

Според Лазаревиќ Љ.,[29] пречекорување на службените овластувања имаме тогаш кога службеното лице презема службени дејствија, кои што се во надлежност на друго службено лице, при што е ирелевантно дали тоа друго службено лице се наоѓа во однос на надреденост или подреденост спрема службеното лице кое што ги пречекорило своите службени овластувања.

Според овој автор, овој облик на кривичното дело постои и кога службеното лице без претходно одобрение или согласност, врши службена работа од делокругот на своите

службени овластувања, меѓутоа за извршување на таа работа, претходно требало да има одобрение или согласност од друго службено лице или од друг орган.

**Пример**: *Кога полициски службеник од резервниот состав на РМ, или друг полициски службеник, поставен на одредено место за одредена работа, ќе го напушти местото, и на автопат, запира возила со странски регистарски таблици, и без овластување на истите им препишува непостоечки собраќајни прекршоци, им ги наплаќа казните, не давајќи им на истите содветни налози, со што се стекнува со противправна имотна корист.*

За подобро согледување на ваквата ситуација добро е да се наведе следниот пример:[30]

*Од страна на Финансиска полиција - Скопје, до Основно јавно обвинителство Велес поднесена е кривична пријава за злоупотреба на службената положба и овластување против претседател на Управен одбор на Акционерско друштво од Богданци кој без претходно донесена одлука и согласност од Управен одбор потпишал одлука за раскинување на договор за регулирање на правни односи, со која одлука е нанесена значителна штета на акционерското друштво.*

Спротивно мислење има Таховиќ Ј. [31] според кој пречекорувањето на границите на службеното овластување се состои во донесување на акти од страна на службени лица кои се од туѓа, а не од негова надлежност.

---

[29] Лазаревиќ, Љ., *Кривично право, Посебни део*, Савремена администрација, Белград, 1993, стр. 305.

[30] Преземено од годишен извештај на Финансиска полиција – Скопје, јануари, 2015, стр. 8-9.

[31]Tahovic, J. *Krivicno pravo, Posebni deo,* Naucna knjiga, Beograd 1953, str. 461.

Таквиот акт е незаконит и од објективна гледна точка, бидејќи со него се врши повреда на одредени прописи, со кои се одредува надлежноста и делокругот на работа на одредено службено лице. Според истиот автор, поимот на пречекорување подразбира само службени дејствија кои што се вршат или се донесуваат акти од надлежност на повисоки, претпоставени органи.

Според Атанасковиќ Д.[32] пречекорувањто на границите на своите службени овластувања, според некои мислења, постојат и во случаи кога службеното лице ги пречекорило своите надлежности, односно кога врши службени должности од надлежност на некое друго службено лице. Меѓутоа, не ретко се случува да службеното лице ги зголемува своите овластувања, со тоа што ќе врши службени должности од надлежност на друго лице, но по правило тоа доведува до ништовност на таквиот акт (особено, ако се работи за кршење на одредбите за стварна надлежност).

Овој автор смета дека, многу често се случува службените лица да ги пречекоруваат овластувањата, но во рамките на своите надлежности. Во оваа смисла, нема никаква разлика со првото дејствие на искористување на службената положба и овластување. Разликата лежи само во карактерот на актот што се донесува. Додека во првиот случај се работи за дискреционен акт, овде се работи за акт кој го донесува службеното лице за чие донесување нема дискреционо овластување.

Службеното лице овде е обврзано да постапува во согласност со правилата на одреден акт на повисок орган или во согласност со некој пропис.

Значи, службеното лице има овластување да врши одредена службена должност, само што, тоа овластување му е со намера или пропис ограничено, во интерес на службата или друг општ акт.

Значи, самото пречекорување на границите на овластувањето, во овој случај, претставува постапување спротивно на интересите на службата и на друг општествен интерес.

---

[32] Atanaskovic, D., *Krivicno pravo,* Posebni deo, Beograd, 1985, str. 576.

Но, ова пречекорување на границите на овластувањето не значи и излегување надвор од своите надлежности.

Владо Камбовски,[33] смета дека се работи за постапување на службено лице што задржува службен карактер, но излегува надвор од границите на овластувањата на службеното лице. Покрај пречекорувањето на своето овластување, злоупотреба во смисла на ова дело, претставува и вршење друго службено дејствие што не е во надлежност на сторителот.

Така, пречекорување постои и во случај кога претпоставено службено лице ќе преземе дејствие за кое е надлежно одредено службено лице, а нема овластување за преземање такво дејствие.

Според Јовашевиќ Д.[34] За да имаме пречекорување на службената положба неопходно е службеното лице да преземе службено дејствие, која сама по себи не е незаконска, бидејќи некој е овластен да го преземе тоа дејствие, но не е овластено тоа службено лице кое го презело таквото дејствие. Ако се анализират горенаведените дефиници може да се заклучи дека тие меѓусебе се надополнуват, а заедничка карактеристика, при квалификување на дејствието на службеното лице, односно дали се работи за пречекорување на границите на службеното овластување, меродавни се прописите со кои се определуваат овластувањата и рамките на службената должност.

Во сите случаи, кога ќе се утврди дека службеното лице постапило надвор од своите овластувања и дадени рамки односно презело дејствие што не е во негова надлежност или пак презело дејствие, а за тоа немал согласност од претпоставеното лице, истото ќе го квалифицираме како пречекорување на границите на службеното овластување.

---

[33] Камбовски, В. и Тупанчески, Н., *оп. цит.*, стр. 474. (12)

[34] Јовашевиќ Д., *оп. цит.,* стр. 59.

### *2.1.3 Неизвршување на службена должност*

Третиот облик на вршење на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување е неизвршување на службената должност.

Ова дело постои кога службеното лице свесно, пропушта да изврши службено дејствие за кое е овластен и должен е да постапи, или пак постапува само формално, на таков начин и со такви средства во такво време и место, за да не може да се оствари посакуваната цел, која би се остварила доколку службеното лице постапило онака како што треба. Имено, неизвршување на службената должност постои во тие случаи кога службеното лице не ја извршува службената работа за која е овластен и по службена должност треба да ја врши (тоа е формалниот и материјалниот аспект на невршење на службената должност), или пак службената работа ја врши на таков начин, што за последица има непостигнување на целта која требало да се постигне со вршењето на службената работа (тука е запазен само формалниот аспект на вршење на службата додека материјалниот аспект не е запазен ).

Во продолжение преку илустрација на два примера ќе се обидеме да ја сфатиме суштината на овој облик на кривично дело.

Првиот пример се однесува на овој облик на кривично дело каде доаѓа до израз формалниот и материјалниот аспект на невршење на службената должност.

**Пример:** *Одредено лице на записник за примање пријава, против XX лице(познат сторител), пријавува кривично дело фалсификување пари предвидено во чл.268 од КЗ на РМ. По пријавениот настан, меѓу другите активности што треба да се преземат, потребно е да се изврши претрес во домот и другите простории каде што живее осомничениот. За време на претресот не се пронајдени други банкноти за кои постои сомнение дека се фалсификат, но пронајдено е друг предмет т.е оружје(пиштол), за кои сопственикот на домот немал дозвола. Доколку од страна на полициските службеници наведеното оружје не се одзема со образложение дека тоа не било предмет во интертес на претресот што се прави, тогаш исто така доаѓа до израз овој облик на кривично дело сторено од страна на полициските службеници кои го вршиле претресот.*

*Вториот пример се однесува на криминална ситуација од овој облик на кривично дело каде имаме запазување само на формалниот аспект.*

**Пример:** *Имено во текот на 2005 г, самоиницијативно во просторите на СВР*[35] *Гостивар, се обрати лицето XX од Гостивар и на записник за примање кривична пријава поднесе кривична пријава против лицето X.X од Гостивар за сторени кривични дела измама предвидено во чл 247 и фалсификување исправа предвидено во чл. 378 од КЗ на РМ. Инспекторот кој бил задолжен со записникот за примање пријава, извршил одредени проверки, но поради доброволно напуштање на работното место, не успеал до крај да ги доврши проверките, а конкретниот предмет со кој бил задолжен заедно со другите предмети со записник за примопредавање во 2005 година му ги предал на началникот на Крим. полиција Гостивар. Од страна на началникот на Крим. полиција Гостивар истите предмети не им биле предадени на содветните инспектори по таа проблематика туку истите ги чувал кај себе подолг временски период. Во април месец 2011 година, во просторите на НК за КР ПС Гостивар самоиницијативно се обрати лицето XX, т.е пријавителот на случајот и побара да види до каде била постапката во однос на неговата пријава. По извршените проверки, во евиденците на ПС Гостивар се утврди дека, освен извршените проверки, направени од страна на инспекторот кој, доброволно напуштил работно место, други проверки не биле извршени, по што со истиот предмет беше задолжен друг инспектор кој по комплетирање на предметот во однос на обезбедување доказен матиријал, до ОЈО Гостивар поднесе кривична пријава за сторени кривични дела измама предвидено во чл 247 ст.3 в.в ст.1 и фалсификување исправа од чл. 378 ст.3 в.в со ст.1.*

*Од страна на ОЈО Гостивар со решение КО.бр. 246/11 од 04.05.2011 СВР - Гостивар беше известена дека се отфрла кривичната пријава на СВР-Гостивар, со образложение дека и покрај тоа што во дејствијата на пријавениот се содржани битните елементи на погоренаведените кривични дела, меѓутоа настапила застареност на кривичното гонење со оглед на тоа што од извршувањето на кривичните дела е изминат период повеќе од пет години, што значи дека е настапена застареност на кривичното гонење. Значи ако се анализира горенаведеното, доаѓа до израз овој облик на кривично дело сторено од страна на тогашниот началник на Крим Полиција. За случајот беше запозната внатрешна контрола, која најверојатно против инволвираните лица презела соодветни законски мерки.*

Секое неизвршување на службена должност, не значи дека по автоматизам претставува и кривично дело злоупотреба од овој облик. Злоупотреба е само она невршење на својата должност кога сторителот не ги почитува законските и другите прописи со што причинува некоја од наведените последици пропишани во законското

---

[35] Во зависност од периодот кога е пријавен настанот или е поднесена пријава, во трудот некаде ќе се употребува терминот СВР (Сектор за внатрешни работи), некаде НК за КР (Надворешна канцеларија за криминалистички работи).

битие на ова кривично дело - прибавување за себе или за друг некаква корист или нанесување штета на друг.

### *2.1.4 Активен субјект – извршител*

Статусот на сторителот е едно од битните карактеристики на законското битие на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување.

Како потенцијални сторители на ова кривично дело се: службено лице, одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице кое има претставништво или врши дејност во Република Македонија и лице кое врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност.

Поради посебните својства на сторителите ова кривично дело спаѓа во групата на delikta proria.

Што се подразбира под поимите на овие лица веќе е објаснето во првиот дел од трудот т.е во појмовно категоријален апарат а истото може да се види и во член 122 од КЗ на РМ.

При учество на повеќе лица во извршувањето на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување, како delikta propria, извршители може да бидат само лицата со определено својство во законското битие на ова кривично дело, но соучесниците (потикнувачи и помагачи), не мораат да го имаат посебното својство како извршителите.

Потенцијални сторители на ова кривично дело се сите службени, одговорни лица и сите определени со закон лица, единствено во вршење на нивната службена должност.

Противправните однесувања на службените лица надвор од службата, колку и да се општествени опасни, не претставуват кривични дела против службената должност.

За подобро согледување на ваквата ситуација добро е да се потенцира следниот пример од моето лично искуство.

*НК за КР ПС Гостивар поднесе кривична пријава против полициски службеник(инспектор) од НК за КР - ПС Гостивар поради сомнение за сторено кривично*

*дело „Измама“ предвидено во чл. 247 од КЗ на РМ. Пријавениот, кривичното дело го сторил во текот на месец јануари 2009 година на тој начин што со лажно прикажување на факти односно прикривање на факти го донел во заблуда лицето А. С од с. Лисец Тетово т.е. пријавителот ветувајќи му на истиот дека ќе му помогне преку свои пријатели, заработените пари во износ од 20.000 евра да ги вложи (депонира) во неколку банки во Гостивар за што ќе добие одредена камата. Пријавителот А. С се согласил и заедно со пријавениот отишле во менувачницата Алпина лоцирана во Гостивар каде ги размениле 20.000 евра во денарска противвредност и истите пари од страна на пријавениот, а во присуство на пријавителот на ден 23.01.2009 година биле уплатени во неколку банки во Гостивар сите на име и на сметка на пријавениот, наместо истите да бидат депонирани на име на пријавителот како што му било ветено од пријавениот.За заблудата да биде поголема, а со цел пријавителот да биде убеден во исправноста на вложените пари, пријавениот после три дена од уплатата на пари во банките,на пријавителот му дал фалсификуван договор бр. 35467/978-764 од 23.01.2009 година со печат кој има содржина „Општинско средно техничко училиште Гостивар„каде како договорени страни се преставени Народната Банка и пријавителот, а исто така му дал и неколку уплатници сите на име на пријавениот. Со ваквото дејствие од страна на пријавениот, со кое дејствие успеал да го доведе и држи во заблуда пријавителот, пријавениот се стекнал со противправна имотна корист во износ од околу 20.000 евра, а на штета на пријавителот.*

Ако се анализира наведениот пример може да се констатира дека инкриминираните дејствија се преземени од полициски службеник со одредени овластувања, што е еден од елемнтите што го сочинува кривичното дело „Злоупотрба на службената положба и овластувања“, но со оглед на тоа што преземените инкриминирани дејствија не се поврзани со неговата службена положба и овластување против истиот не се исполнети условите за поднесување на кривична пријава за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“.

### *2.1.5 Субјективен елемент*

Кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ е умислено. За да постои умисла треба да се има свест за делото и волја за негово извршување. Значи сторителот треба да е свесен дека ја искористил службената положба и овластување, дека ги пречекорил границите на службеното овластување или дека не ја вршил службената должност. Доволен е фактот што сторителот е свесен за своето постапување и како резултат на истите да настанале услови за инкриминација.7

### *2.1.6 Услови за инкриминација*

Кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување", според терминологијата во законското битие "ќе прибави" се смета дека делото е довршено кога сторителот на ова кривично дело прибавил за себе или за друг некаква корист или на друг му нанел штета.

Штетата или користа може да биде во материјална или нематеријална форма и ирелевантно е дали користа е прибавена за себе или за друг, за физичко или за правно лице. Значи делото е сторено кога ќе настанат наведените последици како резултат на дејствијата на сторителот на ова кривично дело.

Користа, односно штетата, можат да бидат од имотна и друга материјална природа, но можат да се изразуваат и како друга неимотна, односно нематеријална корист или штета (така доаѓање преку ред до локација на градба или стан, или наштетување на честа и угледот на друг).[36]

Казненото право не дава легална дефиниција на поимот корист или штета, истите се толкуваат според правните знаења од останатите гранки во правото. Според Томановиќ,[37] во кривично правна смисла, под имотна корист се подразбира секое зголемување или подобрување на својот или туѓ имот, односно спречување на намалување на тој имот или неговата вредност.

Користа или штетата, може да биде за сите правни лица без оглед каква е структурата на сопственоста во истото, приватна, општествена, мешовита.

### *2.1.7 Квалифицирани облици*

Квалифицирани облици на ова дело се поврзани со прибавената имотна или друга корист за себе или за друг , или нанесување на штета на друг.

Под имот се подразбира пари или други инструменти за плаќање, харти од вредност, депозити друга сопственост од секаков вид и тоа материјална или нематеријална

---

[36] Камбоски В. и Тупанчески, Н., *оп. цит*, стр. 475. (12)

[37] Tomanovic, M., *Krivicni dela korupcije*, Kultura Beograd, 1990, стр. 159.

движна или недвижна, други права врз предметите, побарувањата, како јавни исправи и легални документи за сопственост  во пишан или во електронски облик или инструменти со кои се докажува правото на сопственост или интерес во таквиот имот.[38]

Членот 122 од Кривичниот законик[39] дава класифицирање и значење на видовите имотни користи:

- Под помала имотна корист, вредност или штета, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на службено објавена една половина просечна плата во РМ во времето на извршување на делото.
- Под поголема имотна корист, вредност или штета, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на пет просечни месечни плати во Република во времето на извршувањето на делото.
- Под значителна имотна корист, вредност или штета, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на 50 просечни месечни плати во Републиката за времето на извршувањето на делото.

Делото од ставот еден постои кога е прибавено имотна корист, но во извршувањето не достигнало поголема имотна корист. Овој став се смета како основен облик на делото, и според истиот, сторителот на делото се казнува со затвор од шест месеци до три години.

Доколку како последица од дејствието на сторителот, се работи за извлекување поголема имотна корист, или предизвикување поголема имотна штета или потешка повреда на правата на друг, тогаш доаѓа до израз ставот 2 од делото, кое предвидува казна затвор од шест месеци до пет години. Доколку сторителот извлекол значителна имотна корист или предизвикал значителна штета тогаш станува збор за став 3 од делото со пропишана казна затвор најмалку три години.

---

[38] Член 122 ст. 38 од КЗ на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 37/96, 37/09, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 51/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 28/14.*

[39] *Сл. весник на РМ бр. 37/96, 37/09, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 51/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 28/14*.

Како квалифициран вид на основното дело се смета и случајот на потешко "ќе ги повреди правата на друг." Ваквата законска формулација според Т. Витларов,[40] е нејасна и отвара можности за дискрециони оценки од страна на оние кои го применуват правото во конкретни случаи.

Според истиот автор нејасно е, што би се подразбирало под поимот "потешко" а што под поимот "полесно" повредување на правата на друг, посебно ако се има во вид дека со битието на кривичното дело е опфатено казнување само за потешка повреда на правата на друг.

Потешкиот облик на делото е предвидено во став 5, кој е воведен со измените на Кривичниот законик од 2004[41] и 2009[42] година.

Со него, како квалифициран облик на основното дело со пропишана казна затвор од најмалку 5 години, е инкриминирано сторување на основното дело при вршење на јавни набавки или на штета на средствата на Буџетот на РМ, од јавните фондови или од други средства од државата. Таквите однесувања се класифицират, како и за останатите сторители каде својството на службеното лице не е битен елемент на кривичното дело.

Од теоретски и практични причини, понекогаш се појавува дилемата за тоа кои дејствија треба да се сметат за злоупотреба на службената положба. Во секој случај и пред сѐ, тоа ќе зависи од инкриминациите во позитивното законодавство, а особено од законските норми од бланкетна природа. Ова, пред сѐ, заради тоа што кривичното дело на злоупотреба на службената положба, во секој опис на противправните дејствија треба да содржи и бланкетни норми, кои што ги прекршил сторителот на ова кривично дело, со некој од опишаните можни дејствија на сторување односно на несторување на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување.

Меѓутоа, кога се работи за дејствие на извршување искористување на службена положба и овластување, злоупотребата на службената должност може да биде од т.н

---

[40] Витларов, Т. *оп. цит*, стр. 143. (2)

[41] *Сл. весник на РМ бр. 19/04.*

[42] *Сл. весник на РМ, бр. 114/09.*

материјална природа, па во законскиот опис на кривичното дело не мора да биде содржана и соодветна бланкетна норма.[43]

За вакви случи би се работело кога се злоупотребуваат законитостите од пазарната економија, така што определени стоки, се набавуват од страна на службените лица по значително повисоки цени од вообичаените на пазарот.

## 2.2 Однос со другите кривични дела

Во практиката честопати при примената на правото на конкретни случаи се поставува прашањето за односот на ова дело, со останатите кривични дела од главата на кривичните дела против службената должност.

По својот карактер ова, кривично дело има значење на основно и општо кривично дело на злоупотреба на службената положба и овластување. Ова дело е од општ карактер, со оглед на фактот дека значителен број на кривични дела против службената должност во други глави, па и во самата глава против службената должност, всушност се посебни облици на ова кривично дело. Како општо дело, тоа во однос на посебните дела има супсидијарен карактер, што значи истото стои, доколку, во конкретниот случај не се исполнети законските елементи на посебното кривично дело.[44] Односот со другите дела е детерминирано од општата и супсидијарната природа на делото. Поради односот на специјалитет не постои идеален стек меѓу општиот облик на ова дело и посебните кривични дела против службената должност, туку е во прашање природен стек. Од друга страна можен е стек со кривично дело "фалсификување на исправа" доколку ова дело не се јавува како средство на злоупотреба. Според, Камбовски и Тупанчески,[45] како општо и супсидијарно дело исключен е стекот меѓу злоупотребата на службената положба и некое од посебните дела на злоупотреба што се вршат со намера за прибавување некаква корист

---

[43] Витларов Т. , *оп. цит*, стр. 138. (2)

[44] Бабиќ, М. "*Злоупотреба службеног положаја или овласчења – Основно антикоруцијско кривично дело*" Модерна управа, Часопис за управно – правну теотију и праксу, Република Српска, 2009, стр. 98.

[45] Камбовски В. и Тупанчески Н. , *оп. цит*. стр. 476. (12)

или нанесување на друг некаква штета. Такви се, на пример, делата проневера, послуга, измама во службата.

Не постои стек меѓу ова дело и фалсификувањето службена исправа, кога второто е начин на злоупотреба на службената положба. Спорно е прашањето за односот меѓу ова дело и примањето поткуп (со оглед на тоа дека правото поткупување се состои во примање награда за извршување службено дејствие што не смее да се изврши итн). Во судската  практика прифатено е стојалиштето, дека и за односот на овие две дела важи правилото за исклучување на идеалниот стек.

# ТРЕТ ДЕЛ

# КРИМИНОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ЗЛОУПТРЕБА НА СЛУЖБЕНА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

# 1. ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

## 1.1 Поим и дефинирање

Секоја држава има свои органи и институци кои треба да функционират врз основа на закони и прописи предвидени од соодветната област. Се разбира државните органи не можат да функционират без човечкиот фактор. Човечкиот фактор поставен во тие органи во зависност од институцијата и законските прописи добива третман на службено, одговорно лице или лице што врши работи од јавен интерес. Наведените лица при нивното работење треба да постапат согласно нивните овластувања и законските одредби предвидени за одредена област. Доколку истите не постапуват согласно нивните овластувања и законски прописи, истите треба да се санкционираат според делото што го сториле. Од тука произлегува дека како сторители на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување се лица вработени во институциите на системот кои согласно нивните овластувања вршат одредени задачи. Значи станува збор за лица кои се именувани или назначени за вршење на одредена функција во структурата на власта, како носители на јавни, службени овластувања или како лица кои се на раководни функци во јавните претпријатија и другите институции каде со закон се предвидени одредени овластувања.

Од тука произлегува дека кривичното дело „Злоупотребата на службената положба и овластување“ може да се дефинира како криминална појава својствена на лица со одреден статус кои во времето на криминалните активности се наоѓале на одредена општествена положба и располагале со одредени овластувања кои им ги дозволувала позицијата.

Кривично дело “Злоупотреба на службената положба и овластување" се јавува во сите гранки на општеството, почнувајќи од најниските, па се до највисоките органи на државата. Како дело од обласата на организираниот економски криминалитет кој во себе содржи корумптивни елементи, силно влијае врз нормалното функционирање на државата, го намалува економскиот развој, доведува до нарушување на угледот на поединечните служби, авторитетот на власта, па се до губење на довербата на граѓаните во институциите на системот. Како појава е присутна од далечните времиња во сите земји во светот вклучувајќи ги тука и богатите земји. На пример, во четвртиот век пред нашата

ера, грчкиот филозоф Аристотел пишувал за проневера на средства од страна на комисионерите за патишта (друмски комисионери) и други официјални претставници.

Кражба на јавните пари од владините службеници било кривично дело покрај уставот на Атина и судот можел да осуди некој за вакво кривично дело и да го осуди да плати десет пати повеќе од украдениот износ. Во развиените земји оваа појава е попозната како криминалитет на белите јаки.

Во 1970 година Herbert Edelhertz, тогашен претставник на американското Министерство за правда, криминалитетот на белите јаки го дефинира како "нелегален чин или серија на незаконски дејствија извршени со нефизички средства, прикривање или измама за да се добие пари или имот, за да се избегне плаќање или губење на пари или имот, или да се добие бизнис или личен предност." Според оваа дефиниција криминалитетот на белите јаки е дефиниран според средството со кое делото се врши - конкретно, нефизички средства кои вклучуваат прикривање или лукавство. Секое противправно дело или серија на дела извршени од страна на лице што ги исполнува овие формални барања се смета криминалитет на белите јаки.[46]

Друга дефиниција за криминалитетот на белите јаки дадена е во 1990 година од страна на Сузан Шапиро. Шапиро тврди дека суштинската карактеристика на делата за кои вообичаено се нарекуваат криминалитет на белите јаки е во тоа што тие вклучуваат повреда или злоупотреба на довербата. Таа посочува дека концептот на криминалитетот на белите јаки треба да се ослободи од "Издвојување од идентификацијата на сторителите од нивните злодела."[47] Според дефиницијата на Џеј Албанезе криминалитетот на белите јаки" е планиран или организиран незаконски акт на измама, сторен во рамките на легитимната професионална активност, извршени од страна на поединец или правно лице."[48]

---

[46] Edelhertz Herbert, 1970. *The Nature, Impact and Prosecution of White – Collar Crime*. Washington, DC: U.S Department of Justice, str. 19 – 20.

[47] Shapiro, Susan.1990, *Collaring the Crime, Not the Criminal: Reconsidering the Concept of White – Collar Crime*,,. American Sociological Review 55: 346 – 65.

[48] Albaneze, Jay S. 1995. *White – Collar Crime in America Englewood Cliffs*, NJ: Prentice Hall.

Во 1996 година на работилницата спонзорирана од страна на Националниот центар за истражување на криминалитетот на белите јаки предложена е оперативна дефиниција од страна на конзорциумот од научници на која Сатерленд “Нелегални или неетички дела кои кршат доверените одговорности или јавната доверба, извршени од страна на поединец или организација, обично во текот на легитимната професионална активност, од страна на лице на висок или респектабилен социјален статус за лични интереси или за интересите на организацијата.”[49]

Бенсон и Симпсон веруваат дека е можно да се остане верен на дефиницијата на Сатерленд додека во исто време прифаќајќи експанзивна перспектива на проблемот на криминалитетот во современиот свет. Според нив често се справуваме со престапници кои не се вклопуваат во критериумите од дефиницијата на Сатерленд. Ова не е затоа што ние сметаме дека дефиницијата на Сатерленд е погрешна. Напротив, тоа е затоа што едноставно фактот дека луѓето од средниот и понизок социјален статус можат да ги користат техниките идентификувани од страна на Сатерленд исто како што прават луѓето од висок општествен статус.

Слично на тоа, мали бизниси може да се вклучат во нелегални активности како што тоа го прават национални и мултинационални корпорации.[50]

Дефиницијата за криминалитетот на белите јаки останува засекогаш предмет за расправа. Криминалитетот на “бели јаки” е легитимно достапен, можен само на лицата кои имаат статус на лица со бели јаки, на позиција моќ, власт.

Границите меѓу легитимните и нелегитимните цели и средства, релативизирањето за нивно остварување предизвикува се потешко доаѓање до јасен одговор на основното

---

[49] Helmkamp, James, Richard Ball, and Kitty Townsend, Editors, 1996. *Definitional Dilemma: Can and should there be a Universal Definition of White – Collar Crime*? Proceedings of the Academic Workshop, Morgantown, WV: National White – Collar Crime Center.

[50] Benson. I., Michael I Simpson S. Sally, 2009, *White – Collar Crime*: *An Opportunity Perspective*, Taylor and Francis, New York.

прашање што е легитимно, а што неправно и криминално.[51] За повеќето од нив инкриминираните дејствија направени од нивна страна на некој начин се дозволени и се во рамките на дадените овластувања.

Кривичното дело ,,Злоупотреба на службената положба и овластување” како коруптивно дело освен што е присутна, кај криминалот на белите јаки е присатна и кај криманалот на злоупотреба на власта.

Според Камбовски[52] во казненоправна смисла, под поимот криминал на злоупотреба на власта, се подразбираат казнените дела извршени во вршењето на јавните функци: делата на злоупотреба на службената положба и овластување како и други дела, како што се проневера, примање поткуп, несовесно работење во службата итн.

Криминалот на злоупотреба на власта е тесно поврзан со организираниот криминал и поради тоа заслужува посебна опсервација од аспект на: кругот на одговорните субјекти и законската одреденост на нивните должности и овластувања, а со тоа и на нивните граници релевантни за оцената за постоење на пречекорување и на злоупотреба на посебната јавна функција. Од аспект на кругот на одговорните субјекти, денес се порелативна станува поделбата меѓу злоупотртеби на јавните овластувања и злоупотреби во приватниот сектор. Оваа поделба, релевантна само до пред една декада, со најновите инструменти за борбата против корупцијата, која по дефиниција е токму злоупотреба на посебната положба на сторителот во лични цели, денеска постапно се напушта. И таканаречениот ,,приватен сектор“ што ги опфаќа главно приватните компани и установи, денеска станува ,,јавен“ од аспект на законското регулирање на положбата на одговорните лица (така најновиот Закон за трговски друштва мошне минуциозно ја уредува материјата на одговорноста на менаџерите и другите одговорни лица и тела на управување во трговските друштва).[53]

Посебно прашање е прашањето за контролата, за откривањето и за гонењето на делата на злоупотреба на власта, со оглед на фактот дека честопати тие функци се концентрирани во рацете на самите сторители на овие дела. Системот на заштита од гонење е идентичен со организираниот криминал и се состои во обезбедување на

---

[51] Николоска, С., *оп.цит.,* стр. 58. (1)

[52] Камбовски В., *оп.цит.* стр. 71. (7)

[53] Исто, стр. 71.

фактички имунитет по пат на политичко партиско влијание, политичка уцена, корупција и непотизам итн.

Социолошката или криминолошката димензија на криминалот на злоупотреба на власта е концентрирана врз облиците на злоупотреба на власта што тешко може да добијат конкретна казнено - правна квалификација било поради прешироките дискрециони овластувања на носителите на јавни функции, било поради имунитетот што го уживат.[54] Во споредба со обичниот криминал, третманот на криминалот на белите јаки и криминалот на злоупотреба на власта во системот на казнена правда (откривање, пријавување, гонење и пресудување) е значително по привилегиран. Имено сторителите ретко се изведуваат пред суд, а во случај на осуда добиваат многу поблаги казни во споредба со сторителите на други дела од имотна природа.

И нашата судска практика ја потврдува оваа теза: казнените постапки против истакнати лица, траат до недоглед и честопати завршуваат со откажување од гонење или со симболични казни.

**Пример**: *Одделот за организиран криминал при МВР на РМ во соработка со СВР - Гостивар, до ОЈО - Гостивар во 2008 година, поради основи на сомнение за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ и КД „Оштетување или повластување доверители“ предвидено во чл 257, поднесе кривична пријава против четири лица и тоа едниот во својство на стечаен управник, другиот во својство на стечаен судија, третиот во својство на Основач и Управител на фирма хх од Скопје, и четвртиот во својство на одговорно лице во фирма хх од Скопје. Пријавените постапувајќи како група, во периодот на деловната 2002 и 2003 година, при спроведувањето на стечајната постапка над стечајниот должник АД Силика Алумосиликат - Гостивар, во стечај ја злоупотребиле службената положба и овластувања, со тоа што постапувале спротивно на одредбите од Законот за стечај, Законот за извршната постапка и точка 5.3 од Упатството за јавен тендер и нанеле штета на имотот на стечајниот должник, истовремено овозможиле имотна корист за себе или за други, со што ги оштетиле доверителите на АД-Силика Алумосиликат-Гостивар, во стечај, во вкупен износ од 345.985,00 денари, односно 5.625.776,оо Евра. И покрај макотрпната работа во докажувањето на оваа дело, од страна на ОЈО - Гостивар, погоренаведената пријава беше отфрлена.*

Во контекст на погоренаведеното одат и статистичките податоци од државниот завод за статистика на Република Македонија, прикажани во третиот дел од трудот каде

[54] Исто, стр. 73.

може да се види дека во временскиот период од 2002 до 2012 година вкупно пријавени сторители за сторени кривични дела од областа на злоупотреба на службената должност имаме 9588 лица, од кои за 2722 е покренато обвинителен акт, додека само 1401 се осудени.[55]

Во контекст на ова оди и излагањето на американскиот амбасадор Пол Волерс кој во октомври месец 2014 година на дебата по повод презентацијата на извештајот на Македонскиот центар за меѓународна соработка, потенцира дека во 2013 година Антикорупциската комисија во Македонија истражила 228 случаи за борба против корупцијата, од таа бројка само седуммина беа обвинети додека ниту еден не бил осуден.[56]

Бројни се емпириските примери од неодамнешните случувања во Република Македонија за невиден грабеж на општествениот и државниот капитал на ниво на оперативно – полициска обработка, повеќето од овие случаи се докажани, уште поголем број од нив се медиумски експонирани, но речиси ниту еден не доби судска завршница во погоренаведената смисла.[57]

Според начинот на нејзино остварување како и другите карактеристики, криминалот на белите јаки и криминалот на злоупотреба на власта спаѓат во групата на неконвенционален криминал. [58]

Криминал на белите јаки и криминал на злоупотреба на власта има многу сличности со поимот на организиран финансиски криминал. Според Лабовиќ М. и Николоски М.,[59] сличноста се состои пред сè кон криминалниот интерес кој е насочен кон кривичните дела од областа на финансискиот криминал и корупциските кривични дела, со таа разлика што кај криминалот на белите јаки се присутни и кривични дела против здравјето на луѓето и еколошки кривични дела.

---

[55] Податоците се преземени од статистичките публикаци од Државниот завод за статистика на РМ, www.stat.gov.mk (пристапено на ден 13.09.2014).

[56] Дневен весник, *Вест, број 4297*, 15 октомври 2014, стр.3

[57] Лабовиќ, М. и Николовски, М., *"Организиран криминал и корупција - најнови теоретски димензи, практични консенвенкци и методика на истражување"*,Факултет за безбедност – Скопје, 2010, стр. 46

[58] Камбовски В., *' Организиран криминал,* 2 - ри Август С, Штип, 2005, стр. 61.

[59] Лабовиќ М. и Николовски, М. ,*оп. цит*., стр. 63.

Покрај сличните карактеристики постојат и определени разлики помеѓу овие поими. Специфичната разлика меѓу овие поими е тоа што: во времето кога беше лансирано во криминологијата терминот криминал на белите јаки од страна на американскиот криминолог Едвин Сутхерланд во 1939 година, под овој поим се подразбираше претежно инволвираност на определени професионални категории службеници од банкарскиот и небанкарскиот финансиски сектор (осигурителни компани, менувачници, казина итн), реалниот економски сектор, трговијата, јавната и државната администрација, политиката, правосудството итн.

За разлика од овој термин, кога се зборува за организиран финансиски криминал, посебно од институционален тип, се мисли пред се на високи државно – политички функционери, сопственици или генерални менаџери на банки, производни и трговски претпријатија. Книговодителите, финансиските ревизори, финансиските полицајци и даночните инспектори, се присутни и кај организираниот финансиски криминал. Меѓу тоа, тука тие се само инструментализирани во функција на остварување на целите на организираниот институционален финансиски криминал, кој што ги предводат припадниците на бизнис и финансиската олигархија, политичките и интелектуалните елити. Покрај односот меѓу криминалот на белите јаки со организираниот финансиски криминал истите автори,[60] вршат разгледување и на односот помеѓу криминалот на белите јаки со организираниот криминал како генерички поим.

Сличноста на криминалот на белите јаки со организираниот криминал е во тоа што:

1. Во двата случаи извршителите се многу вешти и специјализирани професионалци, кои добро го познаваат полето на криминалното делување
2. Настапуваат со добро осмислен план за сите понатамошни чекори со цел да не бидат откриени, не оставајќи никаков доказ позади себе.
3. Друга сличност е тоа што и во двата случаи главна цел е стекнувањето со противправната имотна или друга финансиска корист.

[60] Исто, стр. 63 – 64.

4. Организираниот криминал и криминалот на белите јаки припаѓаат на неконвенционалните типови односно видови на криминал, бидејќи и едниот и другиот ја уживаат заштитата од законот, без оглед на тоа што таквата заштита може да биде во различни форми, степени и заради различни причини. Поради тоа криминалот на белите јаки е тешко, дури понекогаш и невозможно да се откријат и докажат.

Разликите се состојат во тоа што :

1. Кај криминалот на белите јаки не постои таков степен на организираност и корупција помеѓу повеќе извршители. Извршителите на криминалот на белите јаки кривичните дела ги вршат најчесто сами или со уште еден соизвршител. Доколку има случаи кога се три или повеќе лица, тогаш се работи за ад хок групи, формирани инцидентно, што значи дека недостасуваат другите константни елементи за определување на поимот организиран криминал.
2. Организираниот криминал често знае да примени насилство, немилосрдни убиства, изнуди итн. Тоа кај криминалот на "бели јаки" речиси и да не се случува, освен во многу ретки и изнудени ситуации.
3. Организираниот криминал е трансцедетален поим, што значи нема конкретен субстрат во полето на криминалното делување. Криминалот на белите јаки е претежно фокусиран кон кривичните дела од областа на финансискиот криминал и корупциските кривични дела, но меѓу кривичните дела на белите јаки се наведуваат и еколошките кривични дела (непочитување на прописите за поставување на соодветни филтри на фабриките за испуштање на штетни гасови, отрови и разни други хемикали со што се загадува животната средина) и кривични дела против здравјето на луѓето (кршење на прописите за хигиенска исправност на храната, поминати рокови за употреба на разни производи, лекови итн.

Криминалитетот како појава која се врши со злоупотреба на некоја позиција или дадена ситуација, е многу опасен од причина што во најголемите случаи како жртва се јавува Државата. Токму поради тоа, императив на секоја земја е да ги изучува причините кои ја предизвикуваат истата.

## 2. ЕТИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Позади секоја криминална појава постојат одредени причини кои ја предизвикале истата.

За утврдување на причините на криминалната појава  мора да се послужиме со знаењата на криминалната етиологија.

Етиологијата како дел од криминологијата ги изучува причините на казнивите поведенија. Во криминологијата можат да се сретнат различни означувања за причините кои доведуваат до некои криминални поведенија кај поединци. За сите овие причини се употребува генеричкиот поим „криминогени фактори”, што во најширока смисла всушност се причините кои дејствуваат во насока на настанување, обликување и конечна реализација на казнивото поведение како општествена и индивидуална појава.

Имено, криминалната етиологија се однесува на изучување и утврдување на изворите и корените на криминалитетот во едно општество, навлегува во проблемот на факторите кои го предизвикуваат и условуваат, преку анализа на личноста на деликвентот и неговата интеракција во општествената средина во која таа личност ги формира негативните својства.

Со оглед на тоа што предмет на истражувањето е кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ се поставува прашањето кои се тие фактори односно причини што влијаат врз деликвентното однесување на сторителите на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување. Во зависност од контекстот на анализирање во литература се наоѓат низа  поделби на факторите кои влијаат врз деликвентното однесување на сторителите на кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“,  но задничка карактеристика на тие поделби е што истите ги групираат во две групи и тоа во субјективни и објективни групи.

Во групата на субјективни фактори спаѓаат: дадената ситуација сфатена во потесна смисла на зборот, личните карактерситики на сторителот, стручното знаење и професионалните вештини на сторителот и човечката алчност како природна особина на личноста.

Во продолжение ќе се обидам на кратко да ги објаснувам наведените фактори и тоа почнувајќи од дадената ситуација која спаѓа во групата на субјективни фактори.

Имено кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ се карактеризира со низа специфичности.

Специфичноста на ова дело е пред сѐ во карактеристиките и својствата на потенцијалните сторители на ова дело кои погоре беа елаболирани.

Една од тие специфики е тоа што сторителот на ова дело одговара доколку инкриминираните дејствија од негова страна се преземени во временскиот период додека бил на функција, и истите се поврзани со неговата службена положба во рамките на службените овластувања што ги има.

Доколку овие лица сторат кривично дело надвор од службата, каде преземените инкриминирани дејствија немат ништо заедничко со неговата службена положба и овластување, истиот нема да одговара за наведеното дело туку за друго дело.

Со ова сакам да кажам дека лицето пред да биде именуван на некоја функција, истиот не би бил во можност да одговара за кривично дело злоупотреба на службена положба и овластување. Значи со самото именување на истиот му е дадена ситуација во која истиот има можност да ги злоупотреби неговите овластувања.

Освен дадената ситуација силен фактор кој дејствува врз криминалното однесување на сторителите на ова дело, се **личните карактеристики** на истиот како што се карактерот на личноста, неговиот темперамент, навиките, емоциите, и други карактеристики, кои во криминолошката литература се нарекуват субјективни фактори.

Значи не сите службеници се корумпирани и покрај тоа што имаат можност и ситуација да ги злоупотребуваат своите овластувања, но не се одлучуваат на таков чекор, а тоа пред се зависи токму од карактерот на личноста.

**Стручното знаење,** е еден од елементите кој го потикнува сторителот кон извршување на конкретното дело, но не само тоа, истото влијае и кон повторување на делото, бидејќи самиот верувајќи во неговите професионални вештини, смета дека не може да се откријат инкриминираните дејствија преземени од негова страна.

За разлика од класичниот криминалитет каде сторителите го усовршуваат вршењето на кривичните дела според начинот и употребените средства на извршување, криминалитетот на злоупотреба на службената положба и овластување има карактеристики на професионалност од аспект на искористување на стручноста и

знаењата што ги поседуваат за одредена област каде што истите ја извршуваат нивната дејност.

**Човечката алчност** која се карактеризира како природна особина на човекот кај овој вид на криминалитет е најизразена. Сведоци сме дека во денешните услови на живеење, особено во земјите на транзиција и други неразвиени земји, човекот не се цени по вистинските морални вредности, туку како финансиски стои и каква положба зазема во општеството, не водејќи сметка на кој начин се стекнал со финансиските средства и како дошол до определена положба. Ваквата деструкција на моралните вредности, влијае стимулативно на криминални однесувања со елементи на злоупотреба.

Значи криминалното однесување на личноста не треба да се набљудува изолирано туку како единство на погоренаведените фактори при дадена конкретна ситуација.

Проучувањето на овие фактори е од голема значајност при процесот на расветлување на криминалното однесување на сторителот и истите треба да се проучаат како целина, без одвојување и давање на посебно значање на некои од нив.

,,Проучувањето на својствата на личноста во однос на нејзиното криминално однесување и нивното поврзување со начинот на инкриминираното дејствие, се поставува како нужно посебно кај делата од обласа на корупцијата, пред сѐ од криминолошко - етиолошки и феноменолошки аспект со цел расветлување на криминалната активност од кривично - правен аспект и изрекување на соодветни санкции.‟[61]

Поопширано гледано во рамките на **објективните фактори** кои влијаат врз појавата на криминалот со елементи на злоупотреба особено врз нејзиниот обем, структура и динамика, се надворешните влијанија кои можат да бидат од економски, политички, кривично правен и од друг карактер.

Во криминолошката литература се среќаваме со повеќе автори кои се занимаваат со оваа проблематика, но јас ќе се послужам со поделбата направена од страна на Камбовски,[62] кој факторите на криминалот на злоупотреба и корупција ги групира во три групи и тоа: политички, економски и правни.

---

[61] Цуклески Г. и Николоска С. , *Економска криминалистика*, График Мак Принт, Скопје, 2008, стр. 50. (1)

[62] Камбовски В., *Потреба од утврдување на национална анти - корупциска стратегија во Република Македонија*, Транспарентност Македонија, Скопје, 2001, стр. 26. (16)

**Политичките фактори** се концетрирани на неограничена и неконтролирана извршна власт.

Партизацијата и политизацијата во политичката битка за власт, независно од цената што за тоа треба да плати, го руши дигнитетот на власта и ја слабее довербата во владењето на правото.[63]

Концентрацијата на власта во рацете на малку луѓе или тела (автократски и полуавтократски политички режим) со огромно широк простор за донесување на дискрециони одлуки, поставување и разрешување на функционери во сите сегменти на јавниот живот преку кои се контролираат сите сектори во општеството.[64]

**Економскиот фактор** особено доаѓа до израз во процесот на приватизација.

Република Македонија при трансформирање на претпријатијата го прифати неокласичниот пристап кој начин на трансформирање бил застапен во седумдесеттите и почетокот на осумдесеттите години во развиените земји кога тие се обидоа да ги решаваат проблемите што ги имаа во тој период. Меѓутоа применувањето на истата формула во одредени екссоцијалистичките земји со друг економски и политички амбиент, во кој допрва требаше да се имплементираат пазарна економија и парламентарна демократија, логично не можеше да даде ни приближно успешни резултати како во развиените земји. ,,Транзицискиот шок" што го доживеа македонската економија беше вонредно силен и резултираше со високи негативни стапки на движење на бруто - домашниот производ (БДП) како резултат на многу фактори, а пред сè на криминалното однесување на повеќе лица одговорни за процесот на приватизација, одговорни лица во правни лица што вршеле одговорна функција или должност, најчесто генерални директори, директори на претпријатија, финансиски раководители како и други лица на кои им биле доверени определен круг на овластувања и одговорности.[65]

---

[63] Николоска, С., *оп. цит.,* стр. 69. (1)

[64] Велковиќ Д., *Либерализација на надворешната трговија како фактор на деструкција на едно стопанство во Македонија во глобализација*, Економски Факултет, Скопје, 2004, стр. 133.

[65] Велковиќ Д. , *Либерализација на надворешната трговија како фактор на деструкција на едно стопанство" во Македонија во глобализација*, Економски Факултет, Скопје, 2004, стр. 133.

Наведените лица брзо сфатија дека земјата се соочува со низа проблеми од кривично - правен и институционален аспект. Оваа ситуација беше искористена од страна на многу лица кои беа на различни раководни функци во големите стопански капацитети помогнати од страна на лица кои биле на позиција во власта и биле директно поврзани со одлучување донесување  на акти и решенија со нивните дискрециони овластувања и сл.

Значи, во услови на без законие и недоволна изградена институционална арматура, вмешаност на партиските и владеачките структури, со неадекватни модели на приватизација, во отсуство на развиени пазари и на вистински пазарни субјекти, при неегзистирање на соодветни економски регулативи, ваквата приватизација мораше да доживее фијаско.

Речиси, сите поголеми и порано успешни претпријатија се доведоа до стечај и ликвидација без реално економско оправдување. Голем број фирми само формално се продаваа преку берзата, а всушност тоа беа нетранспарентни "продажби" без јавни огласи за сите заинтересирани, со тајни информации само за фирмите и лицата блиски до владеачките партии. Повеќе фирми кои се вклопија во пазарните услови на стопанисување намерно беа доведени во состојба на "загубари," а потоа беа "продадени," поточно подарени иако можеа да работат без загуби или пак, ако се продаваа, да се продадат по нивната реална пазарна вредност.

Стечајните постапки се отвараа и затвараа по некоја однапред испланирана шема со цел избегнување на обрските спрема државата и доверителите, а имотот се префрлуваше на други нови правни субјекти со исти основачи и иста дејност,  но само со мала измена во називот на правното лице. Во овој дел се вршеа бројни злоупотреби со непочитување на законот за стечај, несовесно вршење на финансиско вештачење од страна на судски ангажирани вештаци и сл.

Набљудувани низ лупата на статистиката резултатите од приватизацијата во Република Македонија беа "спектакуларни" од аспект на бројот на приватизираните претпријатија. Меѓутоа, неговата дисхармонија со она што се случуваше на страната на

понудата (пад на производството, пораст на невработеноста, пад на продуктивноста, пад на извозот, дезинвестирање, голем криминалитет) му дадоа негативен третман без никаква специфична тежина.

Посебна приказна претставуваат јавните набавки. До донесувањето на Законот за јавни набавки, во 1998 година, тие во основа, се вршеа без соодветна транспарентност и уредна постапка. Така што, по правило тендерите секогаш ги добиваа претпријатија чии што раководен тим, на еден или на друг начин беше близок до владеачката политичка структура. Но и покрај донесениот закон за јавни набавки сведоци сме дека истиот не се почитува или свесно се изигрува.

Во контекст на оваа говораат низа измени и дополнување на истиот закон се со цел да се намали можноста на злоупотреби.

Од факторите што ја допираат сферата на правниот систем, посебно се издвојува нефункциорањето на правната држава, ерозијата на полето на законитоста и селективноста во примената на законот.[66]

Правниот "вакуум" што неминовно настана на преминот од еден во друг систем, не само што долго време не беше надминат, туку постојат индиции дека намерно е оставен подолг временски период за создавање на правни празнини, а со цел да се избегне кривична одговорност.

Непостоењето на соодветна правна рамка за борба против организираниот криминал и корупцијата беше искористено од спрегата меѓу политичките и бизнис елитите.

Како резултат на правниот "вакуум" многу сторители на казниви дела останале неказнети.

Само за споредба во временскиот период од 1996 до 2003 година се отфрлени кривични пријави[67] против 2236 лица или 62% од поднесените пријави, а против 498 лица

[66] Витларов Т., *оп. цит.*, стр. 52. (2)

истрагата била запрена, токму поради тоа што пријавените немале својство на службено лице.[68] Отстранувањето на правните празнини, е чекор напред во борбата против криминалот со елементи на злоупотреба, но останува неспроведувањето или селективното спроведување на законите, кај органите надлежни за откривањето на таквите кривични дела и идентификувањето на нивните сторители.

Наведената структура на лица, добро ја искористија создадената ситуација и бргу сфатија дека нема да одговараат што и да сторат и каков било финансиски криминал да направат со злоупотреба на положбата.

## 3. ФЕНОМЕНОЛОШКИ ПРОУЧУВАЊА

“Феноменологијата како посебно подрачје на криминологијата се занимава со проучување на појавните форми, обемот, структурата и динамиката на криминалитетот.”[69] Според поширокиот концепт кој го прифаќаат поголема група автори, феноменологијата е “наука за манифестациите на злосторството” која ги проучува неговите надворешни манифестации, ги опишува начините на неговото извршување, ја разработува типологијата на извршителите и сл.

Според други стојалишта феноменологијата се одредува како наука што се занимава со изучување на надворешните симптоми кои влијаат на внатрешните настани или пак криминалната феноменологија се занимава со проучување на надворешните

---

[67]**Пример:** *Отфрлена е кривична пријава против директор на голема градежна фирма од Скопје кој со злоупотреба на положбата и неизвршување на службената должност при изградаба на градежни објекти во странство предизвикал штета од 9,5 милиони долари. Целокупната градежна механизација на фирмата ја заложил, без никаково обезбедување спрема странскиот партнер и поради тоа со активирање на залогот целокупната градежна механизација била одземена од страна на странскиот партнер. Кривичната пријава е отфрлена поради тоа што директорот на фирмата немал својство на службено лице, а имал својство на одговорно лице, но за одговорното лице не била предвидена кривична одговорност.*(преземено од Маневски М. , оп. цит., стр. 327). (1).

[68] Манески М., *Конфискација на имот и имотна корист*, Судска практика 2007 – 2012, Скопје, стр. 101. (2)

[69] Милутиновиќ М., *Криминологија*, Савремена администрација, Белград, 1976, стр. 139.

облици кои влијаат за извршување на кривичните дела како и со начинот на живеење на престапниците.

Феноменологијата на корупцијата во себе опфаќа две цели. Првата се однесува на процената на вистинската распространетост на корупцијата, а втората компонента се однесува на конкретните корупциски настани од минатото и сегашноста кои претставуваат основа за категоризација на појавните облици на корупцијата. За реалната распространетост на корупцијата и нејзината присутност во општествата е многу тешко да се зборува, пред сè заради фактот што не постојат сигурни и проверени информации на мерење на распространетоста на нејзините појавни облици.

Треба исто така, да се има предвид дека кривичните дела на корупција не секогаш се покажуваат како "исклучителни случувања извршени од еден или малкумина сторители, туку одредени институции покажуваат карактеристики на стремеж кон серијалност и широка распространетост."[70]

Кривичното дело „ Злоупотреба на службената положба и овластување " како дело со коруптивни својства спаѓа во економско – финансискиот криминалитет и него го познават сите општествено економски формаци. Како кривично дело по своето учество претставува најчест вид на кривично дело од областа на економско – финансискиот криминалитет.

Феноменолошките карактеристики на злоупотребите на службената положба и овластување освен идентификацијата како појава и нејзиното движење на просторот на нашата држава ќе овозможат да се согледаат одредени релации и состојби кои одат во насока на објаснување на неговата етиологија.

### 3.1 Злоупотреба на службена положба и овластување како корумптивно дело

Во литература постојат низа дефиници за поимот корупција.

Доколку се анализират дефинициите за корупција дадени од повеќе автори, како заедничка карактеристика при нивното дефинирање во главно забележуваме елементи

---

[70] *Figft against organized crime and corruption unit – public prosecutor's office,* Збирка текстови, Охрид, 2009, стр. 220.

што го сочинуваат кривичното дело ,,Злоупотреба на службената положба и овластување". Истите елементи ги среќаваме и во чл.2 од пречистениот текст на Законот за спречување на корупцијата[71] според кој под ,,Корупција се подразбира искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или за друг". Значи кривичното дело ,,Злоупотреба на службената положба и овластување", спаѓа во категоријата на кривични дела со корумптивен карактер и како таква, според статистичките податоци добиени од релевантни институци е најзастапена во групата на кривични дела со корумптивни својства.[72] Според Бабич[73] дури и други кривични дела со корумптивен карактер на некој начин претставуваат посебна форма на ова кривично дело, особено доколку делото е сторено од страна на службени лица злоупотребувајќи ја службената положба и овластување.

Кривичното дело ,,Злоупотреба на службената положба и овластување" како корумптивно дело е присутна во организирани облици на економски криминал.

За да се сфати суштината на злоупотребите на службената положба и овластување како корумптивно дело, во рамките на организираниот криминал, најнапред би требало да се дефинира поимот организиран криминал.

Во литература среќаваме многу дефиници во однос на тоа што претставува поимот "организиран криминал".

Камбовски[74](2005) во својата книга "Организиран криминал", дава навистина голем регистар дефиниции за организираниот криминал и потребно е тоа да се истакне за да се покаже прво големото разнообразие, но и динамичноста на самата појава што е предмет на научни дефиници.

---

[71] *Сл. весник на РМ бр. 28/02, 46/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10.*

[72] Арнаудовски Љ., Тасева С. и Салиу С., *Потреба од следење на судските предмети од областа на корупцијата" коалиција,* Сите за правично судење" Скопје, 2007, стр. 10.

[73] Бабиќ, М. "*Злоупотреба службеног положаја или овласчења - Основно антикорупцијско кривично дело,,* Модерна управа, Часопис за управно - правну теорију и праксу Република Српска април 2009, стр. 93.

[74] Камбовски В., *оп. цит.*, стр. 21-42

За илиустрација подоле ќе наведам неколку дефиници во врска со тоа што претставува поимот организиран криминал.

Според Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал од 2000 година (Конвенција од Палермо), која стапи во сила во 2003 година како организиран криминал се дефинира активноста на криминалните групи од три или повеќе лица, која постои за определен временски период и дејствува заеднички со цел да изврши едно или повеќе сериозни казнени дела, или дела определени со Конвенцијата заради остварување директна или индиректна финансиска или друг вид материјална корист.

Во телата на Советот на Европа е прифатена дефиниција, содржана во препораката Rec (2001) 11 на Комитетот на министрите од 2001 година: нелегални активности извршени од страна на структурирана група од три или повеќе лица која постои за подолг временски период и презема заедничка активност заради извршување на едно или повеќе тешки дела со цел стекнување, непосредно или посредно, на финансиска или друга материјална корист. Како тешки дела по дефиниција се сметат делата за кои е пропишана казна затвор од четири години или потешка казна.

Американската претседателска комисија за организиран криминал во 1988 година ја дефинира криминалната група инволвирана во организиран криминал како постојан структуриран колектив од лица кои вршат криминал, насилство и корупција заради стекнување или задржување моќ или профит.

Поаѓајќи од казненоправните елементи, може да се послужиме со методолошкиот пристап на три "концентрични кругови", во кој се разбира, најширокиот круг ги содржи општите, потесниот заедничките, а најтесниот посебните елементи на овој поим.

Во најширока смисла поимот организиран криминал подразбира заедничко извршување на некое казнено дело од страна на повеќе лица. Клучен елемент е заедничката кординирана акција меѓу повеќе лица. Во потесна смисла овој поим го покрива извршувањето на казнени дела од страна на злосторничка организација (банда, група, друго злосторничко здружение), организирана според определени принципи на внатрешни односи и според статусна хиерархија во заедничките криминални активности што ги остваруваат организаторот и најмалку двајца членови на злосторничкото здружение. Во уште потесна смисла, организираниот криминал го дефинираме како

заедничко извршување на казнени дела што ги исполнува сите споменати елементи, но се карактеризира уште и со употреба на насилство, на корупција или на други нелегални средства заради инволвирање во легалните економски, политички и други активности и создавањето на фактички имунитет од гонење.

Во современите законодавства, понови дефиници на организираниот криминал се среќаваат не во казнените законодавства, туку во законите за јавното обвинителство и за полицијата, што е сосема во согласност со потребата од издвојување на овој поим од општиот криминал, поради посебни криминално политички причини за интензивна активност на овие државни органи и примена на специјални техники и мерки за неговото откривање и за гонење.

Во повеќето западно европски држави, службените дефиници, за разлика од американскиот пристап, не вклучуваат созадавање на фактички имунитет од гонење, што не е ништо друго, туку непризнавање на фактот дека во организираниот криминал се вклучени државни структури. Од друга страна, тие се по правило премногу општи и неизедначени, така што меѓу нив може да се констатираат и поголеми разлики, како во однос на бројот на членовите на криминалната организација, така и во однос на нејзиниот карактер (структурирана група, внатрешна поделба на работата, односи на хиерархија итн). Исто така, речиси ниедна дефиниција, за разлика од американскиот пристап, не ја потенцира природата на делата или нивната тежина (се користат најчесто општи формулаци: сериозни дела, дела од поголемо значење). Но, главно сите се изедначени во однос на целта - профит, со тоа што одделни додаваат и општествена моќ, како и средство за нејзино остварување, насилство корупција и други илегални средства.

Во нашата литература отсуствуваат покомплексни пристапи кон дефинирањето на организираниот криминал. Исклучок претставува дефиницијата на Арнаудовски,[75] кој овој поим го определува преку следните елементи: трајна централизирана криминална организација, хиерархиска поставеност, внатрешна дисциплина, развиен систем на јатаци, висок степен на покорност и верност, инфилтрирање во државните и стопанските институци и политичките партии до создавање "персонална унија", со цел за

[75] Арнаудовски Љ., *Организиран криминалитет – феномен на денешницата*, МРКЛК, 2000/1-2.

воспоставување  монопол врз криминалната бранша, интернационализација и користење на современите средства на комуникација и на мобилност.

Како претставник на поширокиот приод кон овој поим, во Република Македонија, може да се смета академик Владо Камбовски, кој го дефинира организираниот криминал како извршување на кривични дела од страна на злосторнички здруженија заради остварување на профит и/или постигнување на моќ, со употреба на насилство или со користење на посебната положба во општеството, со намалување на ризикот преку вклучување во легалните економски, политички и други активности, како и однапред направен систем за заштита од гонење.[76]

Истиот автор како што самиот вели, по десетгодишно проучување на феноменот на организираниот криминал, ја проширува оваа дефиниција со додавање на неколку елементи во нејзиниот втор дел: (покрај употреба на насилство) употреба на другата сила или притисок, користење на корупција, инволвирање на легалните економски и политички активности и влијание врз политиката, бизнисот медиумите и судтсвото заради полесно остварување профит и моќ и заштита од казнено гонење.[77] Потребата од редефинирање на поимот на организираниот криминал, е наметната од  брзите  промени на појавните облици, целите и подрачјата на дејствување на организираните криминални групи, пред се, тоа дека нивната структура не е секогаш ригидна, дека наместо цврсти организирани структури се почесто е дејствувањето на вмрежени структури, како и сознанието дека наспроти користољубивите цели сѐ поактуелен е проблемот на влијанието и поврзаноста на организираниот криминал со економијата, медиумите, политиката, јавната администрација и судството.

Миодраг Лабовиќ и Марјан Николоски[78] (2010) промовираат нов поим за институционалниот (политички) тип на организиран криминал и овој нов теоретски поим не се работи само за спрега (врска, соработка) меѓу организираниот криминал и политичката власт, туку и за фактот дека разни претставници од разни нивоа - на државно

---

[76] Камбовски, В., *Правна држава и организиран криминал,* Правен факултет, Скопје, 1996, стр. 8 и 9.

[77] Камбовски В., *Организиран криминал,* 2-ри Август С, Штип, 2005, стр. 49.

[78] Лабовиќ М. и  Николовски М. *оп. цит*., стр. 17.

– политичката институционалната хиерархија (што е најважно и највисоките раководители во една држава), всушност се главните босови, организатори и наредбодавци во овој теоретски нов тип на организиран криминал.

Имено, кај институционалниот организиран криминал корупцијата изразена како злоупотреба на јавните овластувања, не е само еден од елементите, односно методите преку кои се остварува организираниот криминал, туку е негова иманентна, неизоставена компонента, којашто всушност претставува, негов најбитен конститутивен елемент.

Самиот термин ”институционален” организиран криминал, не значи дека целата институција е инволвирана во тој криминал.

Напротив, тоа значи дека моќни поединци (поединец) кои што претставуваат персонификација на одредена институција во одредено време, се директно инволвирани во организираниот криминал.

*Како типичен пример за ова, може да послужи Кривичната пријава поднесна од страна на СВР-Гостивар, против, шестмина инволвирани во инкриминирани дејствија, од кои едниот во својство на министер за земјоделие, шумарство и водостопанство, при Владата на РМ, другиот преставник на акциите и уделите стекнати по основ на државен капитал како и акциите и уделите издадени од агенцијата за приватизација во ”Горни Полог”Гостивар, назначен од Владата на РМ, третиот извршен директор на ОП ” - Горни Полог” Гостивар, четвртиот, петиот и шестиот вработени во Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, при Владата на РМ, во својство на раководни лица. Пријавените се пријавуват поради постоење на основи на сомнение за сторено кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување” во два случаеви. Во првиот случај пријавените кривичното дело го сториле во периодот на 2000 на тој начин што првопријавениот кој бил во својство на министер на владата на РМ во Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, спротивно на законските овластувања прво донел решение хххх, извршил исплата на парични средства во износ од 5.100.000,00 денари на ОП”Горни Полог” Гостивар наводно за работа на кафилерија, кои парични средства во соработка со третопријавениот хх кој бил во својство на извршен директор на ОП”Горни Полог” Гостивар и второ пријавениот хх кој бил во својство на повереник на државниот капитал на Владата на РМ во ”Горни Полог” со договор за цесија ги префрлиле во ПП ”Јагне Полог” Гостивар (чии сопственик е второпријавениот хх) каде што паричните средства во висина 5.100.000,00 денари се противправно присвоени на штета на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.*

*Во вториот случај пријавените кривичното дело го сториле во периодот од 2001 на тој начин што второ пријавениот хх (кој бил во својство на повереник на државниот капитал од Владата на РМ од АД ” Горни Полог” и трето пријавениот хх поднеле барање бр.ххх за надомест на материјална штета на ТМВ од собраќајна несреќа, до Министерството за земјоделие шумарство и водостопанство, првопријавениот хх кој бил во својство на министер на МЗШВ, спротивно на законските овластувања во*

*соработка со четвртопријавениот хх, петопријавениот хх и шестопријавениот хх (кои биле во својство на членови на комисија за утврдување на основаноста на барањето за надомест на настанатата штета, исплатениот надомест за истата) одобрил и извршил исплата на парични средства во висина од 6.285.260,00 денари на АД "Горни Полог" Гостивар преку ПП „Јагне Полог" сопственост на третопријавениот хх каде што се паричните средства противправно присвоени на штета на МЗШВ.*

Според тоа терминот "институционален" е употребен за да се нагласи силата и моќта на опасноста што доаѓа токму од институционалната позиција во формалната хиерархија.

Организираните криминални групи се опасни, но сепак, далеку полесни за откривање, докажување и понатамошно кривично – правно ефектуирање отколку случаите каде државно – политичките структури се носечки елемент на организираниот криминал.[79]

Структурата на позитивното јадро на поимот на организираниот криминал го сочинуваат: константни и варијабилни елементи. Константни елементи се: создавањето на здружение од најмалку три лица врз потрајна основа и целта што се состои во извршување на потешки казнени дела.

Варијабилни елементи се оние елементи кои што при дефинирањето на поимот организиран криминал, ги рефлектираат специфичните разлики во однос на причините за појавување, тенденциите за понатамошно развивање или опаѓање на организираниот криминал и следствено на тоа, рефлексијата врз манифестационите облици во една земја. Варијабилни елемнти се: Извршувањето на едно или на повеќе тешки дела од определен вид и создавање на систем на заштита со насилство, корупција, злоупотреба на положбата и инволвирање во легалните политички, економски или други активности. Исто така, овие карактеристики не се типични само за организираниот криминал, туку и за другите видови и подвидови на криминал. Отука, според Миодраг Лабовиќ и Марјан Николовски за да постои воопшто случај на организиран криминал, во неговата најопшта генеричка смисла, без оглед на тоа за кој од посебните типови на организиран криминал станува збор, барем

[79] Лабовиќ М., и Николовски М.., *оп. цит.* , стр. 27.

во минимум, е потребно да бидат исполнети следниве најкарактеристични или константни елементи:

1) Организирано криминално делување на најмалку три или повеќе лица, кои постапуваат според одреден (не)формален договор/план за поделба на улогите, 2) Определен временски период (релативно подолг период), 3) Вршење сериозни кривични дела, и 4) Стекнување финансиска и/или материјална корист, или, стекнување и/или одржување политичка и/или општествена моќ.

Според истите автори,[80] во РМ најдоминантен облик е организираниот финансиски криминал, чиешто поле на делување најмногу го опфаќат:

- Кривичните дела против јавните финанси, платниот промет и стопанството
- Кривични дела од областа на корупцијата (кривични дела против службената должност)
- Определени кривични дела против имотот, какви што се осигурителни измами, комјутерски измами, лажен стечај, предизвикување стечај со несовесно работење, злоупотреба на постапка при стечај, оштетување или повластување на доверители и сл.

Според погоренаведената поделба злоупотребата на службената положба и овластување влегува во организирани облици на корупциски кривични дела, но истата во зависност од криминалниот случај не секогаш се појавува во организирана форма.

*Пример во 2010 година, покрај кривичните дела од областа на класичната корупција: „Примање поткуп“, „Давање поткуп“ и „противзаконско посредување“ регистрирани се и кривични дела од областа на организираниот економски криминал каде го срекаваме и кривичното дело „Злоупотреба на службена положба и овластување“ Според годишниот извештај на МВР за 2010, Биро за јавна безбедност, централни полициски служби, Оддел за организиран криминал, Сектор за криминалистичко разузнавачка анализа, јануари 2011, Одделот за организиран криминал при МВР на РМ, во 2010 година, поднела пет кривични пријави против 16 раководни лица во правни лица, поради постоење сомнение дека во периодот од 2005 до 2010 година сториле „Даночно затајување“ „злоупотреба на службената положба и овластување“,*

[80] Исто, стр. 55.

*фалсификување или уништување на деловни книги“, при што по основ на затаен данок го оштетиле Буџетот на РМ за вкупен износ од 40.559.961,00 денари.*

Најкарактеристичен начин на извршување на кривични дела даночно затајување, злоупотреба на службената положба и овластување како и други дела од областа на економскиот криминал, е преку регистрирање на легални фирми со уредна документација на име на странски државјани од соседните држави кои функционираат на тој начин што наводните основачи- странски државјани воопшто не се присутни на подрачјето на конкретната земја кога се регистрират фирмите, а во нивно отсуство, одредени лица со однапред изготвена шема, т.е со полномоштва добиени со измами, основаат фирми, преземат фирми со лоша финансиска состојба, работат со истите, извршуваат финансиски трансакции и други работи од нивниот делокруг на работа.

Преку лично искуство ќе дадам еден пример во кој се среќават елементи на организиран криминал од ваков облик на криминално однесување.

*Имено, во текот на 2009 полициските служби од Република Словенија континуирано, до МВР на РМ Сектор за меѓународна полициска соработка - Скопје, доставија барања во кои меѓу другото беше наведено дека Полициските служби од Република Словенија водат истрага против лицата А. А, Б.Б. државјани од Република Македонија, Б. К., Б. В. словенски државјани и Е. Т. државјанин од Република Косово, за сторени кривични дела од областа на економскиот криминал како и други кривични дела. Полициските службеници од Република Словенија, при извршените проверки пронашле документација (полномошна потпишани од државјани на Република Македонија) во кои било наведено дека Словенските државјани Б. К. и Б. В. (по професија адвокати), биле ополномоштени од страна на македонските државјани да во нивно име купуваат фирми, во Република Словенија, да ги регистрираат истите, да потпишуваат спогодби за преземање на целокупниот работен дел од ДОО, со седиште во Република Словенија, како и други активности во врска со работата на фирмите. Интересно е тоа што сите фирми кои биле земени од страна на Б. К. биле во лоша финансиска состојба, а чии сопственици се обидувале да се ослободат од нив и токму поради тоа сакале да ги продадат истите, а како жртви биле македонските државјани кои биле измамени од лице XX од Гостивар лиценциран судски преведувач, на тој начин што им кажал дека правел работни визи за Република Словенија, но за да се стекнаат со истите требало да се потпишат на полномоштвата претходно изготвени од негова страна, при што истите без да ја прочитат содржната на полномошното се потпишале го потпишале.*

Би сакал да потенцирам и тоа, дека кога станува збор за организриан криминал, поради специфичноста и сложеноста на процесот на докажување, спроведените предистражни дејствија траат подолг временски период и инволвираните лица во тој

криминал ретко одговарат само за Кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување" туку за повеќе дела.

**Пример:** *Спроведените предистражни дејствија на МВР на РМ - СВР Скопје - Оделение за економски криминал во врска со операцијата "Столб", чија цел беше обезбедување на докази за индиции за сторен криминал во Фондот за пензинско и инвалидско осигурување траеја повеќе од една година. Инволвираните лица, освен за кривичното дело "Злоупотреба на службената положба и овластување" се осомничени и за други кривични дела кои можат да се видат од диспозитивот на подоленаведената кривичната пријава, поднесена од страна на СВР- Скопје, Одделение за економски криминал до надлежното Јавно обвинителство. СВР Скопје – Одделението за економски криминал до надлежното Јавно обвинителство поднесе кривична пријава против лицата В. П. (60), М. Г. (60), К. П. (66), Б. М. (57), С. Ј. (58) и В. М. (51), сите вработени во Фонд за ПИОМ на РМ за време на извршувањето на кривичните дела, поради основано сомнение дека сториле „Злоупотреба на службена положба и овластување", „Комјутерски фалсификат" и „Злосторничко здружување", дела казниви по чл. 353 ст. 5, 379 - а и 394 од КЗ на РМ. Исто така пријавени се уште К. Е. (47) поради основано сомнение за сторено кривично дело„Злосторничко здружување", „Злоупотреба на службена положба и овластување", „Поттикнување" во врска со Злоупотреба на службена положба и овластување, „Фалсификување исправа" и „Компјутерски фалсификат", дела казниви по чл. 394, 353, 23 вв 353, 378 и 379-а, како и В. С. (51), Ќ. П. (55) и Е. К. (26), сите пријавени за „Фалсификување исправа", „Поттикнување", „Комјутерски фалсификат" и „Злосторничко здружување", дела казниви по чл. 378, 23 в. в. 353, 379 - а и 394. Со кривичната пријава десетте лица се товарат дека во текот на 2004 и 2005 година со намера за себе и за други да прибават противправна имотна корист, а на штета на Буџетот на РМ, во формирана криминална група со точно определена хиерархиска структура, изготвувале документи за остварување на право на пензија, на лица кои самите ги наоѓале и кои според законот не ги исполнувале условите за стекнување на пензија, користејќи се со исправи со невистинита содржина, впишани невистинити податоци за наводно остварен работен стаж во работнички книшки, заверени во истите со фалсификувани печати од правни лица, кои подоцна од страна на службени лица со дејствија спротивни на нивните овластувања биле внесувани во комјутерскиот систем на Фондот за ПИОМ, овозможувајќи им на 43 лица да се стекнат со право на пензија, со што го оштетиле Буџетот на РМ за износ од 13.165.390,00 денари или 214.071,40 евра. По издадени наредби од истражен судија од Основен суд Скопје 1 Скопје, во месец јули 2009 г, започна реализација на операцијата"Столб" горенаведните лица се приведени и предадени на истражен судија во Основен суд Скопје 1 Скопје на понатамошна постапка.*

Исто така, кога се зборува за "Злоупотреба на службената положба" и овластување како коруптивно кривично дело од обласста на економско - финансискиот криминал,

истото не треба секогаш да се меша со организираниот криминал, од причина што во повеќе практични случаи сторители на ова дело се едно  или повеќе лица, но апсолутно не се исполнети условите на криминална ситуација која одговара на дадените дефиници за поимот организиран криминал.

Негативните ефекти кои резултираат како последица на извршувањето на оваа дело со коруптивни елементи, ги натера многу институци и организации од национален и меѓународен карактер да им посветуваат посебно внимание на начинот на сузбивање на корупцијата. За та цел се донесени голем број меѓународни прописи, конвенции и договори од страна на Организацијата на обединетите нации, Советот на Европа и други меѓународни органи и организаци.

Државните членки на советот на Европа и други држави потписнички ја донесоа Казнената конвенција за корупцијата, тргнувајќи пред се од значењето за заштита на општеството од корупцијата и јакнењето на меѓународната соработка, бидејќи ефикасноста на битката против корупцијата е зависна и од меѓународната казнена соработка. Во конвецијата посебно се поаѓа од јакнењето на свеста и соработката на меѓународно ниво во борба против корупцијата.

Казнената конвенција за корупција на Советот на Европа е ратификувана од Република Македонија.[81]

Конвенцијата особено ја истакнува неопходноста од меѓуинституционална меѓународна соработка на државите, од причина што корупцијата не познава граници т.е се врши на пошироко подрачје и на различни начини.

Цивилната конвенција за спречување на корупцијата  усвоена од Советот на Европа, е ратификувана од собранието на Република Македонија и е објавена во "Службен весник на РМ" бр.13/2000. Според одредбите од Конвенцијата, секоја Држава потписничка е обврзана во нејзиното домашно право да предвиди ефикасни средства за заштита на лицата што претрпеле штета како резултат на некое дело на корупција и да им се овозможи заштита на нивните права и нивните интереси, вклучувајќи ја и можноста за добивање надоместок на штета.

---

[81] *Сл.  весник на РМ,  бр. 32/99.*

Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата е донесена на 09.12.2003 година во Мерида Мексико, на Конференцијата одржана од 09 – 12.12.2003 година со учество на 120 држави. Конвенцијата изрично предвидува дека сите држави се должни да ја спречуват корупцијата и дека треба меѓусебно да соработуваат. Конвенцијата е доста обемна и сеопфатна.

Според членот 1 од Конвенцијата, истата има за цел на најефикасен начин да ги унапреди и зајакне мерките за спречување и борба против корупцијата, да ја унапреди, олесни и подржи меѓународната соработка и техничката помош со цел за спречување на корупцијата и за борба против неа.

Во членот 2, Конвенцијата го утврдува значењето на изразите како што е државен службеник, странски државен службеник, функционер на меѓународна јавна организација, имот, принос од криминал итн. И други членови од конвенцијата се однесуват за одредена проблематика  сетоа тоа поврзано во насока на спречување на корупцијата.

Европската Унија која како основа за формулирање на антикорупциската политика ја има одредбата од  повелбата на ЕУ (1992) година. Основните одредби на таа политика  се наведени во препораката на Европската комисија (2003) година  во која како приоритет се истакнува политичката волја во борбата против корупција, воведување стандарди на делување на јавните служби и јавните набавки, унапредување на соработката во борбата против корупцијата и усогласување на законите на земјите членки, согласно граѓанско правната конвенција во однос на корупцијата  и Казнено - правната конвенција во врска со корупцијата  кои Советот на Европа ги има усвоено во 1999 година. Насоките на ЕУ во врска со антикорупциската политика, дадени на сите земји кои за цел имат интегрирањето во ЕУ се:[82]

- Донесување и примена на национална антикорупциска програма и стратегија;
- Ратификување и примена на меѓународните антикорупциски конвенци;
- Донесување на антикорупциски закони и нивна доследна примена;
- Транспаретност на работата на јавните институци, применување на мериторните критериуми при вработувањето, отвореност на работата (транспарентност) на

[82] Будак, Ј,."*Корупција у хрватској; перцепције расту, проблеми остају*"  во  Привредна кретања и економска политика,  Загреб, бр. 106, 2006, стр. 84.

работата на јавните служби, соодветна плата во јавниот сектор, ротирање на работниците на осетливите работни места, пријавување на имотната состојба на работниците во Јавните служби;

- Воспоставување на начелото на одговорност во јавните делувања и транспаретност во работата на сите јавни служби - правосудство, полиција, царина,управа за јавни приходи, здравство, јавните набавки;
- Воспоставување кодекс на однесување во јавниот сектор и вршење надзор на неговото применување;
- Законска заштита на лица, кои пријавуваат сомнение за корупциско однесување;
- Зголемување на општествената свест за штетните последици од корупцијата како казнено дело;
- Транспарентност при финансирање на политичките парти;
- Потикнување на мерките во приватниот сектор во насока на превенција на корупцијата;

Примената на овие мерки во земјите кои се во працесот на придружување во Европската унија и земјите кандидати за влез во ЕУ се следи од два аспекта. Првиот аспект се однесува на земјите членки на групата на земји против корупција (ГРЕКО). ГРЕКО е посебно експертско тело во рамките на Советот на Европа (група на држави за борба против корупцијата). Се чини дека на европско рамниште клучната улога за градењето и имплементирањето на воспоставените стандарди за борба против корупцијата ја има токму ГРЕКО. Република Македонија е членка на ГРЕКО од 2000 година.

Целта на ГРЕКО е да ги подобри капацитетите на своите земји членки за борба против корупцијата следејќи ги заложбите што земјите ги преземаат на оваа поле. На овој начин се идентификуваат недостатоците на националните механизми против корупцијата се потикнува донесувањето на неопходната легислатива, институционални и практични реформи во насока на подобра превенција и репресија на корупцијата. Вториот механизам, на следење на антикорупциската политика, започува со потпишувањето на процесот на стабилизација и асоцијација потпишана меѓу ЕУ и РМ на 9 - ти април 2001 година со која е дефинирана првата рамка за односите помеѓу Европската Унија и Република Македонија.

Спогодбата за стабилизација и асоцијација остана суштинска за односите меѓу ЕУ и Република Македонија. Република Македонија ги спроведува своите обврски според ССА со ЕУ, вклучувајќи ги и оние кои се однесуваат на неопходна соработка во проекти поврзани со борбата против корупцијата, донесувањето на законска регулатива, донесување на национална антикорупциска стратегија, формирање институци против корупција.[83] Во последните години беа постигнати значајни резултати од областа на правото[84] така што на РМ не и недостигаат закони, за спречување на корупцијата, но главниот проблем е нивната имплементација односно во неподготвеноста да се пристапи кон доследно спроведување на законите. Во Република Македонија во борбата против корупција само се гребе по површината, кое нешто се потврдува од бројни истражувања од национален и меѓународен карактер.

И во право е Маневски[85] кога во едно научно излагање во вид на метафора кажува дека "Доколку во Република Македонија во борбата против Корупцијата загребете малку подлабоко ризикувате да ви биде изгорена или отсечена раката". Во Република Македонија основна карактеристика на глобален план е високо ниво на корупција и недоволна ефикасност за нејзино спречување, како на превентивен така и на репресивен план. Ваква состојба е присутна подолго време. Проценките за нивото на корупцијата и за недоволната ефикасност за нејзиното спречување, скоро се идентични како во научната и стручната јавност, невладините и други органи и организаци во Република Македонија, така и од меѓународните организаци. Оваа се поткрепува и со годишните извештаи на Европската комисија[86] за напредокот на Република Македонија според кои корупцијата останува распространета во многу области и продолжува да претставува сериозен проблем, а институционалната рамка и преземените мерки остануваат неприспособени за

---

[83] Закон за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу РМ и ЕУ, *Сл.весник на РМ бр. 28/01.*

[84] Маневски М., *оп. цит.,* стр. 23 - 25. (2)

[85] Маневски, М., *Македонија и Корупција - состојби и предизвици,* Фондација отворено општество Магор, Скопје, стр. 74. (6)

[86] Европската комисија е една од институциите на ЕУ,која меѓу другите активности, секоја година почнувајќи од 2002 год, за сите земји од западен балкан поднесува извештај за напредокот на овие земји во однос на исполнувањето на критериумите за влез во ЕУ.

ефикасно решавање на овој феномен, давајќи при тоа насоки каде во иднина да се обрне внимание повеќе за подобрување на ова состојбата.

Во извештајот[87] на Европската комисија за Република Македонија е нагласено дека решавањето на проблемот со корупцијата претставува главна претпоставка за владеење на правото и демократијата како и еконоскиот развој и заштита на човековите права. Корупцијата во јавните набавки и понатаму останува сериозен проблем. Институционалната рамка и преземените мерки остануваат неприспособени за ефикасно решавање на овој феномен. Потребно е дополнително подобрување на постојното законодавство, за справување со ризиците од корупција и зголемување на транспарентноста во јавните набавки. Системот на внатрешна контрола во централната и локалната власт останува слаб.

И покрај подобрувањето на функционирањето на правосудниот систем, општиот капацитет на правосудството да се справи со случаите на корупција останува слаб.

Севкупно, корупцијата останува распространета во многу области и продолжува да претставува сериозен проблем.

### 3.2 Злоупотреба на службената положба и овластување при јавните набавки

Јавните набавки претставуваат збир на активности што ги извршуваат договорените органи, а кои се во врска со стекнување на стоки, извршување на услуги или изведување на работи.[88]

Државата е голем потрошувач, таа едноставно набавува најразлични стоки и услуги за потребите на владините ресори реализира бројни јавни инвестици за изградба на патишта, железнички пруги, мостови аеродроми и други објекти на крупната инфраструктура.

---

[87] Работен документ на службите на Комисијата, Извештај за напредокот на Република Македонија 10.10.2012 СЕК 2012.

[88] Богева Мицоска, М., Јованоска М., Аргировски А. и Глигоријевска Р. ,*Примена на законот за јавни набавки во Практика,* Здружение на финансиски работници на локалните самоуправни и јавни претпријатија, Скопје, 2008, стр. 14.

Системот за јавни набавки во Република Македонија се роди со донесување на првиот закон за јавни набавки во 1998 година, и истиот со своите измени беше во сила до 2004 година. Законот од 2004 година беше дополнет во декември 2005 година.

Со измените и дополнувањата се воведоа електронски јавни набавки, како современ начин на спроведување на постапката .

Покрај тоа, се воведе и обрска за објавување на огласите за јавни набавки, покрај во службен весник на РМ, и на веб страницата на Бирото за јавни набавки, со што огласите станаа достапни на сите заинтересирани субјекти преку интернет, без какви било дополнителни трошоци.

Зачестените појави на криминал со елементи на злоупотреба на службената положба во сферата на јавните набавки, придонесува во временскиот период 2007 – 2014 година повеќепати овој закон да трпи измени[89] се со цел спречување и минимизирање на корумптивните однесувања со елементи на злоупотреби во оваа област.

Со законот за јавни набавки се уредуваат начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки, надлежностите на Бирото за јавни набавки, надлежностите на Советот за јавни набавки, основањето и надлежностите на Државната комисија за жалби по јавни набавки и правната заштита по постапките за доделување на договори за јавни набавки, како и за концесии и јавно приватно партнерство.[90]

---

[89] Законот за јавните набавки - *Сл. весник на РМ бр. 136/2007*, Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки - *Сл. весник на РМ бр. 130/2008*, Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки - *Сл. весник на РМ бр. 97/2010),* Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки - *Сл. весник на РМ бр. 53/2011,* Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки – *Сл. весник на РМ бр. 185/2011*, Законот за изменување на Законот за јавните набавки – *Сл. весник на РМ бр. 15/2013*, Законот за изменување на Законот за јавните набавки - *Сл. весник на Р М бр. 148/2013*, Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки - *Сл. весник на Р М бр. 160/2013*, Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки – *Сл. весник на Р М бр. 28/201*4, Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки – *Сл. весник на РМ бр. 43/2014* и Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки – *Сл. весник на РМ бр. 130/2014*.

[90] Чл.1 од Законот за јавни набавки, *Сл. весниик на РМ бр.26/98, 24/03, 19/04, 109/05, 136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 15/2013, 148/2013, 160/2013, 28/2014, 43/2014, 130/2014.*

Со законот за јавни набавки особено се обезбедува:[91]

- Конкуренција меѓу економските оператори
- Еднаков третман и недискриминација на економските оператори,
- Транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и
- Рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки.

Криминалот во областа на Јавните набавки се манифестира низ неколку појавни облици:[92]

- Нераспишување тендер за набавки со износ предвиден со закон (цепкани набавки);
- Непочитување на изборот на комисијата за најповолен понудувач;
- Непредвидување во тендерската документација онаа за бонитетот на претпријатијата кои можат да учествуваат на тендерот;
- Склучување договори без рок на испорака или рок за завршување на работите според тендерот;
- Неизвршена контрола на изведените работи пред исплата на средствата;
- Фалсификување или уништување на документација – фактури за наплата, и
- Други работи.

Историски гледано јавните набавки даваат големи можности за корупција.

Корупцијата  има сериозно влијание врз правилното функционирање на пазарното стопанство, особено кога е присутна при јавните набавки. Со вршењето на набавките, државата станува директен учесник на пазарот и нејзиното однесување во голема мера има влијание врз вкупните економски текови.

Пазарните механизми зависат од тоа, најдобриот понудувач да ја добие работата, на најдобрата фирма и со најдобра цена, како и со најдобар квалитет да му се довери работата.

---

[91] Чл. 2 од Законот за јавни набавки, *Сл .весник на РМ бр бр.26/98, 24/03, 19/04, 109/05, 136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 15/2013, 148/2013, 160/2013, 28/2014, 43/2014, 130/2014.*

[92] Николоска, С., *Феноменолошки карактеристики на криминалитетот против службена должност*, Годишник на Полициска академија, Скопје, 2007/2008 стр. 81. (4)

Доколку пак, во оваа сфера е присутна корупцијата, преку неа се обезбедуваат личности и фирми кои имаат најдобри, односно највлијателни пријатели или членски карти на “ вистинската” политичка партија, што мошне негативно влијае врз вкупните економски текови, се губат основните услови и стимулирање на претприемачкиот дух за остварување на здрава конкуренција, како еден од факторите за економски раст и развој на земјата. Но, за жал и покрај низа негативни ефекти, мошне погодна почва за појава на корупцијата е сферата на јавните набавки.

Токму во сферата на јавните набавки, корупцијата претставува и најеклатантен пример за злоупотреба на власта и моќта во управувањето и одлучувањето за државните работи, а особено во трошењето на државните средства, (буџетските) или средствата на јавните претпријатија, кои на различен начин се прибирани од граѓаните.

Повеќето земји, особено на Запад успеваат да го владеат и целосно да го контролираат делот од буџетот наменет за јавни набавки, што не е случај и со нашата држава каде што изминатите години најголем број на злоупотреби од страна на службени и одговорни лица во државните институции и јавните претпријатија се направени токму со непочитување на законот за јавни набавки од страна на лицата именувани на одредени функци, кои всушност ги организираат и спроведуваат истите.

За добро согледување на ваквата ситуација ќе се послужам со следниот пример.

*СВР- Скопје поради основано сомнение за сторено кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување, поднесе кривична пријава против лица вработени во општина XX, кои всушност ги организирале и спровеле јавните набавки. Станува збор за четири лица и тоа едниот во својство на Градоначалник на општина XX, вториот како претседател на Комисијата за јавни набавки, третиот и четвртиот во својство на членови на комисијата за јавни набавки, кои во периодот од 13.08.2005 година до 31.12.2008 година со намера да остварaат противправна имотна корист за правните лица „Л. И., А. И. и К.И. искористувајќи ја својата службена положба и овластување и постапувајќи спротивно на своите службени овластувања, спровеле постапки за јавни набавки спротивно на Законот за јавни набавки, при што првопријавениот Б. Г. склучил неколку договори со гореневедените правни лица, а второпријавениот Е. Л., третопријавениот З. Г. и четвртопријавениот А. М. ја потпишувале пропратната документација на тие склучени договори, со што за истите прибавиле противправна имотна корист во износ од околу 15.000.000,00 денари за кој износ и го оштетиле Буџетот на општина XX. Со вака преземените дејствија горенаведените лица го сториле кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ по чл.353 став 5 а в. в. со став 1.*

Но спецификата на овој криминалитет е и во тоа што криминалот се извршува и по законски спроведената јавна набавка. Последното се карактеризира со тоа што при

спроведување на постапката за јавните набавки се запазува правната форма, но фактичката состојба е сосема поинаква.[93] Ова може да се објасни на следниот начин: Имено погоре беше наведено дека јавните набавки претставуваат збир на активности што ги извршуваат договорените органи, а кои се во врска со стекнување на стоки, извршување на услуги или изведување на работи.

Значи во конкретниот случај претпоставуваме дека имаме два органа и тоа едниот во својство на нарачател, а другиот во својство на извршител.

Истите, меѓу себе потпишуваат договор во кој се прецизират правата и обрските во однос на договорената работа, како што е начинот на плаќање, исполнување на техничките и другите стандарди во зависност од тоа што е предмет на договрот, улогата на надзорот, изведувачот, и нарачателот како и други детали во зависност од конретната работа што е предмет на договорот.

Во повеќето случаи договорените работи свесно не се почитуваат со претходно интерен устен договор помеѓу нарачател, изведувач и надзор.

Значи во конкретниот случај криминалот не е во правната постапка, бидејќи во однос на документацијата сѐ е во ред, но фактичката состојба е сосема нешто друго. Имено во конкретниот случај криминалот се состои во лажно изготвените фактури или времени ситуаци кои не одговарат на фактичката состојба, а истите се потпишуваат и се врши плаќање по нив како да ја отсликуваат фактичката состојба.

Како сторители на една ваква криминална ситуација се нарачателот кој треба за нарачаното да исконтролира дали е делумно или целосно извршено и во согласност со договорените стандарди и технички вредности (во зависност во што е набавката), изведувачот или снабдувачот и надзорниот орган или лицето што треба да ја прими и исконтролира набавката или градбата, како и други лица учесници во постапката кои на некој начин помагале во инкриминираните дејствија.

Кога се соочуваме со вакви криминални ситуаци, оперативните службеници согласно ЗКП, треба да ја обезбедат сочинетата документација за конкретната работа, т.е

---

[93] Николоска, С., *оп. цит.* ,стр. 371. (2)

целокупната тендерска документација, договорите, анекс договорите, фактурите, времените ситуаци и градежна книга ( ако станува збор за градежен објект или било кој друг инфраструктурен објект) аналитичките картички на плаќање и се прави компарација на истата со склучениот договор и фактичката состојба на лице место. Доколку станува збор за градба на објект, на одредено место тогаш пожелно е заедно со преставник на Агенција за катастар и недвижности да се оди на лице место и да се констатира дали навистина е изграден објектот. Доколку на лице место не се забележува таков објект се оди кон изготвување на записник за констатирана состојба на лице место и се сочинува фотоалбум кои заедно со другата документација ќе послужат како доказен материјал при расчистување на случајот.

Доколку на лице место изграден е објект или пак станува збор за друга криминална ситуација која не се однесува за изведување на градежни работи, туку за нешто друго во зависност од тоа што е предмет на договорот, но се сомневаме во договорените стандарди, во таквите случаи треба да се ангажира соодветна институција која треба да ја утврди фактичката состојба, а чии заклучоци би ни послужиле како доказен материјал во понатамошната постапка.

Погоренаведеното укажува дека договорено и платено е нешто што реално не е извршено или е извршено, но не како предвиденото.

**Пример:** *Во текот на 2013 година во Управата за финансиска полиција добиено е барање бр.хх, со предмет: Барање за извршување на финансиска контрола во Општина Тетово, за постоење на основи на сомнение за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од страна на XX во својство на градоначалник на општина Тетово за период од 2009 до март 2013 година. Постапувајќи по наведеното барање, од страна на Финансиската полиција, а во кординација со полициски службеници од СВР Тетово извршени се проверки при што е констатирано следното:*

*Во периодот додека бил градоначалник XX, правниот субјект XX, учествувал на повеќе тендери за јавни набавки и тоа : Извршување на извршни административни акти (рушење на објекти) за 2010 година на износ од 5.200.000,00 денари, Извршување на извршни административни акти (рушење на објекти) за 2011 година на износ од 6.700,000,00 денари, Реконструкција на кровот на зградата на Општина Тетово за 2012 година на износ од 10.000.000,00 денари, Реконструкција на објектот (зградата) на општина Тетово за 2011 година на износ од 16.000.000,00 денари, Градежно занаетчиски работи за 2012 година на износ од 2.500.000,00 денари. Со цел утврдување на фактичката состојба, меѓу другите проверки требало да се утврди дали навистина наведените објекти од страна биле срушени. Од страна на полициски службеницви од*

*финсиска полиција а во кординација со полициски службеници од СВР - Тетово, како подобри познавачи на теренот, извршени се проверки на лице место при што беше констатирано дека повеќе објекти иако биле ситуирани и фактурирани на Општина Тетово истите објекти воопшто не биле срушени, додека одреден број делумно биле срушени, а истите биле фактурирани како да се целосно срушени.*

Како посебен сегмент на криминалитетот со елементи на злоупотреба на службената положба во сферата на јавните набавки се малверзациите и незаконското постапување од страна службените и одговорни лица во Бирото за стокови резерви.[94]

Доколку државата се соочува со проблеми предизвикани од елементарни непогоди или воена состојба или од други причини со кои би се нарушило нормалното функционирање на пазарната економија, тогаш преку Бирото за стокови резерви се интервенира преку давање на количини од стоковите резерви како заем, а се со цел нормализирање на пазарните односи во стопанството. Практиката покажуваа дека во повеќе случаи при доделување на заеми се применувало селективен пристап, што значи дека големи количини на стоковите резерви како заем им биле дадени на “привилегирани правни лица” кои никогаш не се вратени, ниту платени, а контролите извршени од соодветните служби биле површни и констатирале дека стоките се тука. За апсурдот и малверзациите да бидат од поголема штета за државата, дел од тие количини со записници од одделни комисии се прогласени како стоки чиј рок на користење изминува и се продадени за багателни цени, иако стоките се користени во меѓувреме во производствен процес од правните лица каде биле на користење, со што е направена двојна штета на државата која платила за лежарина, а потоа истите се отуѓени по багателни цени како стоки на кои им изминува рокот на употреба. Овде злоупотребите се направени од службените лица од Бирото, но и од службените лица во комисиите поради несовесно и површно вршење на контролите.[95]

## 4. ОБЕМ, СТРУКТУРА И ДИНАМИКА НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

---

[94] Николоска, С., *оп. цит.*, стр. 439. (2)

[95] *Исто*, стр. 439.

При секој истражувачки проект на криминалитет во одредено подрачје значајно е да се добијат показатели за обемот на криминалитетот во групацијата на криминалитет во која припаѓа конкретното кривично дело.

Во глава XXX (триесет) од Кривичниот законик[96] на Република Македонија со наслов Кривични дела против службената должност, спаѓат следните кривични дела: „Злоупотреба на службената положба и овластување“ по чл. 353 ; „Повреда на чување на државната граница“ по чл. 353 – а ; „Неизвршување наредба“ по член 353 – б; „Несовесно работење во службата“ по чл. 353 – в; „Проневера во службата“ по чл. 354; „Измама во службата“ по чл. 355; „Послужување во службата“ по чл. 356; „Примање поткуп“ по чл. 357; „Давање поткуп“ по чл. 358; „Противзаконито посредување“ по чл. 359; „Противправно стекнување и прикривање имот“ по чл. 359 – а; „Прикривање на потеклото на несразмерно стекнат имот“ по чл. 359 – а; „Оддавање службена тајна“ по чл. 360; „Злоупотреба на државна, службена или воена тајна“ по чл. 360 – а; „Фалсификување службена исправа“ по чл. 361 и „Противзаконска наплата и исплата“ по чл. 362.

Со оглед на фактот што против овој вид на криминал освен полицијата се борат и други институции и органи како што се Јавното обвинителство, Финансиската полиција, Државната комисија за спречување на корупција и сл, во продолжение ќе биде презентиран табеларен приказ во кој се наведени вкупниот број на лица во својство на пријавени, обвинети и осудени за сторено кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување“ на ниво на Република Македонија во временски период од 2002 година до 2012 година.

**Табела бр. 1 Табеларен приказ за пријавени, обвинети и осудени сторители за КД ”Злоупотреба на службената положба и овластување” член 353 од КЗ на РМ во период 2002 - 2012 година.**[97]

| Година | Пријавени сторители | | | Обвинети сторители | | | | Осудени сторители | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Глава 30 | Чл. 353 | % | Глава 30 | % | Чл. 353 | % | Глава | % | Чл. 353 | % |

[96] Сл. весник на РМ бр. 37/96, 37/09, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 51/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 28/14.

[97] Податоците се преземени од статистичките публикации од Државниот завод за статистика на РМ, www.stat.gov.mk (пристапено на ден 13.09.2014).

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | 30 | | | |
| 2002 | 489 | 385 | 78,7 | 111 | 22,7 | 70 | 18,2 | 58 | 52,3 | 25 | 35,7 |
| 2003 | 685 | 593 | 86,6 | 118 | 17,2 | 158 | 26,6 | 66 | 55,9 | 28 | 17,7 |
| 2004 | 846 | 723 | 85,5 | 185 | 21,7 | 221 | 30,6 | 102 | 55,1 | 55 | 24,9 |
| 2005 | 957 | 846 | 88,4 | 238 | 24,9 | 241 | 28,5 | 138 | 58,0 | 81 | 33,6 |
| 2006 | 773 | 689 | 89,1 | 236 | 30,5 | 174 | 25,3 | 117 | 49,6 | 79 | 45,4 |
| 2007 | 930 | 819 | 88,1 | 256 | 27,5 | 200 | 24,4 | 153 | 59,8 | 106 | 53,0 |
| 2008 | 1112 | 988 | 88,8 | 291 | 26,2 | 216 | 21,9 | 175 | 60,1 | 120 | 55,6 |
| 2009 | 1061 | 940 | 88,6 | 343 | 32,3 | 291 | 31,0 | 167 | 48,7 | 127 | 43,6 |
| 2010 | 1067 | 916 | 85,8 | 262 | 24,6 | 192 | 20,1 | 142 | 54,2 | 90 | 46,9 |
| 2011 | 825 | 692 | 83,9 | 365 | 44,2 | 267 | 38,6 | 133 | 49,8 | 75 | 28,1 |
| 2012 | 843 | 724 | 85,9 | 317 | 37,6 | 254 | 35,1 | 150 | 47,3 | 103 | 40,6 |
| **Вкупно** | **9588** | **8315** | 86,7 | **2722** | **28,4** | **2284** | **27,5** | **1401** | **51,5** | **889** | **38,9** |

Направена е анализа на статистичките податоци од Државниот завод за статистика на Република Македонија од Годишните извештаи за сторители на кривични дела за период од 2002 до 2012 година. Според резултатите од  анализата на сторителите за Кривични дела против службената должност од Глава 30 од Кривичниот законик на Република Македонија пријавени во истражуваниот период се вкупно 9588 кривични дела од кои 8315 се пријавени сторители за кривичното дело "Злоупотреба на службена положба и овластување" по чл. 353 или тоа е 86,7 % од вкупно пријавените сторители во Главата во која доминира посебно истражуваното кривично дело. Според динамиката на пријавени сторители по години најголем број пријавени сторители во групацијата кривични дела против службената должност имало во 2008 година кога се пријавени 1112 сторители од кои 988 биле пријавени сторители за "Злоупотреба на службена положба и овластување" по чл. 353. Процентот на учество по години се движи од 78,7 % во првата година од истражуваниот период 2002 до 89,1% во 2006 година. Анализата на обвинети сторители од вкупниот број на пријавени сторители укажува дека од вкупниот број

пријавени само 28,4 % се обвинети во днос на сите дела против службената должност, а со 27,5 % се обвинети од вкупниот број на пријавени за посебно истражуваното дело. Според динамиката по години најголем процент на обвинети во однос на пријавени сторители по глава 30 на кривични дела има во 2011 година со 44,2 %, а обвинети во однос на пријавени сторители за злоупотреба на службена положба и овластување има најголема застапеност со 38,6 % во истата година. Процентот на осуденост за сторители по глава 30 се 51,5 % од вкупниот број на обвинети сторители, со најголем процент на застапеност со 60,1 % во 2008 година. Осуденоста на сторителите на кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување е 38,9% или од вкупно 2284 сторители, осудени се 889. Најголем процент на осуденост е забележан во 2008 година со 55,6%, а најнизок со 17,7% е во 2003 година. Анализата на осудени сторители во однос на пријавени по глава 30 Злоупотреба на службената должност е 14,6%, а во однос на кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување е 10,7 %.

Доколку се анализират погоренаведените податоци се потврдува хипотезата дека кривичното дело "Злоупотреба на службената положба и овластување" има апсолутна доминација во групата на кривични дела против службената должност без разлика од кој аспект се анализира.

Графикон бр.1 Графички приказ на пријавени, обвинети и осудени лица за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување" за периодот од 2002 – 2012 година изразено во проценти (%).




**Графикон бр. 1 Пријавени, обвинети и осудени сторители**

Процентуалните податоци, добиени од табелата и графиконот, во однос на пријавени, обвинети, и осудени лица за наведениот период, исто така ја потврдуваат хипотезата дека, овие лица, располагаат со моќ и влијание, како и за бавните судски процеси и скромниот судски епилог .

Во наредниот дел ќе бидат анализирани податоците за кривичното дело Злоупотреба на службена положба и овластување, добиени од Секторот за криминалистичко разузнавачка анализа при МВР на РМ[98] преку нивно табеларно и графичко прикажување за истражуваниот период.

Податоците се однесуваат на следните карактеристики:

- Откриени кривични дела;
- Пријавени сторители;
- Предизвикана материјална штета;
- Процентуално учество на кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ во однос на кривичните дела наведени во глава 30 од КЗ на РМ;
- Процентуално учество на кривичното дело Злоупотреба на службена положба и овластување во однос на кривичните дела од економскиот криминал;
- Откриени кривични дела од секторите за внатрешни работи и центарот за сузбивање на организиран и сериозен криминал;
- Откриени сторители од секторите за внатрешни работи и центарот за сузбивање на организиран и сериозен криминал.

---

[98] Податоците за откриени кривични дела и пријавени сторители се преземени од официјалната веб страна на МВР на РМ, *www.mvr.gov.mk*, додека останатите податоци се обезбедени со интерен допис бр.21.2-2018 од 28.06.2013 год, од Секторот за криминалистичко – разознавачка анализа при Бирото за јавна безбедност на МВР на РМ.

**Табела бр. 2 Откриени кривични дела "Злоупотреба на службена положба и овластување", пријавени сторители на истите и предизвиканата материјална штета по години во период од 2002 - 2012.**

| Чл. 353 | Дела | Сторители | Материјална штета |
|---|---|---|---|
| 2002 | 178 | 221 | 766 милиони денари |
| 2003 | 854 | 1130 | 4,7 милијарди денари |
| 2004 | 504 | 631 | 2, 2 милијарди денари |
| 2005 | 275 | 346 | 1, 4 милијарди денари |
| 2006 | 291 | 360 | 803 милиони денари |
| 2007 | 477 | 742 | 1, 6 милијарди денари |
| 2008 | 367 | 567 | 2, 3 милијарди денари |
| 2009 | 290 | 466 | 863 милиони денари |
| 2010 | 233 | 408 | 3 милијарди денари |
| 2011 | 182 | 432 | 937 милиони денари |
| 2012 | 200 | 321 | 1, 9 милијарди денари |

Податоците гледани по години укажуваат дека во 2011 година бројот на откриените дела е најмал т.е 182 откриени кривични дела од областа на злоупотреба на службената положба и овластување, а најголем е во 2003 година каде бројот изнесува 854 кривични дела. Во однос на сторителите, во 2003 бројот на сторителите во споредба со другите години е најголем т.е 1130 додека најмал е во 2002 г, каде изнесува 221 сторители. Според предизвиканата материјална штета, се разликува 2003 година каде материјалната штета изнесува 4,7 милијарди денари, следува 2010 година со 3 милијарди денари, 2008 година со 2.3 милијарди денари, и.т.н, а најмалиот износ во однос на предизвиканата штета за набљудуваниот период го имаме во 2002 година кеде материјалната штета изнесува 766 милиони денари, но овде треба да се има предвид и фактот што оваа година се карактеризира со помал број на сторени кривични дела од овој вид.

**Графикон бр. 2 Откриени кривични дела “Злоупотреба на службена положба и овластување”, пријавени сторители на истите и предизвиканата материјална штета по години во период од 2002 - 2012 година.**




| | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| дела | 178 | 854 | 504 | 275 | 291 | 477 | 367 | 290 | 233 | 182 | 200 |
| сторители | 221 | 1130 | 631 | 346 | 360 | 742 | 567 | 466 | 408 | 432 | 321 |

**Графикон бр. 3 Процентуално учество на кривичното дело “Злоупотреба на службена положба и овластување” во однос на кривичните дела наведени во Глава 30 од Кривичниот закон на РМ.**



Од изнесениот преглед јасно може да се види дека во сите години процентуалното учество на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување, учествува со над 50% во вкупниот обем на кривичните дела против службената должност. Тој процент во повеќе години се движи од над 75 % до над 80 %. Најкарактеристичен е податокот за 2006 година, каде процентуалното учество на ова кривично дело достигнува дури 89, 2 %, во однос на кривичните дела наведени во главата 30 од Кривичниот законик.

Од наведените податоци може да се заклучи апсолутна доминантна позиција на ова кривично дело во однос на другите кривични дела против службената положба. Практично, гонењето за кривичните дела против службената должност се сведува на ова кривично дело, што значи другите кривични дела од оваа група учествуваат со далеку помал обем и имаат незначително учество.

Но, да видиме како е процентуалниот односот на ова кривично дело во однос на кривичните дела од економски криминал. Економските инкриминации се содржани во неколку глави на Кривичниот законик на РМ, а тоа се: Глава 30 од КЗ, потоа дел од главата 17 каде се наведени кривичните дела против работните односи, против здравјето на луѓето - глава 21, против животната средина и природата - глава 22, против имотот - глава 23, против јавните финансии, платниот промет и стопанството - глава 25, против правосудството - глава 31, против правниот сообраќај - глава 32 и против јавниот ред - глава 33.[99]

Процентуалното учество на кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување„ во однос на кривични дела од економски криминалитет може да се види од податоците наведени во графикон бр. 4.

---

[99] Џуклески, Г. и Николоска, С., *оп. цит*, стр. 83 - 85. (1)

**Графикон бр.4 Процентуално учество на кривичното дело "Злоупотреба на службена положба и овластување" во однос на кривичните дела од економски криминал.**




Податоците презентирани во графикон бр. 4 покажуваат голема застапеност на ова дело и во однос на кривичните дела од економски криминал. Најголемата застапеност ја имаме во 2003 година со 51, 3 %, а најмалата во 2011 година со 22, 6%, но и во другите години застапеноста е голема, доколку се има предвид бројот на кривичните дела кои влегуваат во категоријата на економски кривични дела.

Што може да се заклучи со анализата на погоренаведените податоци? Од анализата на овие податоци, доаѓаме до заклучок дека кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување", доминира како кривично дело, а имајќи го предвид фактот за негативните ефекти предизвикани од оваа појава, особено спрема буџетот на РМ, и општеството воопшто, инкриминациите со злоупотреба на службената положба и овластување во континуитет треба да се следаат, да се усовршат методите на нивното откривање, расветлување, и докажување, и секако сторителите да се изведаат пред лицето на правда.

Во следната табела наведени се податоци за откриени кривични дела од Секторите за внатрешни работи и Центарот за сузбивање организиран и сериозен криминал (ЦСОСК). Имено во РМ моментално имаме осум оргагнизациони единици кои

функционират во вид на Сектори за внатрешни работи и центарот за сузбивање на организиран и сериозен криминал кој се наоѓа во рамките на Централните полициски служби при МВР на РМ. Во рамките на секторите се инкорпорирани и Надворешните канцелари за криминалистички работи, кои функционират во другите градови, како што е на пример НК за КР ПС - Гостивар која е во склоп на СВР - Тетово, или НК за КР ПС - Прилеп под СВР - Битола и.т.н. Што се одесува до ЦСОСК, истата структурално и организационо се разликува од Секторите за внатрешни работи. Тоа е директно под МВР на РМ, истата е поделена во Сектори под кои функционираат одделенија од различна проблематика. Нивната дејност е претежно откривање, расветлување и докажување на посложени форми на криминал.

**Табела бр. 3 Откриени кривични дела од Секторите за внатрешни работи и Центарот за сузбивање организиран и сериозен криминал (ЦСОСК).**

| | Скопје | Битола | Велес | Куманово | Охрид | Струмица | Тетово | Штип | ЦСОСК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2002 | 28 | 70 | 7 | 9 | 39 | 9 | / | 16 | |
| 2003 | 73 | 176 | 31 | 133 | 292 | 53 | 5 | 91 | |
| 2004 | 48 | 115 | 16 | 40 | 193 | 31 | 12 | 49 | |
| 2005 | 41 | 41 | 27 | 16 | 77 | 24 | 13 | 35 | 1 |
| 2006 | 26 | 134 | 10 | 8 | 49 | 29 | 6 | 26 | 3 |
| 2007 | 22 | 153 | 31 | 62 | 55 | 53 | 9 | 72 | 20 |
| 2008 | 26 | 75 | 23 | 53 | 84 | 38 | 12 | 24 | 32 |
| 2009 | 23 | 61 | 14 | 39 | 43 | 33 | 8 | 45 | 24 |
| 2010 | 28 | 37 | 21 | 24 | 18 | 29 | 10 | 43 | 23 |
| 2011 | 28 | 38 | 11 | 5 | 19 | 26 | 6 | 28 | 21 |
| 2012 | 24 | 29 | 15 | 12 | 25 | 22 | 23 | 28 | 22 |
| Вкупно | 367 | 929 | 206 | 401 | 894 | 347 | 104 | 457 | 146 |

Податоците од прегледот на табелата покажуваат дека во 2002 година најмалата бројка  на откриени дела имаме во СВР - Велес каде бројот изнесува 7, а најмногу откриени дела имаме во СВР - Битола  каде бројот изнесува 70. Во 2003 најголемиот број од делата се откриени од страна на СВР - Охрид каде бројот изнесува  292, следува СВР - Битола со 176, СВР - Куманово со 133, а последна е СВР - Тетово со 5. Во 2004 година најмногу откриени дела имаме во СВР - Охрид со 193 додека најмал број имаме во СВР - Тетово со 12.

Во 2005 година пак СВР - Охрид има најмногу откриени дела т.е 77 дела, додека СВР - Тетово со 13 откриени  дела   се издвојува со најмала откривачка дејност за разлика од другите Сектори за внатрешни работи. Во 2006 година СВР - Битола има најмногу постигнати резултати во однос на откриени дела т.е 134, додека СВР - Тетово со 6 откриени дела  пак има најмала откривачка дејност. Во 2007 година состојбата во однос на откривачката дејност не е изменета, што значи пак СВР - Битола е најуспешна со 153 дела, додека СВР - Тетово со 9. Во 2008 година СВР - Охрид има 84 откриени дела додека СВР - Тетово пак има најмал број на откриени дела т.е 12 дела, во 2009 година СВР - Битола има најмногу откриени дела т.е 61 дела додека СВР - Тетово пак е со најмала откривачка дејност т.е 8 дела. Интересно е 2010 година каде првпат ни се јавува СВР - Штип со поголема откривачка дејност за разлика од другите СВР-ти т.е со 43 дела додека СВР - Тетово со 10 откриени дела е последна. Во 2011 година СВР - Битола пак има најмногу откривачка дејност т. е 38 откриени дела а СВР - Куманово со 5 откриени дела е на последно место. Во 2012 година СВР - Битола има 29 откриени дела додека најмал број на откриени дела има СВР - Куманово со 12. Во ова година интересно е да се наведе податокот од СВР - Тетово каде за разлика од другите години значајно е зголемен бројот на откриени дела односно бројката е 23 откриени дела.

Што се однесува до ЦСОСК, податоци за откриени кривични дела имаме од 2005 година, каде бројот изнесува 1, 2006 бројот е 3, 2007-20, 2008 -32, 2009 - 24, 2010 - 23, 2011 - 21 и 2012 - 22.

Вкупниот број на откриени кривични дела од Секторите за внатрешни работи и Центарот за сузбивање организиран и сериозен криминал (ЦСОСК) за периодот од 2002 - 2012  графички би ја имале следната форма:

**Графикон бр. 5 Откриени кривични дела од Секторите за внатрешни работи и Центарот за сузбивање организиран и сериозен криминал (ЦСОСК) изразено во проценти (%).**




Доколку се врши анализа за вкупно набљудуваниот период по сектори, може да се заклучи дека најмногу откриени дела имаме во СВР - Битола со 24%, следува СВР - Охрид со 23%, СВР - Штип со 12%,СВР - Куманово и Скопје со 10%,СВР - Струмица со 9%, СВР - Велес со 5%, ЦСОСК со 4% и СВР - Тетово со 3%.

Податоците од табелата бр. 5, даваат податоци за откриените дела, што не значи дека бројот на сторителите да се поклопи со бројот на откриените дела. Тоа ја потврдува табелата бр. 6, во која имаме преглед на откриени сторители од Секторите за Внатрешни работи и ЦСОСК.

**Табела бр. 4 Откриени сторители од Секторите за внатрешни работи и Центарот за сузбивање организиран и сериозен криминал.**

| | Скопје | Битола | Велес | Куманово | Охрид | Струмица | Тетово | Штип | ЦСОСК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2002 | 50 | 72 | 7 | 20 | 43 | 10 | / | 19 | |
| 2003 | 107 | 243 | 42 | 250 | 302 | 73 | 6 | 107 | |
| 2004 | 78 | 160 | 13 | 60 | 203 | 49 | 13 | 55 | |
| 2005 | 61 | 44 | 30 | 20 | 86 | 35 | 18 | 50 | 2 |
| 2006 | 46 | 139 | 10 | 12 | 54 | 51 | 8 | 29 | 11 |
| 2007 | 32 | 185 | 41 | 26 | 65 | 75 | 15 | 81 | 122 |
| 2008 | 51 | 98 | 29 | 78 | 92 | 57 | 16 | 83 | 103 |
| 2009 | 83 | 73 | 20 | 60 | 51 | 52 | 12 | 58 | 57 |
| 2010 | 48 | 81 | 27 | 35 | 30 | 52 | 13 | 46 | 76 |
| 2011 | 98 | 71 | 17 | 8 | 29 | 32 | 6 | 44 | 127 |
| 2012 | 36 | 49 | 25 | 12 | 45 | 27 | 40 | 36 | 51 |
| Вкупно | 654 | 1215 | 261 | 581 | 1000 | 513 | 147 | 608 | 549 |

Од табелата може да се види дека во 2002 година СВР - Битола има најмногу откриени сторители т.е 72, а најмалку СВР - Велес со 7 откриени сторители, додека за СВР - Тетово немаме податоци. Во 2003 година СВР - Охрид се карактеризира со најголем број на откриени сторители т.е 302 додека СВР- Тетово со најмал број т.е 6 откриени сторители. Во 2004 година пак СВР - Охрид има најмногу откриени сторители т.е 203 додека СВР-Велес со СВР - Тетово се последни со по 13 откриени сторители. И во 2005 година СВР - Охрид има најмногу откриени сторители со 86, додека СВР - Тетово е последна со 18 откриени сторители. Во 2006 година СВР - Битола има најмногу откриени сторители, додека СВР - Тетово пак се карактеризира како последна со 8 откриени сторители. И во 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012 СВР - Битола според податоците од табелата има најмногу откриени сторители, додека СВР - Тетово освен 2012 година каде бројот на откриени сторители е 40, другиве години се карактеризира со најмал број на откриени сторители.

Доколку би го сублимирале  вкупниот број на откриени сторители од Секторите за внатрешни работи и Центарот за сузбивање организиран и сериозен криминал (ЦСОСК) за периодот од 2002 - 2012  графички би ја имале следната форма:

**Графикон бр. 6 Откриени сторители од Секторите за внатрешни работи и Центарот за сузбивање организиран и сериозен криминал изразено во проценти (%).**




Од графиконот може да се види дека СВР - Битола се карактеризира со поголем процент на откриени сторители т.е 22 %, следува СВР - Охрид со 18 %, СВР - Скопје со 12 % , СВР - Штип со 11 %, ЦСОСК со СВР - Куманово со 10 %, СВР - Струмица со 9 %, СВР - Велес со 5 % и СВР - Тетово со 3 %.

Според СКРА при МВР на РМ генерален заклучок е дека сторителите делата ги вршеле најчесто со искористување на нивната службена положба постапувајќи спротивно законските прописи со фалсификување документација, склучување штетни  договори, носење на незаконски решенија и одобренија, злоупотреба на парични средства,

непочитување на пресуди, спроведување на фиктивни тендерски постапки и сл. Во својство на сторители најчесто се пријавувани директори и управители, а во помал број се инспектори, цариници, сметководители, благајници, референти и други административни работници.

Со оглед на тоа што против овој вид на криминал се бори и Управата за финансиска полиција во продолжение ќе бидат анализирани податоците за кривичното дело Злоупотреба на службена положба и овластување, добиени од Управа за финансиска полиција.[100]

Податоците се однесуват на следните карактеристики:

- Поднесени кривични пријави;
- Пријавени лица;
- Предизвикана материјална штета;
- Статусот на сторителите

Управата за финансиска полиција и покрај тоа што е формирана во јуни 2003 година со евидентирањето на статистички податоци започнува од 2004 година.

Во однос на кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување„ Управата за финансиска полиција, за временскиот период од 2005 до 2012 година располага со следните статистички податоци.

Во текот на 2005 година за стореното кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување „ член 353 од КЗ на РМ поднесена е една кривична пријава против раководно лице во државна институција, кои постапувал спротивно на Законот за јавни набавки при што причинета е материјална штета во износ од 2.906.312,00 денари.

---

[100] Податоците како што се поднесени кривични пријави и пријавени лица се преземени од статистичките публикаци од Управата за финансиска полиција за временскиот период од 2005 – 2012 год., *www.finpol.gov.mk/statistiki.html*, (Пристапено на ден 17.06.2014). Додека податоците за предизвикана материјална штета и статусот на сторителите се обезбедени со интерен допис бр. 1696/2 од 19.09.2014 година од соодветните служби при Управата за финансиска полиција - Скопје.

Во текот на 2006 година за стореното кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување„ по член 353 од КЗ на РМ поднесена е една кривична пријава против раководно лице во Акционерско друштво, поради пречекорување на овластувањата, при што причинета е материјална штета во износ од 10.147.973,00 денари.

Во текот на 2007 година за стореното кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување„ по член 353 од КЗ на РМ поднесени се 11 кривични пријави против 11 лица и тоа:

- Раководни лица во државни институции – 3
- Вработени во државни институции – 5
- Нотар – 1
- Раководител на Јавно претпријатие – 1
- Стечаен управник – 1

поради пречекорување на овластувањата - 10 и поради непочитување на Законот за јавни набавки - 1, при што причинета е материјална штета во износ од 296.696.425,00 ден.

Во текот на 2008 година поднесени се вкупно 51 кривична пријава против 129 лица и причинета е вкупна материјална штета во вкупен износ од 345.162.650,00 денари.

За стореното кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување„ член 353 од КЗ на РМ во 2008 година поднесени се 5 кривични пријави против 6 лица и тоа:

- Раководители во Јавно претпријатие – 4
- Раководител во Акционерско друштво – 1
- Раководител во приватна фирма – 1

поради пречекорување на овластувањата - 4 и поради непочитување на Законот за јавни набавки – 1, при што причинета е материјална штета во износ од 82.619.691,00 денари.

Во текот на 2009 година поднесени се вкупно 75 кривични пријави против 211 лица и причинета е вкупна материјална штета во вкупен износ од 667.887.691,00 денари.

За стореното кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување„ член 353 од КЗ на РМ во 2009 година поднесени се 8 кривични пријави против 20 лица и тоа:

- Раководители во државни институции – 1
- Вработени во државни институции – 4

- Раководител во акционерско друштво – 6
- Раководител во приватна фирма – 1
- Раководители во здружение на граѓани – 2
- Вработени во здружение на граѓани – 3
- Претседател на управен одбор – 1
- Адвокат – 1
- Вешто лице – 1

поради пречекорување на овластувањата на сите 8 со што причинета е материјална штета во износ од 256.762.559,00 ден.

Во текот на 2010 година поднесени се вкупно 66 кривични пријави против 188 лица и причинета е вкупна материјална штета во вкупен износ од 708.438.943,00 денари.

За стореното кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување", по член 353 од КЗ на РМ во 2010 година поднесени се 18 кривични пријави против 35 лица и тоа:

- Раководители во државни институции – 4
- Вработени во државни институции – 11
- Раководител во јавно претпријатие – 3
- Вработени во јавно претпријатие – 4
- Раководител во акционерско друштво – 2
- Вработени во акционерско друштво – 4
- Претседател на управен одбор – 1
- Вешто лице – 1
- Стечаен управник – 1
- Раководител во приватна фирма – 1
- Останати – 3

Поради пречекорување на овластувањата се 15 додека поради непочитување на одредбите од Законот за јавни набавки се 3, а причинета е материјална штета во износ од 328.569.283,00 денари.

Во 2011 година поднесени се вкупно 72 кривични пријави против 228 лица и причинета е вкупна материјална штета во вкупен износ од 569.062.342,00 денари.

За стореното кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување“, по член 353 од КЗ на РМ во 2011 година поднесени се 11 кривични пријави против 23 лица и тоа:

- Раководители во државни институции – 10
- Вработени во државни институции – 6
- Раководител на приватна фирма – 3
- Раководители на здружение на граѓани – 1
- Вработени во здружение на граѓани – 1
- Претседател на управен одбор – 1
- Раководител во јавно претпријатие – 1

поради пречекорување на овластувањата се сите 11 со што е причинета материјална штета во износ од 66.975.016,00 денари.

Во текот на 2012 година поднесени се вкупно 60 кривични пријави против 113 лица и причинета е вкупна материјална штета во вкупен износ од 1.240.932.990,00 денари.

За стореното кривично дело „ Злоупотреба на службена положба и овластување„ член 353 од КЗ на РМ во 2012 година поднесени се 7 кривични пријави против 12 лица и тоа:

- Раководители во државни институции – 2
- Вработени во државни институции – 1
- Раководители на здружение на граѓани – 2
- Претседател на управен одбор – 1
- Раководители на јавни претпријатија и установи – 3
- Вработен во јавно претпријатие и установи – 1
- Останати – 2

Од злоупотребите на службената положба поради пречекорување на овластувањата се сите 7 со што причинета е материјална штета во износ од 217.046.806,00 денари.

Од погоренаведените податоци може да се заклучи следното:

За временскиот период од 2005 до 2012 година вкупниот број на поднесени кривични пријави за сторено кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување“ изнесува 62 против 109 лица, со вкупна предизвикана материјална штета

1.524.893.715,00 денари. Според динамиката на поднесени кривични пријави по години најголем број на поднесени пријави и пријавени сторители имало во 2010 година, кога вкупно се поднесени 18 кривични пријави против 35 лица. Истата година се разликува и во однос на предизвиканата материјална штета која изнесува 328.569.283 денари. Следува 2011 и 2007 година каде бројот на поднесени пријави е идентичен т.е поднесени се по 11 кривични пријави, но се разликуваат во однос на пријавените лица и предизвиканата материјална штета каде што во 2011 во својство на пријавени имаме 23 лица, додека во 2007 во својство на пријавени имаме 11 лица. Најмал број на поднесени пријави имаме во 2005 и 2006 година каде имаме по една поднесена пријава против едно лице, а се разликуваат во однос на предизвиканата материјална штета каде што во 2005 година каде материјалната штета изнесува 2.906.312,00 денари додека во 2006 година 10.147.973,00 денари. Доколку се анализират погоренаведените податоци, може да се констатира дека како сторители на злоупотреби на службената положба и овластување се јавуват разни категории на лица на кои тоа им го овозможува службената положба, како што се раководни лица во државни институции, вработени во државни институции, нотари, раководители на Јавно претпријатие, стечаен управник, раководител во акционерско друштво, раководител во приватна фирма, претседател на управен одбор, адвокат, вешто лице и сл. Значи со самото анализирање на статусот на извршителите на ова кривично дело доаѓаме до заклучок дека злоупотребите на службената положба и овластување се манифестира во сите области на општественото живење т.е како во стопанската, така и во нестопанската сфера.

Вреди да се напомене дека Финансиската полиција, која во правниот систем на РМ, функционира веќе 10 години, со јакнењето на нејзиниот капацитет особено во последните неколку години, покажува се подобри резултати во своето работење.

# ЧЕТВРТИ ДЕЛ

# КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

## 1. КРИМИНАЛИСТИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО “ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ”

Кривичното дело “Злоупотреба на службената положба и овластување” спаѓа во категоријата на кривични дела од областа на економскиот криминалитет. Економскиот криминалитет, според штетата која ја предизвикува претставува масовна и опасна негативна општествена појава која пред сè се рефлектира врз економскиот развој на земјата. На овој криминалитет му е посветувано поголемо внимание, особено во истражувањата на странски теоритичари од американските и западноевропските земји кои покрај причините за криминалните однесувања, откривале и сознанија за степенот на организираност, поврзаност, начин на криминално однесување, време место и средства на криминален напад. За разлика од развиените земји, економскиот криминалитет во нашата стручна криминалистичка литература многу малку е проучуван, односно во нашата земја последниве години добива на актуелност.

Појавните облици на овој вид криминал со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување, најмногу доаѓат до израз за време на трансформација на сопственичката структура на капиталот и тоа од државна и општествена сопственост во приватна сопственост. Како што погоре беше наведено, Кривичниот законик на Република Македонија од 1996 година ги немаше инкриминирано однесувањата на странските службени и одговорни лица од аспект на злоупотребите на нивната службена положба.

Овој недостаток е исправен со измените и дополнувањата на законот во 1999 година, каде во новиот став 4 е предвидена одговорност на одговорно лице во правно лице.[101]

---

[101] Во изменување и дополнување на Кривичниот Законик на РМ, *Сл. весник на РМ бр. 80/99*, во членот 353 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи: Со казна од ставовите 1, 2 и 3 ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице што има претставништво или врши дејност во РМ, или лице кое врши работи од јавен интерс, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност.

Деликвентската тактика и техника како и областа на дејствувањето на широката лепеза криминални напади (кои се издигаат до степен на богата и шареноликa криминална феноменологија) се камен – темелникот за диференцирање и маркирање на секоја одделна групација на криминални напади од областа на организираниот криминал со елементи на злоупотреба и оттука произлегуваат насоките на практичната криминалистичко - оперативна дејност против оваа опасно општествено зло. Главните криминалистичко - стратешки цели се остваруваат во склопот на една своевидна глобална криминалистичка методика за откривање, разјаснување, докажување и превенција во која како одделни потсистеми се вклучени бројни поединечни специјализирани криминалистики за спротивставување на секоја посебна групација на кривични дела од областа на организираниот криминал, издвоени според истородни криминалистички карактеристики.[102] Од досегашните сознанија и статистички податоци, кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување е најзастапено во групата на економски кривични дела.

Потребно, е да се има предвид фактот дека кривичните дела од економскиот криминалитет во тој контекст и кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување ги вршат лица кои со својата креативност и способност, а често и со авторитетот, тежнеат кон тоа своите криминални однесувања што подолго да ги прикриваат. Во тоа, во голема мерка им помагаат овластувањата кои ги имаат како субјекти на економските односи, со чија злоупотреба тие всушност ја прикриваат криминалната активност.[103]

За негово успешно теоретско проучување потребно е да се разработат неколку криминалистички карактеристики и тоа :[104]

- Механизам на типичните начини на извршување и прикривање;
- Криминална ситуација;
- Специфичности во поглед на настанување и маскирање на типичните траги;

---

[102] Николоска С., *оп. цит.,* стр. 189. (1)

[103] Џуклески Г. , Николоска. С., *оп. цит*., стр. 28. (1)

[104] Николоска С., *оп. цит*., стр. 189. (1)

- Индивидуални карактеристики на сторителите;
- Индивидуални карактеристики на жртвата;
- Специфичности во изнаоѓање извори на сознанија;
- Специфичности во однос на средствата на извршување и
- Подвижноста на сторителите на криминал со елементи на злоупотреба.

Злоупотребата на службената положба и овластување гледано од криминалистички аспект најчесто се врши заради остварување на материјална или друга корист за себе или за друго лице.[105] Материјалната или друга корист за себе или за друго лице предизвикана со дејствието на извршителот, се сметат како главни обележија на ова криминална појава.

Како објект на напад на сторителите на овие кривични дела се јавуваат сите можни добра како и општествениот и државниот имот така и одредени права на поединци се со цел за себе или за некој друг да се стекне некаква корист. Како сторители на злоупотребите на службената положба можат да се јават разни категори на лица на кои тоа им го овозможува службената положба, почнувајќи од обични референти, административни службеници, лица со јавни овластувања, па се до службени и одговорни лица кои имаат повисока функција. Сепак најчесто злоупотреба на службена положба кои резултираат со поголеми последици спрема Буџетот на РМ, или на штета на други лица, вршат раководните лица кои не сакаат да ја пропуштат можноста што им се дава преку работното место, функцијата, овластувањата што им се дадени за одреден временски период, а водени од фактот дека овластувањата не се трајни и дека сега е моментот да се искористи.

Според, нивните карактеристики, овие сторители може да ги ставиме во категорија позната во криминологијата како ”Деликвентни на згодни прилики” за кои настанатите околности за нив се провокација, при што истите подлегнуваат на тие провокации и вршат кривични дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување. Овие создаваат прилика, а искористуваат згодна ситуација.

---

[105] Проевски Ј., *Кривичен законик - објаснувања и коментари*, Академик, Скопје, 1998, стр. 700.

Имајќи, го предвид менталниот склоп на нашето политичко и општествено уредување, понекогаш како сторители се јавуваат лица кои не можат да го одбијат притисокот на претпоставениот кој на одреден начин ги задолжил со одредена работа, потоа луѓе со повисоко интелектуално и културно ниво со поширок круг на познанства и пријателски врски од највисоко ниво што честопати ги охрабрува и ги прави да бидат дрски во дејствувањето. Злоупотребата се манифестира во сите области на општественото живеење како во стопанскиот така и во нестопанскиот живот. При преземање на мерки и дејствија против оваа категорија на сторители на кривични дела оперативните работници честопати наидуваат на низа препреки предизвикани пред сè од институциите на системот[106] како и политичките парти особено тие што се наоѓат на власт, кои преку свои луѓе кои се на значајни функции, се обидуваат да го минимизираат случајот, а доколку имаат можност и да го елиминираат. Значи, кога станува збор за ваков вид на криминал, во повеќе случаи оперативните работници не работат со одврзани раце, од причина што станува збор за сторители кои се "значајни", односно недопирливи личности кои имаат јака позадина, па токму, затоа и расветлувањето на ваквиот вид кривични дела и откривањето на нивните сторители како и докажувањето на вината на сторителите оди потешко во однос на откривањето и решавањето на другите видови на криминално однесување.

Влијанието на овие луѓе оди до таму, што честопати се случува, за да се минимизира случајот и да им се дава поинаква насока, сторителите на овие дела, да го пријават случајот во внатрешна контрола на МВР на РМ, за наводно не постапување на оперативниот службеник согласно ЗКП, со барање против истиот да се преземаат содветни законски мерки. Ова пред сè се прави од осомничени лица кои немаат намера да прекинаат со инкриминирани дејствија, а се со цел да внесе страв и несигурност кај

[106] Имено честопати во практика се случува одредени институци поради нечиј интерес да не бидат ажурни во поглед на одговорите што треба да се доставаат до оперативните службеници за констатирање на некој факт кои има улога во докажувањето и расветлувањето на кривичното дело, или пак одговорт да биде формулиран на тој начин што не ти дава јасна слика, односно да не ти послужи како доказен материјал во кривичната постапка.

оперативниот работник, воедно да му достави до знаење дека станува збор за влијателен човек.[107]

За жал, понекогаш се случува од страна на внатрешна контрола, поради ,,непознати причини",контролата над работата на оперативниот службеник да биде на дрзок начин, со тенденција по секоја цена да се најде нешто, врз основа на која би се презеле мерки против оперативниот работник, кое дестимулативно влијае врз оперативниот службеник.

Во најголем број на случаи делото со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување, се врши без знаење на други лица, во тесен круг или пак со заедничко делување на повеќе лица кои се меѓусебно поврзани.

Самиот чин на извршување се одвива тајно, а со цел прикривање на делото се врши прикривање или уништување на важечката документација, се преправа или изготвува нова со која доколку последицата не е видлива, кривичното дело за подолг период останува неоткриено. Според досегашната практика во најголемиот број на случаите злоупотреба на службената положба е пропратена со кривично дело фалсификување на службена исправа или фалсикување на исправа кои дела се предвидени и казниви според нашето казнено законодавство. Злоупотребата на службената положба и овластување се манифестира во најразлични појавни облици кои од ден на ден доживуваат трансформација.

Начинот на извршувањето и појавните облици се менуваат и прилагодуваат на другите промени во општеството. Со самата промена на општествениот економски и социјалниот живот, со промената во начинот на стопанисување преку брзата промена на прописите во финансиската сфера, сторителите на злоупотреби брзо се прилагодуват пронаоѓаат правни празнини и недоречности или не ги почитуваат законските прописи за своја или туѓа сметка.[108]

---

107 Ваквите случаеви ги има многу, но би го издвоил случајот каде против извршител XX именуван за подрачјето на Основен суд Гостивар и Кичево беше поднесена кривична пријава во текот на 2013, поради сомнение за злоупотреба на службената положба и овластување, а од страна на осомничениот до внатрешна контрола беше поднесена претставка во која беше наведено дека при давање на исказ не му биле дадени законски предвидените права кое нешто ,,defakto dejure,, не беше вистина бидејќи целокупната процедура беше запазена согласно ЗКП, а истото беше утврдено и од внатрешна контрола.

108 Димитров Д., *оп. цит.,* стр. 109, наведено според Николоска С., стр. 111. (1)

Овој вид на криминалитет е специфичен од апект на видливоста на последицата непосредно по извршувањето на кривичното дело.

По извршување на кривичното дело, истото не се приметува веднаш, туку за истото се дознава подоцна, а можно е и да не биде откриено.

Токму заради начинот на извршување, типот на сторителите, можноста за прикривање, нестручноста на службените лица и други фактори, голем број од сторените кривични дела остануваат неоткриени, или доколку се откриени не се довршуват до крај.

**Пример:** *Од страна на интерпол Атина Р. Грција, СВР - Тетово е известено дека од страна на грчката полиција, на влез во Грција контролирано било ПМВ марка BMV X5, со рег. Бр. ТЕ XXX и идентификационен број WBAFF41020L065698, управувано од лицето Х. Х. од Тетово. Од извршената контрола на возилото констатирано било дека идентификациониот број на возилото е променет. По приемот на телеграмата, во СВР - Тетово е извршен разговор со лицето кое на управителот (последниот сопственик) му ја продал колата. Во извршениот разговор истиот меѓу другото потенцирал дека возилото го има земено како компензација за извршените работи во куќата на лицето Х. Х. од с. Шипковица. Исто така, наведува дека лицето каде ги изведуввал работите, му го понудил возилото и наводно му рекол да оди да провери дали истото може да се оцарини. По овие укажувања лицето отишоло во Скопје го оцаринил возилото и ги извршил сите други неопходни прегледи, при што сочинетата документација ја доставил во соодветните служби на СВР Тетово, од каде и ги зел регистарските таблички. И покрај бројните осомничени активности и елементи, при процедурата за регистрација на наведеното возило, оперативен работник при СВР Тетово, ценел дека во конкретниот случај имало елементи само за сторено кривично дело измама, од лицето Х. Х. од с. Шипковица, за што изготвил кривична пријава, која беше доставена за потпишување. Откако беше разгледан сочинетиот материјал, пријавата беше вратена со забелешка да се докомлетира и целосно да се извршат проверките, давајќи при тоа соодветни насоки. По целосно извршените проверки, произлезе дека во овој криминален настан инволвирани се повеќе лица, против кои се поднесе кривична пријава, за одредени кривични дела кои се гонат по службена должност.*

## 1.1 Начинот и средствата на извршување

Секое криминално дејствување има свои карактеристики. Карактеристиките на криминалното дејствување на извршителите на кривични дела " Злоупотреба на службената положба и овластување" пред сѐ произлегуваат од самата организација на криминалното делување. Криминалитетот со злоупотреба на службената положба и овластување најчесто се карактеризира со поврзани криминални однесувања од самото организирање на криминалната активност до криминалната реализација. Извршителите на кривичното дело "Злоупотреба на службената положба и овластување" претежно се карактеризират со тоа што тие самите се сметат како да се надвор од доменот на законот и дека не се подлежни на одговорност, за време кога се наоѓат на некоја одговорна функција. При тоа, со таквата криминална активност стекнуваат противправна имотна корист, а со нивната поврзаност со власта им се овозможува легализација на нивната криминална активност преку изоставување на институционални постапки за откривање и санкционирање на нивната криминална активност.[109] Повеќе криминални активности од "Злоупотреба на службена положба и овластување" се извршуваат, со првиот облик на ова кривично дело т.е со преземање дејствија спротивно на овластувањата искористувајќи ја службената положба што во моментот ја имаат, но голема е бројката на криминал и од аспект на вториот и третиот облик на ова кривично дело т.е со пречекорување на границите на службеното овластување или непрезамање на службени дејствија кои според закон се должни да ги преземаат, или пак ги извршува на начин што не овозможува да се постигне целта заради која се презема службено дејствие.

Главните начини на злоупотреба на службената положба се насочени кон непочитување на законските регулативи и прописи, со кои се регулирани одредени области.

Имајќи го предвид погоренаведеното, може да констатираме дека овој криминал се врши од страна на службени лица, одговорни лица во правни лица, лица со јавни овластувања, за време додека истите се наоѓат на одредена функција, и истиот е поврзан со професијата на самите извршители.Секој конкретен случај од извршувањето на

---

[109] Бошковиќ, М., *Организиран криминалитет - први део*, Полициска академија, Београд, 1998, стр. 69.

кривично дело ”Злоупотреба на службена положба и овластување” има свои специфики пред сè од аспект на инволвираните лица од најразлични позици на моќ, и начинот на извршување. Тоа најдобро може да се согледа од анализа на покрупните криминални случаи кои ги имаше во нашата Држава во изминатиот период како на пример случајот Бачило.

**Пример**: *Случајот „Бачило” е типичен пример на организиран криминал од големи размери. Во случајот ”Бачило” се работи за професионална организирана криминална група составена од повеќе лица како заменик - министерот и претседателот на Комисијата на Владата за одлучување по жалби по предметите од областа на денационализацијаа, тројца нотари, адвокати, поранешен судија, ветеринар, службено лице во Министерството за внатрешни работи и други лица, кои долго време извршувале најтешки кривични дела на штета на буџетот на Република Македонија. Случајот покажува во колкава мера во извршувањето на кривичните дела биле вклучени високи државни службеници и вршители на јавни овластувања. Присвоени се големи материјални средства од Министерството за одбрана за наводно нанесена штета од големи размери, при што наводно угинуваат повеќе стотици овци на сточар, при ракетирање во 2001, на неговото бачило на Шар Планина, кој со лажни потврди и манипулации, успеал од Министерството за одбрана да наплати на име штета износ од околу 720.000,00евра. На овој начин со стекнатите финансиски средства со извршеното кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ на службени и одговорни лица, со злоупотребата на правото на баратели на имот по основ за денационализација и со голем број лажни трансакции, сторителите ја оштетиле државата и присвоиле околу 2 милиони евра, стекнале право на сопственост на огромен имот од 178.218 м$^2$ земјоделско земјиште и 6.532м$^2$ градежно неизградено земјиште, претежно во централно градско подрачје на Скопје. Обвинетите сториле 12 кривични дела „Перење пари и други приноси од казниво дело“, 8 кривични дела „Злоупотреба на службената положба и овластување“ и 3 кривични дела „Измама“, предвидени во Кривичниот законик на Република Македонија.*

Средствата на извршување на криминалитетот против службената положба и овластување се поврзани со начинот на извршување. Од самиот начин на извршување произлегуваа и со какви средства е извршен овој вид на криминалитет.

Во почетокот на трудот ние меѓу другото кажавме дека кривичното дело "Злоупотреба на службена положба и овластување" спаѓа во категоријата на кривични дела од областа на економскиот криминалитет и истото е својствена на лица на кои им се доверени одредени функци во државата.

Делокругот на работа на овие лица е регулиран со законски прописи,[110] кои од нивна страна треба да се почитуваат и да се постапи по истите.

Но, практиката покажува нешто друго, имено ние честопати слушаме по електронски и пишани медиуми, за различни афери од криминален карактер од типот на злоупотреба на службената положба и овластување, кои ја злоупотребиле својата службена положба и овластување преку непочитување или заобиколување на законските прописи, користење на службени печати, штембили и потписи со кои се заверуваат документи со невистинита содржина или фалсификувана содржина, непочитување на процедури и законски прописи при запишување на имот и др. Значи злоупотребата на службена положба и овластување најчесто се прави со изготвување на документи спротивно законските прописи.

*Преку лично искуство ќе наведам еден пример каде лекар по трудова медицина надлежен и овластен да ја контролира целата медицинска документација предвидена при издавање на лекарско уверение за возачи на моторни возила, искористувајќи ја неговата службена положба и овластување со својот штембил, печат и потпис, издал лекарско уверение на лице со видлив инвалидитет и покрај тоа што, неговиот колега психолог, во медицинската документација, за конкретното лице, потенцирал дека лицето не е потполно способен за Б категорија. Имено наа ден 16.08.2007, при полагање на практичен дел од испитот за возачи спроведен во Авто школа „Омега", од страна на ОСЛ од ПС за БПС при СВР Гостивар, било забележано лицето А. И. од Гостивар, кандидат за полагање дека е со видлив инвалидет на левата рака и истиот не можел со истата рака да го држи воланот при менување на брзина. Од извршениот увид во лекарското уверение на име А. И. ОСЛ, утврдил дека на истото немало никакви забелешки на ограничување со кое би било напоменато дека истиот е ослободен за возач со моторно возило изработено спрема неговите потреби. По утврдување на оваа, од страна на СВР - Гостивар, преземени се мерки и активности со цел утврдување на стварната состојба, така што најпрво беше појдено во приватна здравствана*

[110] Пример Законот за јавни набавки, Законот за нотаријат, Законот за стечај, Закон за работни односи, Закон за спречување на корупцијата, Закон за перење пари, Законот за катастар на недвижности и др.

*установа ординација по медицина на труд Гостивар каде беше обезбеден здравствениот картон - под. ред. Бр. 260. При разгледувањето на картонот во кој биле наведени соодветните мислења на лекарите, од страна на психологот М. И. беше потенцирано дека кандидатот А. И. е способен за Б категорија, но со ограничување. И покрај забелешката потенцирана од психологот М. И. истата не ја зел предвид, ниту пак го потенцирал во лекарското уверение, туку истиот во лекарското уверение навел дека А. И. е способен за возач за Б Категорија. СВР - Гостивар по документирање на случајот, против пријавениот, поднесе кривична пријава поради сомнение за сторено кривично дело „Злоупотрба на службената положба и овластување“, и „Издавање на невистинито лекарско уверение“.*

Злоупотребата на службената положба и овластување може да се врши и со употреба на компјутерот како средство за извршување на кривично дело.

Имено, скоро да нема институција која не е опремена со компјутери, а во зависност од институцијата многу службени работи се прават со компјутери, каде овластените службени или одговорни лица одредени податоци и документација ја изработуваат или внесуваат во комјутер спротивно законските прописи, кое нешто резултира со добивање на лажни податоци со намера истите во правниот промет да се сметаат или да се користат како веродостојни.

Оваа, појава најчесто ја среќаваме, при процесот, и процедурата за запишување на недвижен имот.

**Пример од лично искуство**: *Имено во ПС - Гостивар, од страна на лицето Е. Џ. беше поднесена Кривична пријава против вработено лице во АКН Гостивар, поради сторено кривично дело "Злоупотреба на службената положба и овластување". Според пријавителот, злоупотребата на службеното лице се состои во тоа што истиот без правен основ запишал право на сопственост на имот. По пријавениот настан од страна на НК за КР ПС - Гостивар беа преземени мерки и активности со цел утврдување на стварната состојба. Од извршените проверки произлезе дека повеќе лица биле инволвирани во криминални дејствија, со цел постигнување на погоренаведената цел, и тоа:*

*1. Геодетско приватно биро кое со користење на комјутерската техника и други методи го изготвувало геодетскиот елаборат, спротивно на фактичката состојба, бидејќи наместо во пописните листи, да пишува сопственост на РМ, корисник Е. Џ. истата фирма пишувала дека имотот е сопственост на Е. Џ.*

*2. Извршител, кое неовластено поднесол барање за изготвување на геодетскиот елаборат и истиот неовластено го доставил во АКН Гостивар за спроведување.*

*3. Геодетски инженер вработен во АКН Гостивар Б. К. кои имал задача да го разгледа геодетскиот елаборат дали е изготвен соодветно законските прописи и фактичката состојба. Но и покрај неисправноста на елаборатот, од негова страна со службен наод е*

*констатирано дека елаборатот е исправен и истиот го доставил до правната служба за запишување во комјутер.*
*4. Правник вработен во АКН Гостивар, кој имал улога од правен аспект да провери, дали се исполнети условите за запишување, дали барањето е поднесено од соодветно лице, и потоа да даде согласност промената да се внесе на комјутер. Неговата улога во конкретниот случај е да види врз основа на што се извршени промените односно врз основа на кој правен акт станало промена, кое нешто не било преземено од правникот, ниту пак било разгледано од кого било доставено барањето за запишување. Така што, погоренаведините лица (пред сè извршителот) успеале во нивната намера т.е. имот кој според пријавителот вределo околу 100.000,00 евра, сопственост на РМ, без претходно решение за приватизација од Министерство за финанси, со фалсификуван елаборат, да се пренесе на име на пријавителот Е. Џ. кој бил во својство на корисник на наведената земја, за да потоа извршителот му го одземе (како предмет на извршување) и да ја продаде за цена од 20.000,00 евра.*
*Доколку се анализира наведениот пример може да констатираме дека ги имаме сите погоренаведени елементи кои го сочинуваат мозаикот на поврзување на инкриминираните дејствија преземени од страна на наведените лица.*

Откривањето на кривичното дело кое е направено со компјутер, е тешка работа од причина што се работи за лица во доменот на техничката интелигенција чија криминална активност прво не е едноставно да се открие, а потоа и да се докажува.

Може да извлечеме дека средствата што им се на располагање на извршителите на кривични дела против службената положба и овластување се многубројни, а се однесува на сите тие средства кои им се доверени на овластените лица за извршување на службените должности.

Честопати ни се случува како извршители на кривични дела со елементи на злоупотреба на службената должност, да се јаваат лица кои во релативен разумен период извршуваат одговорни функции.

Без разлика на владеачката гарнитура во нашата земја, ние честопати се прашуваме зошто, скоро секогаш истите луѓе по завршување на изборите се именуваат на раководни позици било на централно или локално ниво, или ако се менуваат, не се менуват од раководните позици, туку само се извршува нивна ротација на повисоко или пониско ниво но раководната позиција во конкретниот ресор ја има! Мојот одговор би бил дека тие добро го научиле занаетот! Зарем нема друг кадар во РМ? Секако дека има и тоа истакнати научно докажани личности, но проблемот е што тие не им одговараат некому,

кои никако не се наситија од власт, моќ и други привилегии, кои за жал од некого и се злоупотребуваат.

### 1.2 Местото, просторот и времето на извршување

Доколку добро се анализират одредбите од кривичното дело "Злоупотреба на службената положба и овластување" чл.353 од КЗ на РМ, може да извлечеме неколку заклучоци кои би помогнале во насока на одредување на местото, просторот и времето на извршување на оваа дело. Во вториот дел од трудот, веќе се елаборирани неколку аспекти од овој член, но би можело да се извлечат и други податоци кои би ни дале одговор за просторот и времето на извршување.

Доколку се анализира ст. 4 од членот 353, кои вели: Со казна од ставовите 1, 2 и 3 ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице што има претставништво или врши дејност во Република Македонија или лице што врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност,[111] може да се констатира дека просторот на инкриминирани дејствија, освен во рамките на државата, може да има елемнти на интернационалност, но секако тие инкриминирани дејствија треба да бидат поврзани со нивната функција.

Имено Република Македонија по осамостојувањето, воведе реформи, за премин кон пазарна економија, што меѓу другото подразбира: приватизација на капиталот на претпријатијата, отворање на стопанството за слободни пазарни односи, сообразување и изградба на соодветна и институционална инфрастуктура, промена на функциите и одговорноста на државата во стопанството во насока на создавање правни и институционални рамки за слободно функционирање на пазарното стопанство и економските законитости.

Со самото отварање на државата за слободна трговија, приватизација на капиталот, изградба на нови институции, за регулирање на пазарните односи во општеството и сл, се создаде простор за криминално делување. Местото на криминалното дејствије може да биде поединечно, односно едно место на делување, но спецификата на овој криминалитет е и во тоа што во еден криминален случај може да има повеќе места на криминални

---

[111] Камбоски В., *оп. цит.*, стр. 97. (10)

делувања, но едно или повеќе места на настанување на последицата од криминалните дејствија, а сето тоа поврзано со времето на делување во кое сторителите поседувале својства на елементи на оваа кривичното дело.

Претежно кога имаме криминални ситуаци од типот на злоупотреба на службената положба или други видови на криминал од областа на економско - финансискиот криминал, сторителите на овие дела, за да ги пикриваат трагите од стореното дело, при склучување на договори, инсистираат провизијата да ја добијат на сметка во некоја странска банка.

**Пример**[112]: *Кривичната пријава поднесена против поранешен директор на ЕСМ П. Л. поради сомнение за сторено кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување" и „Перење пари и други приноси од казниво дело". Во обвинението на Јавното обвинителство, оддел за гонење на организиран криминал и корупција е наведено дека делата кои што му стават на товар, осомничениот ги сторил во периодот од 1996 до 1998 година, во кој период присвоил тогаш 190 илјади германски марки и 300 илјади американски долари. Добиените средства биле добиени на име на провизија по склучените договори за деловна соработка меѓу фирма од Лајпцинг и кинеска корпорација. Фирмите кои ги префрлиле парите требало да испорачаат роба опрема за РЕК Осломеј и ХЕЦ Козјак. Со полициска истрага било утврдено дека во банка во Будимпешта на сметката на осомничениот во четири наврати биле уплатени пари од германската фирма и корпорацијата од Кина. Парите на сметката во износ од 21.700.000,00 денари, легнале по основ на консултантски услуги. Парите потоа биле префрлени на друга сметка и во друга валута поради што обвинителството смета дека осомничениот ги сторил наведените кривични дела, кое нешто беше потврдено и од страна на Судот при што осомничениот беше осуден на 5 години затвор.*

Сторителите на кривичното дело против службената положба и овластување својата криминална активност ја манифестираат, речиси секогаш онаму каде се во одредена функција каде што нивните ингиренции, и овластувања тоа им го овозможуваат.

Секогаш локацијата, просторното делување на овие професионални криминалци е во рамките на нивните надлежности и овластувања произлезени од некој закон, донесено решение за именување и сл, но за простор на кој важат истите.[113]

Статусот на сторителот на кривично дело "Злоупотреба на службената положба и овластување" како и времето на извршување се значајни криминалистички карактеристики, бидејќи специфичноста на елементите на криминалните дејствија кои

---

[112] Преземено од www.idividi.com.mk/vesti/makedonija/443953/ (пристапено на ден 12.11.2104)

[113] Николоска С., *оп.цит.*, стр. 195 – 196. (1)

исполнуваат некои од битијата на оваа дело се поврзани токму со статусот, и факторот време.

Имено, како што веќе беше кажано извршителите на кривично дело “Злоупотреба на службената положба и овластување,, се карактеризираат со одредени овластувања кои произлегуваат од нивното работно место, функцијата и се поврзани со времето додека трае таа функција.

Овие податоци полицискиот службеник ги обезбедува од решението за работа во кое е наведено статусот на конкретното лице како и другите карактеристики, т.е времето кога е назначен, неговите овластувања и сл.

Значи сторители на оваа кривично дело се таа категорија на лица кои инкриминираните дејствија ги преземале додека биле на функција.

И токму поради тоа секогаш при расветлување и докажување на ова дело во предистражна и други постапки се оди кон тоа да се обезбеди решението за работа на сторителот, од кое може да се види неговиот статус во работното место, времето од кога истиот е назначен, а се со цел да се констатира дали во времето кога презел инкриминирани дејствија бил на функција, и дали инкриминираните поведенија се поврзани со неговите овластувања, статус и должноста.

Како битна карактеристика поврзана со времето е тоа што од криминалните дејствија не се вршат во ист момент, туку некои се вршат подолг временски период, на повеќе места и тоа во национални и меѓународни рамки, но се поврзани со еден криминален случај кој може да биде со сложена природа и од повеќе криминални дејствија извршени од повеќе сторители, или последицата е настаната по поминување на одреден временски период од преземените криминални дејствија.[114]

Кога сме кај факторот време, особено кога станува збор за злоупотреба на службена положба и овластување, полицискиот службеник секогаш треба да ги има предвид законските норми кои ја регулираат одредената проблематика во одредено време. Имено, може да се случи одредени активности кои во одредено време биле недозволени, со измена на одреден закон се дозволиви законски однесувања. Во таквите случаеви оперативниот службеник не треба да се доведе во заблуда, туку треба да изврши

---

[114] *Исто*, стр. 198.

споредување дали во времето кога осомничениот ја злоупотребил функцијата преземените активности од негова страна биле законски дозволени или не. Доколку не биле дозволени, тогаш оперативниот службеник без разлика што сознанијата за стореното дело ги добил во време кога тие активности не претставуват законска пречка за извршување, против истиот по расветлување и докажување на делото треба да ги преземе сите мерки и дејствија за утврдување на сите криминални активности и времето на нивно извршување.

## 2. ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НАДЛЕЖНИ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКО - ФИНАНСИСКИОТ КРИМИНАЛИТЕТ

Во секоја држава постојат одредени органи и институции за борба против криминалот.

Во Република Македонија како органи кои непосредно се вклучени во таа борба се, Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција, Царинската упрва[115] чии овластувања произлегуваат од Законот за кривична постапка и законите кои го регулираат нивното организирање и функционирање. Значаен придонес во откривањето и обезбедувањето на доказите во процесот на истражувањето, расветлувањето и докажувањето на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба, имаат и Државниот завод за ревизија, Државна комисија за спречување на корупција, Управа за финансиско разузнавање, како и други инспекциски служби. За успешна борба против криминалот воопшто, а особено против организираниот криминал со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување, во секоја држава, потребно е сите државни органи специјализирани за гонење на таков вид на криминал, да ги извршуваат во целост законските надлежности, бидејќи се работи за

[115] Царинската управа на Република Македонија, има полициски овластувања за одредени кривични дела од областа на економско – финансискиот криминалите. Во таа категорија на одредени дела не се опфатени инкриминираните дејствија со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување., и токму поради тоа во трудот, посебно нема да стане збор за Царинската управа.

многу опасна форма на криминал и потребно е заеднички и координирано да се дејствува со цел да се постигне поголема ефикасност во сузбивањето на истиот.

Меѓуинституционалната соработка е регулирана со одредбите од ЗКП на РМ,[116] како и другите законски и подзаконскли акти на државата, а во согласност со овие акти и со меѓународните правни акти, соработката се врши и на меѓународен план со содветните државни органи и институции.

За да бидат поуспешни во соработката институциите склучуваат меморандуми за соработка, билатерални и регионални договори, во кои се прецизираат меѓусебните обрски.

## 2.1 Јавно обвинителство

Според Уставот на Република Македонија, Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и други со закон утврдени казниви дела и врши и други работи утврдени со закон. Надлежностите и овластувањата на Јавното обвинителство подетално се утврдени и пропишани со Закон за јавно обвинителство и Закон за кривична постапка.

Со Законот за Јавно обвинителство[117] кој беше донесен во 2007 година, покрај веќе постоечките Основни и Виши јавни обвинителства, како и Јавното обвинителство на РМ се предвиде и основање на посебно Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, постапува пред Основен суд со специјализирано судско одделение надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал.

Во согласност со чл.31 од законот,[118] Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е надлежно да постапува:

- за кривични дела извршени од структурирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе

[116] *Сл. весник на РМ бр. 150/10, 51/11 и 100/12.*

[117] *Сл. весник на РМ бр. 150/07, 111/08.*

[118] *Исто.*

кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, со намера директно или индиректно да стекне финансиска или друга корист;

- за кривични дела извршени од структурирана група или злосторничка организација на подрачјето на Република Македонија или други држави или кога кривичното дело е подготвено или планирано во Република Македонија или во друга држава;
- за кривични дела злоупотреба на службена положба и овластување од членот 353 став (5), примање на поткуп од значителна вредност од членот 357 и противзаконито посредување од членот 359 сите од Кривичниот законик, извршени од избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во правно лице и за кривичните дела неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од членот 215 став (2), перење пари и други приноси од казниво дело од поголема вредност од членот 273, терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од членот 313, давање поткуп од значителна вредност од членот 358, незаконито влијание врз сведоци од членот 368-а став (3), злосторничко здружување од членот 394, терористичка организација од членот 394-а, тероризам од членот 394-б, кривични дела трговија со луѓе од членот 418-а, кривични дела криумчарење со мигранти од членот 418-б, трговија со малолетно лице од членот 418-г и за другите кривични дела против човечноста и меѓународното право од Кривичниот законик, независно од бројот на сторителите.

Јавниот обвинител за прашања од значење за остварувањето на функцијата на гонење, како и за прашања на откривање на кривични дела и нивните сторители ја раководи соработката и ги координира дејствијата со другите државни органи и правни лица. За кривични дела за кои е надлежно да постапува Основното јавно обвинителство за гонење сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција, Министерството за внатрешни работи и другите државни органи задолжително го известуваат јавниот обвинител за сите дејствија преземени во предистражна постапка.

Согласно новите законски измени на Законот за кривична постапка и Законот за јавно обвинителство.[119] Јавниот обвинител, а посебно Јавното обвинителство за организиран криминал ја има централната улога во предистражната постапка, на организација, координација на надлежните државни органи и институции со цел расветлување на криминалните случаи со елементи на организиран економско - финансиски криминал.

Полицијата и другите органи со посебни овластувања во начело работат под раководство на јавното обвинителство, но и натаму уживаат определена автономија и ги водат полициските увиди самостојно и по сопствена иницијатива. Со други зборови полицијата со известувањето или предавањето на пријавата на јавниот обвинител сосема не се повлекува од случајот.

Напротив, ниту една одредба од новиот закон не треба да се толкува како некакво развластување или пасивизирање на полицијата во нејзините криминалистички истраги. Напротив, низ поблиската соработка со обвинителството тие ќе добијат на квалитет, повеќе ќе успеваат на суд, а ќе стекнат и поголема доверба кај граѓаните.

Полицијата навистина почесто и порано отколку досега ќе го информира јавниот обвинител, но и натаму ќе задржи значајна автономија кај полесните кривични дела, а во соработка со јавниот обвинител и по негови наредби и упатства активно ќе му помага во расчитувањето на потешките кривични дела. Со други зборови, кога јавното обвинителство ќе даде определени наредби или насоки, полицијата мора да ги почитува, но ако во конкретен случај по информирањето на обвинителот не добие никакви упатства, таа ќе продолжи со стандардните процедури на пронаоѓање и обезбедување на доказите и за тоа ќе го информира јавниот обвинител, а тогаш кога ќе смета дека случајот е расветлен до степен на основано сомнение против определено лице, до обвинителот ќе поднесе кривична пријава.

---

[119] *Исто.*

### *2.1.1 Конституирање на Правосудна полиција*

Новиот Закон за кривична постапка (ЗКП)[120] воведува т.н. „Правосудна полиција". Се работи всушност за криминалистичка полиција која тесно соработува со јавното обвинителство, а еден нејзин мал дел ќе биде непосредно во тимот на јавното обвинителство во истражните центри на јавното обвинителство. Најголемиот дел на правосудна полиција ќе биде сочинет од инспекторите на МВР, ФП (Финансиска полиција) и ЦУ (Царинска управа) кои и натаму ќе останат во своите министерства и ќе работат скоро исто како и досега, сега само со појасен линк и посилна врска со надлежниот обвинител.

Другиот дел на Криминалистичката полиција, сега како правосудна полиција, станува главен соработник на јавното обвинителство. Посебно е значајно тие да соработуваат уште од најрана фаза на постапката, за подоцна да не дојдат во некаков конфликт, ако на крај на истрагата јавниот обвинител оцени дека можеби доказите не се доволни или не се законито изведени, па да мора да го отфрли случајот, бидејќи и самиот нема да може истиот да го добие на суд. Ова сега станува многу пореално зашто со напуштање на активната улога на судот во расчистување на случајот товарот на докажување во целост преминува на обвинителството. Затоа, соработката на јавниот обвинител и полицијата е во сосема нова светлина кое нешто веќе може да се види од моментот на стапување на сила на новиот ЗКП, а допрва ќе се види со формирањето на истражните центри и нивното функционирање.

### *2.1.2 Истражни центри на јавното обвинителство*

Заради остварување на функцијата на откривање и гонење во новите услови, новиот македонски концепт предвидува за подрачјето на едно или повеќе јавни обвинителства да се формираат т.н. истражни центри на јавното обвинителство (и покрај тоа што новиот ЗКП почна да се применува, поради објективни и субјективни причини, до моментот на пишување на овој труд, истражните центри не се формирани, што значи на некој начин целата полиција функционира како правосудна полиција).

---

[120] *Сл. весник на РМ бр. 150/10, 51/11 и 100/12.*

Работите во истражниот центар ги вршат инспектори припадници на правосудната полиција, кои се избираат за вршење работи на определено време, по пат на објавен внатрешен оглас. Ова треба да гарантира определена стабилност и специјализација на припадниците на правосудната полиција кои со тоа стануваат дел од тимот на јавното обвинителство. Таа стабилност заедно со неможноста припадниците на правосудната полиција во истражните центри да се прераспределуваат на други задачи во МВР и други инструменти (влијание врз кариерата и дисциплинската одговорност на инспекторите на правосудната полиција и др.) треба да обезбеди определен степен на самостојност во однос на претпоставените во МВР и некаква поголема лојалност кон обвинителството.

Инспекторите на криминалистичка полицијата кои преминале во истражниот центар се на располагање на надлежниот јавен обвинител, работат под негова контрола и надзор, ги извршуваат наредбите на јавниот обвинител, работат согласно неговите насоки и упатства и за својата работа му одговараат нему. За волја на вистината, ваквите односи на расположливост и сл. на правосудната полиција во однос на јавното обвинителство важат за целата правосудна полиција. Сепак, додека раководењето на обвинителството со полицијата е тешко остварливо по однос на полициските службеници кои остануваат во МВР и Министерството за финанси и кои во раната фаза на откривање имаат поголема иницијатива и оригинерни надлежности определени и со други закони, сега станува многу пореална за инспекторите кои ќе станат составен дел на тимот на јавното обвинителство. ЗКП обезбедува дека додека работат во истражниот центар тие не може да бидат распоредени на друго работно место во државните органи од каде што доаѓаат или да бидат отстранети да работат од предметниот случај, без изречно одобрение на јавниот обвинител. Делот на Правосудната полиција во истражните центри првенствено ќе делува во обвинителскиот дел, односно фазата на претходно прибирање известувања, повеќе отколку во истражната постапка, каде дејствијата ги презема непосредно обвинителството, иако правосудната полиција може да му помага. Ова не значи дека правосудната полиција во истражните центри не може да работи и во фазата на откривање и пријавување во предистражната постапка во случаи кога обвинителството самото ќе дознае за сомневања дека е сторено кривично дело (непосредно забележување, глас, ноторност и сл.).

### *2.1.3 Права и обврски на јавниот обвинител*

Новиот ЗКП нуди поинакви решенија од досегашните во однос на работата на јавното обвинителство каде законодавецот целокупната предистражна и истражна постапка му ја доверил и е ставена во надлежност на јавниот обвинител, што значи работата на досегашните истражни судии во делот на истрагата преоѓа во рацете на јавниот обвинител и тој ја води истрагата, со што се зацврстува улогата на јавниот обвинител во борба против сторителите на кривични дела кои се гонат по службена должност.

Согласно решенијата во Законот за кривична постапка основно право и должност на јавниот обвинител е да ги гони сторителите на кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност.

Согласно со новата улога на јавниот обвинител кој раководи со предистражната постапка, полицијата има обврска по приемот на кривична пријава или добиеното сознание за постоење на основи на сомневање дека е сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, без одлагање по писмен пат да го извести јавниот обвинител.

Ако постојат основи на сомневање за кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку 4 години или постојат причини за итност, полицијата, односно правосудната полиција известувањето на јавниот обвинител ќе му го даде веднаш по усмен пат. На усното известување мора без одлагање да следи писмено известување.[121]

Во текот на предистражната постапка, правосудната полиција е должна да постапува по наредбите на јавниот обвинител и бараните известувања е должна да ги даде во рок од 30 дена од приемот на наредбата.

Овој рок може да биде продолжен од страна на јавниот обвинител за најмногу 30 дена во сложени случаи на тешки кривични дела сторени од криминална група или од повеќе лица.

Правосудната полиција ќе продолжи со извидите и кога нема добиено посебни наредби или насоки од јавниот обвинител. И во тој случај, таа е должна да го извести јавниот обвинител за вака спроведените полициски извиди.

---

[121] Чл. 283 ст. 2 од ЗКП, *Сл. весник на РМ бр. 150/10, 51/11 и 100/12.*

Односите помеѓу јавното обвинителство и полицијата и формирање на Правосудната полиција и истражни центри на јавното обвинителство се голема новина во претходната постапка. Јавното обвинителство не само што раководи со предистражната постапка, туку тоа може самото да го преземе секое дејствие потребно за откривање и гонење на кривично дело и неговиот сторител за кое со закон е овластена Полицијата, Финансиската полиција и Царинската управа на РМ.

Најзначајната новина е сепак формирањето на правосудната полиција, па така раководителите на деловите на МВР кои работат на откривање и пријавување (криминалистичката полиција, криминалистичка техника и сл.), како и Финансиската полиција и делови на Царинската управа на РМ кои се под капата на Министерството за финансии сега се непосредно под раководство на јавното обвинителство.

Од друга страна, јавното обвинителство сега ќе има криминалистички инспектори непосредно во самиот негов состав во рамките на истражните центри на јавното обвинителство, кои во дел ќе бидат составени од припадници на правосудната полиција.

Согласно чл. 46. ст.1 од ЗКП[122] Правосудната полиција по службена должност или по наредба на јавниот обвинител е должна:

- Да презема мерки и активности со цел за откривање и криминалистичко истражување на кривични дела,
- Спречување на натамошни последици на кривичните дела,
- Фаќање и пријавување на нивните сторители,
- Обезбедување докази и други мерки и активности што можат да користат за непречено водење на кривичната постапка.
- Правосудната полиција спроведува истражување и дејствија наложени или доверени од судот и јавното обвинителство.
- Овие должности ги вршат старешините и службениците на правосудната полиција.

[122] *Сл. весник на РМ бр. 150/10, 51/11 и 100/12.*

Таксативно наведените должности на правосудната полиција, ги вршат:

1. Полициските службеници во организационите единици во Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција и Царинската управа кои согласно со законски утврдениот делокруг на работа преземаат мерки и активности за откривање на кривични дела, фаќање и пријавување на сторителите на кривични дела, обезбедување на докази на кривичните дела и други мерки со кои се овозможува непречено водење на кривичната постапка;
2. Припадниците на правосудната полиција во истражните центри на јавното обвинителство и
3. Службениците доделени на јавниот обвинител.

Службениците доделени на јавниот обвинител исклучиво му се на располагање на јавниот обвинител, работат под негова контрола и надзор, ги почитуваат и извршуваат неговите наредби, работат согласно со неговите насоки и упатства и за својата работа му одговараат на јавниот обвинител.

За времето додека службениците се доделени да работат кај јавниот обвинител не можат да бидат распоредени на друго работно место во државните органи од каде што доаѓаат или да бидат отстранети да работат од предметниот случај, без изречно одобрение на јавниот обвинител.

Од горе посоченото за односот помеѓу јавниот обвинител и полицијата се извлекува следниот заклучок:

- Јавниот обвинител хиерархиски е надреден над полицијата во делот на кривичната постапка;
- Јавниот обвинител раководи со целата постапка како и во предистражната постапка, а тоа е делот каде што работи полицијата;
- Јавниот обвинител наредува, предлага мерки, дава упатства за постапување, врши контрола на мерките и дејствијата кои се преземаат во текот на постапките;
- Јавниот обвинител согласно законот, полицијата ја користи како алатка за работа за гонење, пронаоѓање, обезбедување на докази и откривање на сторителите на кривични дела;
- Полицијата е подредена во однос на јавниот обвинител;

- Полицијата ги извршува наредбите и упатствата за постапување на јавниот обвинител;
- полицијата ги применува полициските овластувања и презема мерки и дејствија под контрола на јавниот обвинител;
- Полицијата е должна писмено или усно да го известува јавниот обвинител за секоја активност;
- Полицијата согласно законските решенија работи заедно со јавниот обвинител за гонење и откривање на сторители и дела кои се гонат по службена должност;

Општа констатација е дека односот помеѓу овие институции треба да биде објективен во склад со законските решенија во која јавниот обвинител има раководна улога во кривичната постапка и треба да постои добра организација, тимска работа, коректност во постапувањето како и контрола и анализа на секоја преземена мерка од страна на полицијата, а исто така и полицијата ќе се ослонува во работата на насоките и наредбите што ги дава јавниот обвинител со што ќе се избегне секаква злоупотреба на овластувањата, и ќе се добие во квалитетет на водење на постапките.

### 2.2 Министерство за внатрешни работи

Една од основните задачи на Министерството за внатрешни работи (МВР) е спречување на вршење на кривични дела и прекршоци, како и откривање на нивните сторители.

Надлежностите и овластувањата на МВР се уредени со Законот за внатрешни работи,[123] Законот за полиција,[124] како и Законот за кривична постапка.[125]

[123] *Сл. весник на РМ. бр. 42/14*

[124] *Сл.весник на РМ. бр.114/06, 06/09, 145/12, 41/14*

[125] *Сл. весник на РМ. бр. 150/10, 51/11, 100/12*

Во согласност со Законот за полиција, Полицијата е дел од Министерството за внатрешни работи, во кој се вршат полициски работи преку полициски службеници. Основна функција на Полицијата е заштита и почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори, заштита на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за гонење на сторителите на тие дела, како и одржување на јавниот ред и мир во општеството. За вршење на полициски работи за кои е потребен висок степен на специјализација, а заради ефективно и економично извршување на одредени специфични и сложени задачи, како и за потребите на секторите за внатрешни работи и регионалните центри за гранични работи, по принцип на централизирано работење, се формираат Централни полициски служби, кои работите ги вршат на целата територија на Република Македонија.

Централните полициски служби ги вршат работите од областа на организираниот криминал, криминалистичката техника, работите на давање поддршка во извршувањето на одредени специфични и сложени работи на подрачјето на секторите за внатрешни работи и регионалните центри за гранични работи од страна на посебните единици на Полицијата, како и други работи и задачи. Во Централните полициски служби, функционира Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал.

Истиот структурално и организационо се разликува од Секторите за внатрешни работи.

Тоа е директно под МВР на РМ и е поделена во Сектори под кои функционираат одделенија од различна проблематика, кои можат да се видат од следниот органограм.[126]

## ОРГАНОГРАМ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ




[126] Податоците наведени во органограмот се преземени од официјалната веб страна на МВР на РМ *http://www.mvr.gov.mk/images/Organogram%20na%20MVR%20-%2005.12.2013.pdf*

Забелешка: Во наведениот органограм се наведени само секторите и оделенијата кои ја тангират проблематиката од економско финансискиот криминалитет. Во структурата на ОСОСК, имаме и други сектори како што се Сектор за недозволена тргговија со дрога, Сектор за прикриени човечки извори на информаци, Сектор за криминалистичко разузнавачка анализа за организиран и сериозен криминал на кое последно време и се дава поголема значајност, сектор за прикриени операции, како и сектор за сериозен криминал кој ја тангира проблематиката од општиот криминалитет. Во рамките на наведените сектори функционираат оделенија за одредена проблематика.

Нивната дејност е претежно откривање, расветлување и докажување на посложени форми на криминал.

### 2.3 Управа за финансиска полиција

Финансиската полиција е орган во состав на Министерството за финанси на РМ, и носи назив Управа за Финансиска полиција и има статус на правно лице.

Нејзините надлежности и овластувања се утврдени со Законот за финансиска полиција,[127] и со одредени одредби од Законот за кривична постапка.[128]

Финансиската полиција своите надлежности ги спроведува на територијата на Република Македонија. Финансиската полиција може во согласност со закон и ратификуваните меѓународни договори да врши определени дејствија од својата надлежност и надвор од територијата на Република Македонија.

Според ЗКП, Финансиската полиција ги има сите оние овластувања кои ги има и МВР во текот на предистражната и истражната постапка кога презема дејствија и активности за откривање на одредени кривичните дела.

Согласно законските надлежности, открива и документира кривични дела, пред се, од областа на организираниот финансиски криминал и кривични дела кои се гоната по службена должност, меѓу кои и кривични дела со елементи на злоупотрба на службената положба и овластување, особено кога последиците во однос на предизвиканата материјална штета се големи.

Финансиската полиција има надлежност да:

- Спроведува финансиска контрола, ја следи примената на даночните, царинските и други прописи од областа на финансиите, прибира и анализира податоци за готовински трансакции, презема предистражни и други мерки кога постојат основи

[127] *Службен весник на РМ. бр. 12/14, 43/14.*

[128] *Службен весник на РМ бр.150/10, 51/11 и 100/12.*

на сомнение за сторени кривични дела од областа на организиран финансиски криминал;

- Спроведува финансиска истрага за кривични дела од областа на организиран финансиски криминал кои се гонат по службена должност и ја следи трагата на парите од казниви дела утврдени со закон што вклучуваат значителни и износи од големи размери;

- Открива и документира кривични дела, пред сè, од областа на организираниот финансиски криминал и кривични дела коишто се гонат по службена должност, како што се даночно затајување, перење пари и други приноси од казниво дело, даночни, банкарски, осигурителни, берзански, царински и други измами со износи од значителни и големи размери, тешки форми на корупција, како што се злоупотреба на службената положба и овластување од значителни износи или на штета на средствата на буџетот на РМ, примање поткуп и давање поткуп, како и предизвикување на лажни стечаи, фалсификување и уништување на деловни книги, фалсификување исправи, финансирање на тероризмот, неплаќање на царина, акцизи или други јавни давачки пропишани со закон, што вклучуваат поголеми, значителни износи од големи рамери;
- Спроведува постапка за испитување на имот и имотна состојба врз основа на јавни податоци и регистри што се водат согласно со закон;
- Спроведува предистражни мерки да се откријат и обезбедат трагите на кривичното дело и предметите што можат да послужат како доказ, да се пронајде сторителот на кривичното дело, сторителот или соучесникот да не сокрие или да не побегне, како и да ги соберат сите известувања што би можеле да бидат под корист за успешно водење на кривичната постапка;
- Поднесува кривична пријава до надлежниот јавен обвинител за кривични дела од нејзина надлежност, кои се гонат по службена должност, за кои е известена или за кои ќе дознае на друг начин;
- Поведува и води прекршочна постапка, како и поднесува иницијативи за поведување на прекршочна постапка до надлежните органи, доколку при

извршување на своите надлежности утврди постоење на прекршочна одговорност пропишана со закон;

- Поднесува иницијатива за поведување постапка за утврдување и наплата на јавните давачки пред надлежниот орган;
- Врши експертска компјутерска анализа на одземени предмети, компјутерски информации или податоци од други електронски и механички направи кои содржат информации и кои можат да послужат како доказ во водењето на предистражната и прекршочната постапка од нејзина надлежност и врши и други надлежности пропишани со закон. Финансиската полиција во остварување на своите законски надлежности, доколку е потребно, соработува со сите оние надлежни државни органи и меѓународни органи и институци кои директно или индиректно се вклучени во спречувањето на организираниот криминал. Како органи со кои најмногу соработува се: Јавното обвинителство, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Бирото за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Државната комисија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Државната комисија за спречување на корупција, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Државниот завод за ревизија, Државниот пазарен инспекторат и други инспекциски органи.

Финансиската полиција соработува со Министерството за внатрешни работи особено при :

- Случаите на преземање оперативни активности на собирање докази, распит на граѓани, приведување на лица, потраги, асистенции, вршење на достава и проверки на лица и нивно живеалиште или престојувалиште
- Проверка на податоци за лица и моторни возила кои ја преминувале границата на Република Македонија, на граничните премини;
- Вештачење при утврдување на веродостојност на трагите на кривичното дело, веродостојност на потписи, фалсификување и слично,
- On - line користење на воспоставените ХОСТ бази на податоци, евиденции на граѓани, криминалитет и странци, државјанство и други евиденции со кои располага МВР;

- Координација, работа во тимови, размена на криминалистички податоци во случаите на преземање заемни оперативни активности;
- Соработка со Меѓународните полициски организации - ИНТЕРПОЛ И ЕУРОПОЛ, учество во Националното биро за меѓународна полициска соработка и други механизми за соработка со полициите на други држави;
- Користење на опрема и простории во случаите на преземање на активности за следење на комуникациите, оперативно извидување и документирање, електронско набљудување и документирање на прикриени операции и заедничко усовршување на професионалните стандарди и техниките во борбата против организираниот или друг вид криминал во надлежност на двете страни.

Управата за финансиска полиција, која во правниот систем на Република Македонија, функционира веќе 10 години, во последните неколку години, покажува се подобри резултати во своето работење, кое нешто се поткрепува со статистичките податоци за поднесени кривични пријави до надлежните јавни обвинителства. Имено, во временскиот период од 2008 – 2009 година до надлежните јавни обвинителства во Република Македонија се поднесени вкупно 264 [129], кривични пријави против 756 лица.

Пријавите се однесуваат на сторени кривични дела „Даночно затајување“, „Злоупотреба на службена положба и овластување“, „Фалсификување или уништување на деловни книги“, „Перење пари и други приноси од казниво дело“, „Оштетување или повластување на доверители“ и други кривични дела од областа на економско финансискиот – криминалитет.

---

[129] Финансиска полиција, Извештај од 2008 - 2012 година, според Манески М., *оп. цит.*, стр. 38. (2)

## 3. СОРАБОТКАТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ НА СИСТЕМОТ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ОД ОБЛАСТА НА ЗЛОУПОТРЕБА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

За успешна борба со организираниот криминал со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување, во секоја држава, потребно е сите државни органи специјализирани за гонење на таков вид на криминал, да ги извршуваат во целост законските надлежности, бидејќи се работи за многу опасна форма на криминал и потребно е заеднички и координирано да се дејствува со цел да се постигне поголема ефикасност во сузбивањето на истиот. Значаен придонес во откривањето и обезбедувањето на доказите во истражувањето, расветлувањето и докажувањето на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба, имаат Државниот завод за ревизија[130], Државна комисија за спречување на корупција,[131] Управа за финансиско разузнавање,[132] како и други инспекциски служби.

---

[130] Државниот завод за ревизија е основан со акт на Собранието на РМ, и со Законот за државна ревизија (*Сл. весник на РМ бр. 65/97, 31/03, 73/04, 70/06 и 24/07*). Истиот претставува ревизорска институција која врши ревизија на Буџетот на РМ, Буџетите на фондовите, корисниците и единките на средствата од буџетите и јавните претпријатија , буџетите на единиците на локалната самоуправа, политичките парти финансирани со средства од буџетот, други институци финансирани од јавни средства, како и корисниците на средства од Европската унија и други меѓународни организаци. Државната ревизија се врши согласно со динамиката утврдена со годишната програма на државниот завод за ревизија, а задолжително најмалку еднаш годишно.

[131] Државната комисија за спречување на корупцијата во РМ е формирана со Законот за спречување на корупцијата (*Сл. весник на РМ. бр.28/02, 46/04, 83/04, 126/06, 10/08, 161/08, 145/10*), како независен орган надлежен да ги применува мерките и активностите за спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и политиката, мерките и активностите за спречување на судирот на интереси, мерките и активностите за спречување на корупцијата при вршење на работи од јавен интерес на правните лица сврзани со остварувањето на јавните овластувања, како и мерките и активностите за спречување на корупцијата во трговските друштва. Со овој закон дефиниран е поимот на корупција како „Искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на каква и да било корист за себе или за друг“. Фактички оваа дефиниција во себе ги содржи обележјата на кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ предвидено во чл. 353 од КЗ на РМ

Меѓуинституционалната соработка е неизбежен фактор во сузбивањето на кривичните дела од областа на економскиот криминалитет во тој контекст и кривичните дела со елементи на „Злоупотреба на службената положба и овластување“. Координацијата на институциите и државните органи е потребна поради усогласување на одредени активности, бидејќи при постоење на повеќе институции и државни органи со исти или слични надлежности, стратегии работи и работни задачи, често доаѓа до судир на надлежност која се огледа во истовремено дејствување или паралелизам, дуплирање при преземање на одредени законски овластувања во решавање на ист криминален случај.

Предност на меѓуинституционална соработка, ако така може да се сфати, е улогата на коректив во работата на друга институција или надополнување на одредени

---

[132] Според Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам (*Сл. весник на РМ бр. 4/08, 57/10, 35/11, 44/12 и 43/14*) за прибирање, обработување, анализа, чување и доставување на податоците добиени од субјектите кои се обврзани за преземање мерки и дејствија за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам, се основа Управа за финансиско разузнавање како орган во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Надлежности на Управата се: да бара, прибира, обработува, анализира, чува и доставува податоци добиени од субјектите врз основа на овој закон; прибавува финансиски, административни и други податоци и информации, неопходни за извршување на своите надлежности; изготвува и поднесува извештаи со мислење до надлежните државни органи, секогаш кога постои основ на сомневање за сторено кривично дело перење пари и финансирање на тероризам; ги известува надлежните државни органи за постоење на основ на сомневање друго кривично дело; издава писмен налог на субјектот со кој привремено ја задржува трансакцијата; поднесува барање за поднесување на предлог за определување на привремени мерки до надлежниот јавен обвинител; поднесува барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд; соработува со Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиската полиција, Јавното обвинителство, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Државен девизен инспекторат, Комисија за хартии од вредност на Република Македонија, Народната банка на Република Македонија, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата за супервизија на осигурување, Државната комисија за спречување на корупцијата и други државни органи и институции, како и со други организации, институции и меѓународни тела за борба против перењето пари и против финансирањето на тероризмот; разменува податоци и информации со овластени тела на други држави и меѓународни организации; врши надзор над субјектите за примената на мерките и дејствијата определени со овој закон, и врши и други работи определени со закон.

активности, но секако, професионализмот во институциите и во нивното постапување треба да ја има главната улога, бидејќи субјективизмот е опасност за неоткривање на одредени елементи во расветлувањето и посебно докажувањето на криминалните однесувања, но го доведува во прашање и успешното завршување на предистражната постапка, но и успешното водење на понатамошната кривична постапка.

*Ќе наведам еден пример во кој се гледаат позитивните аспекти на меѓуинституционалната соработка особено нивната улога како коректив во работата на друга институција или надополнување на одредени активности. Од страна на државниот завод за ревизија извршени се проверки во Општинско средно училиште „Никола Штејн“ од Тетово, при што се изготвени конечни извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година, каде се констатирани низа неправилности и тоа во однос на спроведувањето на постапките за јавни набавки и доделувањето на договори за јавни набавки, потоа не обезбедиле законито користење и заштита на средствата сопственост на средното училиште и притоа е нанесена штета на образовната установа и на средствата од буџетот на РМ. Истите извештаи се разгледани од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата, која врз основа на член 49 став 1 алинеа 6 од Законот за спречување на корупцијата (Сл. весник на РМ бр. 28/02,46/04,126/06,10/08,161/08 и 145/2010 донела заклучок да покрене иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на лицата ХХ, директор од 01.04.2004 до 17.08.2009 година и ХХ, директор од 18.08.2009 година во Општинско средно медицинско Училиште ,, Никола Штејн,, од Тетово, поради основи на сомнение дека во текот на 2009 година сториле кривично дело ,,Злоупотреба на службена положба и овластување,, од чл 353 став 3 и став 5 в.в со став 1 од Кривичниот законик на РМ.*

*Според Државната комисија за спречување на корупцијата, која постапува согласно надлежностите утврдени во Законот за спречување на корупцијата, истата имајќи ги предвид наодите содржани во предметните ревизорски извештаи, утврдила дека активностите на одговорните и раководните лица на наведеното училиште и спроведените финансиски трансакции не се во согласност со законската регулатива, особено со одредбите од Законот за јавни набавки во делот на начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2009 година, што дава основ за сомневање дека при располагањето со средствата на наведеното училиште, и при спроведувањето на постапките за јавни набавки и доделувањето на договори за јавни набавки, не било обезбедено законито користење и заштита на средствата во негова сопственост, па отука има основ за сомневање дека постои незаконско и ненаменско користење на средствата во вкупен износ од 8.004.000,00 денари.*

*Наведената иницијатива од страна на Државната комисија за спречување на корупција е доставена до Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје со цел поведување на кривична постапка против погоренаведените лица. Согласно чл.284 и чл.278 од ЗКП, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција со писмен допис т.е барање за претходно прибирање на известувања и доставување на барани податоци се обраќа до МВР, односно СВР -*

*Тетово со цел да се допроверат одредени околности и да се прибави целокупната документација поврзана со наведените јавни набавки во ревизорските извештаи.*

*Со овој пример меѓу другото може да се потврди придонесот на Државниот завод за ревизија како стручни лица за констатирање на неправилности особено во однос на применатa на законот за јавните набавки, како и улогата на меѓуинституционалната соработка во насока на целосно расветлување и докажување на кривичното дело.*

Во Република Македонија последниве години се дооформени институциите за борба против организираниот криминал, корупција и перењето пари, но се направени други активности во однос на прилагодување на законските прописи кон европските и меѓународните конвенции, а изготвени се и национални стратегии и акциони планови за постапување.

Согласно преземените обрски од Лондонската конференција за борба против организираниот криминал во Југоисточна Европа, РМ во 2003 година подготви документ во кој се содржани конкретни мерки и активности на Министерството за внатрешни работи, Министерството за финанси и Министерството за правда за меѓуинституционална соработка и координација преку преземање на конкретни мерки и активности. Во овој документ нагласени се следните приоритети во соработка и координација:

- Воспоставување регионална мрежа на обвинители;
- Усовршување на регионалната соработка во согласност со меѓународните стандарди на подрачјето на правдата;
- Зајакнување на институционалните капацитети за спречување на перењето пари и финансискиот криминал во рамките на Министерството за финанси;
- Основање на Оддел за борба против организираниот криминал и корупцијата во рамките на јавното обвинителство на РМ;
- Специјализација на судиите;

Сеопфатен оддел во борба против организираниот криминал во рамките на јавното обвинителство, тим на професионални истражители;

- Формирање централна единица за криминалистичко разузнавање.

Кога сме кај меѓуинституционалната соработка меѓу органите кои директно или индиректно, придонесуваат во решавање на криминални случаи, не треба да го заборавиме фактот дека сите овие органи во зависност од нивните законски овластувања заради

расчистување на криминални сучаи, соработуваат и со други органи како што се банки, служби кои се наоѓаат во рамките на Министерствата, општините, правните лица со јавни овластувања, коморите, и сл, кои имаат улога на внатрешен надзор. Нивните констатаци за одредена појава со криминален карактер е од големо значање за службите за прогон, бидејќи станува збор за наоди, мислења и заклучоци изработени од стручни лица за одредена проблематика. Но не секогаш, оперативните службеници треба да имаат доверба кон тие заклучоци, особено кога, тие се резултат по барање од страна на полицијата, од причина што може да се случи за одреден објективен или субјективен фактор, тие заклучоците да не кореспондираат со фактичката состојба. Така што би било добро, за иста работа, да се консултира друго стручно лице кое ја разбира одредената проблематика.

Инспекциските служби кои се третират како индиректни органи во борбата против економско финансискиот криминал во последно време дават соодветен придонес во борбата против економско – финансискиот криминал.

Имено, инспекциските служби секоја во својата област, ги препознава криминалните поведенија така што при своето работење доколку доаѓат до такви информации по службена

информации по службена должност треба да ги известат надлежните органи.

**Пример**: *СВР - Гостивар по претходна пријава од шумарски инспектор, поднесе кривична пријава против двајца овластени лица во Јавното претпријатие Македонски Шуми подружница Гостивар за сторено Кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување“ предвидено во чл. 353 од КЗ на РМ, и тоа против директорот и референтот, поради тоа што истите првично со усмено укажување, а потоа со склучување на договор со лицето Б. Џ. му наредиле, наложиле на истиот во одел 90 од ШСЕ Дуф Маздрача да врши сеча и дотур на огревни дрва во кој оддел предходно со решение од шумарскиот инспектор имало забрана за сеча, предизвикувајќи на тој начин поголема имотна штета на ЈП Македонски Шуми, а во корист на лицето Б. Џ.*

Откривачкиот процес, не може да биде ефикасен доколку меѓуинституционалната соработката со другите институции не е на задоволително ниво. Соработката и кординираниот пристап на институциите на системот како што се Јавното обвинителство, Финансиска полиција, Управа за финансиско разузнавање, Управа за јавни приходи**,**

Државна комисија за спречување на корупција, Државниот завод за ревизија, и сл.може да даде соодветен придонес во борбата против овој вид на криминал.

Докажано е дека постојана комуникација и размена на информации, помеѓу органите кои директно или индиректно се инволвирани во сузбивањето на криминалот, резултира со позитивни резултати во насока на откривање, расветлување и докажување на кривични дела особено кога станува збор за економско - финансискиот криминалитет.

Соработката на финансиската полиција со Министерството за внатрешни работи најчесто се одвива во делот на вештачење при утврдување на веродостојност на трагите на кривичното дело, вередостојност на потписи, фалсификување, размена на криминалистички податоци како и во други случаи во зависност од криминалната ситуација.

*Пример од лично искуство во однос на соработката помеѓу Финансиската полиција каде се налага потреба на вештачење на потписите. Имено во текот на 2013 година во Управата за Финансиска полиција поднесена е пријава против градоначалник на Тетово во која меѓу другото беше наведено дека во временскиот период од 2009 до 2013 година од страна на градоначалникот извршени се инкриминирани дејствија, и истиот е осомничен за сторено кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување. Од извршените проверки, произлезе дека градоначалникот на Тетово, бил инволвиран во инкриминирани дејствија во однос на непочитуванање на законот за јавни набавки, но требаше да се утврди дали во конкретниот случај биле инволвирани и други лица. Така што се јави потреба да се изврши вештачење на потписи наведени во градежните ситуаци со неспорни потписи од лица кои биле овластени за да се потпишат. Во конкретниот случај соработка помеѓу Финансиската полиција и МВР, се гледа во потребата на доставувањето на неспорните потписи од сите извршители и градежни инспектори во Општина Тетово до МВР - Оддел за криминалистичка техника - Скопје за вештачење на потписи односно споредба на потписите на наведените лица со потписите на градежните ситуации, кои се доставени до општина Тетово од страна на наведената фирма за исплата. За конкретниот случај од страна на МВР – Оддел за криминалистичка техника добиен е одговор со архивски број 22.7 – 60157/1 од 31.10.2013 година за вештачење на потписи при што од нивна страна утврдено дека во 16 времени ситуации има спорен потпис напишан во рубриката ,,Надзорен орган,, и истиот потпис не е идентичен од доставените примероци на неспорни примероци. Наведените констатаци со писмен акт Известување согласно член 282 став 1 од ЗКП[133], доставено е до ОЈО Тетово за нивно информирање и добивање на насоки за понатамошно постапување. До моментот на пишување на трудот повратен одговор не е добиен.*

[133] *Сл. весник на РМ бр. 150/10, 51/11 и 100/12)*

Погоренаведените органи треба постојано и будно да следат што се случува на теренот, како и да постои постојана комуникација и размена на информации помеѓу истите, со цел да може полесно да се открие, а потоа и да се сузбива криминалот.

Успешното спротивставување на организираниот економско – финансиски криминалитет во услови на општествено – економскиот и политичкиот систем во нашата држава треба да се одвива во три фази:[134]

1. Првата фаза која има превентивен карактер и во која учествува државата со сите надлежни органи и институции и субјекти со цел отстранување на условите кои му погодуваат на настанувањето и развојот на криминалитетот низ неговите бројни појавни облици и форми.
2. Втората фаза се состои во оперативната дејност на Полицијата и другите надлежни органи и институции за идентификација на постојните појавни облици и преземање на криминалистички дејствија преку криминалистички начини, методи и средства за откривање, разјаснување и документирање на конкретните кривични дела на секој поединечен криминален случај, а исто така и за откривање и на сторителите на сите поединечни криминални акти и секако, обезбедување на предметите и трагите од криминалниот настан како доказен материјал за понатамошната кривична постапка.
3. Третата фаза опфаќа кривичен прогон на сторителите и нивно осудување, што според надлежноста спаѓа во доменот на Јавниот обвинител и Судот. Одредени одредби од новиот ЗКП, ја дефинираат улогата на државните органи и институци инволвирани во истражувањето на криминалитетот, а воедно и нивната меѓесубна соработка.

Пример според чл. 287 од ЗКП,[135] по барање на јавниот обвинител, државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, организации, правни и физички лица што вршат јавни овластувања или други правни лица ќе му ги доставaт податоците кои од нив ги барал. Јавниот обвинител од овие субјекти може да бара контрола во

[134] Николоска, С., *оп. цит*. стр.111. (2)

[135] *Сл. весник на РМ бр. 150/10, 51/11 и 100/2012*

работењето на правно и физичко лице и привремено одземање до донесување на правосилна пресуда, на пари, харти од вредност, предмети и документи кои можат да послужат како доказ, да бара вршење на даночна контрола и да му бидат доставени податоци кои можат да послужат како доказ за сторено кривично дело или имот стекнат со извршување на кривично дело, извршување на инспекциска контрола и да бара известување за податоци кои се во врска со необични и сомнителни парични трансакции. На барање на јавниот обвинител операторите на јавни комуникациски мрежи и даватели на јавни комуникациски услуги се должни да достават податоци за остварени контакти во комуникацискиот сообраќај.

Исто така, согласно член 8 од ЗКП,[136] предвидена е меѓуинституционална соработка и правната помош на Правосудната полиција, Јавниот обвинител и на Судот за водењето на кривичната постапка кои што можат да побараат помош од судовите, Јавното обвинителство, органите на државната управа и други државни органи, институции што вршаат јавни овластувања и од органите на единиците на локалната самоуправа. Тие органи се должни да одговорат по барањето во најкраток рок, а можните пречки да ги отстранат без одлагање. Ограничување постои во случаите на барани класифицирани информации се до моментот на укинување на таа обрска од страна на надлежен орган.

За да биде поефикасна меѓуинституционалната соработка која би резултирало со давање на подобри резултати, помеѓу државните институции кои имаат директна или индиректна надлежност во истражувањето на економско - финансискиот криминалитет се склучуваат меморандуми, протоколи за соработка, билатерални и регионални договори. Ваквите меморандуми се склучуваат со цел за натамошно поттикнување и јакнење на меѓусебната соработка во процесот на спроведување на Законот за кривична постапка, Законот за полиција, Законот за јавно обвинителство и другите прописи од значење за борбата против криминалот.

Заради успешно справување со криминалот и откривање на сторителите на кривични дела и ефикасно спроведување на кривичната постапка, МВР на РМ, вакви меморандуми, протоколи и договори има склучено со повеќе институци но јас би ги

[136] *Сл. весник на РМ бр. 150/10, 51/11 и 100/2012*

наброил само неколку што ја тангираат проблематиката на економско – финансискиот криминалитет во која група спаѓаат и злоупотребите на службената положба и овластување, и тоа:[137]

- Протокол за соработка помеѓу МВР на РМ и Јавното обвинителство на РМ во кривичната постапка бр.12.1-79747/1 од 10.12.2013 година.

- Договор за размена на податоци помеѓу МВР на РМ и Централен регистар на РМ со бр. 03 – 88/2 од 2901.2002 и Анекс на Договор за размена на податоци со бр. 03 – 1168 од 27.09.2002 и бр. 16.2 – 45179/1 од 30.09.2002.

- Договор за електронска размена на податоци меѓу Фондот за пензинско и инвалидско осигурување на РМ и МВР на РМ со бр.14 – 1154/5 од 10.06.2004 и бр. 16.1 – 35896/1 од 29.06.2004 и Анекс на договорот за електронска размена на податоци со бр.19 – 1154/8 од 19.11.2004;

- Договор за проверка на лични податоци меѓу МВР на РМ и Агенција за вработување на РМ, со бр.13.1 – 17423/1 од 22.03.2006 и бр. 03 – 418/8 од 24.03.2006;

- Договор за електронска размена на податоци меѓу МВР на РМ и Народна банка на РМ, со бр.16.1-67871/1 од 23.12.2004 и бр.6209 од 27.12.2004 и Анекс кон договорот за електронска размена на податоци со бр.13 – 14638/1 од 05.03.2007 и бр509/3 од 05.03.2007;

- Договор за давање на лични податоци на користење склучен помеѓу МВР на РМ и Фондот за здравствено осигурување на Македонија, со бр.16.4.1 – 48190/1 од 25.07.2007 и бр.02 -9907/1 од 24.07.2007, Анекс на договор со бр. 14.1 – 50674/1 од 13.07.2010 и бр. 02 – 9907/2 – 07 од 28.07.2010 година.

---

[137] Податоците се обезбедени од МВР на РМ, БЈБ, Сектор за заеднички работи и управување со човечки ресурси , 2014 година - Скопје.

- Договор за давање на лични податоци на користење склучен помеѓу МВР на РМ и Министерство за финанси – управа за јавни приходи со бр. 16.4 – 39288/1 од 14.06.2007 и бр. 03 – 4855/4 од 11.06.2007;

- Договор за давање на лични податоци на користење склучен помеѓу МВР на РМ и Министерство за Финанси – Управа за финансиска полициј, со бр. 16.4 – 38929/1 од 13.06.2007 и бр.22 – 22248/1 од 13.06.2007;
- Договор за давање на лични податоци на користење склучен помеѓу МВР на РМ и Министерството за финанси – Дирекција за спречување на перење пари со бр.16.4 – 38930 од 13.06.2007 и бр. 21 – 22243/1 од 13.06.2007 ;
- Договор за давање на лични податоци на користење склучен помеѓу МВР на РМ и Министерството за финанси – Царинска управа со бр. 16.4.1 – 51735/1 од 10.08.2007 и бр.02 – 21662/1 од 11.12.2007;
- Договор за користење на лични податоци склучен помеѓу МВР на РМ и Министерството за здравство, бр.14.1 – 78336/1 од 30.11.2009 и бр.08 – 8895 од 05.11.2009 година;
- Договор за електронска размена на податоци склучен помеѓу МВР на РМ и Државен завод за статистика бр.12.1 – 26981/1 од 22.04.2013 г и бр. 02 – 581/1 од 05.04.2013 година;
- Договор за давање на лични податоци на користење склучен помеѓу МВР на РМ и Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер бр.13.1 – 51032/1 од 14.08.2008 година;
- Договор за користење на интернет дистрибутивен систем од трговскиот регистар и регистарот на други правни лица бр. 07 – 78076/1 од 04.11.2008 година помеѓу МВР на РМ и Централен регистар на РМ ( за потребите на Оддел за организиран криминал при МВР на РМ).

Целта на кординацијата е постоењето на меѓусебна институционална комуникација, соработка и планирање на заеднички акции при вршење на контроли и водење на финансиски истраги за криминални случаи кои речиси секогаш се

испреплетени со бројни криминални активности вршени на повеќе места и во различни временски периоди.[138]

## 4. ПОЛИЦИСКАТА УЛОГА ВО ОТКРИВАЊЕТО НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ

До пред неколку години само Полицијата располагаше со овластувања за преземање мерки и дејствија во предистражната постапка за откривање, расветлување и докажување на кривични дела, но и за пронаоѓање на сторителите на кривичните дела со цел успешно водење на кривичната постапка.

Во денешно време согласно Законот за кривична постапка[139] истите овластувања што ги има полицијата ги имаат Управата за финансиска полиција и Царинската управа.

Така што понатаму кога ќе станува збор за улогата и овластувањата на полицијата во откривање на кривичните дела против службената положба и овластување се мисли и за овие две институци.

Полицијата игра значајна улога во процесот на откривање, расветлување и докажување на кривичните дела од областа на економскиот криминалитет во тој контекст и кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување. Полицијата секојдневно од различни извори доаѓа до информаци за сторени кривични дела од страна на одредени лица кои се наоѓат на одредена функција во државните органи и други институци од јавен и друг карактер.

Информациите до оперативните полициски службеници доаѓат на најразличен начин и тоа по оперативен пат, по пријава на граѓанин, по извршената контрола од ревизорските куќи, по извршената контрола од внатрешната контрола на самата институција, соработката со инспекциските служби, информации добиени преку јавните гласила и др.

Улогата на полициските службеници во расветлувањето на коруптивните кривични дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување, е доста динамична, од причина што честопати имаме измени на законските прописи врз основа на

---

[138] Николоска С., *оп. цит.* , стр. 114. (2)

[139] Чл. 47 од ЗКП, *Сл. весник на РМ бр. 150/10, 51/11 и 100/12*.

што работат државните службеници и другите лица со јавни овластувања. Токму поради тоа, полициските службеници кои работат на оваа проблематика постојано треба да се усовршуваат, да бидат во тек со законските измени, со цел професионално да си ги вршат нивните работни задачи, која би резултирало со солиден доказен материјал во насока на расветлување и докажување на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување.

Полициската улога во процесот на откривање, расветлување и докажување, не може да биде ефикасна доколку соработката со другите институции не е на задоволително ниво. Соработката и кординираниот пристап со останатите институции како што се Финансиска полиција, Управа за финансиско разузнавање, Управа за јавни приходи, Антикорупцијска комисија, Државниот завод за ревизија, Јавното обвинителство и сл.може да даде соодветен придонес во борбата против овој вид на криминал.

Комплексниот пристап на проблемот со криминалитетот кој е навлезен во порите на власта и институциите, секако треба да биде со добро испланирани и комбинирани оперативно - тактички мерки и истражни дејствија.[140]

Должностите и овластувањата на полицијата во откривачкиот процес на кривични дела, се регулирани со законот за полиција и ЗКП.

### 4.1 Должности и овластувања на полицијата

Самиот поим полициски овластувања (police power) потекнува од САД. Настанал во уставната практика на оваа земја, а со нив се означува овластувањето на државата да регулира определени лични и сопственички права за одбрана на јавните интереси, вклучувајќи го тука и полициското дејствување заради одржување на поредокот, безбедноста, јавното здравје и моралот и општото добро на општеството.[141]

Овластувањата се легитимна можност на лица овластени со закон да ги преземаат сите законски мерки за спречување во извршување на казнени дела или откривање и фаќање на извршителите на тие дела.

---

[140] Николоска С., *оп. цит*, стр. 204. (1)

[141] Q.Wright."*Police Power*", Encyclopaedia Americana, New York, 1974, vol.22, pp. 301 - 302.

Под поимот “овластено службено лице на Министерството за внатрешни работи” се подразбира лице кое има должност и обврска, на начин и во случаите предвидени со закон да преземе соодветни мерки и активности со цел да го заштити животот и личната сигурност на граѓаните, да спречи и открие кривично дело, да ги пронајде и фати сторителите на кривичното дело, да го одржа јавниот ред и мир како и да ги извршува другите задачи што се ставени во негова надлежност, независно од тоа дали се наоѓа на службена должност и тоа му е ставено во задача и дали нивното извршување може да го доведе во опасност неговиот живот.[142] Во делокругот на полициските овластувања, односно ако постојат основи на сомнение дека е извршено кривично дело за кое се гони по службена должност, полицијата во предистражната постапка треба да преземе одредени полициски работи кои за да се реализираат потребни се на располагање полициските овластувања.

Должностите и овластувањата на полицијата во процесот на расветлување на кривични дела се регулирани со законот за полиција и ЗКП.

Претходната постапка во однос на ЗКП, беше составена од два дела -првиот дел (предистражна постапка) во рацете на извршната власт, на која и беа доверени работите за откривање и фаќање на сторителот на кривичното дело и пронаоѓање и обезбедување докази и вториот дел во рацете на судската власт, во кој што се изведувани докази што би биле правно употребливи на судењето.

Во практиката ова работење се покажа како неефикасно. Од една страна, полициските работи за откривање и обезбедување докази се продолжени врз целата претходна постапка, а од друга страна, Јавното обвинителство своите работи ги редуцира на техничката улога на ”оценувач” на полициските резултати и ги запостави другите, суштински работи на кривичното гонење. Предистражните дејствија досега ги реализираше полицијата, а формално законски требаше да управува Јавното обвинителство, исто така, истрагите би требало да ги води самостојно истражниот судија, но тој се ограничува на спроведување на предлозите на јавното обвинителство, кои пак

---

[142] Зафировски В., и.Јанкуловски, З., *Полициските овластувања и човековите права во РМ,* Скопје, 1999.

сами по себе најчесто само го потврдуваат она што обвинителството го добило од полицијата. Сето ова доведува до неекономично дејствување, од аспект што се трошат голем број средства додека предметот се расветли, додека да се обезбедат докази и истите тие докази да поминат низ рацете на трети овластени државни органи, т.е правно релевантните факти најпрвин ги утврдува полицијата  за потребите на кривичното гонење, истражниот судија и на крајот кривичниот суд.

Друга причина за реформа на истрагата е собирањето докази од страна на истражниот судија. Ако основната цел на целата претходна постапка е собирање докази заради донесување на одлука дали обвинителот ќе подигне обвинение, тогаш не е логично доказите за ова на јавниот обвинител да му ги собира истражниот судија. Исто така, зошто истражниот судија работи на расчистување на случајот, а на крајот не дава ни мислење за тоа дали се потврдуваат сомненијата од почетокот на истрагата, туку само му ги враќа списите од собираните материјали кој овој допрва ќе ги проучува за да донесе сопствена одлука.

Значи првобитно замислената поделба на претходната постапка на првиот стадиум (предистражна постапка) - во рацете на извршната власт, на која и беа доверени работите за откривање и фаќање на сторителот на кривичното дело и пронаоѓање и обезбедување докази  и на вториот стадиум - во рацете на судската власт, во којшто се изведувани докази што би биле правно употребливи на судењето, во практиката е пробиена и стана непотребна. Поради тоа може да се каже дека постоечкиот систем на претходната постапка во која сите субјекти на сличен начин ги извршуваат работите на истражувањето и кривичното гонење не успева јасно и изрично да ги оддели задачите на полицијата, јавните обвинители и судиите.

Разликата меѓу предистражните дејствија и истрагите во постојниот систем има изгубено на значење и се има сведено на обична формалност: со предистражните дејствија би требало да управува Јавното обвинителство, но тоа не го прави тоа, туку ги препушта на полицијата; истрагите би требало да ги води самостојно истражниот судија, но тој се ограничува на спроведување на предлозите на јавното обвинителство, кои пак сами по себе најчесто само го повторуваат она што обвинителството го добило од полицијата. Со

тоа практиката значително се оддалечила од намерата што историски ја имале европските континентални законодавци.

Така постоечкиот модел стана на некој начин одвишен и неекономичен: правно релевантните факти најпрвин ги утврдува полицијата за потребите на кривичното гонење, потоа истражниот судија и на крајот кривичниот суд, иако би било доволно претходната постапка да се насочи само врз известувањата и доказите што се потребни за одлуката за кривичното гонење, да се заврши со контрола на обвинението, а дури главната расправа да се организира и спроведе во функција на донесување мериторна пресуда во согласност со начелата на непосредното и контрадикторното изведување и оценка на доказите. Поради тоа реформата на казнената постапка ги отфрли овие противречности со осмислено и прецизно доделување на јасни и одвоени работи на полицијата, јавното обвинителство и судовите.

Ако предоминантна цел на истрагата навистина е собирање докази заради донесување на одлука дали обвинителот ќе подигне обвинение, тогаш не е логично доказите за ова на јавниот обвинител да му ги собира истражниот судија. Уште почудно изгледа тоа што истражниот судија работи на расчистување на случајот, а на крајот како што веќе беше наведено не дава ни мислење за тоа дали се потврдуваат сомненијата од почетокот на истрагата, туку само му ги враќа списите како куп материјали кој овој допрва ќе ги проучува за да донесе сопствена одлука. Со ваквото комплицирање истрагата непотребно се оддолжува, а со инволвирање на истражниот судија како активен истражувач неретко го прави пристрасен и со тоа неподобен како гарант за правата и слободите на граѓаните. Една од главните причини за напуштање на истражниот судија е тоа што тој се покажа како неефикасен и во двете улоги: во суштина не собираше многу нови докази, различни од оние што претходно веќе ги собрале органите на откривање и гонење, ниту пак ефикасно ги штитеше правата и слободите на поединецот. Од овие причини, истражната постапка сега битно се деформализира, доказите не се изведуваат, туку само се собираат, а за првпат се изведуваат на главната расправа, освен во посебно определени случаи каде што може да се организира посебно доказно рочиште. Со тоа претходната постапка значително се забрзува, а се нагласува и значењето на главната расправа како централен дел на кривичната постапка каде што доказите се тестираат во

јавна и контрадикторна расправа, што е есенцијално за едно правично судење. Во смисла на ова, правилата за докажување не се исцрпно регулирани во истрагата, а доказните средства се извлекуваат и се обработуваат во посебна Глава од ЗКП. Законот има и поинаков концепт на истражните дејствија од постојниот ЗКП, бидејќи доследно имплементирање на новиот концепт не подразбира сослушување на сведоците и вештаците во смисла на изведување на доказите уште во истрагата.

Но и покрај, погоренаведените предности на новиот ЗКП, институциите на системот кои се директно инволвирани во примена на истиот во практиката се соочуваат со низа потешкоти, од технички и друг аспект.

Имено некои одредби од новиот ЗКП, не можат да се применуваат доследно, пред сè поради немање технички услови.[143]

### 4.2 Должности и овластувања на полицијата според новиот ЗКП

Новиот ЗКП не го користи терминот криминалистичка полиција туку се определил за нов термин правосудна полиција. Под правосудна полиција според новиот ЗКП се подразбираат полициски службеници од Министерството за внатрешни работи и припадници од Финансиската полиција и со закон овластени лица на Царинската управа, кои му се ставени на располагање на јавното обвинителство во откривањето и гонењето на кривичните дела и водењето на истражната постапка.

Новата реформа која е спроведена во кривичната постапка овозможува целокупната постапка да ја носи јавниот обвинител. Соработката помеѓу полицијата е значително зголемена, како и соработката со другите специјализирани органи кои ќе се од корист за криминалистичко истражување.

---

[143] Како пример би го посочил чл. 278 од ЗКП кој се однесува за препознавање на осомничен, и каде точно се предвидени условите кои треба да бидат исполнети за да биде правична постапката. Имено одредени Сектори и НК за КР на ниво на Македонија не можат доследно да го спроведат дејствието на препознавање поради немање соодветни услови.

Според постојниот ЗКП претходната постапка е составена од предистражна постапка (кривична пријава и овластување на органите во предистражната постапка, посебните истражни мерки) и истрагата.

Во предистражната постапка полицијата е мошне моќна. Тоа се гледа и од одредбите на Законот за полицијата кој на полицијата и ги дава задачите за спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела. ЗКП исто така и налага на полицијата да го открие сторителот, да ги обезбеди сите докази и да ги собере сите релевантни информации.

По приемот на кривичната пријава или добиеното сознание за сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, полицијата е должна да ги преземе потребните мерки за пронаоѓање на сторителот на кривичното дело, сторителот или соучесникот да не се скрие или побегне, да се откријат и обезбедат трагите на кривичното дело и предметите што можат да послужат како доказ, како и да ги собере сите известувања што би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка.[144]

Заради извршување на овие задачи полицијата може:[145]

- Да бара потребни известувања од граѓани;
- Да сопре, легитимира и да изврши потребен преглед на лица, превозни средства и багаж ако постојат основи на сомневање дека кај нив ќе се пронајдат траги на кривичното дело или предмети што можат да послужат како доказ.

  Времето на нивното задржување не може да биде подолго од шест часа.

  Полицијата може да употреби сила во разумна мера само како крајно средство ако тоа е нужно за да се изврши преглед на лицето, превозното средство или багажот;
- Да пренасочи или ограничи движење на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време, но не повеќе од шест часа;

---

[144] Чл. 276 ст.1 од ЗКП *Сл. весник на РМ бр.150/10, 51/11, 100/12.*

[145] Чл. 276 ст. 2 од ЗКП *Сл. весник на РМ бр.150/10, 51/11, 100/12.*

- Да преземе потребни мерки заради утврдување на идентитетот на лицата и на предметите;
- Да спроведе потрага, да распише распис по лицето и објава по имотот и имотната корист или по предметите по кои се трага;
- Во присуство на службено или одговорно лице да изврши преглед на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и да оствари увид во нивната документација и
- Да преземе други потребни мерки и дејствија предвидени со закон.

За да се реализираат погоренаведените работи, на полицијата и се потребни одредени овластувања:

Според чл. 28 од ЗП[146], полициските овластувања се:

- Проверка и утврдување на идентитетот на лица и предмети;
- Собирање на информации;
- Повикување;
- Приведување;
- Задржување;
- Потрага по лица и предмети;
- Пренасочување, насочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време;
- Предупредување и наредување;
- Привремено одземање на предмети;
- Преглед на деловни простори и увид во деловна документација;
- Сопирање легитимирање преглед или претрес на лица, превозни средства и багаж;
- Обезбедување и преглед на местото на настанот;
- Примање на пријави;
- Јавно распишување награда;
- Снимање на јавни места;
- Собирање, соработка, анализирање, користење, оценување, пренесување, чување и бришење на податоци и обработка на лични податоци;

[146] *Сл. весник на РМ. бр. 114/06, 6/09, 145/12 и 41/14.*

- Примена на посебни истражни мерки и прикриени извори на податоци и
- Заштита на лица опфатени согласно со прописите на заштита на сведоци.

Овде ќе ги обработиме овластувањата што полицијата најчесто ги применува во откривањето на коруптивните кривични дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување.

#### *4.2.1 Повикување*

Во предистражната постапка, заради расветлување на кривичното дело, полицијата има овластување според ЗКП да повикува граѓани со писмена покана со цел собирање на потребни известувања неопходни за извршување на полициските работи. Повикувањето се врши преку писмена покана каде што е наведено име и презиме на лицето кое се повикува, назив, место, и адреса на седиштето на организационата единица на Полицијата каде што се повикува, причините за повикувањето, местото, денот и часот кога треба да дојде како и поука за право на бранител во полициската постапка, како и последиците доколку не се јави на поканата. Полицискиот службеник е овластен да повика лице и усно, при што е должен да му ги соопшти причините за повикувањето, а со согласност на лицето може да го превезе до службените простории. Исто така, законот дозволува лице може да се повика и преку средствата за јавно информирање кога е тоа неопходно потребно заради опасност од одлагање, безбедност на постапувањето или кога поканата се упатува на поголем број лица.

Повикувањето како полициско овластување во предистражната постапка е од големо значење за целокупната постапка, поаѓајќи од аспектот дека преку информативниот разговор се прибираат информаци кои можат да бидат корисни во понатамошната постапка.

Инаку, кога се работи за осомничен за сторено кривично дело “Злоупотреба на службената положба и овластување” вообичаено се практикува, осомничениот да се повика на крај односно откако веќе се обезбедени факти, за неговата инволвираност во конкретен случај. Доколку осомничениот што е повикан не дојде, а својот изостанок не го оправда, или доколку го одбегнува приемот на поканата се постапува кон лишување од слобода на истиот. Кога станува збор за кривичните дела со елементи на злоупотреба на

службената положба и овластување, разговорот со осомничениот односно неговата изјава за криминалниот настан не игра некоја улога бидејќи истиот не се смета како доказен материјал. За расветлување и докажување на криминалниот настан со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување битно е да се обезбеди доказен материјал кој се состои од разновидна пишана документација. Така што кога, ние располагаме со ваква документација, разговорот со осомничениот е формален, но сепак при водење на истиот пред сè треба да се почитуват правилата и прописите регулирани со ЗКП, Законот за полиција, правилници, упаства и други прописи со кои е регулирана ова материја. Пред започнување на разговорот со осомничениот на истиот му се нуди право на бранител, а негово е да одлучи дали ќе ангажира адвокат или не, зашто се сочинува записник за право на бранител. Иако што изјавата од осомничениот нема доказна вредност, сепак оперативниот службеник пред да започне со разговорот, треба убаво да го проучил предметот со кои е задолжен, да направи ориентационен план за прашањата кои ќе му ги постави на осомничениот, а со цел од него да извлече корисни информаци, кои дополнително би го потврдиле тоа што веќе е расветлено, а воедно постои можност да се откриваат и други детали од криминалната ситуација за кои претходно не биле забележани. Во текот на разговорот, оперативниот работник во одредени моменти може да го прекине осомничениот при неговото објаснување, и да му предочи одредени факти, кои го потврдуваат спротивното. Тоа го прави, за да го убеди осомничениот дека полицијата ја знае вистината, и неговите обиди за да ја смени реалноста е губење време.

Тактиката на оперативниот службеник во однос на предочување на доказите се сотои во неговата стратегија што ја има изготвено. Доколку станува збор за криминален настан, за кои се располага со квалитетен доказен материјал, доказите на осомничениот можат да му бидат предочени дури и пред започнување на разговорот. Доколку за нешто не сме сигурни, при разговорот со осомничениот плански му се поставуваат прашањата, и хронолошки му се предочаат доказните материјали, за осомничениот да не биде во состојба да знае со кои конкретни податоци располага оперативниот службеник, а во таква ситуација на неизвесност се откријат одредени детали кои се доста важни за составувањето на елементите на мозаикот наречен криминална ситуација. Без разлика која стратегија или тактички начин оперативниот работникот ќе употреби при водење на

разговорот, целта е да се постигне квалитетна изјава, која пред сè зависи од стручноста на оперативниот работник, и неговата трпеливост при водење на разговорот.

### *4.2.2 Приведување*

Во домашното законодавство и практика постои определена конфузија и невоедначеност во користењето на поимот „Приведување“. Во секојдневниот говор со него се опишува постапувањето на полицијата со лицето лишено од слобода врз основа на писмена наредба издадена од надлежен суд, како и заради спроведување во просториte на полициската станица по лишување од слобода без судски налог. Во оваа смисла, ЗКП прави разлика помеѓу приведување со и без налог од судот. ЗКП пак поаѓа од терминологијата на чл. 12 на Уставот на РМ, кој прави разлика помеѓу “Приведување” и „Лишување од слобода”, па така поимот приведување го користи за апсењето со налог на суд и „Лишувањето од слобода“ како наслов за апсењето без судски налог, (како исклучок во итни случаи). Односно, приведувањето согласно чл.157 ст.1 од ЗКП не е ништо друго туку апсење со налог, додека лишувањето од слобода чл. 158 ст.3 од ЗКП е всушност, апсење без налог, по иницијатива на МВР.

Наредба да се приведе обвинетиот може да издаде судот ако постојат основи за притвор од членот 165 на ЗКП, ако веќе е донесено решение за притвор, ако уредно повиканиот обвинет не дојде, а својот изостанок не го оправда или ако не можело да се изврши уредно доставување на поканата, а од околностите очигледно произлегува дека обвинетиот го одбегнува приемот на поканата.[147]

Наредбата за приведување се издава писмено и неа ја извршува полицијата. Наредбата треба да содржи име и презиме на обвинетиот што треба да се приведе, назив на кривичното дело што му се става на товар со наведување на одредбата од законот, основот поради кој се наредува приведувањето, службен печат и потпис од судијата кој го наредува приведувањето.

Наредбата за приведување се издава писмено и неа ја извршува полицијата.Наредбата треба да содржи име и презиме на обвинетиот што треба да се приведе, назив на кривичното дело што му се става на товар со наведување на одредбата

---

[147] Чл. 157 ст. 1 од ЗКП *Сл. весник на РМ, бр.150/10, 51/11 и 100/12*.

од законот, основот поради кој се наредува приведувањето, службен печат и потпис од судијата кој го наредува приведувањето.

Лицето на кое му е доверено извршувањето на наредбата на обвинетиот му ја предава наредбата и го повикува доброволно да појде со него. Ако обвинетиот одбие доброволно да појде, ќе го приведе присилно. По исклучок, кога се очекува активен отпор, приведувањето ќе се изврши без претходно предавање на наредбата.

Доколку лицето пружи отпор полицијата во предистражната постапка има овластување да го приведе, притоа употребувајќи разумна сила за совладување на неговиот отпор.

Приведувањето се врши од страна на најмалку двајца полициски службеници.

### *4.2.3 Задржување*

Задржувањето е привремено ограничување на слободата на движење на одредено место или просторија. Задржувањето е уредено со процесни прописи, а го спроведува полицијата по повод извршување на казнено дело.

Правосудната полиција**,** по исклучок, лицето лишено од слобода согласно со основите и постапката на лишување од слобода без налог од суд може да го задржи, ако задржувањето е потребно заради:

- Утврдување на идентитетот;
- Проверување на алиби или
- Од други причини е потребно да се соберат нужни податоци за водење на постапката против тоа лице.

Според ЗКП ,чл 159 ст.2[148] лицето лишено од слобода кое е задржано мора да биде известено:

- За причините за лишувањето од слобода и за задржувањето;
- За делото за кое се товари;
- Ќе се поучи за правото на молчење;

---

[148] *Сл. весник на РМ, бр. 150/10, 51/11 и 100/12.*

- За правото на информирање на семејството или друго лице по негов избор;
- За правото на бранител и
- За правото на лекарски преглед.

На овие права лицето може да се повика веднаш или во кое било време додека е задржано. Лицето лишено од слобода мора во рок од најмногу шест часа да се доведе пред службеникот за прифат во посебно определените полициски станици, кој со посебно пишано и образложено решение ќе одлучи дали лицето ќе се задржи поради причините ако задржувањето е потребно заради утврдување на идентитетот, проверување на алиби или од други причини е потребно да се соберат нужни податоци за водење на постапката против тоа лице, или ќе биде пуштено на слобода.

Секое задоцнување мора посебно да се образложи.

За лицата лишени од слобода се води посебен регистар во информатичкиот систем на Министерството за внатрешни работи. Увид и контрола во овој регистар редовно врши надлежниот јавен обвинител. Увид во овој регистар врши и Народниот правобранител на Република Македонија.

Службеникот за прифат го известува јавниот обвинител веднаш по приемот на лицето лишено од слобода. Известувањето се внесува во записникот за задржување. Службеникот за прифат ги внесува во записник и приемот на предметите одземени од лицето лишено од слобода.

Примерок од овој записник се доставува на јавниот обвинител, лицето лишено од слобода и полицискиот службеник што го довел.

Службеникот за прифат наложува претрес на лицето лишено од слобода при неговото доведување во полициската станица или друго место определено за задржување.

Предметите и трагите кои можат да послужат како доказ или кои можат да ја загрозат безбедноста на лицето лишено од слобода или некое друго лице привремено ќе се одземат со потврда. По потреба ќе се наложи и лекарски преглед на лицето лишено од слобода, а тој секогаш ќе се наложи ако лицето се жали на повреда, болка или болест.

Службеникот за прифат секогаш ќе праша дали лицето боледува од некаква болест и дали е на некаков медицински третман, односно лекарства.

Новиот ЗКП дозволува (чл 161 ст.1)[149] лицето лишено од слобода може насамо да се советува со адвокат во секое време, било да е дење или ноќе.

Ако нема свој адвокат или не може да стапи во контакт со него, лицето лишено од слобода може да побара да ја види листата на дежурните адвокати.

Адвокатот може во секое време да дојде да го посети во полициската станица. Во времето од 20 (часот) навечер до 8 (часот) наутро лицето има право да добие адвокат од листата на дежурни адвокати, која ја составува Адвокатската комора на Република Македонија. Трошоците за дежурниот адвокат како бранител за време на задржувањето ноќе паѓаат на товар на Буџетот на Република Македонија.

Според чл 162 ст. 2 од новиот ЗКП,[150] лице кое е странски државјанин има право да контактира со дипломатско - конзуларното претставништво на неговата земја. Полицијата ќе му помогне да стапи во контакт со дипломатско - конзуларното претставништво или со друг претставник со дипломатски статус кој ги застапува интересите на неговата земја.

Задржувањето може да трае најдолго 24 часа од моментот на лишување од слобода и во овој рок лицето мора да се изведе пред надлежниот судија. По истекот на овој рок задржаното лице мора да биде пуштено на слобода.

Лицето се задржува во посебно уредени полициски станици или за таа намена посебно уредени простории на Царинската управа и Управата за финансиска полиција, определени со акт на министерот за внатрешни работи, односно министерот за финансии.

За секое задржано лице, службеникот за прифат составува посебен записник во кој се внесуваат податоци за: денот и часот на лишувањето од слобода; причините за лишувањето од слобода; причините за задржувањето; времето кога е поучено за неговите права; знаци на видливи повреди, болест, ментална растроеност и слично; кога е контактирано со семејството, бранителот, лекар, дипломатско - конзуларно претставништво и податоци кој и кога разговарал со него; дали е префрлено во друга полициска станица; ослободување или изведување пред суд и други важни податоци.

---

[149] *Сл .весник на РМ, бр. 150/10, 51/11 и 100/12.*

[150] *Сл. весник на РМ, бр. 150/10, 51/11 и 100/12.*

Задржаното лице ќе се потпише на записот во однос на часот и датумот на лишувањето, часот и датумот на пуштањето на слобода и поуката за правото на бранител, како и на записникот во целина. Отсуството на потпис на задржаното лице службеникот за прифат мора да го образложи.

### *4.2.4 Начин на дознавање - прибирање на информации*

Начини на дознавање за извршено кривично дело „Злоупотреба на службената положба" најчесто се оперативни извори, јавно озборување, проверки извршени од државниот завод за ревизија, соработка со други државни органи, инспекциски служби, пријави од државна комисија за спречување на корупција, управа за финансиско разузнавање преку анонимни пријавители, непосредна пријава на граѓанин на записник за примање на пријава, преку примање на информации од граѓани по телефон, писмен пат, средства за електронски комуникации, социјални мрежи и сл.

Една од најзначјните алки на полициското работење е оперативната дејност. Самата оперативна дејност се карактеризира со собирање информаци од разни извори, кои укажуваат на криминални однесувања, случаи, криминални жаришта и сл. Начинот на стекнување со нив, е различен и тоа од лица кои ги сметаме како соработници, или информатори, преку вршење на основните функции-превентивната и репресивната функција, преку останатите функции кои се доста значајни од аспект на добивање оперативни сознанија: управната, прекршочната, и други постапки, во зависност од предметот на постапување.

Соработката со граѓаните во откривачкиот процес на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување е најповеќе користен метод од страна на оперативните службеници. Суштината на овој метод е добрата комуникација со граѓаните, водењето на неврзани разговори за случувањата на нивното подрачје и поттикнување разговор за криминалните активности кои се прават во нивното место на живеење, дали тие се жртви на нечии криминални однесувања, дали некои лица за брзо време се збогатиле откако дошле на некоја функција и сл. Граѓаните се тие што имаат различни потреби од институциите на системот, на централно или локално ниво. На пример, имаат потреба од комуналните услуги, од Агенцијата за катастар на недвижности, од здравствените, образовните институци, јавните претпријатие за стопанисување со

шумите и сл, и истите можаат да се наоѓаат во ситуација нивните права да бидат погодени токму од злоупотреба на лица од овие институции. Ваквите појави, ги наведуваат граѓаните да зборуваат за нивното разоткривање. Добиените информации од соработката со граѓаните, оперативните службеници ги преточуваат низ пишувани материјали кои со понатамошна анализа и селекција се користат во натамошните планирања на мерките во рамките на криминалистичката контрола, но и планирање на мерки за отворање на криминалистичка обработка за одреден криминален настан.

Соработката на оперативните службеници со граѓаните може да биде на ниво на добивање информации од воспоставена оперативна мрежа на информатори и соработници во зависност од степенот и начинот на воспоставената соработка помеѓу граѓаните и оперативниот службеник. Не постојат современи полиции во светот кои не го користеле или не го користат овој наједноставен, но истовремено и контроверзен, деликатен и суптилен извор на информаци.[151]

Без негово користење практично не е можно откривање, разјаснување и превенирање одредени видови кривични дела од областа на економскиот криминалитет. Затоа, пак, информаторот како неизбежно средство на криминалистичко работење, кое како главен носител на криминалистичката известувачка служба има големо значење во репресивното и превентивното спречување на криминалитетот.

Под поимот информатор подразбираме физичко лице кое на оперативните службеници систематски, повремено или перманентно и на дискретен начин им пружа криминалистичко - релевантни информации за конкретни криминални однесувања, како и за сторителите на таквите општествено штетни однесувања.

Тајноста е најзначајниот елемент при дефинирањето на информаторот.[152]

За добивање на информации за криминалитетот против службената положба и овластување, оперативните службеници, најчесто, како информатори користат стручни лица од одредена професија. Стручниот информатор поседува максимален степен на стручност, информираност и комуникативност, кои му ги овозможуваат неговата професија и тесната специјализираност на работното место, така што тој забележува

---

[151] Николоска С., *оп. цит*, стр. 217. (1)

[152] Ангелески М , *Поим и класификација на информаторите,* Безбедност, бр.2, 1992, стр. 146.

такви криминални факти и надворешни манифестации на деликтите поврзани со злоупотребите кои не можат да ги откријат и информаторите кои немаат познавање или тесна поврзаност во струката, професијата, работното место и сл.

Легалните извори заземаат се позначајно место во редот на начините и методите на дознавање за сторено кривично дело или за сторители на кривични дела. Овие извори на сознанија имаат особено значење кај кривичните дела со елементи на злоуоптреба на службената положба и овластување, бидејќи низ бројните легални извори - документи може да дојдеме до податоци за криминални однесувања.

Всушност, се работи за факти забележани во разни евиденции, регистри, прегледи, картотеки, записници од инспекциски служби, извештаи или други деловни книги. Ваквите широко достапни факти, со претходно групирање, анализирање и криминалистичко тактичко согледување (преку примена на методот на елиминација и преку други индицијални методи), може да укажат на сомнение за постоење на разни криминални настани. Како позначајни легални извори на информации би ги издвоиле: записниците од инспекциските служби, тендерска документација, царинска документација, трговски регистар, купопродажни договори, солемнизации, трговски регистар како и ревизорските извештаи кои се многу значајни при расветлување и докажување на кривични дела од областа на економско – финансискиот криминалитет.

Ревизорските извештаи се многу значајни за оперативните службеници бидејќи претставува официјален документ во кој се констатирани одредени неправилности во однос на конкретна институција која е предмет на ревизија.

*Ќе наведам два примера, од лично искуство каде ревизорскиот извештај беше главна основа, за поднесување на кривични пријави против директор на ЈП Комуналец - Гостивар и директор на државна болница Гостивар. Имено во првиот случај ревизорите имаа констатирано дека директорот самоиницијативно на неколку лица, им ги намалил обрските за плаќање на комунали, таксите во однос на одредени услуги и сл. Со ваков селективен пристап, директорот ги пречекорил границите на своите овластување, во корист на одредени граѓани, а на штета на буџетот на општина Гостивар, и против истиот беше поднесена кривична пријава за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“.*

*Другиот случај исто така е поврзан со ревизорски извештај сочинет од ФЗО - Скопје, во кој меѓу другото беше констатирано дека коефициентите врз основа на кои бил пресметан личниот доход, за одредени работници од државната болница Гостивар, бил поголем отколку што им следувало според стекнатото образование и нивните работни места. По извршените проверки, и обезбедување на доказниот материјал, НК за КР при ПС - Гостивар, против тројца вработени инволвирани во инкриминираните*

*дејствија поднесе кривична пријава за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“.*

Самиот ревизорски извештај треба добро да се анализира од оперативниот службеник, особено внимателно да се анализират неправилностите констатирани во самиот извештај, бидејќи не секогаш констатираните неправилности се основа за покренување на кривична пријава. Имено имаме случаеви кога, одредени неправилности немаат карактер на кривично дело, односно истите се санкционират со дисциплинска постапка.

Без разлика на констатираната состојба во ревизорскиот извештај, оперативниот службеник, истата состојба треба да ја потврди со поткрепа на соодветен доказен материјал, кој треба да го обезбеди во соодветните институци.

Методот на аналогија како начин на дознавање на криминални однесувања, посебно е карактеристичен кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување, бидејќи аналогно на откриен и расветлен случај се сомнева и за други случаи според факторите кои ја условуваат појавата на слични кривични дела, и начинот на извршување на истите.

**Пример од лично искуство**, *каде токму начинот на извршување и трагите што ги остава начинот на извршување, беа основните фактори за откривање и на други сторители на исто кривично дело. Имено до МВР на РМ - ЦПС, од страна на анонимен подносител беше доставена пријава против секретар, вработен во основно училиште во општина XX, поради сомнение за сторено кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување. Според пријавителот лицето XX, вработен како секретар во ОУ.XX, подолг период на име личен доход земал поголем износ на финансиски средства од колку што му следувало. По пријавениот случај, од страна на НК за КР при ПС Гостивар беа преземени мерки и активвности со цел утврдување на стварната состојба, при што беше утврдено дека осомниченото лице навистина за период од околу 4 години на име личен доход зел повеќе отколку што му следувало според работното место што го имал и неговото образование. Имајќи, го предвид образованието што го имаше секретарот, неговото работно искуство, како и други информаци добиени по оперативен пат за неговата личност, ценевме дека истиот не би можел сам да го направел тоа. Токму поради тоа НК за КР при ПС - Гостивар, и покрај расветлување на наведеното дело, продолжи со понатамошни проверки, при што констатира дека на слични инкриминирани дејствија бил инволвиран и неговиот претходник, како и директорите на наведеното училиште кај кои исто така се констатира дека нивниот личен доход, заедно со патни трошоци и хранарина бил повисок отколку што им следувало.*

Меѓу другите извори, оперативните работници како извор на сознанија ги користат медиумите како електронските така и пишуваните, а во последно време сè повеќе се користи компјутерската технологија т.е интернетот како значаен извор на сознанија за

криминална активност. Исто така, оперативните службеници преку личните согледувања особено, кога учествуваат во акциските контроли, непосредно можат да забележуваат криминал во одредена област поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување. Или пак може да се случи, при извршување на заедничка контрола со другите инспекциски служби во конкретен деловен објект, надлежните инспектори, да не ги применуваат законските прописи предвидени за санкционирање на конкретна појава, односно не преземање содветни законски мерки против сторителот на кривичното дело или прекршок, така што во конкретнипот случај доколку оперативниот службеник е стручен и располага со солиден фонд на знаења со разгледување на законските прописи кои ја регулираат одредената област, доаѓа до сознанија дека од страна на конкретните службени лица, сторено е кривично дело, кое се гони по службена должност.

Добиените сознанија во фазата на криминалистичката контрола имплицираат нивна понатамошна проверка преку насочување на оперативната дејност преку преземање на конкретни мерки и активности за потоа општите сознанија добиени во оваа фаза да ги преточат во конкретни сознанија, индицијални факти и докази кои н**е** насочуваат на конкретна криминална ситуација.[153] Средствата и методите на криминалистичката контрола треба постојано да се прошируваат, а успешноста на криминалистичката контрола непосредно ќе зависи од квалитетот и квантитетот на собраните информации.

### 4.3 Тактички начин на прибирање информации од информатор и соработник

Во полицискиот жаргон честопати се употребува поимот информатор и соработник. Информатор е лице кое на оперативните службеници, самоиницијативно на доброволна основа, им дава информаци и податоци за криминални однесувања на одредени сторители на кривични дела, или за конкретни кривични дела кои тој имал можност да ги забележи на различен начин, почнувајќи од работното место каде работи или на друг начин се стекнал со информаци кои укажуваат на извршени кривични дела.

Оперативниот работник со информаторите треба да работи внимателно од причина што преку него се доаѓа до првични информации за некој сторител на криминал кој може да биде од областа на криминалот на злоупотреба на службената должност и овластување.

---

[153] Николоска С., *оп. цит*, стр. 219. (1)

Оперативниот разговорот треба да го води на тој начин што, информаторот да се убеди во објективноста, сериозноста, на оперативниот соработник, и придобивките во крајната инстанца што би ги имале сите граѓани, од откривањето, расветлувањето на одредени кривични дела.

Практиката покажува дека најуспешните оперативни работници во подрачјата каде што работат се тие кои поседуваат поголем авторитет кон граѓаните. Тоа е така, бидејќи поголем број од граѓаните ценејќи ја стабилноста и авторитетот на оперативнот работник се осмелуваат на истиот да му пренесаат информации, за криминални ситуаци и дејствија за кои сметат дека се извршени од одредени лица.

За разлика од порано каде полицискиот службеник на граѓанинот кој се јавувал во својство на информатор, му даваше директни задачи за да провери нешто, со новата стандартна  оперативна процедура за постапување со информации, која во моментот е во сила, полицискиот службеник не смее да му дава директни задачи и насоки на информаторот како при првиот контакт, така и при подоцнежните контакти. Во таквите случаи полицискиот службеник постапува на тој начин што на информаторот му кажува доколку во меѓувреме забележува нешто и доаѓа до корисни информации во интерес на службата. За истото непосредно или на друг начин да го извести полицискиот службеник, давајќи му при тоа и телефонскиот број, особено за некој послoжен случај каде треба да се обезбеди солиден доказен материјал, од причина што постои можност врз основа на субјективните и објективните околности, информаторот да дава измислени работи кои би не воделе на погрешна насока. Токму поради тоа секогаш, доколку се имаа можност, информаците добиени од одреден информатор би било добро да се проверуваат дополнително преку најмалку друг информатор паралелник со што ќе се утврдува вистинитоста на првичните информации кои се иницијална каписла за планирање на конкретни мерки и активности за понатамошно постапување на оперативниот службеник.

За разлика од информаторот, соработникот е на повисок ранг, кога станувaa збор за откривањето и расветлувањето на некое кривично дело. Соработникот е лице кое свесно, организирано и тајно, по задачи од оперативниот службеник дава известувања и податоци за кривични дела и нивните сторители, како и за други факти кои се од значење за откривањето, расветлувањето и докажувањето на криминалните активности.

Соработникот се ангажира или вградува во непосредна близина на криминалните активности со цел да обезбедува и информира за планирани или извршени криминални активности.[154]

Имајќи ја предвид широката лепеза на институции, области, кои се регулирани со соодветни законски прописи, во кои претежно се среќаваат криминални активности со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување, оперативниот службеник не може сам на квалитетен начин да доаѓа до откривањее, расветлување, и докажување на делото. Токму поради тоа, за тој да биде успешен во неговата намера, од големо значење е ангажирање на стручни соработници, докажани во нивните професии. Практиката покажува дека во нашата држава кога општествениот систем на уредување бил еднопартиски систем оваа не било проблем, но во повеќепартискиот систем особено со донесувањето на законот за лустрација кога се отворија досиејата на многу соработници од минатото, ангажирањето на стручните соработници не е лесен, и покрај тоа што ниедно досие не е отворено за лице кои дале одредени информации за сторено кривично дело, во коешто е оштетен буџетот на државата.

При проверување на нешто, а со цел разјаснување на одредени криминални ситуации, не е правило секогаш оперативниот службеник да се обраќа до стручните соработници кои ги имаа во неговата соработничка мрежа, бидејќи може да се случи од објективни и субјективни причини соработникот или соработниците да не бидат во можност да даваат квалитетни информаци. Во тој случај оперативниот службеник стручните совети може да ги побара од други стручни лица, кои не се во неговата соработничка мрежа, а на кој начин ќе го изведе тоа пред сè зависи од вештината на оперативниот службеник, и способноста за перцепирање на најважните елементи од информацијата.

Со добивањето на  оперативната информација, оперативниот службеник, се стекнува со сознанија дека нешто се случува, но дали станувaa збор за криминална активност тоа треба да се провери, што значи почетоците на сомневање прераснуваат во

---

[154] Џуклески Г., *Вовед во криминалистиката*, Скопје 2006, стр. 87. (4)

процес на трагање по сомневањето. Сомневањето е оној златен мост, кој во развојот на криминалистичката обработка и на кривичната постапка, може да доведе до осознавање на познатото.[155]

Интересно е тоа што, кај кривичните дела од економски карактер во тој контекст и кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување, иницијалните основи на сомневање наведени на еден лист, по извршените проверки резултират со обемен доказен материјал кој за цел има да ги поткрепи основите на сомневање за докажување на кривичното дело и сторителот на истото. Во почетокот оперативниот службеник можно е да располага само со одредени информации кои бараат проверка, пред сè**,** дали се работи за криминален настан, односно дали постои кривично - правна оправданост (дали е инкриминирано одредено поведение како кривично дело во времето на сторувањето во Кривичниот законик), оперативниот службеник по првичната криминалистичко - тактичка ситуација создава пат за дознавање на тоа "што се случило." Разјаснувањето на фактот дека е сторено криминално дејствие веднаш го поставува прашањето "кој можел да го стори"?

Кај кривичните дела со елемнти на злоупотреба на службената положба и овластување кругот на можните сторители се стеснува, бидејќи се знаат овластувањата на одредените службеници кои имаат пристап за одредени работи. Но тоа не е доволно за докажување на криминалниот чин, односно потребно е да се преземат и други мерки и активности за да се дојде до одговори "кога и како се случило" а се со цел да се открие вистинскиот сторител на кривичното дело и против истиот да се поднесе кривична пријава.

Како носители на криминалистички информации се јавуваат траги и предмети на кривичното дело т.е " сигнали" што настанале со извршувањето на кривичното дело. Функцијата на сигналите е кај оперативниот работник да предизвикаат реакција (одраз на сомнение) како лично да присуствувал на тој чин (криминалниот чин) и дека се во состојба да дадат егзактно сознание.

---

[155] Водинелиќ В., *оп .цит.*, стр. 230-231 наведено според Николоска С., стр. 224. (1)

Информацијата е содржина на сигналот, а материјалното руво на сигналот ја чува и ја пренесува информацијата. Без сигнал нема информација, но ако таа не е извлечена "декодирана, дешифрирана" од сигналот, сигналот тогаш не ја пренел информацијата што останала латентна (сокриена).

Не е потребно да се откријат само сигналите, туку и нивната содржина (информацијата).[156]

Оперативниот службеник не смее да се задоволи со очигледни сигнали (кога кривичниот настан е видлив или трагата веднаш е видлива), напротив, мора плански и систематски да трага и да открива потенцијални и латентни сигнали и информации.
За таа цел оперативниот службеник треба да создава хеуристички верзии за можни извори (сигнали) на потенцијални и латентни информации и во нивните рамки да планира преземање на откривачки оперативно тактички мерки и истражни дејствија.

Создавајќи верзии за можните информативни полиња, оперативниот службеник не ќе ги пропушти ни претпоставките за информативните јазли, т.е за целината на изворите, кои содржат криминалистички информации за деветте златни прашања на криминалистиката.

Тие извори може да се наоѓаат на разни места, што е и карактеристика на кривичните дела против службената должност, заедно го чинат криминалистичкото поле на криминалистичката контрола и криминалистичката обработка и во најразлични сигнали. Кога повеќе сигнали содржат одредени криминалистички информации за еден ист криминалистичко релевантен факт или околност, тогаш имаме информативен јазол што е постигнат со разни оперативно - тактички и истражни дејствија.[157]

Криминалистичката информација во откривачкиот систем има ретроспективна (мисловна и стварна реконструкција на кривичниот настан), перспективна (планирање на преткривичната и кривичната постапка) и оперативно - управувачка функција (создавање на алгоритми и преземање на оперативно - тактички и истражни дејствија).[158]

---

[156] Водинелиќ В., *оп.цит*., стр.190 наведено според Николоска С. , стр. 226. (1)

[157] Николоска С., *оп. цит*., стр.,227. (1)

[158] Водинелиќ В., *оп. цит*.стр. 197, наведено според Николоска С., стр. 227.( 1)

### 4.4 Криминалистичка контрола

Постојат повеќе дефиници за тоа што претставува оперативната дејност. Некои автори при дефинирањето го употребуваат поимот оперативна дејност, а некои оперативна работа.

Според Алексиќ Ж и Миловановиќ З., под оперативна дејност се подразбира: систем на криминалистички методи и средства што полицијата ги применува заради спречување и откривање на кривични дела, потоа за собирање на податоци за личноста на сторителот (за местото каде што тој се наоѓа и за неговите врски), како и заради утврдување и обезбедување на предметите кои претставуваат доказни информаци.[159] Додека Водинелиќ оперативната дејност ја смета за систем од непроцесуални криминалистички методи, начини и средства што се протегаат во криминалистичка контрола и во криминалистичка обработка како две етапи од ваквата дејност која е во надлежност на полицијата.[160]

Криминалистичката контрола како потсистем на оперативната дејност претставува систем од вкупните оператитивно - тактички мерки кои се насочени во насока на прибирање и обработување на оперативни информаци во случаите кога постои општа индиција за потенцијално сомнително однесување, односно за конкретно недефинирано нечие однесување во криминална ситуација и криминална средина.[161]

Криминалистичката контрола претставува систем на организирани и на плански предвидени оперативно - тактички мерки и активности, заради спречување на различни појави, како и на причините и последиците на тие појави, а не конкретна индиција, како што е тоа случај со криминалистичката обработка.[162]

Самиот надзор на конкретните криминогени фактори, објекти и на самата криминогена средина ја чини суштината, односно содржината на криминалистичката контрола.

---

[159] Алексиќ Ж. и Миловановиќ З., *Криминалистика,* Београд, 1994, стр. 52.

[160] Водинелиќ В., *Криминалистика – откривање и докажување 1 том*, стр. 383 наведено според Николоска С. , стр. 213. (1)

[161] Николоска С., *оп. цит*, стр. 213. (1)

[162] Џуклески Г., *Прирачник за соработничка мрежа*, Скопје, 2005, стр. 13. (6)

Криминалистичката контрола се врши секогаш согласно со принципите на полициското работење, без пречекорување на овластувањата од страна на овластените службени лица, коешто води кон кршење на човековите права, а со тоа се дава негативно мислење за полицијата и за тоа кого таа треба да штити, интересите на државата на прв план, или пак на граѓаните.[163]

Криминалистичката контрола од аспект на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување, се сведува на информации и податоци за надворешните манифестаци на одредени луѓе како на пример зголемено трошење, поквалитетен начин на живење и сл., кои претходно т.е. пред доаѓање на функција не им биле својствени.

Кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување спаѓаат во групаците на кривични дела чие постоење, воопшто, не се знае, па дури и не постои сомневање. Последиците или не се очигледни или може да се толкуваат на повеќе начини.

Навременото дознавање за постоење или подготвување на кривични дела треба да биде една од најзначајните организациски - тактички постапки на полицијата и на другите институции кои со законот за кривичната постапка се стекнале со полициски овластувања со цел откривање на кривични дела, а тоа се однесува кога се зборува за еден ваков криминалитет на финансиската полиција и на царинската служба. Во законот за Кривичната постапка се наведени оперативно - тактичките мерки, истражните дејствија и посебните истражни мерки кои им се дадени на оперативните службеници во нивната откривачка и разјаснувачка функција и функцијата на докажување постоење на кривични дела и дека некои лица се сторители на истите. Првите сигнали дека е направен криминал доаѓаат до оперативните службеници на различен начин, но колкав е нивниот квалитет, сепак, е оставено на полицијата со сопствена иницијатива за сметка на нивното оперативно работење да изнаоѓаат начини, методи и средства за да доаѓаат до квалитетни сознанија, но и да ги користат овластувањата кои им се законски дадени за да обезбедат првични информаци.

---

[163] Котески М., *Криминалистичка тактика 2*, Факултет за безбедност, Скопје, 2009, стр. 2.

Овде, пред сѐ, се мисли на увидот во докуменатцијата како оперативно тактичка мерка за што полициските службеници имаат овластувања, таму каде што се сомневат дека се вршат кривични дела, да ги спроведуваат своите овластувања.

Треба да се потенцираа, дека меѓу другите фактори, факторот „човек“ игра значајна улогата ако не и најзначајната улога за сознание за криминал.Токму поради тоа полицијата треба да биде внимателна и да води сметка за начинот, методите, средствата кои ќе се применуваат за доближување, кај граѓаните, за да истите имаат доверба кон полицијата и на истите да им даваат корисни информации. Секако довербата кон граѓаните се зголемуваа, доколку полициското работење е во согласност на нивните овластување, т.е законито постапување, некорумпираност, почитување на правата на граѓаните, и сл.

## 4.5 Криминалистичка обработка

Постојат низа дефиници во врска со тоа што претставуваа криминалистичката обработка, но би ги издвоил дефинициите од Водинелиќ В. и Папеш Д. и дефиницијата наведено во чл. 14 од упаство за начинот на водење на криминалистички истраги во полицијата во Министерството за внатрешни работи.

Според Водинелиќ В.[164] “Криминалистичката обработка е систем од сите оперативно - тактички мерки насочени кон тоа да се открие и да се утврди конкретно кривично дело, да се открие и утврди одреден сторител на кривично дело и да се подведе кон кривичен прогон.”

Според Папеш Д.[165] „Криминалистичката обработка е облик на оперативна дејност во сузбивањето на криминалитетот со кој се утврдува постоењето на еден криминален настан и на криминално однесување на определена личност, со цел таа да се изведе пред кривичен суд заради утврдување на нејзината кривична одговорност.” Според чл. 14 од упаство за начинот на водење на криминалистички истраги во полицијата во

[164] Vodinelic V., *op. cit.*, str. 54, наведено според Николоска С., стр. 219. (1)
[165] Папеш, Д., *Привредна криминалистика*, Загреб, 1986, стр. 267.

Министерството за внатрешни работи,[166] „Криминалистичката обработка претставува метод на планска, организирана и континуирана примена на оперативно - тактички и технички методи и средства со цел спречување, откривање и докажување на кривични дела“.

Криминалистичката обработка може да се отвори за познати и за непознати извршители на кривични дела.

Криминалистичката обработка се отвара и води:[167]

- со цел идентификација и обезбедување на материјални докази за извршено кривично дело и неговите извршители;
- кога постојат индиции за подготвување на извршување или извршување на кривични дела од лице - поединец или криминална група и
- кога постојат индиции дека меѓународни криминални групи, криминалната активност ја вршат на или преку територијата на Република Македонија или се поврзани со криминални групи од Република Македонија кои се дел од меѓународни канали на криумчарење.

Според Џуклески Г. [168] Криминалистичката обработка ги има следниве цели:

- Да го утврди постоењето на криминалниот настан;
- Да го утврди обемот на криминалната дејност;
- Да го прошири откривањето на можните нови начини на извршување;
- Да овозможи достапност на сторителите.

Криминалистичката обработка се смета како втор стадиум од предистражната постапка во која оперативниот службеник има одредени конкретни сознанија за конкретно кривично дело, сторител или за предмети како доказни материјали за одредено

---

[166] Упатство за начинот на водење на криминалистички истраги во полицијата во Министерството за внатрешни работи, Министерство за внатрешни работи Скопје, јули 2008, стр.,7.

[167] Чл. 15 од *Упатство за начинот на водење на криминалистички истраги во полицијата во Министерството за внатрешни работи*, Министерство за внатрешни работи Скопје, јули 2008, стр.7.

[168] Џуклески Г. и Николоска, С., *оп. цит.* , стр. 237. (1)

криминално однесување. Во рамките на криминалистичката обработка се преземаат и одредени истражни дејствија, а сега се применуваат и посебните истражни мерки.

При нивната примена се прават најразлични прости и сложени оперативни комбинации од комбинирање на само оперативно-тактички мерки до комбинирање на истражни дејствија и посебни истражни мерки.

Криминалистичката обработка по правило произлегува од криминалистичката контрола. Главната разлика помеѓу криминалистичката контрола и криминалистичката обработка е во формата и содржината на “сомневањето.” Криминалистичката обработка е повисока и посложена фаза на преткривичната постапка.

Криминалистичка обработка не се отвара секогаш, односно условите за отварање и водење се исполнети само доколку постои конкретна индиција дека се подготвува, или пак е веќе извршено конкретно кривично дело од страна на познат или непознат сторител. Значи веројатноста за сторено конкретно кривично дело е издигнато од основи на сомнение до степен на основано сомнение за конкретно кривично дело извршено од конретен сторител. Битна разлика кај криминалистичката контрола и криминалистичката обработка за делата против службената должност е во тоа што, речиси, за секој посложен и зачестен криминален случај се отвара криминалистичка обработка, а криминалистичката контрола дава само првични сознанија - индиции кои, најчесто, се однесуваат дека некое лице е можен сторител - но не знаеме на кои криминални однесувања.

*Пример каде е отворена оперативна обработка. Имено СВР Гостивар располагал со сознанија дека од страна на директорот на средно училиште З. М. - Гостивар, Ф. Л. во контунуитет се врши злоупотреба на службената положба и овластување. Со оглед на тоа што постоеа цврсти докази за неговите злоупотреби беше отворена оперативна обработка, при што беше утврдено дека директорот Ф. Л. во текот на 2002 - 2003 во својство на одговорно лице како директор на наведеното училиште, искористувајќи ја неговата службена положба и овластување, ги пречекорил границите на службените овластувања на начин што го изменил начинот на работење во училиштето, во повеќе наврати без да се почитува законот за јавни набавки организирал набавки на потрошни материјали наводно за потребите на училиштето, во износ од 245.000,00 денари, која стока не завршила во просториите на училиштето, туку истиот лично противправно ја присвоил, потоа во соработка со одредени фирми, плаќал фиктивни фактури за наводно изведени градежно занаетчиски работи, од страна на одредени фирми за што причинил штета во вкупна висина од околу 1.300.000,00 денари на штета на училиштето, давал под закуп одредени простории кои се наоѓаат во склоп на училиштето, без согласност и одобрение од Министерството за образование и наука Скопје, на име на закупнина не е фактурирано на корисниците на деловен простор, паричните средства од уплатата не*

*ги предал во сметководството на училиштето и е вон билансната состојба, избегнати се даночните обрски, а на штета на буџетот на РМ, потоа за одреден паричен надоместок издал фалсификувани дипломи, потпишани од негова страна, како и други инкриминирани дејствија. Значи за временскиот период додека истиот бил директор на наведеното училиште, СВР Гостивар против истиот има поднесено пет кривични пријави за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“.*

Кај овие кривични дела откривачкиот процес започнува од сторителот кон кривичните дела, така најчесто го имаме идентитетот на сторителот, но ги немаме откриено неговите соработници во криминалната активност, самите криминални активности кои може да бидат извршени на неколку подрачја во државата или во странство, не е позната штетата. Поради тоа се постапува темелно, координирано и плански, се прави тим составен од полициски оперативни службеници и други стручни лица кои можат да придонесат во расветлувањето на конкретното кривично дело. Оперативниот план во себе ги содржи мерките и активностите кои ќе се преземаат и оперативните службеници кои ќе учествуваат во расветлувањето на случајот. При изготвување на планот треба да се води сметка предвидените оперативни - тактички мерки, истражни дејствија и посебните истражни мерки да бидат во согласност со законот за кривична постапка.

Оперативниот план содржи податоци за:[169]

- Целите на криминалистичката обработка;
- Лицата за кои се води криминалистичка обработка и за извршените кривични дела;
- Посебните истражни мерки кои се применети и обезбедените докази;
- Безбедносна проценка за лицата кои треба да се приведат и за објектите во кои ќе се врши приведување, преглед или претрес;
- Координатор, тимови за приведување, преглед или претрес со назначени раководители и конкретни задачи за секој тим;
- Раководен центар и начин на комуникација;
- Оружје, опрема, средства за заштита и комуникација и превозни средства;

[169] Чл. 20 од *Упатство за начинот на водење на криминалистички истраги во полицијата во МВР,* МВР на РМ Скопје, јули 2008, стр. 9 - 10.

- Употреба на единицата за специјални задачи и единицата за брзо распоредување;
- Простории за задржување и сослушување на приведените лица;
- Тимови за интервју со конкретно определено лице за водење интервју и утврдени прашања што ќе бидат поставени при интервјуто и
- Простории за сместување и обезбедување на одземените предмети што произлегуваат од извршеното кривично дело.

Оперативниот план за реализација на криминалистичката обработка од чл. 20 на ова упаство го изготвува раководителот на оперативниот тим кој ја води криминалистичката обработка.[170]

Оперативниот план за реализација на криминалистичка обработка се доставува на согласност до :

- Во ООК - началникот на надлежниот сектор;
- Во единиците за криминалистички работи во секторите за внатрешни работи-началникот на единицата;
- Во надворешните канцеларии за криминалистички работи во полициските станици од општа надлежност - раководителот на надворешната канцеларија и
- Во одделенијата за илегална миграција и превенција, странци и реадмисија во регионалните центри за гранични работи-началникот на одделението.

По добиената согласност од став 2 на овој член, оперативниот план за реализација на криминалистичка обработка се доставува на одобрение до началникот на секторот за внатрешни работи или началникот на надлежниот регионален центар за гранични работи, во зависност од организационата поставеност на конкретната организациона единица.

За отворените криминалистички обработки во организационите единици се води досие и регистар на криминалистичките обработки.

По комплетирање на криминалистичката обработка, надлежната организациона единица на полицијата поднесува кривична пријава до надлежно Јавно обвинителство,

---

[170] Чл. 21 од У*патство за начинот на водење на криминалистички истраги во полицијата во МВР*, МВР на РМ Скопје, јули 2008, стр. 10.

согласно одредбите на законот за кривична постапка и правилникот за начинот на вршење на полициските работи.

Јавниот обвинител има три решенија:да покрене обвинение, да предложи и продолжи со истрага, да ја отфрли пријавата.

Со поднесувањето на кривичната пријава до надлежното јавно обвинителство, не треба да заврши полициската оперативна дејност, туку и понатаму треба да се продолжува со прибирање сознанија за можни криминални однесувања особено за времето кога криминалниот случај е во фаза на истрага, бидејќи честопати, имаме нарачани вештачења, фалсификувани докази, уништување и фалсификување на документација, потоа лицата кои треба да ја задоволаат правдата, стручните лица т.е вештаци за одредена област, комора на извршители, суди, јавни обвинители, да бидат инволвирани во коруптивни активности, (посебно кај кривичните дела против службената должност), или поради други фактори како што се партиските влијанија, да донесат одлука во полза на лицето или лицата против кого е поднесена пријава и покрај тоа што фактичката состојба го потврдува обратното.

*Пример од лично искуство: Од страна на НК за КР - ПС Гостивар, до ОЈО Гостивар беше поднесена кривична пријава поради основано сомнение за сторено продолжено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување" против извршител, именуван за подрачјето на Основен суд Гостивар и Кичево. Наведената кривична пријава беше обемна поткрепена со солиден доказен материјал, но од страна на ОЈО Гостивар истата со решение беше отфрлена. Со оглед на тоа што наводите наведени во решението според изготвителите на наведената пријава, а и во консултации со повисоки стручни органи, не коренспондира со фактите наведени во пријавата, сметавме дека од страна на ОЈО Гостивар не е донесена правилна одлука, што даваше простор да се мисли, на можни влијанија спрема ОЈО Гостивар за кое нешто ПС Гостивар располагаше со одредени неутврдени информации. За истото беа запознати повисоките структури на МВР на РМ, и во консултаци со истите беше одлучено од наша страна да се изготви писмен акт во вид на известие, за нашето видување во однос на донесеното решение и да се достави до нив, при што така и беше постапено. Епилогот на нашиот поднесок до денеска не се знае, односно немаме повратни информаци што е одлучено по истото.*

## 4.6 Стандардна оперативна процедура за размена и насочено собирање на информации во врска со водење на криминалистички истраги

Со оваа стандардна оперативна процедура (СОП) се пропишува начинот на комуникација помеѓу организациските единици во Бирото за јавна безбедност, при барање на насочено собирање и размена на информации на централно, регионално и локално ниво, за физички и правни лица за кои се предмет на криминалистичко истражување - обработка.

Основни цели на стандардните оперативни процедури во однос на барањето за насочено собирање и размена на информации е да се добијат информации за одредено лице, објект со кои располагаат организационите единици во Бирото за јавна безбедност, како и да се заштити идентитетот на барателот, при што извршителот кој треба да собере односно размени информации нема да поседува информации за идентитетот на барателот кој има потреба од проверка, односно ќе се почитува принципот "Потребно е да знае".

Општата цел со воведување на овие СОП е да се зајакне капацитетот на полициските службеници со воспоставување ефективност и ефикасност во проактивните полициски истраги, при што ќе се даде фокус на оперативното полициско работење и да се добие значително поголем ефект од ресурсите со кои се располага.

Системот за проток на информации, како и задолжувањето и споделувањето на информациите е дефиниран преку Националниот разузнавачки модел (НРМ). Сите локални и регионални разузнавачки податоци во секторите за внатрешни работи (СВР) и Регионалните центри за гранични работи (во понатамошниот текст РЦ за ГР) се менаџираат во рамките на Одделенијата и Отсекот за криминалистичко разузнавање и анализа. Исто така во рамките на ОСОСК постои Сектор за криминалистичко - разузнавачка анализа за организиран и сериозен криминал, која ги обединува сите расположливи разузнавачки информации на ниво на ОСОСК.

Со воспоставувањето на Единиците за криминалистичко разузнавање и анализа се развива менаџирањето со информациите и нивно споделување со цел заедничко делување и донесување стратешки решенија на проблемите со криминалот и превентивни активности, од насочен пристап кон контролата на криминалот кој се фокусира на идентификација, анализа и менаџирање на постојните проблеми и ризици и оние кои се во развој.

Полициското работење предвидено од разузнавање бара зголемена употреба на разузнавањето, набљудувањето и информатори, со цел да се утврдат лицата кои се бават со криминални активности, за да може полицијата да биде поефикасна во борбата против криминалот.

Единицата за криминалистичко разузнавање и анализа ќе биде централата за споделување на информациите и задолжувањето на задачите поврзани со барањето на насочено собирање и размена на информации на централно, регионално и локално ниво.

Централно место во процесот на собирање информации има инспекторот за разузнавање во Единицата за криминалистичко разузнавање и анализа и истиот е задолжен за набљудување на собирањето, запишувањето, анализата и дистрибуцијата на информациите за криминалот, криминалци и осомничени лица.

Заради стандардизирано постапување при барање на насочено собирање и размена на информации на централно, регионално и локално ниво, се користат обрасци за барање на информации и обрасци за одговор по барани информации. Барателот на информација со пополнување на потребниот образец може да побара да му се пtriберат или доставуваат информации за физичко лице, правно лице или објект.

Барањето и одговорот по барањето се врши преку Единиците за криминалистичко разузнавање и анализа на централно и регионално ниво.

Барателот на информацијата во рамките на Бирото за јавна безбедност може да побара насочено собирање и размена на информации, од сите организациони единици на централно, регионално и локално ниво.

Барателот е должен во барањето да го наведе рокот за одговор на барањето од страна на Единицата за криминалистичко разузнавање и анализа. Рокот за одговор може да биде: веднаш, во рок од 24 часа, во рок од 5 работни дена и во рок од 10 работни дена.

Доколку не е возможно да се одговори во рамките на предвидениот рок, Единиците за криминалистичко разузнавање и анализа од која се бараат податоците, најнапред усно, а потоа во рок од 24 часа и писмено ќе ја извести Единицата за криминалистичко разузнавање и анализа на барателот.

Во рамките на процесот на размена и насочено собирање на информации заради непречено одвивање на процесот предвидени конкретни обрасци.

### *4.6.1 Улогата на секторот за криминалистичко разузнавање и анализа*

Секторот за криминалистичко разузнавање и анализа има надлежност да менаџира со информациите, да кординира и да дава насоки и инструкции на централно, регионално и локално ниво. Во случаи кога се води истрага за лица во повеќе СВР или РЦ за ГР, треба да се земе предвид помошта од Секторот за криминалистичко разузнавање и анализа, особено кога во рамките на истрагата се размислува за употреба на примена на ПИМ.

Во одредени ситуации кога се бараат проверки или размена со веќе расположливи информации за лице или објект, а во врска со тоа лице или објект во тек е примена на ПИМ мерки за одредена криминалистика обработка, инспекторот за разузнавање во единицата за криминалистичко разузнавање и анализа во консултација со началникот на единицата или Раководител на тим  на криминалистичка обработка, заради заштита и конспиративност, може да даде негативен одговор на барањето, односно да изготви одговор на барањето со пополнување на соодветен образец, дека не располагаат со информаци за бараното лице или објект, но притоа Веднаш изготви известување со пополнување на соодветен образец и во најкраток временски рок за истото го известува Секторот за криминалистичко разузнавање и анализа за причините поради кои не се соработува во размена на расположливите информаци.

Секторот за криминалистичко разузнавање и анализа го проучува барањето, ја цени неговата оправданост и утврдува потребите за споделување на информации и ги решава евентуалните конфликти при водење на истрагата од страна на две или повеќе организациони единици.

### 4.7 Расветлување на кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување"

Со откривањето на делото започнуваа процесот на расветлување, односно потврдување на тоа што е откриено со соодветен доказен материјал.

Расветлувањето претставува сложен процес кој подразбира одземање на документација, анализирање и компарација  на истата, за да се види дали истата е изготвена согласно законските прописи предвидени за конкретната област. Документите

кои содржат податоци и информации за сторено кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување" најчесто се докази во понатамошната кривична постапка.[171]

#### *4.7.1 Оперативно - тактички начин*

Една од најважните карактеристики на полициското работење е оперативната дејност.

Оперативната дејност на полицијата во себе инкорпорира повеќе законски пропишани оперативно - тактички мерки кои ги спроведува полицијата како полициски овластувања согласно ЗКП.

Во зависност од криминалистичката ситуација се изготвува оперативен план со предвидени мерки и активности,чие спроведување треба да биде во согласност со законски дозволените мерки предвидени во Законот за кривична постапка.

Планот може да се состои само од оперативно тактички мерки, истражни дејствија посебни истражни мерки, или комбинирано.

Без разлика со која комбинација ќе се оди при процесот на расветлување на криминалната ситуација, практиката покажува дека најдобрите резултати се постигнуваат тогаш кога имаме планско преземање на мерките и дејствијата, кои би требало да резултира со обезбедување на квалитетен доказен материјал, кој се смета како основа за покренување на кривична пријава кај сторителите на кривични дела со елемнти на злоупотреба на службената положба и овластување.

Со оглед на тоа што начинот на извршување и другите карактеристики на криминалната ситуација со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување во главно од случај на случај се разликуваат меѓу себе, не треба да се применува иста формула односно ист план при нивното расветлување и докажување. Начинот, постапката на спроведување на секоја од предвидените мерки и дејствија, ќе зависат од условите, факторите, кои ја карактеризираат криминалната ситуација со елементи на кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување", за што е потребно да се избере соодветен тактички начин кој би резултираал со очекуваните резултати од спроведените мерки и дејствија.

---

171 Николоска С., *оп. цит.*, стр. 443. (2)

Во криминалистичката литература под поимот криминалистичко тактички начин се подразбира најрационален и најефикасен начин на извршување на оперативно - тактички мерки, истражни дејствија и посебните истражни мерки, кои според мислењето на оној кој што го избира од арсеналот на криминалистичката тактика е најадекватен за конкретна оперативно - тактичка или тактичко процесна ситуација.[172]

Секоја поединечна тактичка ситуација при расветлувањето на кривичниот настан го одредува патоказот и моделот на тактичко – техничкото и методското постапување во преземањето конкретни чекори на оперативните работници. При преземање на тактички мерки и активности во насока на расветлувањето на некоја криминална ситуација може да се најдеме во ситуација да се соочуваме со нови моменти кои не биле предвидени во нашиот план и тактичките мерки за реализиција на истото. Токму поради тоа секогаш во изготвениот план се пишува дека истиот во зависност од дадената ситуација може да се менува и дополнува.

Практиката на откривање, разјаснување и докажување на криминалните сотојби, не насочува да размислуваме за создавање на нови тактички начини кои би биле корисни во расветлувањето на конкретното кривично дело.

Одговори на прашањата за видот, модификациите и обемот на оперативно - тактичките мерки како и истражните дејствија прилагодени за откривање на поединечни типови на кривични дела даваат тактичките начини.[173]

Специфичноста на појавните облици на кривичното дело ,,Злоупотреба на службената положба и овластување“, својствата на сторителите, нивната професионалност и моќ за прикривање на криминалната активност, се фактори кои влијаат кај оперативните службеници за изборот на тактичкиот начин на спроведување на погоренаведените мерки при расветлување на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување. За да бидеме успешни во спроведувањето на оперативно - тактичките мерки, истражните дејствија и посебните истражни мерки, од големо значење е како оперативниот службеник ќе постапи при реализација на истите.

---

[172] Воденилиќ В., *оп.цит*., стр. 153 (3), наведено според Николоска С., стр. 228. (1)

[173] Ангелески М., *оп. цит*., стр. 139;(4), наведено според Николоска С,.стр. 228. (1)

Имено тактичкиот начин на постапување пред се зависи од стручноста, искуството и компетентноста на оперативниот работник, а тоа доаѓа до израз при планирањето и преземањето на планираните мерки и дејствија.

Во практиката се соочуваме со криминални ситуаци од секаков вид на елементи кои го сочинуваат истото.

Битно е да се анализират сите елементи кои го карактеризираат делото, пред се временскиот период од извршување на делото и добро да се разгледува содветниот член од кривичниот законик во конкретниот случај кривичното дело "Злоупотреба на службената положба и овластување" па потоа да се одлучиме за начинот на спроведување на некоја од предвидените мерки.

Ова е од голема важност бидејќи може да ни се случува, временскиот период од извршување до откривање на делото да застарува, или пак постои опасност за уништување на трагите и доказите, се бришат сеќавањата кај лицата кои би дале придонес во расветлувањето на делото и сл. Тактичкиот начин доаѓа до израз при водење на разговорите за собирање на информаци од учесниците во криминалната ситуација и други лица, во смисла како и со кого најпрвин би требало да се изврши разговор, кога би бил најповолниот момент да се предочуваат некои информации и факти, кога и како ќе се спроведува прегледот, претресот увидот во деловните книги и сл.[174]

Имајќи го предвид фактот што секоја криминална ситуација особено кај кривичните дела од областа на економско финансискиот криминалитет во која група спаѓа и кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување", се карактеризира со посебни елементи, кои имаат допирни точки со одредена научна област, при определувањето на тактичките начини, криминалистичката теорија тргнува од тоа која област од науката може да придонесе за подлабока разработка на тактичкиот начин.

Во генезата на криминалистичката наука традиционално се застапени науките: психологија, логика, психопатплогија и сл., но кога станува збор за кривични дела против службената положба и овластување, криминалистичката наука опфаќа одредени сознанија

---

[174] Пример: Имаме криминални ситуации каде е потребно , прегледот, претресот, увидот во документацијата, да се направаат истовремено, или пак разговорите со одредени лица било во својство на осомничени или сведители да се одвиваа истовремено.

од правните и економските науки, а според специфичностите на злоупотребите се користат и достигнувањата во медицината, социолошките и техничките науки, и сл.

Влијанието на повеќе науки врз одредувањето на тактичките начини има своја логика и цел, без основните познавања на делокругот на работење на сторителите не може да се докажува нивната злоупотреба.

Преку еден пример ќе се обидам да ја потврдувам наведената теза каде заради утврдување и расветлување на кривичното дело, во израз доаѓаат основните познавања од правните, економските науки, достигнувањата во медицината и техничките науки.

**Пример***: Матичен лекар, располага со одреден број на пациенти кои се запишани кај него, за кои годишно од фондот за здравствено осигурување повлекува одреден паричен надоместок. Во годишната програма изготвена во согласност со законските норми и правила предвидена за таа област, матичниот лекар кај одредени пациенти треба да направи одреден број на испитувања, како што се на пример крвни испитувања, коронографија и сл, за кои на крајот на годината истиот од фондот за здравствено осигурување повелекува финансиски средства. Истиот лекар за да го пополни планираното, а со цел да му се исплатат паричните средства од фондот, на фиктивен начин пополнува обрасци предвидени за тоа дека кај одредени пациенти се извршени таквите испитувања. Во меѓувреме доаѓаме во ситуација каде лицето за кого на фиктивен начин во медицинската евиденција се води дека кај него се извршени таквите испитувања, да има вистинска потреба за такво нешто, но матичниот лекар не му препишува на пациентот истото да го направи во државните здравствени институции, бидејќи во неговото досие се води дека е извршено такво испитување, и не може да се направи такво нешто бидејќи самата програма на компјутерот не дозволува за тој временски период да се повтори таквото испитување. На истиот пациент, матичниот лекар, му кажува дека имаш потреба од такво испитување, но тоа треба да го платиш приватно во некоја приватна здравствена институција, без да ја кажува вистинската причина зошто не може тоа да се направи во државните здравствени институции. Значи доколку станува збор за испитување кое чини многу, а пациентот нема можност да ја уплати здравствената услуга, во конкретниот случај пациентот е оштетен на некој начин со штета по неговото здравје бидејќи иако на истиот му било потребно да се изврши одредено испитување,поради погоренаведените причини не му било извршено, или пак доколку пациентот финансиски стои добро, и е во можност предвиденото испитување да го направи во приватна ординација, и покрај тоа што истото можело да го направи во државната институција, но поради погоренаведените инкриминаци од матичниот лекар, истото му било оневозможено. Во овој случај пациентот не е оштетен по неговото здравје, но оштетен е финансиски, бидејќи бил изложен на трошоци, за здравствената услуга направена од приватна здравствена институција, која услуга бесплатно се давало од државните здравствени институции. Доколку се анализира наведеното, според мое мислење може да се заклучи дека, матичниот лекар и покрај кривичното дело несовесно лекување на болни, фалсификување на исправа, направил и злоупотреба на службената положба и овластување, бидејќи се стекнал со противправна имотна корист, на штета на пацинтите, и фондот за здравствео*

*осигурување, непочитувајќи ги законите, упатствата и правилата кои ја уредувале наведената материја. Во овој случај според специфичностите на злоупотребите особено доаѓаат до израз сознанија од правните, економските науки, достигнувањата во медицината, и техничките науки.*

Кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување не треба да се брза при процесот на расветлување, и докажување на делото, во смисла да се обезбеди само еден факт и веднаш да се оди со кривична пријава и со тоа предметот да биде затворен односно да заврши. Оваа не е во ред од причина што кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба во многу случаеви се карактеризираат со организирана форма на делување, што значи повеќе лица се мешани во криминални активности, кои во континуитет треба да се следаат, и да се обезбедат доказни материјали односно да се внимава на повеќе околности, бидејќи при процесот на докажување, обезбедувањето на некој релевантен факт (доказен материјал), насочува кон друг факт, во интерес на расветлување и целосно докажување на криминалниот настан.

Значи во расветлувањето на кривичното дело клучна улога играат доказните информаци кои треба да го имаат квалитетот на поврзување со делото, времето, местото и начинот. Информацијата е важна заради остварување на одредена цел и затоа таа се појавува како носител на вредност, особено доколку вредноста е позитивна. Вредноста е позитивна доколку се докажува дека одредено лице во времето на извршување било на тоа работно место и негативна доколку не може да се докажува дека одредено лице во времето на извршувањето било во одредено место, пример бил на боледување, вонредно отсуство и сл.

### *4.7.2 Оперативно - тактички комбинации*

Тактичката комбинација претставува соединување на повеќе тактички начини, повеќе оперативно - тактички мерки, истражни дејствија или посебни истражни мерки кои може да бидат меѓусебно поврзани и преземани по претходно изготвен оперативен план.[175] Изборот на тактичките начини и комбинации зависи од Криминалистичката ситуација, и истите можат да бидат прости и сложени. Простите се преземање на оперативно - тактичка мерка или истражно дејствие на неколку различни начини, а комбинирањето на оперативно - тактички мерки, истражни дејствија и посебни истражни

[175] Водинелиќ В., *оп. цит*. стр. 155, (3), наведено според Николоска С. ,стр. 234 – 235. (1)

мерки, сепак претставува сложена комбинација  во која се вклучени поголем број на оперативни работници и треба, сепак, да се постапува според претходно направен план за да се одбегнат преклопувањата  во преземањето на одредени активности, односно секој да ја работи задачата која му е доверена сè со цел да се постигне и тактички резултат, што е и целта на секоја тактичка комбинација. Секој поединечен случај кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службена положба и овластување има посебни карактеристики, што значи дека еден случај не е ист со друг случај, што значи при расветлување и докажување на делото треба да се применат соодветни тактички комбинаци. Кривичното дело ,,Злоупотреба на службената положба и овластување" во првиот дел од трудот е дефинирано како дело сторено од лица со одредени својства, кое резултира со прибавување на  некакава корист за сторителите или за друг  при вршење на нивните овластувања, на штета на друг вклучувајќи го тука и буџетот на Република Македонија.

Имајќи ги предвид последиците од ова дело[176] оперативните службеници треба на професионален начин да ги преземат сите оперативно тактички мерки начини и комбинации согласно законот за кривична постапка и законот за полиција, при откривањето, расветлувањето, и докажувањето на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување.

Правилната примена на оперативно-тактичките мерки, истражните дејствија и посебните истражни мерки може да ги даде посакуваните криминалистичко – оперативни резултати.

Најчесто користени оперативно - тактички мерки при откривањето, докажувањето и документирањето на кривичните дела против службената должност се :

- Барање известување од граѓани;
- Спроведување на потрага, распишување потерница по лице и објава по имот и имотна корист или по предмети по кои се трага;

[176] Во најголеми случаеви е оштетен Државниот буџет.

- Во присуство на службено или одговорно лице да изврши преглед, на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и увид во нивната документација;
- Да преземе други потребни мерки и дејствија предвидени со закон.[177]

При планирањето на оперативно - тактички комбинации кај кривичните дела против службената положба и овластување како најчести истражни мерки кои се применуваат се :

- Привремено одземање на предмети;
- Претрес во дом и други простории;
- Вештачење;
- Увид во деловна докуменатција и сл.

Од посебните истражни мерки кај овој криминалитет најчеста е примената на :

- Следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон;
- Следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење на комуникации;
- Тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен;
- Таен увид и пребарување во компјутерски систем;
- Привиден (симулиран) откуп на производи;
- Симулирано давање и примање на поткуп;
- Користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци;
- Отворање симулирана банкарска сметка и
- Симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојни правни лица за собирање на податоци.[178]

---

[177] Чл. 276 ст. 2 т. 1, 2, 5, 6 и 7 *Сл. весник на РМ бр. 150/10, 51/11, 100/12.*

### *4.7.3 Преглед и претрес на деловни простории и увид во деловна документација*

Претресот претставува една од мерките за пронаоѓање и обезбедување на лица и предмети која што, како и досега, се презема кога постои веројатност дека ќе се пронајде обвинетиот кој се бара заради приведување или дека ќе се пронајдат траги на кривичното дело или предмети важни за кривичната постапка.

Овде во главно ќе се задржам во делот на одредени криминални ситуации со елементи на економско – финансискиот криминалитет. Расветлувањето и докажувањето на економско – финансискиот криминслитет се потпира на материјални докази. Материјалните докази можат да бидат од различен вид, во зависност од работното место, и законските прописи со кое е регулирано одредена материја. Полицијата, финансиската полиција, царинската управа и други инспекциски служби, имаат право и обрска за контрола над деловната документација, на одредени субјекти кои вршат одредени работи. Согласно чл.41 ст.2 од ЗКП,[179] Јавниот обвинител може сам да го преземе секое дејствие потребно за откривање на кривичното дело и откривање и гонење на неговиот сторител за кое со закон е овластено Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција и Царинската управа.

Преглед или претрес, на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и увид во определена нивна документација, законодавецот предвидел должност во вид на оперативно тактичка мерка, да се направи во присуство на погоренаведените лица, во зависност од институцијата во која се преземат тие мерки. Ова е регулирано во чл. 60 ст. 1 и 2 од Законот за полиција, и чл. 191 ст. 6 од ЗКП.[180] Членот 60 ст. 1 и 2 од Законот за Полиција вели: на полицискиот службеник, дозволено му е, во присуство на одговорно лице да изврши преглед или претрес на определени, објекти, простори на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и да врши увид во

---

[178] Чл. 252 ст.1т.1, 2, 3, 4, 6, 7, 8 ,10 и 11 од ЗКП *Сл. весник на РМ бр. 150/10, 51/11,100/12.*

[179] *Сл. весник на РМ бр. 150, 51/11 и 100/12.*

[180] *Исто.*

определена нивна документација. Членот 191 ст. 6 од ЗКП[181] вели: Кога се врши претрес во простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања или правни лица, ќе се повика нивниот старешина да присуствува на претресувањето.

Доколку претрес се врши во адвокатска канцеларија во отсуство на адвокатот на кој таа му припаѓа ќе се повика претставник на адвокатската комора, а ако тоа не е можно, друг адвокат.

Ако повиканиот адвокат не дојде во рок од три часа од повикувањето, претресувањето може да се изврши и без негово присуство.[182] Претрес на адвокатска канцеларија може да се преземе само во постапка против адвокатот и тоа во однос на предмет, спис или исправа посебно определени во наредбата за претрес.

Се разбира таков чекор полицијата презема кога постои сомнение дека во некоја од наведените институци, постои таква документација во која можат да се најдат траги и предмети од кривични дела што се гонат по службена должност, а со цел да послужат како доказ во понатамошниот тек на кривичната постапка. Честопати во практика се случува при увид во одредена докуменатција, полицискиот службеник да пронаоѓа фалсификувана или
фиктивна документација, која служела како средство за извршување или прикривање на веќе извршеното кривично дело.

*Преку лично искуство ќе наведам еден пример, каде при увид во документација пранајдена е фалсификувана документација т.е налози за исплата на пензи. Имено од страна на група граѓани (пензионери), во просторите на ПС Гостивар беше пријавен случај во вид на претставка против Поштенска банка, дека пензиите кои ги добиле преку Поштенска банка - филијала Гостивар им каснеле, и дека за одреден период не ги примале со образложение од лицето надлежен за исплата на пензии за тој регион дека , имале некои проблеми и дека ќе ја сределе работата. По пријавениот случај, беше воспоставен контакт со директорот на банката, кој се произнесе дека такво нешто не му е познато, а воедно во негово присаство беше извршен увид во документацијата со која бил задолжен конкретниот работник. Од извршениот увид беше утврдено, дека налозите за исплата веќе биле книжени дека се исплатени, истите беа потпишани од страна на конкретниот работник, а потпис имаше и на местото каде требало да се потпише корисникот односно лицето кое требало да ја подигне пензијата. Со оглед на*

[181] *Исто.*

[182] Чл. 191 ст. 8 од ЗКП *Сл. весник бр.150/10, 51/11, 100/12.*

*тоа што вработеното лице надлежен за исплата на пензи, не беше достапен за обавување на разговор, наведената спорна документација со потврда за привремено одземени предмети беше одземена од директорот на поштенската банка. Истата документација беше доставена до Секторот за криминалистичка техника Скопје, заради вештачење на истата. Од нивна страна беше утврдено дека потписите наведени во налозите за исплата на пензии, не се совпаѓаат со нивните оригинал потписи. По утврдување на овој факт, веќе беше јасно дека станува збор за фалсификувани потписи, при што НК за КР-ПС Гостивар против лицето вработено во Поштенска банка поднесе кривична пријава за сторено кривично дело проневера во службата, и фалсификување исправа.(истиот работник од страна на раководството од банката добил отказно решение).*

При вршење на увид во документација на државен орган, друга институција што врши јавно овластување и друго правно лице, полицискиот службеник зема потребни податоци од неа, делумно или целосно ја препишува или фотокопира онаа содржина која е во врска со конкретното постапување, а доколку станува збор за документација од круцијално значење или во документацијата се пронајдени траги од извршеното кривично дело што можат да послужат како доказ во кривичната постапка истата во оригинална форма се одзема, од лицето кое присуствувало на увидот. Потврдата за привремено одземените предмети се пополнува на тој начин што точно се опишуваат документите кои се одземаат бидејќи станува збор за оригинална документација.

Предметите што според Кривичниот законик треба да се одземат или што можат да послужат како доказ во кривичната постапка привремено ќе се одземат и ќе му се предадат на чување на јавниот обвинител или органот определен со посебен закон или на друг начин ќе се обезбеди нивното чување.[183]

Наредбата за привремено одземање на предмети ја издава судот по предлог на правосудната полиција или јавниот обвинител.[184]

Но ова не мора да се применува секогаш. Предметите од чл.194 ст. 1 на овој закон може привремено да се одземат и без наредба од судот доколку постои опасност од одлагање и за кои постојат основи на сомневање дека се предмети на кривично дело. Доколку лицето кое се претресува изрично се спротивстави на одземањето на предметите,

---

[183] Чл. 194 ст. 1 од ЗКП *Сл. весник на РМ бр. 150/10, 51/11 и 100/12.*

[184] Чл. 194 ст. 2 од ЗКП *Сл. весник на РМ бр. 150/10, 51/11 и 100/12.*

јавниот обвинител во рок од 72 часа од извршениот претрес ќе поднесе барање до судијата на претходната постапка за дополнително одобрување за одземање на предметите.[185]

Доколку станува збор за претрес на дом и пребарување на компјутер, истото го наредува судот со писмена и образложена наредба по барање на јавниот обвинител, а во случај на опасност од одлагање и по барање на правосудната полиција. По барање на извршителот на наредбата лицето, кое го користи компјутерот или има пристап до него или до друг уред или носител на податоци, е должно да овозможи пристап до нив и да ги даде потребните известувања за непречено остварување на целта на претресот.[186]

По барање на извршителот на наредбата лицето кое го користи компјутерот или има пристап до него или до друг уред или носител на податоци е должно веднаш да преземе мерки со кои се спречува уништување или менување на податоците.[187]

Доколку лицето кое го користи компјутерот или има пристап до него или до друг уред или носител на податоци, нема да постапи по барање на извршителот на наредбата а за тоа не постојат оправдани причини, судијата на претходната постапка ќе го казни според одредбите од членот 88 ст. 1 од ЗКП.[188]

Во зависност од конкретната криминална ситуација оператвниот работник во оперативниот план може да предвиди повеќе дејствија и тоа на преглед, претрес на простори, увид во деловна и друга докуменатција и др.

Наведените дејствија законски се дозволени, и истите во однос на начинот на извршување се регулирани согласно законските прописи.

Изготвениот оперативен план не е статичен, доколку во меѓувреме имаме нова ситуација, истото се менува со дополнување на нови дејствија што би дале допринос во успешното реализирање на истиот а со крајна цел расветлување и докажување на инкриминираните дејствија. Ако криминалната ситуација налага, да се изврши претрес во

---

[185] Чл. 196 ст. 1 од ЗКП *Сл. весник на РМ бр. 150/10, 51/11 и 100/12.*

[186] Чл. 184 ст. 1 од ЗКП *Сл. весник на РМ бр. 150/10, 51/11, 100/12.*

[187] Чл 184 ст. 2 од ЗКП *Сл. весник на РМ бр. 150 /10, 51/11, 100/12.*

[188] Член 88 ст. 1 вели: Судот ќе го казни со парична казна од 200 до 1200 евра во денарска противвредност учесникот во постапката кој во поднесокот или усно, односно на друг начин го навреди судот или лицето кое учествува во постапката. Решението за казнување го донесува судот пред кој е дадена изјавата, а ако тоа е сторено во поднесокот, судот што треба да одлучи за поднесокот.

определени простори каде што би можело да се пронајде доказен материјал, тогаш ќе се оди на таа варијанта. Дејствијата на претрес, и увид се преземаат согласно законската регулатива. При извршување на овие дејствија како што погоре е наведено секогаш треба да се води сметка на обезбедување на одговорно лице на правното лице, а воедно по преземените дејствија се сочинува записник во кои се пополнуват графите предвидени во истиот и истиот се потпишуваа од страна на оперативните службеници и одговорното лице на правното лице. Увидот во документација е најчеста применувана мерка кога имаме криминална ситуација со злоупотреба на службената положба. При спроведување на ова мерка, оперативниот службеник треба да биде максимално концетриран и добро да ја знае проблематиката и да ја совладе материјата, за да може да ја идентификува таа документација од која може да се видат инкриминираните дејствија. Со увидот се прави проверка на пријавените настани или добиените оперативни сознанија, но се откриваат и нови информации кои укажуваат на криминалната активност, поврзаноста на сторителите со криминалната активност, како и нивната улога при извршувањето на криминалните активности.

*Пример каде што од увидот на доставената документацијата која беше предмет на разгледување, беа откриени и нови моменти, кои укажуваа на криминална активност и на други лица. Од страна на лицето Д. Ј. од Белград Република Србија, доставена е претставка до АКН - Скопје, во која е наведено дека дел од КП1722 КО Маврово е неправилно запишана на друго лице без притоа, за тоа да постои соодветен правен основ согласно Законот за катастар на недвижности. Постапувајќи по писмената претставка, Секторот за внатрешна контрола и надзор извршил увид и контрола во службената евиденција на Оделението за катастар на недвижности Гостивар при што, се констатирани низа неправилности, направени од страна на правник и геодетски инженер вработени во АКН Гостивар. По констатирање на неправилностите, Секторот за внатрешна контрола и надзор, до Министерството за внатрешни работи, поднесе иницијатива за покренување на кривична постапка заведено со бр.13-16612/1 од 16-10-2012 против лицата : X 1. X2 и двајцата вработени во АКН Гостивар.*

*Постапувајќи по пријавениот настан, НК за КР при ПС Гостивар, презеде мерки и активности заради расветлување и документирање на случајот.*

*Од увидот, во документацијата добиена од страна на АКН Гостивар, и документацијата добиена од АКН Скопје, беше разгледан и проучен Законот за катастар на недвижности, особено членовите од законот кои ја регулира наведената проблематика. Како резултат на тоа, произлезе дека секторот за внатрешна контрола и надзор од Скопје направил пропуст (намерен иле не, тоа не знаеме), од причина што во нивната иницијатива за покренување на кривична постапка не го опфатиле лицето X3, во својство на одговорно лице во правно лице, како и правното лице. Откако беше утврдено оваа, од страна на НК за КР при ПС Гостивар беше обезбедена документацијата неопходна за докажување на кривичното дело, и беше поднесена*

*кривична пријава против 4 лица, а не само против двајцата наведени во иницијатива од внатрешната контрола од АКН Скопје, и тоа против двајцата вработени во АКН Гостивар, за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ за лицето вработено во приватна геодетска фирма за сторено кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување и за фалсификување на службена исправа, додека за правното лице т.е. приватното геодетско биро, за сторено кривично дело фалсификување на исправа согласно ст. 4 од истиот член кој предвидува одговорност и на правното лице. Првопријевениот Х1, и второ пријавената Х2 кривичното дело го сториле во текот на 2011, и тоа првопријавениот во својство на геодетски инжениер вработен во АКН – Гостивар, на тој начин што истиот не смеел да одобри геодетски елаборат со целосно погрешна идентификација, додека второпријавената како правник вработена во АКН Гостивар, не смеела врз основа на неподобен правен основ и без увид во старата катастарска евиденција (премер од 1979 година) да донесе потврда за запишување на лица кои не се сопственици. Третоопријавениот Х3 кривичното дело го сторил во својство на одговорно лице во правно лице, во текот на месец мај 2009, на тој начин што, како геодетски инженер вработен во Правното лице Гео план Х, искористувајќи ја службената положба и овластување, изготвил геодетски елаборат со невистинита содржина, за КП1722 КО Маврово. Четвртопријавеното, правно лице Х4 од Гостивар, кривичното дело го сторил во текот на месец мај 2009 година, на тој начин што направил лажна јавна исправа (геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени бр. 1214-53 од 08.05.2011) во кој податоците наведени во истиот не коренспондират со фактичката состојба, односно според Секторот за внатрешна контрола и надзор при АКН Скопје, целосно се погрешни тврдењата на Трговското друштво за геодетски работи.*
*Со ваквите инкриминирани дејствија, пријавените овозможиле други лица да се стекнаат со противправна имотна корист на штета на лицето Д. Ј. од Белград Република Србија.*

Тактичкиот начин, пристапот при спроведување на некоја од оперативно - тактичките мерки, истражните дејствија или специјалните истражни мерки, пред сé, зависат од криминалната ситуација, времето и местото на спроведување на истите стручноста на оперативните службеници и, секако достапноста на осомничените лица пред полициските органи во времето на преземањето на некое од дејствијата. Без присуство на осомничениот - одговорното лице не е можен преглед, претрес и увид во деловна документација.[189]

Преземањето на незаконски дејствија, односно незаконско тактичко постапување, е своевиден облик на злоупотреба на полициските службеници кои се должни при преземањето на законски дозволените полициски овластувања да се придржуваат кон

[189] Николоска С,. *оп., цит*., стр. 234. (1)

Законот за кривична постапка, законот за полиција и другите подзаконски акти-правилници, упаства и сл, се со цел на законско - тактичко постапување со почитување на принципите на пропорционалност, сразмерност и сл.[190]

Значи, пак вреди да се потенцира тоа дека од исклучителна важност е сите преземени мерки да бидат во согланост со ЗКП, во спротивно обезбедениот доказен материјал, нема да послужи како валиден доказ.

### 4.7.4 Посебни истражни мерки

#### *4.7.4.1 Поим и дефинирање*

За разлика од порано кога примената на посебните истражни мерки беше екслузивно право само на тајните служби, последните години во Европа, во полициските редови се почесто се практикува примена на ова мерка. Главна причина за воведување на овие мерки е силниот замав на организираниот криминал со елементи на корупција и тероризам.

Во научната литератира постојат низа дефиница во однос на тоа што претставуваат посебните истражни мерки.

Според дефиницијата која ја дава Европскиот комитет за криминални проблеми на Советот на Европа од 2000 година, "под посебни (специјални) истражни мерки се подразбираат дејствија на системско прибирање на информации на начин со кој не се вознемирува, односно допира лицето засегнато со нив, применети од страна на полицијата со цел за откривање и истрага на казнени дела и на осомничени лица".[191]

Професорот Камбовски смета дека кога се говори за посебни т.е специјални истражни мерки во прашање се полициски постапки за иследување, истражување на правно релевантни факти од значење на покренување на формална казнена постапка или за спречување на извршување на казнено дело (превентивни мерки).[192] Постојат и други дефиниции а нивна заедничка карактеристика е тоа што сите тие се базираат и поаѓаат од

---

[190] *Исто.*

[191] Report on interception of communication ,, CDPS of Concil of Evrope, 2000 year. Наведено според Лабовиќ. М. и Николовски М., стр. 473.

[192] Камбовски В. , *оп. цит.,* стр. 365. (7).

неколкуте основни специфичности на самите посебни (специјални) истражни мерки. Така на пример тие се прикриени полициски активности кои се реализираат со посебни средства, а со цел собирање, факти и аргументи кои би ни послужиле за откривање, расветлување и докажување на криминални активности.

Примената на посебните истражни мерки, полициските и другите со закон за ова овластени државни органи и институции, всушност прибираат информаци и сознанија за повеќе намени, односно покрај за покренување на казнено гонење тие можат и се употребуваат и како доказен материјал во самата кривична постапка , а се применуваат и на планот на превенирањето т.е во одредени случаи и како превентивни сознанија за откривање и спречување на подготвителни активности за вршење на организирани и други сериозни кривични дела.[193]

Овие мерки кои се дел од лепезата на тајни средства и методи на дејствување се мошне погодни за откривање и идентификување на криминални активности.

Паралелно со преземањето на обврска на Република Македонија за хармонизирање на домашното законодавство со законодавството на ЕУ дојде до значителни измени во насока на системските закони, како што е и Законот за кривична постапка, каде што во декември 2004 година е донесен законот за изменување и дополнување на законот за кривична постапка со кој беа воведени осум нови посебни истражни мерки. Со нивното пропишување се утврдува јасна и прецизна законска рамка и соодветни процесни граници против нивната злоупотреба, што е во согласност со европските барања за инкорпорирање на современите мерки на истрага во доменот на кривичната правда и човековите права а заради прибирање на податоци и докази неопходни за водење на кривичната постапка и олеснување на гонењето на извршителите на делата на организираниот криминал, корупцијата перењето пари, недозволената трговија со луѓе, оружје и дрога и други тешки форми на криминал.[194]

Употребата на ПИМ мерките треба да биде заснована пред **сè**, на:[195]

---

[193] Лабовиќ М., и Николоски М., , *оп. цит.* ,стр .474.

[194] Матовски Н., Бужароска Г. и Калајџиев Г., *Кривично процесно право, второ изменето и дополнително издание*, Скопје, 2011, стр. 263.

[195] Лабовиќ М., и Николовски М., *оп. цит.* , стр. 475.

- Силни индиции, односно основи на сомнение дека е сторено или дека ќе биде сторено дело на организиран криминалитет или друго дело на тежок криминал;
- Неможноста да се спроведе истрага за тоа дело со користење на други стандардни методи и средства;
- Принципот на пропоционалност и сразменост, односно да се применуват оние ПИМ мерки кои одговараат на специфичноста и тежината на делото како и на вкупните околности на конкретниот случај, но и на начин кој подразбира примена од полесни кон потешки т.е од мерки кои претставуват потежок упад во индивидуалните слободи и права.

Во однос на тоа кој се јавува како непосреден извршител на посебните истражни мерки, законски е предвидено дека во вакво својство можат да се јават Министерството за внатрешни работи, Царинската управа и Финансиската полиција, во чии рамки постојат специјализирани организациони единици за примена на посебни истражни мерки. Кога говориме за тоа кои државни органи и институции може да се јават во улога на непосредни извршители на ПИМ мерки треба да спомeнеме дека и во рамките на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постои специјализирано одделение за посебни истражни мерки.[196]

### *4.7.4.2 Видови и примената на посебните истражни мерки*

Посебните истражни мерки во Република Македонија, се легализирани со измените и дополнувањата на ЗКП од 2005 година. Овие мерки се воведоа како резултат на се поголемата експанзија на организираниот криминал, кој продира во виталните клетки на Државата. Според истиот закон беа воведени осум ПИМ мерки таксативно наведени во чл. 142 - б ст. 1, кои им беа на располагање на органите надлежни за спроведување на истите и тоа:

---

[196] *Исто*, стр. 478.

- Следење на комуникации и влез во дом и други простории или во превозни средства заради создавање на услови за следење на комуникации, под услови и постапка утврдени со закон;
- Увид и пребарување во компјутерски систем, одземање на компјутерски систем или дел од него или базата за складирање на компјутерски податоци;
- Тајно набљудување, следење и визуелно – тонско снимање на лица и предмети со технички средства;
- Привиден ( симулиран ) откуп на предмети, како и привидно ( симулирано ) давање поткуп и привидно (симулирано) примање поткуп;
- Контролирана испорака и превоз на лица и предмети;
- Користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информаци или податоци;
- Отворање привидна (симулирана) банкарска сметка на која може да се вложуваат средства што потекнуваат од сторено кривично дело и
- Регистрирање на привидни (симулирани ) правни лица или користење на постојни правни лица заради собирање на податоци.

**Следење на комуникации** и влез во дом и други простории или во превозни средства заради создавање на услови за следење на комуникации, под услови и постапка утврдени со закон како ПИМ мерка во главно се применува во организирани криминални ситуаци од карактерот на нелегална трговија со наркотични средства, трговија со луѓе, тероризам итн. Примената на ова мерка се покажала многу ефикасна во насока на откривање, расветлување и докажување на посложени кривични дела од областа на трговија со дрога и луѓе, тероризам и сл. Од самиот назив на ова ПИМ мерка произлегува дека предмет на следење се комуникаците кои можат да бидат од јавната телефонска, телекомуникациска интернет и слична мрежа, или во некоја приватна комуникациска мрежа, како и други видови на комуникаци. Ова посебна истражна мерка се применува со цел прибирање на непосредни сознанија што можат да упатат на други докази за сторено казнено дело или за неговото подготвување како и техничка регистрација на изјави што

содржат правно – релевантни факти така што може да се употребат како доказ во казнената постапка.[197]

Применувањето на ова мерка е возможна доколку претходно од истражен судија (сега судија од претходна постапка), е обезбедена наредба за применување на таа мерката. На наредбата и претходи предлог од органите за прогон доставено до Јавното обвинителство. Предлогот треба да содржи низа елементи кои ја оправдуваат примената на ова мерка и тоа почнувајќи од КД за кои се бара спроведување на мерката, целта што треба да се постигне, техничките средства кои ќе се применуват, оперативните групи кои ќе бидат ангажирани, времетраењето на мерката, како и други карактеристики во зависност од конкретниот случај.

Постојниот ЗКП го уредува надзорот над кои било облик на комуникација помеѓу луѓето, на начин што ги опфаќа како електронските комуникации, така и непосредните комуникации помеѓу луѓето ( т.н амбиентално прислушкување).

Амбиенталното прислушкување под притисок на ЕУ беше предмет на измените и дополнувањата на ЗКП од 2011 година. Имено иако нашиот Устав предвидува посебна заштита на електронските комуникации, денес во светот е вообичаено да се признаваат разумни очекувања на приватноста и во непосредните комуникации помеѓу луѓето, што подразбира и комуникации остварени и во јавен сектор, а не само во затворени простори.[198]

Основна слабост на мерката е тоа што истата е регулирана и со ЗКП и со посебен закон кои што не се секогаш егзистентни, поради кои што се отвараат теоретски и практични проблеми за кои веќе е пишувано во домашната правна литература.[199]

**Мерката увид и пребарување на компјутер и компјутерски систем** и одземање на комјутерски систем исто така не беше јасно дефинирана, бидејќи од една страна не беше јасно дали со ова одредба се предвидува можност за упад во електронските комуникации кои се остваруваат преку компјутерскиот систем (интернет) или пак се мисли на растер потрага за автоматско пребарување на лични и други податоци. Со слични потешкоти е опременет и вториот дел од одредбата што се однесува на целиот компјутерски систем или дел од него,

---

[197] *Исто*, стр. 485

[198] Панова Е. , *Полиција во предистражна постапка*, магистерски труд, Скопје, 2012, стр. 62.

[199] Јовчески Ј. , *Специјалните истражни мерки во кривичното законодавство на РМ*, докторска дисертација, Скопје 2009, стр. 228 и натаму, наведено сопред Панова Е., *оп. цит.,* стр. 62.

бидејќи по природа на нештата оваа мерка е поблиска на мерката на привремено одземање на предмети, што по природа на нештата е доста различно од другите посебни истражни мерки. Дел од овие контраверзи новиот ЗКП ги надминува.

Како посебна мерка законот ја предвидува и **тајната опсервација на лица и предмети.** Ова мерка е една од посложените посебни истражни мерки бидејќи за успешно реализирање на истата потребно е да имаме софистицирани технички средства и кадар со големо оперативно искуство и знаење кои ќе ги применуват истите. Тајното набљудување може да го покрие движењето на лицата или предметите не само во јавен туку и во приватен простор, во кој случај се појавува проблем поврзан со техничко премостување на затвореноста на просторот и неговата неповредливост.[200]

Со тајното следење се формира фотографија  или видеозапис, кои што и без да ја содржи содржината на вербалната комуникација може да биде од големо значење во полициска истрага бидејќи се формира слика за движењето на лицата и нивната поврзаност во криминални структури.

Како мерка се покажала како успешна во полициските истраги, и токму поради тоа најчесто и се применува од страна на одредени  специјализираните организациони единици во сите држави во светот. Во оперативната практика честопати се применува во комбинација заедно со следење на комуникаци, привиден симулиран откуп на предмети, како и привидно (симулирано) давање поткуп и привидно (симулирано)примање поткуп.

*Пример од практика, каде се применуват наведените мерки. Имено во текот на месец септември во просториите на СВР Тетово самоиницијативно се обрати лицето К. Џ. од подрачјето на општинаа Врапчиште, кој на записник за примање на пријава поднесе кривична пријава против полициски службеник Х1 Х2 вработен во СВР Тетово, за сторено кривично дело„Злоупотреба на службена положба и овластување“ и „Примање на поткуп“. Пријавениот меѓу другото потенцира дека полицискиот службеник во неколку наврати од К. Џ. примил поткуп во вкупна вредност од 900 евра со ветување дека ќе му го врати ПМВ „Јагуар“ кое претходно било одземено од страна на ОСЛ од ПС за БПС под сомнение дека истото возило претходно учествувало во сообраќајна незгода а истовремено истото возило бил предмет и на царински прекршок. Пријавителот се согласил на тоа на истиот во две наврати му ги дал погоренаведените парични средства, но пријавениот од истиот побарал уште парични средства, на што пријавителот не се согласил и одлучил случајот да го пријави во СВР Тетово.*

---

[200] Лабовиќ М. и Николоски М., *оп. цит*, стр. 487.

*По пријавениот настан СВР – Тетово изврши консултаци со организациони единици од обласпа на ПИМ мерки во МВР на РМ и беше одлучено до ОЈО Гостивар да се поднесе предлог за примена на посебни истражни мерки, при што така и се случи.*

*Имено СВР Тетово до ОЈО Гостивар поднесе предлог бр. XX од 26.09.2013 година за примена на две посебни истражни мерки и тоа.*

*Прва ПИМ: Тајно набљудување, следење и снимање на лица и предмети со технички средства, надвор од домот и други простори ,,по чл. 142-б став 1 точка 3 и 4 в.в став 2 од Законот за кривична постапка на РМ, со цел документирање на средствата на пријавителот, предавањето на потребната документација за возилото и примањето поткуп. При примената на ПИМ од т. 1 беше потенцирано дека ќе бидат употребувани најмалку седум екипи со најмалку седум возила заради следење и тајно набљудување, а воедно мерките ќе бидат документирани со користење на технички средства, каде точно беше наведен бројот, како и другите карактеристики на техничките средства кои ќе бидат употребени при спроведување на оваа мерка.*

*Втора ПИМ: "привиден" (симулиран) откуп на предмети, како и привидно (симулирано) давање поткуп и привидно (симулирано) примање поткуп по чл. 142 –б став.1 точка 4 в.в ст. 2 од ЗКП. При примената на ова истражна мерка беше потенцирано дека ќе се употребат три банкноти во апоени од по 100 евра кои пријавителот К. Џ. сам ќе ги обезбеди како и друга документација која ќе му биде побарано од пријавениот Х. Х., кои банкноти со потврда за привремено одземени предмети ќе бидат одземени од пријавителот, потоа криминалистичко – технички обработено и со потврда за вратени предмети ќе му бидат вратени на пријавителот. При средбата која ќе имаат пријавителот со пријавениот ќе му ги даде претходно криминалистичко - технички обработените банкноти на пријавениот во моментот кога тоа истиот ќе ги побара. Исто така беше потенцирано и прецизирано временскиот период за примената на горенаведените истражни мерки.*

*Од страна на истражниот судија на Основниот Суд Гостивар беше добиена наредба за наведените две посебни истражни мерки, при што на ден 30.09.2013 година е употребена првата ПИМ мерка во врска со средбата која ја има пријавениот со пријавителот за која средба е изготвен извештај за примена на ПИМ мерка СД.бр.XXXX од X1.X2.2013 година, спецификација на снимени видео материјали и ДВД 001. На ден 03.10.2013 година, пријавителот повторно дојде во просториите на СВР - Тетово и се произнесе дека во текот на ден 02.10.2013 година, истиот бил заминат во Грција по негови приватни работи а кога се вратил дома сопругата на истиот му кажала дека од страна на лицето А. А. и биле дадени документи од возилото кое е одземено и 900 евра пари, кои му ги дал пријавениот за да му ги даде на пријавителот. Наведените документи и паричните средства кој пријавителот ги носеше со себе а кој претходно биле кај горепријавениот, од страна на крим техника при СВР - Тетово се фотодокументирани и со потврда за привремено одземени предмети се одземени од пријавителот.*

*На ден 03.10.2013 година пријавениот барал телефонски да има средба со пријавителот за што договориле средба околу 14 часот во Угостителскиот објект ,,XX" лоциран во Гостивар каде и претходно имале средби за да му даде објаснување во врска со парите кој му ги вратил и документите. Согласно наредба за примена на ПИМ мерки на ден 03.10.2013 година е употребена првата ПИМ мерка во врска со средбата која ја има пријавениот со пријавителот за која средба исто така е изготвен извештај на примена на ПИМ сд.бр.X1X1X1X1 од 04.10.2013 година, спецификација на снимени видео*

*материјали и ДВД 002. На ден 03.10.2013 година пријавениот беше приведен и против истиот беше поднесена кривична пријава до ОЈО – Гостивар поради основви на сомнение за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ предвидено во член 353 од КЗ на РМ, и кривично дело „Примање поткуп“ предвидено во чл. 357 од КЗ на РМ.*

Од наведениот пример може да се заклучи дека во предлогот доставен до ОЈО за овозможување на примена на ПИМ мерки, се содржани следните елементи и тоа: кратко појаснување на пријавениот настан, потребата за применување на ПИМ мерките со соодветно образложение, конретно потенцирање на ПИМ мерки кои се бараат да се применуваат со посебно објаснување за секоја ПИМ мерка во однос на начинот на изведување, средствата кои ќе бидат користени, човечкиот потенцијал кој ќе биде ангажиран, техничката опрема што ќе биде користена, како и времето на започнување и завршување на применувањето на ПИМ мерките. Во конкретниот случај е употребена само првата ПИМ мерка, бидејќи за втората немало криминална ситуација каде би се применувало. Имено, можеби пријавениот свесно избегавал да прими уште парични средства од пријавителот, поради фактот што можеби дознал дека се следи, и токму поради тоа тој се одлучил преку друго лице да му ги враќа претходно одземените документи и паричните средства од 900 евра, за да истите при евентуален претрес да не се најдат кај него, но заборавал дека за документирање на случајот освен втората мерка била употребена и првата ПИМ мерка која се покажала како успешна во откривањето, расветлувањето и докажувањето на кривичните дела, од причина што нивните средби и разговори во врска со предметното возило каде пријавениот дава одредено појаснување во однос вратената документација и паричните средства се снимени и со самото тоа се докажува дека паричните средства и документација биле кај пријавениот, без разлика што истите непосредно не биле пронајдени кај него.

Во последно време се почесто во практика се применува и ПИМ мерка **Привиден (симулиран) откуп на предмети**, како и привидно (симулирано) давање на поткуп и привидно (симулирано) примање поткуп, бидејќи најефикасен начин за докажување на кривични дела со вакви елементи е токму применувањето на ова мерка.

Оперативните службеници инволвирани директно во спроведувањето на ова мерка треба да бидат многу внимателни со цел осомничениот да не се посомнева дека е следен, бидејќи во спротивно шансите истиот да се фати во моментот на извршување на делото, се минимални или воопшто не може да се фати. Кога се зборува за примена на ова мерка, тоа што треба да знаеме е дека инфилтрираното лице не смее да оди на варијантата да се поткнува извршување на кривично

дело, туку се чека погоден момент кога осомничениот самиот ќе ги побара паричните средства или друг предмет во зависност од конкретниот случај со цел да му заврши некоја работа, тогаш истиот ќе му ги дава. Во овој случај инфилтрираното лице нема да одговара за дејствија што претставува помагање на кривично дело бидејќи не станува збор за обичен случај туку за случај за кои сите релевантни институци во зависност од конкртетниот случај се запознати со примената на ПИМ мерките, а целта е да се обезбедат податоци и соодветен доказен материјал кој на друг начин не би можело да се обезбеди.

**Мерката контролирана испорака** често се применува како облик на меѓународна полициска соработка, особено во случаите со недозволена трговија со лица и предмети. Целта на ова мерка не е да се открива одредено кривично дело сторено од потесен круг во својсво на обични извршители, туку да се открива целата мрежа на организирање, се со цел да се дојде до главните наредбодавачи нивната поврзаност со влијателни луѓе, институциите на системот со цел да се добијат податоци за структурата на одредена криминална организација, и начинот на извршување. Претежно ова мерка се применува во случаите со недозволена трговија со наркотични средства, фалсификувани пари, трговија со луѓе и сл. И за оваа мерка важат истите законски норми кои важат и за другите ПИМ мерки, предвидено во ЗКП.

**Мерката користење на лица со прикриен идентитет** најмногу се применува во развиените земји од ЕУ и САД.

Како мерка претставува една од оние кои пред да бидат предвидени со ЗКП имала повеќе децениска полициска практична примена.

Во својство на лица со прикриен идентитет се јавуваат полициски службеници или соработници кои се приклучуваат кон криминалната активност на друго лице или пак на злосторничко здружување, со цел спречување на таквата активност, откривање на сторителите или обезбедување на докази.[201]

Лицата инфилтрирана во вакви ситуаци, во зависност од конкретната криминална ситуација, максимално треба да бидат подготвени од стручен аспект, да располагаат со одредени вештини и знаења, за да можат успешно да си ја завршат дадената задача.

[201] Лабовиќ М. и Николоски М., *оп. цит.*, стр. 490.

**Отворање на привидна (симулирана ) банкарска сметка** е многу значајна ПИМ мерка, во откривањето, расветлувањето и докажувањето на кривични дела со коруптивен и друг карактер.

Целта на применување на ова мерка пред сѐ е создавање на погодна прилика за собирање на докази за криминални приходи, перење пари и сл. Со самиот деловен контакт, банкарските  уплати и исплати се остава траг во вид на материјален доказ чија веродостојност тешко може да биде оспорена. На овој начин можеме да дојдеме до значајни податоци за лица инволвирани во криминални активности кои резултираат со поголеми приходи стекнати против правно а кои се обидуваат да ги легализираат  истите.

**Мерката регистрирање на привидни симулирани  правни лица** најмногу е применувана во развиените земји пред се во САД и ЕУ. Истата мерка се применува во комбинација со ПИМ мерката  отворање на привидна (симулирана ) банкарска сметка.

Имајќи ги предвид позитивните резултати од применувањето на ова мерка во развиените земји, истата беше предвидена и во позитивното законодавство на РМ, и како таква на располагање ја имаат државните институции и органи надлежни во борбата против секаков вид на криминалитет, во тој контекст и на економско - финансискиот криминалитет.

Органите за прогон  како што е МВР на РМ, Финансиска полиција, Царинската Управа во насока на откривање, расветлување и докажување на кривични дела имаат законски можности да регистрираат фирми односно привидни правни лица во Централниот регистар на РМ. Правните лица регистрирани на овој начин ги содржат сите податоци потребни за регистрирање на правно лице. Тоа се прави пред сѐ да не се дава доза на сомнеж дека се работи за фиктивно правно лице.

Целта на применување на ова мерка е слична како и претходната односно истите меѓу себе се надополнуваат, со крајна цел да се идентификуваат криминални организации и поединци кои се занимават со криминални активности.

Во новиот ЗКП, кога е веројатно дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, кои на друг начин не можат да се соберат, може да се преземат следниве посебни истражни мерки:[202]

1. Следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон;

2. Следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење на комуникации;

3. Тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен;

4. Таен увид и пребарување во компјутерски систем;

5. Автоматско, или на друг начин, пребарување и споредување на личните податоци;

6. Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации,

7. Симулиран откуп на предмети;

8. Симулирано давање и примање поткуп;

9. Контролирана испорака и превоз на лица и предмети;

10. Користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци;

11. Отворање симулирана банкарска сметка и

12. Симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојни правни лица за собирање на податоци.

Со новиот закон кај посебните истражни мерки се додани три нови мерки и тоа : „ следење и снимање на електронските комуникации во постапка утврдена со посебен закон „Следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како таков или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење на комуникации„ и „Автоматско или на друг начин пребарување и споредување на личните

[202] Чл. 252 ст.1 од ЗКП, *Сл. весник на РМ, бр. 150 од 18.11.2010 година*.

податоци на граѓаните. Една мерка е избришана „Следење на комуникациите и влез во дом и другите простори или во превозни средства заради создавање услови за следење на комуникациите под услови и постапка утврдени со закон„ додека мерката „Симулиран откуп на предмети„ е издвоена посебно. Исто така интервенирано е во мерките „таен увид и пребарување во компјутерски систем„ и „Снимање на лица и предмети со технички средства надвор од дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или надвор од деловен простор означен како таков или возило„. Исто така направена е и битна термиолошка интервенција во мерките : „Отворање банкарска сметка на која може да се вложуваат средства што потекнуваат од сторено кривично дело„ и „Симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојни правни лица заради собирање податоци„ во кои пред зборовите „банкарска сметка„ терминот „симулирано„ оправдано е избришан и во втората, терминот е преместен пред зборот регистрирање„.

Со новата мерка „Следење и снимање на електронските комуникации во постапка утврдена со посебен закон„ оправдано засебно се опфаќаат електронските форми на комуникација што се повеќе го заземаат приматот во сферата на комуникациските односи помеѓу луѓето. Законодавецот предвидува регулирање на постапката на надзорот над електронските форми на комуникација со посебен закон, мислејќи на постоечкиот закон за следење на комуникациите додека условите за надзор над истите комуникации, законодавецот предвидува да бидат регулирани со одредбите од ЗКП.[203]

Во практика не секогаш се удоволува примена на посебни истражни мерки. Имено точно се знае кога се исполнети услови за примена на посебни истражни мерки.

Примената на овие мерки е заради обезбедување податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка.

Орган овластен за наредување на посебни истражни мерки кога станува збор за мерки од чл. 252 ст. 1 точки 1,2,3 4 и 5 е судијата од претходна постапка по барање на јавниот обвинител, а за одредени точки од ст. 1 чл. 252 мерките ги определува јавниот обвинител со писмена наредба.

---

[203] Јовчески Ј. и Калајџиев Г. , *Специјални истражни мерки*, МРККП, стр. 13 и Правото на почитување на приватноста во Македонија, МПКПК бр. 1/2009, стр. 267 – 284, наведено според Емилија П. , *оп. цит.,* стр. 65.

Посебните истражни мерки може да се определат, кога постојат основи на сомневање:

1. За кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години, а се подготвуваат, во тек е извршување или се извршени од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение или

2. За кривичните дела

- Убиство од членот 123;
- Грабнување од членот 141;
- Посредување во проституција од членот 191 ставови (1), (3) и (4);
- Прикажување на порнографски материјали на малолетник од членот 193;
- Производство и дистрибуција на детска порнографија од членот 193 - а; Намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години од членот 193 - б;
- Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги,
- Психотропни супстанции и прекурсори од членот 215 ставови (1) и (3);
- Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем од членот 251 ставови (4) и (6);
- Изнуда од членот 258;
- Уцена од членот 259 став (2);
- Присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природна реткост од членот 265;
- Изнесување, односно извезување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости од членот 266 став (1);
- Отуѓување на културно наследство од особено значење во државната сопственост од членот 266-а;
- Перење пари и други приноси од казниво дело од членот 273 ставови (1), (2) и (3) и од ставови (5), (6), (8) и (12);
- Криумчарење од членот 278 ставови (3) и (5);
- Царинска измама од членот 278 - а;
- **Злоупотреба на службена положба и овластување од членот 353;**

- Проневера во службата од членот 354;
- Измама во службата од членот 355;
- Послужување во службата од членот 356;
- Примање поткуп од членот 357ставови (1), (4), (5) и (6);
- Давање на поткуп од членот 358 ставови (1) и (4);
- Противзаконско посредување од членот 359 став (6);
- Незаконско влијание врз сведоци од членот 368 - а став (3);
- Злосторничко здружување од членот 394 став (3);
- Терористичка организација од членот 394б-на ставови (1), (2) и (3);
- Тероризам од членот 394 - б и Финансирање тероризам од членот 394 - в сите од Кривичниот законик или
- За кривични дела против Државата (Глава XXVIII),
- Кривични дела против човечноста и меѓународното право (Глава XXXIV) од Кривичниот законик.[204]

Против лицето кое ги презема посебните истражни мерки нема да се преземе кривично гонење за дејствијата што претставуваат помагање за кривично дело, а се сторени заради обезбедување на податоци и докази за успешно водење на кривичната постапка.

Согласно веројатноста дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривична постапка, кои на друг начин не можат да се обезбедат, наредбата може да се однесува на лице кое:

1 . Сторило било кое кривично дело за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години и таксативно наброените кривични дела;

2 . Презема дејствие на извршување на било кое кривично дело за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години и таксативно наброените кривични дела или

3. Подготвува извршување на било кое кривично дело за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години и таксативно наброените кривични дела кога подготвувањето е казниво според одредбите на Кривичниот законик .

Посебните истражни мерки ги спроведува јавниот обвинител или правосудната полиција под контрола на јавниот обвинител. Во текот на извршување на мерката правосудната полиција

---

[204] Чл. 253 од ЗКП *Сл. весник на РМ, бр. 150 од 18.11.2010 година.*

изготвува извештај кој го доставува до јавниот обвинител по негово барање. По спроведување на мерките правосудната полиција изготвува посебен извештај кој го доставува до јавниот обвинител.

Пред да се изготви посебниот извештај, во временскиот период кога се применуваа посебна истражна мерка за конкретен случај, полицискиот службеник овластен за следење во континуиетет го известува неговиот колега што ја доставил наредбата од судијата на претходна постапка до нив ( наредбата се доставува до соодветното оделение на МВР на РМ), а последниот го известува јавниот обвинител кој го води случајот.

**Во извештајот се наведени:**

1. Времето на почеток и завршување на мерката;
2. Бројот и идентитетот на лицата опфатени со мерката и
3. Краток опис за текот и резултатите од примената на мерката.

Целокупната документацијата на техничкиот запис се доставува до јавниот обвинител, во прилог на посебниот извештај, а потоа јавниот обвинител посебниот извештај и целокупната документација ги доставува до судијата на претходната постапка. Податоците, известувањата, документите и предметите прибавени со примена на посебните истражни мерки под услови и на начин утврдени со овој закон, може да се користат како доказ во кривичната постапка.

Посебните истражни мерки може да траат најдолго четири месеци.

Продолжување на ПИМ мерките од т. 1 - 4 најдолго за уште четири месеци може да одобри судијата на претходната постапка, а по образложено писмено барање на јавниот обвинител. За кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години за кои постои основано сомневање дека се извршени од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение, по повторно поднесено писмено барање од јавниот обвинител, судијата на претходната постапка може да го продолжи посочениот рок за уште најдолго шест месеци, а врз основа на проценка на корисноста од собраните податоци со примена на мерката и врз разумно очекување дека со мерката и натаму може да се добијат податоци од интерес за постапката.[205]

ПИМ мерките од т. 9 - 12 можат да се продолжат до остварување на целта за која е определена мерката, а најдоцна до завршување на истрагата.[206]

---

[205] Чл. 260 ст. 3 од ЗКП *Сл. весник на РМ, бр. 150 од 18.11.2010.*

[206] Чл. 260 ст. 4 од ЗКП *Сл. весник на РМ, бр. 150 од 18.11.2010*

По прекинување на посебните истражни мерки, ако тоа не штети на постапката, по барање на засегнатото лице, јавниот обвинител ќе му ја достави писмената наредба. Засегнатото лице барањето може да го достави и до судот.[207]

Со новиот ЗКП законодавецот дал можност ако при спроведувањето на ПИМ мерката се добијат податоци за кривично дело кое не е опфатено со наредбата, мерката ќе продолжи само доколку станува збор за наведените кривични дела и за дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години и така собраните податоци може да се користат како доказ во кривичната постапка.

Кога ќе се постигнат целите заради кои се определени ПИМ мерките или ќе престанат да постојат основите заради кои се одобрени, органот што ја издал или продолжил наредбата е должен веднаш да нареди запирање на мерките.[208]

Со цел поуспешна примена на ПИМ мерките се изготвуват упаства за начинот на иницирање и примена на ПИМ мерките, каде во детали се објаснува процедурата во однос на применувањето на ПИМ мерките.[209]

## 4.8 Докажување на кривичното дело "Злоупотреба на службената положба и овластување,,

Докажувањето на кривичните дела злоупотреба на службената положба и овластување е исклучиво со обезбедување на докази во вид на писмена документација затоа што само изјави на одредени лица не се доволни за поднесување на кривична пријава, односно без обезбедување на соодветен материјален доказ, кривичната пријава нема никаква значајност и веројатноста е голема да биде отфрлена од страна на Јавното обвинителство.

### *4.8.1 Обезбедување на доказен материјал*

---

[207] Чл. 262 од ЗКП *Сл .весник на РМ, бр .150 од 18.11.2010*

[208] Чл. 261 од ЗКП *Сл. весник на РМ, бр. 150 од 18.11.2010*

[209] МВР на РМ има изготвено упаство бр.23.5-53084/1 од 22.07.2014 во кое се објаснува постапката за иницирање на примена на ПИМ мерки, начинот на постапување со барањето, спроведувањето на наредбатата за примена на ПИМ мерките, обрасците кои треба да се пополнуват како и други карактеристики во врска со ПИМ мерките.

Кривичните дела против службената должност во која група спаѓа и кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ според досегашните теоретски и практични искуства, многу тешко или, воопшто, не можат да се докажат без материјален доказ, бидејќи, речиси никогаш не се поклопува верба само на личните докази – изјава или признание колку и тоа да сметаме дека е вистинито. “Материјалниот доказ е оставање на лична карта на сторителот при идентификација на неговата криминална активност.”[210]

За разлика од класичниот криминалитет кај овој вид на криминална активност се остават специфични траги и доказни материјали кои најчесто се на одредена докуменатција (договори, потврди за солемнизација на договори, записници од различен карактер, како што се записниците и заклучоците сочинети од страна на извршител при преземање на извршни дејствија, налози за исплати, и сл), а трагите се врз тие документи предизвикани со пишување, печатење, фотокопирање, и сл.

*Преку конкретен пример ќе се обидам да појаснам, одредени неправилности што се прават од страна на извршители при нивното извршно, дејствие, кои можат да се детектираат во сочинитети записници и друга документација. Имено извршителите согласно чл. 31 од Законот за извршување влагаат во категорија на лица со јавни овластувања. При нивната работа односно во постапката за извршување истите треба да постапаат согласно Законот за извршување (ЗИ). Записниците, сочинети од страна на извршитилете треба да бидат во согласност на чл.94, каде ст. 1 вика " За пописот и процената извршителот составува записник" а во ст. 2, е кажано дека" Во записникот покрај другото посебно се назначуваат поединечно попишаните предмети со нивната проценета вредност. Согласно чл. 4 и 88 од ЗИ, извршувањето треба да се спроведе во обем што е потребен за намирувањето на побарувањето. Но дали од нивна страна секогаш се постапува согласно наведените членови? Честопати се случува од страна на одредени извршители, при изготвување на записниците и заклучоците во процесот на нивното постапување, да не се почитуваат овие членови, како и чл. 154 од истиот закон, според кои извршните дејствија треба да се преземаат последавателно и редоследно, т.е утврдување на вредноста, продажба на недвижноста и намирување на доверителот. Имено честопати се случува извршителот иако има проценета пленидба, не пристапува кон продажба и намирување на доверителот од износот добиен со продажбата, туку преминува кон преземање на други извршни дејствија во обем кој значително отстапуваат од побарувањето на должникот, или пак вршаат само парцијална продажба за намирување само на извршните трошоци, и продолжува со понатамошно попишување предмети, а се со цел да ги зголемат трошоците на извршување, и за себе и за друг да прибави противправна имотна корист, а на должникот му предизвика штета. Значи трагите на непривалното постапување на извршителите се оствaени во нивната документација сочинета во постапката за извршување, но за да бидеме успешни во*

[210] Цуклески Г., Николоска С., *оп. цит.*, стр. 27. (1)

*нивното идентификување, оперативните работници многу добро треба да ги познаваат законските норми од ЗИ.*

Постапката за пронаоѓање и обезбедување на доказниот материјал е постапка која се одвива во фазата на криминалистичката обработка, но тоа не значи дека доказниот материјал не може да се обезбеди при спроведувањето на криминалистичката контрола.

Ова постапка бара одредена методичност, систематичност и пред сè, стручност, бидејќи се работи за доказен материјал во форма на материјални докази - односно документи.[211]

Многу е важно доказниот материјал, кој го собираме да задоволи одредени стандарди. Општо земено, очекуваме доказниот материјал да може да послужи како доказ. Со тоа сакаме да кажаме дека доказниот материјал да одговара на правилото за најдобар доказ, односно тоа што го имаме треба да биде оној дел од доказот за кој мислиме дека е најдобриот примерок кој постои. Но не само тоа, обезбедениот доказен материјал треба да биде во согласност со ЗКП, во спротивно нема да ни послужи како валиден доказ во кривичната постапка. Претежно, кога станува збор за кривични дела од областа на економскиот криминалитет во тој контекст и за кривични дела со елементи на злоупотреба на службената положба, секогаш инсистираме доказниот материјал да се обезбеди во оригинална форма. Тоа значи дека не нè интересираат копии, освен ако тие не се единствен достапен примерок од одреден доказен материјал.

Посебна карактеристика кај извршителите на кривичното дело Злуопотреба на службената положба и овластување, е тоа што при извршувањето на истото истите мислат дека се заштитени од органите на прогонот според нивната функција и партиска припадност, "што до некаде имаат и право" бидејќи досегашната практика особено судската практика во РМ го потврдува тоа.[212] Сторителите на оваа кривично дело се

---

[211] Николоска С., *оп. цит.*, стр. 237. (1)

[212] Во Република Македонија, судските органи, во извршувањето на нивната работа особено кога треба да донесуват пресуди за важни предмети кои се карактеризираат со Злоупотреба на службена положба од страна на иистакнати имиња, постои мнение во јавноста дека одлуките на судот не го задоволуват правото. Претежно пресудите се условни, или завршуват со парични казни. Овие забелешки, се наведени скоро и во сите годишни извештаи од Европска комисија за напредокот на РМ во исполнувањето на Копенхагенските критериуми за влез во ЕУ.

ограничени во нивната криминална активност во смисла дека се знае нивното работно место, како и надлежностите на истите. Докажувањето на оваа кривично дело воопшто не е лесно, бара упорност и стручност.[213]

Најчесто доказниот материјал се наоѓа во повеќе институции, и тоа државни органи, здравствени институци, банки и други финансиски институци, Јавни претпријатија, Образовни институции, Одделенија за катастар на недвижности и сл.

Со оглед на тоа што материјалниот доказ се наоѓа во наведените институции, неминовна е соработката на оперативните службеници со овие институции.

*Пример, од лично искуство кој веќе е елабориран претходно, но тука ќе биде анализиран од друг аспект т.е од аспектот, на неопходната потреба за соработка со други институци, и органи за утвдрување на фактичката состојба во однос на докажувањето на кривично дело од областа на Злоупотреба на службената положба и овластување. Имено ние кажавме дека, НК за КР при ПС Гостивар, располагал со оперативен материјал, дека секретар на основно училиште на име личен доход прима повисока плата отколку што му следува. За утврдување на овој факт, оперативниот службеник требаше најпрви да се обрати до банката каде што посоченото лице ја подигал платата. За добивање на овие податоци, најпрвин треба да се обезбеди наредба од истражен судија, што значи дека се јавува потреба за соработка и со истражниот судија**.** Откако беше обезбедена наредбата, истата беше доставена до соодветната банка од каде, на писмено ни беше одговорено колку конкретното лице на име личен доход*

---

213 Од лично искуство можам да кажам дека во СВР - Тетово и НК за КР - ПС Гостивар од 2004, до денес од страна на старешините и другите надлежни органи кои одлучуваат во однос на распоредувањето на работниците на работни места, не се почитува критериумот на стручност. Имено во оделението за економски криминалитет биле примени полициски службеници со несоодветно образование, не докажани во нивната професија, со лошо досие, потоа имаме ситуаци каде оперативниот работник што туку се усовршил до некаде, на истиот ќе му се смени работното место без да се води сметка за службата. Претежно старешините кои немаат работено во областа на економскиот криминалитет, истиот ја споредуваат со општиот или друг вид на криминалитет, така што истите, бараа што поврзо да се поднесе поднесок до надлежното обвинителство, без разлика на квалитетот на истиот во обезбедувањето на доказниот материјал. Друга негативна карактеристика во наведеното СВР и НК за КР - ПС Гостивар, е тоа што честопати се случува, оперативниот службеник кој работи и е сконцентриран на расчистување на случај од областа на Економскиот криминалитет да биде задолжен со друг предмет од областа на бруталниот или друг вид на криминалитет што според мене негативно влијае во усовршувањето на оперативниот службеник во конкретната област за која е задолжен.

*за осомничениот период примил плата. Значи до овој податок дојдовме преку банката, значи тука веќе имаме соработка и со банката.* *По нашето разгледување на изводот од сметка за исплата на личен доход и споредување со други лица вработени во други училишта во својство на секретари како и по консултирање со инспекторите од областа на образованието, беше констатирано дека осомниченото лице навистина примил повисок личен доход отколку му следувало. Значи во оваа фаза имаме соработка и со преставници од Министерството за образование. Во конкретниот случај повисокиот личен доход стекнат противзаконски се потврди, но енигма беше на кој начин го има направено тоа. Така се јавуваше потреба за соработка и со други институци, во конкретниот случај со министерството за образование и наука, и министерството за финансии. Од Министерството за образование и наука беше побарано да ни се одговори на кој начин се исплаќаат личните доходи на работниците, и за истото да ни доставаат одредена документација од која може да се види, износот на плата што им следувало на работниците. Од нивна страна во писмена форма ни беше објаснето процедурата во однос на исплата на плата, доставувајќи при тоа и список на работници од кој можело да се види секој работник колку парични средства зема на име личен доход. Од извршената споредба на списокот добиен преку Министерството за образование, и тековната состојба добиена од банката јасно се гледеа разликите во однос на исплата на плати за осомниченото лице, и имаше основ за поднесување на кривична пријава со солиден доказен материјал, но се уште не знаевме како осомниченото лице го има изведено тоа, кој е оштетен во конкретниот случај, односно дали се оштетени другите работници од образованието, или пак државниот буџет, дали има и други лица вмешани во инкриминираните дејствија и сл. Со оглед на тоа што, вработените, личните доходи ги подигнале во различни банки, требаше повторно да се обезбедат други наредби од истражен судија, со цел ваѓање на изводи од сметки и за другите работници. Од извршените консултации со овластени лица од Министерството за финансии, ни беше кажано дека истите податоци можеме да ги добиеме од Министерството за финансии - Одделение Трезор. Со писмено барање, до Министерството за финансии, во електронска форма беа обезбедени бараните податоци од наша страна и беше утврдено дека во конкретниот случај, осомниченото лице се стекнал со противправна имотна корист на штета на работниците.*

Од наведениот пример може да се заклучи дека до утврдување, расветлување и докажување на делото, требаше да соработуваме со неколку институци и тоа: Основен суд, од кого беше обезбедена наредба за добивање потребна документација од банката; банка, од која ни издадоа извод од сметка со одредени објаснувања; Министерството за образование, училишта, кои не известија за начинот на пресметување и исплата на плата; Министерството за финанси - трезор, преку кое во електронска форма беа обезбедени податоци за исплата на личен доход за другите вработени лица.

Материјалното дејство на кривичното дело врз сторителот како индиција не е специфичност само за кривичните дела против службената должност, туку на сите користољубиви кривични дела (кривични дела од кои се стекнува противправна имотна корист). "Со оглед на тоа дека повеќе од сторителите на овие кривични дела истите ги

вршат од користољубие, како мотив на извршување оваа индиција има големо значење”.[214] За поимот, доказ во материјална смисла постојат неколку сфаќања.[215]

Според првото сфаќање, доказ во материјална смисла е секоја доказна основа или причина содржана во одредено доказно средсво кое зборува за вистинитоста на некој факт во кривичната постапка.

Фактите кои треба да докажуваат се нарекуваат предмет на доказите (thema probandi), факти кои се веќе утврдени и од кои се изведува заклучок за вистинитоста на фактите кои треба да се докажуваат се нарекуваат доказна основа (argument, probationes), а изворите од кои се добиваат доказните основи се нарекуваат доказни средства (media probandi, instrumenta).”

Карактеристика на второто сфаќање е дека доказот во кривичната постапка не е ни само доказен извор (сведок, осомничен, вештак, материјален доказ), ниту само информација, туку е единство на доказните извори и доказните факти. Според трето сфаќање доказот во кривичната постапка претставува извор на информации за фактите кои се утврдуваат во кривичната постапка, со кои органот кој ги утврдува фактите се служи во случаите кога не е во можност со сопствено видување да ги утврди, а изворите на информации се состојат во известување за фактите кои непосредно ги утврдил органот кој постапувал во конкретниот случај или се тоа фотографии направени од органот во чија надлежност е фотографирањето, скицирањето и сл.

Од како се обезбедува доказниот материјал, оперативниот службеник до надлежното јавно обвинителство поднесува кривична пријава. Со пријавата се доставуваат и предмети, скици, фотографии, списи за преземени дејствија, службени белешки, изјави и другиот материјал што може да биде корисен за успешно водење на постапката. Значи во прилог на кривичната пријава се ставаат и се доставува целокупната документација од извршените проверки врз основа на која е изготвена кривичната пријава. Таа

---

[214] Бановиќ, Б., *оп. цит.*, стр. 38, наведено според Николоска С., стр. 238. (1)

[215] Бановиќ, Б., *оп. цит.*, стр.183, наведено според Николоска С., стр. 238. (1)

документација може да биде од различен вид, во различен обем во зависност од сложеноста на конкретниот случај.

Ако правосудната полиција дополнително дознае за нови околности, докази или траги од кривичното дело, е должна да собере потребни известувања и за тоа веднаш да го извести јавниот обвинител.[216]

Во кривичната пријава поднесена против сторител на кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување" материјалните докази во главно се состојат од предмети, прибавени извештаи од ревизори, записници од увид преглед и претрес на деловни простории, записници сочинети од други институции, службени белешки од извршени разговори, како и друга докуменатција која во текот на извршените проверки е добиена од различни институции во форма на извешати, известувања а по претходно барање од полицијата за утврдување на некој факт.

Оперативните службеници во текот на расчистување на некој криминален настан, меѓу другите активности извршуваат разговори со лица(пријавителот на случајот, осомничен, сведок, помагач, и др) кој на некој начин се инволвирани во настанот. Добиените сознанија од лицата се обезбедуваат во службени белешки, во кои се потпишува овлстеното службено лице како изготвител, и лицето кој го дал исказот. Во службената белешка треба да бидат опфатени тие елементи кои се битни, за криминалниот настан, но никако не треба да се донесуват сопствени проценки, и врз основа на тие проценки да се изготви службената белешка.

Самите службени белешки особено со новиот ЗКП немаат доказна вредност, нивното значење има насочувачки и објаснувачки карактер за текот на криминалниот настан и за поврзување на доказниот материјал со сторителот, местото на настанот и настанатата штета.

Индиците - битен елемент на криминалистиката, можат да се квалификуваат на различни начини, но нивна основна поделба е на материјални и психолошки индиции.

---

[216] Чл. 280 од ЗКП, *Сл. весник на РМ бр. 150/10, 51/11 и 100/12.*

Материјалните индиции (траги), по правило и најчесто се промени настанати за соодветна документација, како што се: јавните исправи, службените исправи, фалсификувани јавни или службени исправи, предмети со кои е извршено кривичното дело и предметите прибавени од извршеното кривично дело.

Други факти кои укажуваат на постоењето на криминалниот напад се следните: кусоци, вишоци, материјална и друга штета, добивка, материјална последица од кривичното дело, а од аспект на психолошките индиции тоа се психолошките последици и влијанија на самото кривично дело врз сторителот (страв од откривање, промени во однесување и сл).[217] Индициите, не насочуваат на барање предмети и траги доказни материјали, во објектот - местото на криминалниот настан и на местото на настанување на последицата-штетата од криминалните дејствија. Трагите и предметите во објектот - местото на настанот се поврзуваат со работните места каде што одредени лица со одредени овластувања вршат одредена работа.

Тие можат да бидат, доктори, извршители, адвокати, нотари директори, градоначалници, претседатели на управни одбори, секретари, обични референти и сл, но можат да бидат и од редовите кои треба да ја делат правдата, полиција, судии обвинители, јавни правобранители и сл. Вообичаено, трагите во објектот местото на настанот, може да се пронајдат на самото работно место на сторителите во нивната деловна документација.

Оперативниот службеник при расчистување на кривично дело со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување, треба да води сметка за целосно расчистување на делото, бидејќи претежно гога имаме дело со елемнти на злоупотреба на службената положба, во криминалниот настан се вклучени повеќе лица и институции,[218] кои секој на свој начин ја злоупотребил позицијата, односно не ги почитувале своите

[217] Бановиќ Б., *оп цит.,* стр. 36, наведено според Николоска С., стр. 240. (1)

[218] Честопати преку пишаните и електронските медиму сме слушнале и слушаме за низа криминални настани од типот на организиран криминал со елементи на злоупотреби на службената положба и овластување во кои се вклучени повеќе лица и институци, вклучувајќи тука и високи функционери, кои искористувајќи ја службената положба и овластување, ги пречекориле границите на нивните овластувања, со цел да се стекнат со противправна имотна корист за себе или за друг, а на штета на друг. Во трудот веќе се дадени неколку примери кои ги содржат овие елементи при вршењето на криминалните активности.

обрски, согласно законските прописи кои биле должни да ги почитуваат и применуваат. Тоа ќе се реализира доколку оперативниот службеник располага со солидни знаења, професионализам, стручност и сериозност во неговата работа, за целосно извршување на документациските проверки во сите инволвирани органи, институции и лица.

### *4.8.2 Значење на вештачењето како истражно дејствие во докажувањето на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување*

Вештачење се определува кога за утврдување или оцена на некој важен факт треба да се прибави наод и мислење од лице кое располага со потребното стручно знаење.[219] Вештачењето по правило го вршат вештаци запишани во регистарот на вештаци.[220]

Вештачењето се определува со писмена наредба. Во текот на претходната постапка наредбата ја донесува јавниот обвинител, а на главната расправа судот ако треба да се отстранат противречностите во наодот и мислењето и може да се определи супер вештачење.

Во наредбата ќе се наведе во однос на кои факти се врши вештачење и кому му се доверува.

Ако за определен вид на вештачење постои високообразовна установа, научна установа или стручна установа или вештачењето може да се изврши во рамките на орган на државна управа, таквите вештачења, а особено посложените, ќе се доверуваат по правило на таква установа, односно орган.

Ако вешт наод и мислење на орган на државна управа е приложен како доказ од страна на јавниот обвинител, а одбраната го оспорува истиот, може да му предложи на судот да нареди вештачење, кое ќе го изврши друга установа или орган. По правило, за вештачењето ќе се определи еден вештак, а ако вештачењето е сложено, тогаш може да се определат два или повеќе вештаци. Само по исклучок може да се определи за вештак лице кое има живеалиште во странство или странска стручна институциија, кои според законите на матичната земја ги исполнуваат условите за вршење на вештачење, доколку

---

[219] Чл. 236 ст. 1 од ЗКП, *Сл. весник на РМ бр. 150/10, 51/11, 100/12.*

[220] Чл. 236 ст. 1 од ЗКП, *Сл. весник на РМ, бр. 150 /10, 51/11,100/12.*

во Република Македонија не постојат високообразовна установа, научна установа или стручна установа, трговец поединец - вештак или трговско друштво регистрирано за вршење вештачење, за определен вид вештачење.

Наведениот орган што го наредил вештачењето по претходно прибавено мислење од вештакот го определува рокот за вештачењето и за доставата на наодот и мислењето и тој рок може да биде продолжен само по образложено барање на вештакот.

Лицето кое е повикано како вештак е должно да се јави на поканата и да даде свој наод и мислење во рокот определен во наредбата. Рокот определен во наредбата, од оправдани причини, може да се продолжи.

“Современото општество се карактеризира со интензивен научно - технолошки развој поради што е неопходно да се прошири полето на потребата од вештачење како специфично процесно дејствие и со дејноста на посебните стручни лица и вештаци во преткривичната и кривичната постапка. Самата практика покажува дека кај откривањето и утврдувањето на спорни факти, вештачењето се користи во 80 % од случаите на економско – финансиски криминалитет, додека според бројноста, е мерка која е веднаш по изјавата на сведоците”[221]

Кај криминалитетот против службената должност, вештачењата се од типот на финансиски вештачења, вештачења на документација, вештачење кое се однесува на целокупното работење на правниот субјект за одреден период, и сл.

Кривичните дела поврзани со злоупотреба на службената положба и овластувања, поради својата специфичност, на елементите кои ја карактеризираат ова дело,[222] налага потребата при расветлување на покомплексни случаеви, одредена документација да се вештачи. Тактиката на постапување при спроведувањето на вештачењето, пред сѐ зависи од тоа кој сегмент на работењето се истражува и која документација е предмет на вештачење. Пример доколку станува збор за спорен документ за кој постои сомнение дека е фалсификаат, тогаш се врши графолошко вештачење на истиот.

---

[221] Крцкоски М., *Вештачење во кривичната постапка*, Југословенска ревија за криминологија и кривично право бр. 3 – 4, Београд, стр. 400, наведено според Николоска С., *оп. цит*. стр. 211. (2)

[222] Начинот на извршување, настанатата материјална штета, стекнатата имотна корист и др.

Во најширока смисла, документ е секој утврден метод на комуникација на еден поединец со друг.[223] Спорен документ е оној за чијашто целосна или делумна содржина постои сомневање во поглед на автентичноста и потеклото. Спорните документи опфаќаат многу повеќе од чекови, тестаменти и договори. Областа на спорни документи е една од постарите дициплини на форензиката.

Според книгата на Њутн Бајкер Џ. “Закон за спорни и фалсификувани документи”- фалсификувањето постои уште од најстари времиња во секоја земја каде што пишувањето претставува средство за комуницирање". Денес, за областа на спорни документи е заслужен пионерскиот труд на Алберт С. Озборн, роден на 26 - ти март 1985. Во неговата публикација "Спорни документи" образложени се основните принципи што сè уште ги употребуваат вештаците за документи.

Кога имаме вештачење на документација, таа документација најпрво треба да се обезбеди и тоа во оригинал, бидејќи според досегашната практиката, во случаите кога е потребно вештачење на ракопис, потпис, печат, жиг, тоа се прави исклучиво на оригинална документација, а не е можно ни на втор примерок. Значи, обврска за утврдување на релевантни факти за нечија криминална активност е да се обезбеди оригиналната документација, но ова е голем проблем, бидејќи, сторителите, најчесто се информирани што треба да чуваат во нивните деловни простории - се чува втор примерок, а за првиот примерок оправдувањето е дека е доставен кај правното лице или друг субјект кај кого имаат доставено барање, фактура, испратници и сл. Но и тоа е решлив проблем кога се знае дека во денешно време целокупната деловна документација е внесена во компјутер - договори, фактури, картички и сл, а сето тоа може со компјутерски вештачење да се симне од компјутерската меморија, но се разбира, ако го обезбедиме компјутерот кој ги содржи потребните документи и податоци.[224] “Вештачењето на документација

[223] Франк Х. Норвич и Хауард Сејден, *Спорни документи" Форензика "* Вовед во научни и истражни техники,, Второ издание,, Табернакуп, стр. 423, 2009, Дел од програмата на владата на РМ, за преведување на 500 стручни,научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреноминираните универзитети во сад и ЕУ.

[224] Николоска С., *оп. цит.*, стр. 212. (2)

претставува широка област на криминалистичко - технички истражувања, при што се применуваат специфични методи и современи технички средства.

Документот може да се вештачи за да се утврди идентификацијата на потпис, ракопис, броеви, машина за пишување, печатар и штембил, за потоа да се утврдат трагите на преправење, бришење, допишување и сл”[225]. Во теоријата, за оваа широка област се употребува терминот испитување на документација или графоскопија, под што се подразбира “испитување на документи насочено кон откривање на кривични дела и нивните сторители, како и обезбедување на стручни - научни докази со цел да им се помогне на правосудните органи”. Предметот на графоскопијата се однесува на: испитување на ракопис, потпис и параф, броеви - цифри, печат, штембил и жиг; утврдување марка и модел на машина за пишување, идентификација на машина за пишување, криминалистичко физичко – хемиско испитување и утврдување на допишувања, преправања, реконструкција на средствата за пишување и хартијата, лингвистичка анализа и други испитувања на документација, а во последно време испитување и на компјутерот и печатарот од каде е печатено, како и користената хартија.

Вештачењето на документација, најчесто, се одредува поради следните причини:[226]

- Кога постои сомневање во автентичноста на потписот или ракописот;
- Кога постои сомневање дека во документите е вршена одредена измена или документот е - Направен од делови на два или повеќе документи (фотокопирање - фотомонтажа);
- Кога постои сомневање во поглед на староста на документот;
- Кога е потребно да се реконструира делумно уништен документ (искинат, запален или - документ со прешкртан дел од текстот);
- Кога е потребно да се идентификува апарат за фотокопирање со кој е копиран одреден документ;

---

[225] Алексиќ Ж., *Криминалистика,* Београд, 1985, стр. 379.

[226] Џуклески Г., Николоска, С., *оп. цит*., стр. 213. (2)

- Кога е потребно да се идентификува машина за пишување или компјутерски печатар на кој е отпечатен одреден документ; и
- Кога е потребно да се утврди автентичност на микрофилмувани документи.

Битни елементи за експертиза на документација се: материјалот на кој е напишан документот, начинот на кој е напишан (ракопис, печатење и сл.), средството за пишување или печатење, посебните додатоци на исправите (печат, штембил, жиг и сл.), средството за копирање на документите и методите на испитување (физичко - хемиски, оптички, механички, графички и сл.)

Пред да се изврши Вештачење, мора да се достават познати стандарди на пишување како и оригинал документација во зависност од конкретниот случај што ќе послужат за споредба. Обично иследникот доставува стандарди за споредба. Ако иследникот не достави соодветни стандарди, вештачењето може да биде ограничено по обем, или пак, воопшто да не се изврши. Добрата соработка помеѓу иследникот и вештакот за документи е од клучно значење.

Кога се доставуваат стандарди на пишување, треба да се има предвид дека мора да се споредуваат само стандарди што се меѓусебно слични. На пример, ако спорниот метеријал е печатен, познатите стандарди мора да бидат печатени. Ако спорниот материјал е напишан ракописно, мора да се споредува со ракописно пишување. Ако документот е напишан со молив и стандардите треба да бидат напишани со молив итн. Општо правило е колку што може повеќе да се повторат истите услови во кои бил напишан спорниот материјал.

При вештачењето на документацијата, вештаците треба да дадат одговор на бројни прашања од кои најзначајни се:[227]

- Дали потписот на инкриминираниот документ е оригинал?
- Дали ракописот на спорниот документ е оригинал?
- Дали печатот и штембилот на инкриминираниот документ е оригинал?

---

[227] Николоска С., *оп. цит.*, стр. 213 – 214. (2)

- Дали печатот или штембилот, ставен на инкриминираниот документ е ставен во време за кое документот е изготвен?
- Дали копиите на документите се еднакви или има одредени додавања или одземања?
- Дали документот испечатен на одреден компјутерски печатар е автентичен за тој печатар, и со чија шифра е работено во време на изготвувањето и печатењето на документот и сл?

Вештачењето на ракопис е едно од средствата на криминалистичката идентификација, а се заснова на фактот дека ракописот на секое лице е релативно постојан и индивидуален.

Индивидуалноста се манифестира во вкупноста на неговите општи и посебни карактеристики, нивната постојаност, благодарејќи на што е можно да се потврди потеклото на ракописот на соодветен документ што е предмет на вештачење.

Кога е во прашање вештачењето на ракописот, Алберт Осборн[228] формулирал одредени прашања, што во теоријата се општо прифатени, а тие се следните:

- Дали потписот е вистинит?
- Дали потписот е на вообичаеното место?
- Дали потписите на лицата се оригинални и дали се напишани според редоследот како се наведени во документот?
- Дали текстот на документот - исправата е автентичен?
- Дали ракописот е искривен или неприроден во кој било поглед?
- Дали постојат траги на пенкало или индиго во потписот?
- Дали потписот е наперавен пред или по виткање на документот?
- Дали на документот постојат траги од механичко или хемиско бришење и дали има какви било промени или додавања?
- Дали текстот на документот е пишуван истовремено или одредени делови од текстот се дополнително додавани - допишувани?

---

[228] Osborn S A. Questioned documents, London 1929 и Симоновиќ Љ., *Криминалистичко вештачење докумената*, Београд, 1956 стр. 4 – 6.

- Кое лице е скриптор на спорниот ракопис, односно потпис?

При вештачење на ракопис се користеле и се користат неколку методи на вештачење и тоа: графоскопски или калиографски метод, графометриски метод, графички метод и сл.

Во откривањето, расветлувањето и докажувањето на економско - финансискиот криминалитет, покрај наведените вештачења на ракопис, потпис, потребни се и други бројни стручни вештачења во зависност од тоа каде е направен криминалот, начинот на криминално однесување и прикривање на криминалната активност.

Честопати во практиката се случува, при расветлување и докажување на кривичното дело особено кога станува збор за точно утврдување на материјалната корист или штета нанесена на друг, оперативниот службеник поради сложеноста на предметот да не може со точна прецизност да го утврди тоа, или пак воопшто да не го утврдува.

Во таквите случаеви во диспозитивот на кривичната пријава како и во содржината на истата се наведува дека пријавениот или пријавените, со извршување, искористување или неизвршување (во зависност од конкретниот случај) на нивната службена должност се стекнале со противправна имотна корист на штета на државниот буџет, или на друг субјект, со укажување дека за утвдрување на износот на истата треба да се изврши вештачење.[229]

Скоро за сите посложени предмети од областа на економскиот криминалитет во која категорија спаѓа и кривичното дело “злоупотреба на службената положба и овластување” заради утврдување на стварната состојба, Судот бара да се изврши експертиза - вештачење.

---

[229] Од лично искуство ќе наведам еден пример каде во диспозитивот на кривичната пријава поднесен против извршител, за продолжено кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување, имам образложено потреба за вештачење, поради следните причини. Имено вкупните обрски (долг) на правно лице АД „Х.Х“ по основ на барањето за извршување И.бр 1/1 беа во износ од 1.177.672,00денари, Пријавениот со пописот од 30.03.2011 г има попишано предмети во вредност од 22.112.747,00 денари а со пописните пленидби и процените направени од 30.03. до 26.09.2011 г се проценети предмети во износ од 43.438.683,00 денари кој што износ во значителен обем, ја надминува висината на вкупниот износ на обрски кон доверителот при што доаѓа до зголемување и на вкупните трошоци на извршување кои се во износ од 1.524.830,00 денари на штета на АД „Х.Х“ поради што потребно е да се изврши вештачење на материјалните трошоци и трошоците за извршените дејствија преземени после 30.03.2011.

Имено судот во текот на своето одлучување секогаш се потпира, врз писмениот наод и мислење добиен од овластен вештак.

Честопати, имаме случаеви каде се злоупотребува моќта на вештачењето, како апсолутен доказ, па иако во предистражната постапка се обезбедени релевантни докази според кои се докажува делото, и сторителот на истото, со вештачењето се докажува спротивното.

Моќта на овој доказ е и причина за појава на корупција во судството, но и корупција во редот на лицата овластени да вршат вештачења.

Вештакот е должен до органот што го наредил вештачењето и тоа во предходна постапка јавниот обвинител, а на главната расправа судот да достави извештај, кој содржи: докази што ги прегледал, извршени тестови, наодот и мислењето до кои дошол и сите други релевантни податоци што вештакот смета дека се потребни за праведна и објективна анализа. Вештакот ќе образложи како дошол до определено мислење.

Ако вештакот што е уредно повикан не дојде, а изостанокот не го оправда, или ако одбие да вештачи или ако не постапи во рокот определен во наредбата, може парично да се казни од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност, а стручната установа од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност.

Во случај на неоправдан изостанок, вештакот може и присилно да се доведе.[230]

За вештак не може да се земе лице кое не може да биде сослушувано како сведок, или лице кое е ослободено од должноста да сведочи, како и лице спрема кое е сторено кривичното дело, а ако е земено, врз неговиот наод и мислење не може да се заснова судската одлука.

Причината за изземање на вештакот постои и во однос на лице кое заедно со обвинетиот или со оштетениот е во работен однос во ист орган или друго правно лице, како и во однос на лице кое е во работен однос кај оштетениот или обвинетиот.

[230] Чл. 237 ст.3 од ЗКП, *Сл. весник на РМ, бр. 150/10, 51/11 и 100/12.*

За вештак не може да се земе лице кое е испитано како сведок.

Ако наодот или мислењето се нејасни, нецелосни или се во противречност сами со себе по наредба на органот што ја води постапката, вештачењето може да се врати на истите вештаци заради отстранување на утврдените недостатоци.

Посебна новина во новиот ЗКП е тоа што јавниот обвинител и обвинетиот и неговиот бранител можат да именуваат технички советници по правило од регистарот на вештаци, чиј број не може да биде поголем од двајца со цел да им помогнат во собирањето на податоци за стручни прашања или оспорување на вештачењето.

Најбитно е да се напомене дека покрај методите, средствата, апаратите, треба да се истакне и важноста на етичкиот кодекс на вештаците при примена на правилата на струката, објективното запазување и утврдување на фактите, критичкиот осврт и оценката и непристрасното изведување на заклучоците и мислењата, бидејќи забрането е изведување на заклучоци кои не се соодветни на резултатите што се добиени со примена на стручното знаење, искуството и современата техника и технологија на вештаците.

Со новиот ЗКП јасно е определено дека едно од доказните средства се и фотографии, филмови и други аудио или визуелни снимки добиени со технички средства и дека истите можат да се користат како доказ во текот на постапката.

Фотографии, филмови или други аудио или визуелни снимки добиени со технички средства може да служат како доказ во кривичната постапка.

Во однос на снимката се постапува како и со другите предмети кои можат да се употребат како доказ, водејќи сметка да не се оштети или уништи и да се сочува нејзината содржина во неизменет облик.

По потреба ќе се преземат потребни мерки за да се зачува снимката во неизменет облик или да се изработи нејзина копија.

Доколку поинаку не е пропишано со овој закон, содржината на снимката се утврдува со нејзино репродуцирање. Снимката ја репродуцираат стручни лица.

За прибавување на електронски доказ се применуваат постапките како кај привремено одземање на компјутерски податоци и писма, телеграми и други пратки, доколку поинаку не е определено со закон.

# ПЕТТИ ДЕЛ

# УЛОГАТА НА ПРЕВЕНЦИЈАТА КАЈ КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊА

# 1. ПРЕВЕНЦИЈА КАКО ФАКТОР ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КРИМИНАЛИТЕТОТ ПРОТИВ ЗЛОУПОТРЕБАТА НА СЛУЖБЕНАТА ПОЛОЖБА И ОВЛАСТУВАЊЕ СО ЕЛЕМЕНТИ НА КОРУПЦИЈА

Досегашните истражувања за кривичните дела со коруптивен карактер, покажуваат дека како најзастапено дело е „Злоупотребата на службената положба и овластување". Токму поради овој факт, во продолжение при објаснување и елаборирање на улогата на превенцијата кај кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба, меѓу другото ќе се употреби и зборот корупција која во себе ја инкорпорира и ова кривично дело. Превенцијата е еден од сегментите за борба против криминал со елемнти на злоупотреба на службена положба и овластување.

Во најширока смисла на зборот превенцијата претставува систем на мерки и активности кои се насочени кон спречување на престапничкото однесување во одредена општествена заедница. Овде се мисли на вкупноста на престапнички активности и тоа морални, прекршочни и однесувања со елемнти на кривични дела предвидени со позитивните законски регулативи.[231]

На планот на превенцијата, во светот постојат два глобални системи:

Според првиот, борбата против корупцијата се организира со посебни владини програми и формирање на национални тела (Малезија, Австралија, Хонг Конг).

Според вториот за кој се определуваат поголем број на држави, сузбивањето на корупцијата бара воспоставување на комплементарно - правен систем, составен од синхронизирани решенија на повеќе гранки на правото; управно, финансиско, граѓанско, трудово, што заедно го чинат системот на антикорупциско законодавство. Во рамките на овој пристап се определуваат за кодифицирање на правните инструменти против корупцијата, во посебен антикорупциски закон.[232] Основните забелешки што се упатуваат на нашата држава, беа токму на недоволно развиените регулаторни и превентивни инструменти, за разлика од нагласувањето на казнената репресија, поставена на нови основи со Кривичниот законик од 1996 година.

---

[231] Николоска С., *оп, цит*, стр. 266. (1)

[232] Витларов Т., *Репресија и превенција на корупцијата*, Скопје 2006, стр. 266. (4)

Уважувањето на јасната определба на меѓународниот фактор за преземање од страна на РМ на ефикасни мерки за спречување на корупцијата, претставува особено важна причина за донесување на законот за спречување на корупцијата. Законот за спречување на корупција донесен во март 2002 година,[233] претставува правна рамка за концепирање на глобалната стратегија, за спречување на корупцијата, како и за спроведување систематска антикорупциска политика.

Во наведениот закон под корупција се подразбира искористување на функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за остварување на каква и да било корист за себе или за друг. Доколку се анализира оваа дефиниција може да се констатира дека елементите од истата ги наоѓаме во одредбите на чл. 353 од КЗ на РМ т.е злоупотреба на службената положба и овластување.

Основните цели на овој закон се востановување на превентивни мерки, преку воспоставени мерки на контрола и постапките за спречување и откривање на корупцијата. Вакви мерки се применуваат при вршење на јавните набавки и финансиските трансакции, располагање со средствата на буџетот, доделување на јавни работи, користење на средствата од државните девизни резерви и други државни депозити, отуѓување на државниот имот и други облици на располагање ограничување на дискреционите овластувања на државната управа, обезбедување и користење на меѓународни кредити и други средства (помош), прибирање искористење на средствата на политичките партии, синдикатите и здруженијата на граѓани.

Основно подрачје за примена на законите е јавниот сектор: вршење на власта и управувањето со државните работи, јавното претпријатије и претпријатијата што располагаат со државен (општествен) капитал, политичките парти, изборите, вршење на работи во здравството, образованието, јавното информирање и други дејности од јавен карактер.

Приватниот сектор е опфатен во мера во која не се пречекорени границите на пазарните законитости, слободата на пазарот и пазарната конкуренција.

---

[233] *Службен весник на РМ, бр. 28/02.*

Во законот  се наведени неколку членови во улога на превентивно делување за спречување на криминал со елементи на злоупотреба на службената положба. Пример со чл. 33 од законот за спречување на корупција, се пропишува обрска за пријавување на имот за сите лица, чие погоре наведено персонално својство е опфатено со овој закон. Со чл.34 е пропишана обрска за пријавување на промена на имотната состојба, во чл.36  е пропишана постапка за испитување на имотна состојба, како и други членови значајни за превентивно делување.

За применување на овој закон, се основа Државна комисија за спречување  на корупцијата.

Државната комисија во нејзината работа честопати става забелешка дека поголем број на институциии  не остваруваат соработка со комисијата во насока на размена на информации за утврдување на конкретни случаи  на корупција во определени министерства или за веќе извршени процеси на приватизација на претпријатија. Ваквите забелешки со право фрлат сенка врз работата на Комисијата и упатуваат  на заклучок, истакнат и од нивна страна, дека спласнува политичката поддршка за борба против корупцијата.

Превентивното делување може да се анализира и во контекст на честите измени на ЗЈН, како и одредбите од КЗ на РМ, кој ја санкционират ова девијантна појава, пример во насока на спречување и минимизирање на ова девијантна појава, промени се извршени во чл.353, (Злоупотреба на службената положба и овластување) каде е додадено ставот 5 кој ја санкционира ова појава.[234]

Исто така во насока на превентивно делување беше формирана Биро за јавни набавки кое формално почна да работи во средината на 2005 година како орган во состав на Министерство за финансии.

---

[234] Чл. 353 став 5, вели: Ако делото од ставовите 1 и 4 е сторено при вршење на јавни набавки или на штета на средствата од Буџетот на РМ, од јавните фондови или од други средства на државата, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

Истото е одговорно да се грижи за развојот на системот за јавни набавки преку обезбедување на законитост, рационалност, ефикасност и транспарентност во спроведувањето на јавните набавки и потикнување на конкуренција и рамноправност на понудувачите во оваа постапка. Со формирање на ваков орган, превентивно ќе се дејствува на корупциските однесувања на определени субјекти, затоа што тоа ќе ги следи јавните набавки и ќе го контролира трошењето на средствата кои се акумулирани од јавните давачки.

Корупцијата не е веќе локален проблем, туку транснационален феномен што ги напаѓа сите општества и економии и за чие превенирање и запирање е неопходна меѓународна соработка. Во ова смисла донесена е конвенција на обединетите нации против корупцијата.

Конвенцијата е отворена за потпишување на 18 декември 2002 година во Мерида, а стапила во сила на 14 декември 2005 година. Конвенцијата е потпишана од РМ на 18.08.2005 година. Собранието на РМ ја ратификува Конвенцијата на 19.03.2007 година.[235]

Во конвенцијата се дефинирани превентивни мерки, политики и практики на превенција на корупцијата. Според чл. 7, секоја држава предвидува усвојување на законски и соодветни административни мерки, усогласени со целите на оваа конвенција и во согласност со основните принципи на нејзиното внатрешно право, заради утврдување на критериуми за кандидирање и избор на јавна функција. Конвенцијата ги уредува прашањата за јавните набавки и управување со јавните финансии, според објективни и однапред утврдени критериуми за донесување одлуки за јавните набавки, за да се олесни подоцнежната контрола на коректната примена на правилата или постапките, како и ефикасен внатрешен систем на ревизија и ефикасен систем на жалба, кој гарантира право на правни лекови во случај на непочитување на правилата или на постапките утврдени во согласност со овој став.

Во членот 11 се утврдени мерки што се однесуваат на судиите и органите на гонење водејќи сметка за независноста на судиите и нивната важна улога во борбата против корупцијата.

---

[235] Маневски М., *оп. цит*. стр. 70. (2)

Токму поради тоа конвенцијата предвидува секоја држава да презема, во согласност со основните принципи на нејзиниот правен систем, мерки за зајакнување на нивниот интегритет и за спречување на можностите за нивно поткупување, без да се наштети на нивната независност. Овие мерки можат да содржат правила (кодекс) за нивно однесување.

Што се однесува до приватен сектор, Конвенцијата предвидува секоја држава да презема, во согласност со основните принципи на нејзиното внатрешно право, мерки за превенција на корупцијата во приватниот сектор, за јакнење на стандардите на усогласеност и контрола во приватниот сектор и, ако е потребно, да предвиди ефикасни, сразмерни и пропишани граѓански, административни или кривични санкции во случај на непочитување на мерките.[236] Исто така и во рамките на европскиот совет е формирана Организација на криминална превенција. Оваа организација како тело препорачува државите членки на советот да основаат, поттикнуваат и поддржуваат агенции за превенција на криминалитетот на национално, регионално и локално ниво.[237]

Спречувањето на корупцијата не се базира единствено на репресија. Современите трендови на подрачјето на сузбивање на сите видови на криминал, се свртени кон превенција. Со ефикасно превентивно делување се спречува корупцијата и нејзиниот развој, бидејќи со превентивните мерки директно се влијае на корените на корупцијата. Тешкотите кои се јавуват при примената на превентивните мерки се нецелосните и недоречените правни регулативи кои за сега не претставуваат задолжителост т.е немаат обрзувачки карактер за органите и институциите како што е случајот со репресивните мерки каде што е прецизирана таквата примена и има задолжителен карактер во одреден специфичен случај.

Превентивната дејност во прв ред треба да се насочи кон откривање и елиминирање на причините и факторите за појава и развој на корупцијата во институциите на системот. Токму поради ова неопходно е превентивната дејност да биде

---

[236] Маневски М. *оп. цит.*, стр. 72. (2)

[237] Симоновиќ Б., *Улогата на полицијата во превенција на криминалот на ниво на локална заедница*, Годишник на факултетот за безбедност, Скопје, 2001, стр. 147.

темелно и добро осмислена и стручно спроведена во оние сектори каде податоците покажуваат дека постои корупција или каде на основа на прибавените податоци и индиции постои сомневање дека има корупциски активности.[238] Најзначајната функција со цел спречување на корупцијата имаат органите кои всушност ги применуваат репресивните мерки и кои се во ситуација да во текот на вршење на должноста доаѓаат до информации за евентуални криминогени фактори за корупција во полиција.

Превентивната дејност во сузбивањето на корупцијата потребно е постојано да се усовршуваа со анализа и прилагодување на постоечките, современите и нови методи кои ќе се вметнат во криминалистичките превентивни методи и со чија примена би се постигнал значаен успех на полето за борба на корупцијата.

Превентивните мерки за спречување на корупцијата би биле всушност отстранување на факторите кои придонесуваат за појава на корупција во државните институции.

Во Република Македонија поточно во државните институции на Република Македонија вклучувајќи ја тука и полицијата, при вработување, на нови лица, потоа при назначување на раководни функци, не се води сметка за стручноста, образованието, досието и т.н, на лицето, што треба да извршува одредена функција. Така што во повеќе случаеви можно да од страна на раководно лице поради својата нестручност да ги пречекорил своите службени овластувања и за истото кривично да биде гонет.

Или пак поради поврзаноста со влијателни луѓе од партијата, истиот да се опушти во криминални лавиринти со надеж дека доколку ќе биде откриен ќе биде спасен токму од тие луѓе.

Доколку сакаме де  не дојде до вакви работи би требало да се води сметка при назначување на лица, истите да бидат квалификувани за конкретната област, да нема криминално досие, да располга со капацитет за квалитетно извршување на задачите,

---

[238] Бошковиќ М., *Актуелни проблеми сузбивања корупције*, Белград 2000, стр. 117.

односно да се вработуваат кадри кои ќе бидат мотивирани и спремни да ги прифатат предизвиците на професијата.

Контролата како превенција на корупцијата во државните органи игра значајна улога во спречување на девијантни криминолошки појави. Имено скоро во секоја институција имаме посебни внатрешни органи чија улога е да врши контрола над работата на вработените. Стручно спроведената контрола во рамките на државните органи пример во рамките на полициската организација овозможува да се откријат причините зошто одредени полициски службеници подлегнуваат на корупција, дали се работи за организирана група или се во прашање поедини полициски службеници и на тој начин со примена на соодветни превентиви или репресиви мерки (во зависност од конкретниот случај) брзо и адекватно да се реагира што овозможува спречување на развојот на корупцијата. Постојаната контрола над работата на полициските службеници може да доведе до елиминирање на одредени грешки и пропусти, односно да резултира со подобрено полициско постапување и разбивање на групата –доколку станува збор за организирана полициска корупција во рамките на дадена полициска организација. Меѓутоа, доколку грешките или пропустите на полициските службеници се од таква природа што претставуваат тешко кршење на законските норми и правила, тогаш единственото решение е примена на соодветни репресивни мерки кои најчесто се санкции. Контролата опфаќа постојана системска активност на следење и вреднување на работата на полициските службеници во согласност со правила и критериуми кои се однапред утврдени. Може да се каже дека контролата во сферата на елеминирање и борба против корупцијата може да има превентивен ефект - со елеминирање на криминогените фактори, но може да доведе до откривање на тешки злоупотреби и организирани групи што значи во такви случаи контролата би имала репресивен карактер. Во согласнот со претходно изнесеното за контрола на работата на полицијата како превентива од корупција, во Министерството за внатрешни работи на РМ функционира секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди чија основна функција е утврдување на случаи на незаконско и непрофесионално постапување на полициските службеници. Исто така контрола вршат и соодветни органи во рамките на БЈБ, особено за предметите односно пријавените случаеви до нив, кој за реализација ги процесуираат до Секторите за внатрешни работи каде се случил настанот. И ова секако дека ја има својата улога во

насока на следење на понатамошната постапка што треба да се одвива за конкретен случај, а со самото тоа превентивно се влијае врз оперативните службеници, да не сторат кривично дело со прикривање на предметот, или пак со непреземање на службени дејствија за кои се овластени да преземат во зависност од криминалната појава, или службената должност ја извршува само формално на начин и во време кога со тоа не може да се постигне она дејствие што можело да се постигне со извршување на службената должност, законито, одговорно и навремено.

Во превенција на корупцијата значајна улога им се дава и на средствата за јавно информирање кои директно влијаат на формирање на ставови во јавноста во однос на постоењето и развојот на корупциските кривични дела како и осудување на сторителите на истите.

Погоренаведените фактори секако дека играат важна превентивна улога, во намалувањето на криминалитетот со елементи на злоупотреба, но имајќи го предвид менталитетот на народот во нашата држава, секако не треба да заборавиме дека понекогаш многу поефикасно се делува превентивно со примена на репресивните мерки. Во врска со ова би го споменал случајот во општина Врапчиште каде четири лица со употреба на сила оневозможиле одржување на избори, при што против истите беше поднесена кривична пријава поради основано сомнение за сторено кривично дело “Спречување на избори и гласање предвидено во чл.158 од КЗ на РМ,, и истите за стореното дело која станала правосилна, одлежа казна затвор во КПУ - Затвор - Тетово по три години. Имено пред да се случи ова, практика беше во одредени избирачки места, неодговорни граѓани, да постапуваат спротивно правилата и законските прописи предвидени за нормално одвивање на процесот на гласање. Откако на наведените граѓани им беше пресудено за стореното дело, никој не се осмелуваше да повтори такво дејствие. Со ова сакам да кажам дека и покрај тоа што не се работи за кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување, секако може да послужи како пример за превентивната улога што ја имаат репресивните мерки во насока на намалување и елиминирање на криминалните дејствија.

Значи се на се РМ има направено големи напори со воведување на правни норми и формирање на институционална рамка, кои се однесуваат за борбата против корупцијата, сето тоа во согласност со меѓународните стандарди, кои претставуват услов за наше

членство во евроатланските интеграции. Значи проблемот не е во ова, туку во доследното применување на тие норми, кои за жал во РМ изостанува нивната практична примена. Доколку би се применувале законските норми од страна на органите на прогонот, пред сè од страна на судските органи, без влијание на политичкиот фактор, според мое мислење, репресивните мерки многу повеќе би дале позитивни резултати во превентивен план отколку претходно наведените превентивни мерки, бидејќи најдобра превенција е случајот да биде многу добро расветлен, сторителот или сторителите да се санкционират соодветно на стореното дело, во спротивно имаме контраефект односно повторување на делото.

# ШЕСТТИ ДЕЛ

# ЕМПИРИСКО АНКЕТНО ИСТРАЖУВАЊЕ

.

## 1. СПРОВЕДЕНИ ЕМПИРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА СО АНКЕТИРАЊЕ

Имајќи го предвид фактот за темната бројка на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување како и фактот дека ниту едно научно истражување не може да биде комплетно или пак сеопфатно без примената на истражувачките техники, освен официјалните статистички податоци кои претходно се елаборирани, кратко ќе се осврнеме и на спроведеното истражување со користење на анкетен лист.

Значи за проучување на криминалитетот воопшто и неговите појавни облици неопходно потребни се емпириски податоци, заради извлекување на научни заклучоци кои ќе кореспондираат со состојбата во реалноста. Во овој докторски труд, соодветно на предметот и целта кои претходно се поставени во методолошкиот дел, а за потребите на истражувањето е користена постапката – методот на анкетирање. Под анкета подразбираме начин на собирање на податоци, поширок по број на испитаници, но со едноставна содржина и релативно кратко траење на собирањето.

Анкетниот – писмениот прашалник е образец со чија помош по писмен пат се бараат известувања за кои се смета дека се од корист за истражувањето.

Анкетирањето се одвиваше на писмен начин, што значи дека на испитаниците им беа поставувани прашања во пишана форма и од нив се бараше да одговарат на тие прашања исто така на писмена форма.

Анкетниот прашалник кој е употребен за целта на истражувањето содржи вкупно 16 прашања. Сите прашања се со заокружување на понудените одговори.

Анкетата е спроведена во неколку градови, на РМ и тоа во Тетово, Гостивар, Скопје, Струга, Прилеп и Струмица. Според националната припадност, во анкетата се опфатени Македонци, Албанци, Турци, Роми, и останато, вработени во државни и други институции, пензионери и невработени лица. Анкетираните лица се со различен степен на образование, чии процент може да се види од табелата бр. 5.

**Табела бр. 5 Преглед на националната припадност и степенот на образование на испитаниците:**

| Националност | | Степен на образование | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Основно | | Средно | | Вишо | | Високо | | Вкупно | |
| **Македонци** | 90 | 7 | 3.3% | 20 | 9.5% | 15 | 7.1% | 48 | 22.8% | 90 | 42.8% |
| **Албанци** | 70 | 10 | 4.7% | 15 | 7.1% | 5 | 2.4% | 40 | 19% | 70 | 33.3% |
| **Турци** | 25 | 5 | 2.3% | 10 | 4.7% | 5 | 2.4% | 5 | 2.4% | 25 | 11.9% |
| **Роми** | 15 | 10 | 4.7% | 4 | 1.9% | / | / | 1 | 0.5% | 15 | 7.1% |
| **Останато** | 10 | 3 | 1.4% | 4 | 1.9% | / | / | 3 | 1.4% | 10 | 4.7% |
| **Вкупно** | 210 | 35 | 16.4% | 53 | 25.2% | 25 | 11.9% | 97 | 46.1% | 210 | 100% |

Според податоците, најголемиот дел од анкетираните се Македонци со 42,8%, следуваат Албанци со 33.3%, Турци со 11,9%, Роми 7,1% и останато со 4,7% каде се опфатени анкетирани лица од дргите национални заедници во РМ.

Во однос на степенот на образование анкетата покажува дека 16.4% од анкетираните се со завршено основно образование, 25.2% се со Средно образование, 11.9% се со Вишо, и 22.8% се со Високо обарзование.

**Графикон бр. 7 Преглед на националната припадност и степенот на образование на испитаниците.**



Половота структура на испитаниците, и нивната возраст може да се види од табела бр. 6 во анкетата се опфатени:

**Табела бр. 6 Преглед на возраста на испитаниците и половата структура**

| Возраст | Мажи | | Жени | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **До 30 години** | 31 | 14.7% | 20 | 9.5% | 51 | 24.2% |
| **Од 31-40 години** | 49 | 23.3% | 25 | 11.9% | 74 | 35.2% |
| **Од 41-50 години** | 50 | 23.8% | 15 | 7.14% | 65 | 31% |
| **Над 50 години** | 10 | 4.76% | 10 | 4.76% | 20 | 9.5% |
| **Вкупно** | 140 | 66.56% | 70 | 33.3% | 210 | 100% |

Од табелата може да се види дека според возраста и половата структура 14.7% се мажи до 31 година, 23,3% се мажи од 31-40 години, 23.8 од 41-50 години, 4.76% се над 50 години. Што се однесува до женскиот пол, во анкетата 9.5% се до 30 години, 11.9% се од 31-40 години, 7.14 се од 41-50 години и 33.3% се над 50 години. Наведените податоци прикажани графички би биле :

**Графикон бр. 8 Преглед на возраста на испитаниците и половата структура.**




Прашањата наведени во анкетните листови се од различен карактер, а во врска со кривичното дело, злоупотреба на службената положба и овластување. Поставените прашања, и одговорите на поставените прашање ќе бидат разгледани и анализирани со помош на табели, графикони.

1.Дали знаете што е злоупотреба на службената положба и овластување?

да, не, делумно

**Табела бр. 7 Дали знаете што е злоупотреба на службената положба и овластување?**

| Одговори | | |
|---|---|---|
| Да | 120 | 54% |
| Не | 30 | 14% |
| Делумно | 70 | 32% |
| Вкупно | 210 | 100% |

Според податоците од табелата, 120 испитаници или изразено во проценти 54% одговориле дека знаат што претставува злоупотреба на службената положба и овластување, 30 или 14% од испитаниците не знаеле, додека 70 или 32% напрашањето дадоа делимичен одговор. Вреди да се потенцира дека испитаниците кои се произнесоа со одговорот да, сите не беа во можност да дадат прецизна дефиницаја за поимот злоупотреба на службената положба и овластување, но при нивното дефинирање употребени се поимите корупција, коруптивни елемнти, што не е грешка бидејќи КД Злоупотреба на службената положба и овластување спаѓа во групацијата на коруптивни дела. Овие поими беа потенцирани и од страна на испитаниците кои дадоа делимичен одговор.

**Графикон бр. 9 Дали знаете што е злоупотреба на службената положба и овластување?**



2. Според ваше мислење дали во институциите на системот на РМ има злоупотреби на службената положба и овластување ?

Да, Не, Делумно,

**Табела бр. 8 Според ваше мислење дали во институциите на системот на РМ има злоупотреби на службената положба и овластување ?**

| Одговори | | |
|---|---|---|
| Да | 130 | 62% |
| Не | 30 | 14% |
| Делумно | 50 | 24% |
| Вкупно | 210 | 100% |

На ова прашање со да одговориле 130 испитаници или 62%, со не одговориле 30 испитаници или 14% и 50 испитаници или 24% дале делимичен одговор.

**Графикон бр. 10 Според ваше мислење дали во институциите на системот на РМ има злоупотреби на службената положба и овластување ?**




Според наведените податоци во табелата бр.8, може да се констатира дека општа перцепција кај граѓаните е дека во институциите на системот на Република Македонија злоупотребите се присутни, и тоа со солиден процент.

3. Во која институција најмногу е изразена кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување: Јавно обвинителство, Судство, Полиција, Царина, Здравство, Образование, Јавни претпријатија, друго.

**Табела бр.9 Во која институција најмногу е изразено кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување?**

| Институции | Одговори | Процент |
|---|---|---|
| Јавно обвинителство | 40 | 19% |
| Судство | 50 | 24% |
| Полиција | 40 | 19% |
| Царина | 20 | 9% |
| Здравство | 20 | 9% |
| Образование | 20 | 10% |
| Јавни претпријатија | 10 | 5% |
| Друго | 10 | 5% |
| Вкупно | 210 | 100% |

Според податоците наведени во табелата на ова прашање, 50 испитаници дадоа одговор дека кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување го имаме во Судството, следува Јавното обвинителство и полицијата со 19%, Царината и здравството со 9%, образование со 10%, Јавните претпријатија со 5% и останати институции со 5%.

**Графикон бр. 11 Во која институција најмногу е изразено кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување?**



Ако се анализират податоците од дадените одговори од испитаниците, може да се констатира дека токму кај институциите на системот непосредно надлежни за борба против овој вид на криминалитет, злоупотребите ни се присутни со голем процент, што за жал создава лоша слика  на домашен и на меѓународен план, и се потврдуваат забелешките дадени од меѓународните институции пред сè од ЕУ, која преку годишните извештаи објавени од Европската комисија, акцентот на корупција го ставаат токму во овие институции пред сè во Судството.

4. Која од следниве акции или мерки според Ваше мислење би била најефективна во борба против криминалот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување?

- Да се зголемат платите на службениците?
- Строги пресуди за оние коишто ќе бидат обвинети?
- Да се отстранат корумпирани службеници?
- Да се зголеми бројот на институциите во борбата против овој криминал?

**Табела бр.10 Која од следниве акции или мерки според Ваше мислење би била најефективна во борба против криминалот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување?**

| | | Број на испитаници | Процент % |
|---|---|---|---|
| 1. | Да се зголемат платите на службениците | 40 | 18% |
| 2. | Строги пресуди за оние коишто ќе бидат обвинети | 110 | 52% |
| 3. | Да се отстранат корумпирани службеници | 40 | 19% |
| 4. | Да се зголеми бројот на институциите во борбата против овој криминал | 20 | 10% |
| | Вкупно | 210 | 100% |

На ова прашање 52% од испитаниците најефективна мерка  во борба против криминалот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување гледат во строгите пресуди за оние коишто ќе бидат обвинети, 18% гледат во зголемување на платите, 19% во отстранувањето на корумпираните службеници и 10% во зголемувањето на бројот на институциите во борбата против овој криминал.

**Графикон бр.12 Која од следниве акции или мерки според Ваше мислење би била најефективна во борба против криминалот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување?**




Одговорот даден за ова прашање каде 52 % од испитаниците сметаат дека најефективна мерка во борба против криминалот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување се строгите пресуди за оние коишто ќе бидат обвинети, сметам дека е оправдан, од причина што доколку судството функционира онака како што треба каде секој ќе биде санкциониран според заслуженото, тогаш секако дека ќе имаме позитивни ефекти во насока на намалување на инкриминираните дејствија со елементи на злоупотреба на службената положба.

5. Што мислите зошто криминалитетот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување за разлика од другите кривични дела од областа на економскиот криминалитет е поголем?

- Поради својствата на сторителите?
- Нивната моќ?
- Поврзаноста со власта?
- Нивниот ментален склоп дека додека се на власт се недопирливи?

**Табела бр. 11 Што мислите зошто криминалитетот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување за разлика од другите кривични дела од областа на економскиот криминалитет е поголем?**

| | | Број на испитаници | Процент % |
|---|---|---|---|
| 1. | Поради својствата на сторителите | 33 | 16% |
| 2. | Нивната моќ | 50 | 24% |
| 3. | Поврзаноста со власта | 67 | 32% |
| 4. | Нивниот ментален склоп дека додека се на власт се недопирливи | 60 | 28% |
| | Вкпуно | 210 | 100% |

На ова прашање 16% од испитаниците ги потенцира својствата на сторителите, 24% нивната моќ, 32% поврзаноста со власта и 28% менталниот склоп во смисла дека се недопирливи додека се на власт.

**Графикон бр. 13 Што мислите зошто криминалитетот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување за разлика од другите кривични дела од областа на економскиот криминалитет е поголем?**




Според податоците од табелата, поврзаноста со власта и менталниот склоп дека додека се на власт се недопирливи се најголемите фактори кои влијаат кон злоупотребите на службената положба и овластување. Овој факт доволно укажува дека во Република Македонија, во повеќе случаи, се уште владее, селективниот пристап кон сторителите на кривични дела, непотизмот, партиските вработувања, која на некој начин создава мрежа на поврзаност, и неможност со „одврзани раце" на ист начин да се постапи спрема сите

тие кои при вршење на нивните работни задачи, постапуват спротивно законските прописи и регулативи.

6. Со стапување во сила на новиот ЗКП, каде на ОЈО, им се дават поголеми ингиренци во борбата против криминалитетот, дали сметате дека ќе се подобри процесот на расветлување и докажување на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување?

Да, не, делумно, не знам

**Табела бр. 12 Со стапување во сила на новиот ЗКП, каде на ОЈО, им се даваат поголеми ингиренции во борбата против криминалитетот, дали сметате дека ќе се подобри процесот на расветлување и докажување на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување?**

| Одговори | | Број на испитаници | Процент % |
|---|---|---|---|
| 1. | Да | 35 | 17% |
| 2. | Не | 40 | 19% |
| 3. | Делумно | 70 | 33% |
| 4. | Не знам | 65 | 31% |
| | Вкупно | 210 | 100% |

На ова прашање 17 % од испитаниците одговориле со да, 19% со не, 33% дале делимичен одговор додека 31 % не биле во можност да дадат конкретен одговор.

**Графикон бр. 14 Со стапување во сила на новиот ЗКП, каде на ОЈО, им се даваат поголеми ингиренции во борбата против криминалитетот, дали сметате дека ќе се подобри процесот на расветлување и докажување на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување?**



Според податоците наведени во табелата граѓаните не очекуваат големи промени во позитивна смисла со воведувањето на новиот ЗКП. Таквиот одговор на граѓаните не е случајно, од причина што досега во РМ под влијание пред сѐ на меѓународниот фактор, направени се низа измени на законската регулатива, но очекуваните резултати не биле постигнати.

7. Во која институција имате најголема доверба да пријавувате криминал поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување?

- Во Министерство за внатрешни работи?
- Во Јавно обвинителство?
- Во финансиска полиција?
- Во државна комисија за спречување на корупција?

**Табела бр. 13 Во која институција имате најголема доверба да пријавите криминал поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување?**

| Институции | | Број на испитаници | Процент % |
|---|---|---|---|
| 1. | Во Министерство за внатрешни работи | 71 | 34% |
| 2. | Во Јавно обвинителство | 59 | 28% |
| 3. | Во Финансиска полиција | 42 | 20% |
| 4. | Во Државна комисија за спречување на корупција | 38 | 18% |
| | Вкупно | 210 | 100% |

Интересно е тука што и покрај критиките во јавноста во однос на работата на полицијата воопшто, сепак за разлика од другите институции наведени во табелата, подобро е позиционирана, кое може да се види од процентуалното учество на испитаниците каде 34% од испитаниците одговориле дека најголема доверба да пријавуват криминал поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување имаат

во Министерството за внатрешни работи, потоа следуваат Јавното обвинителство со 28 %, Финансиската полиција со 20% и ДКСК со 18%.

Ова пред сè можеби се должи на сериозноста на МВР последните години да се справи со криминални појави, на кои им се дава и медиумски публицитет.

**Графикон бр. 15 Во која институција имате најголема доверба да пријавувате криминал поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување?**




8. Доколку во вашето подрачје дознавате за криминал поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување, дали случајот ќе го пријавевте во полициските органи кои функционират на вашето подрачје или во МВР - Скопје?

**Табела бр. 14 Доколку во вашето подрачје дознавате за криминал поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување, дали случајот ќе го пријавевте во полициските органи кои функционират на вашето подрачје или во МВР - Скопје?**

| | Институции | Број на испитаници | Процент % |
|---|---|---|---|
| 1. | Полициски органи кои функционират во вашето подрачје | 80 | 38% |
| 2. | МВР-Скопје | 130 | 62% |
| | Вкупно | 210 | 100% |

Според податоците од табелата 38% од испитаниците одговориле дека би го пријавиле случајот во полициските органи кои функционират во нивното подрачје додека 62% во МВР - Скопје.

**Графикон бр. 16 Доколку во вашето подрачје дознаете за криминал поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување, дали случајот ќе го пријавевте во полициските органи кои функционират на вашето подрачје или во МВР - Скопје?**




Малиот процент даден на Подрачните станици, укажува дека граѓаните немаат доверба во локалната власт. Тоа може да биде од повеќе фактори, како што се нивната нестручност, конспиративност, корумпираност, како и други објективни и субјективни фактори.

9. Доколку имате информации за криминал поврзан со злоупотреба на службената положба како би го пријавиле во полиција?

а) Како анонимен граѓанин, со писмен поднесок

б) Непосредно преку записник за примање на кривична пријава

в) Преку бесплатни телефонски линии за борба против корупција;

**Табела бр. 15 Доколку имате сознание за криминал поврзан со злоупотреба на службената положба како би го пријавиле во полиција?**

| | | Број на испитаници | Процент % |
|---|---|---|---|
| 1. | Како анонимен граѓанин, со писмен поднесок | 96 | 46% |
| 2. | Непосредно преку записник за примање на кривична пријава | 40 | 19% |
| 3. | Преку бесплатни телефонски линии за борба против корупција | 74 | 35% |
| | Вкупно | 210 | 100% |

На оваа прашање 46% од испитаниците одговориле дека доколку дознаат за криминал поврзан со злоупотреба на службената положба, во полиција би го пријавиле како анонимен граѓанин со писмен поднесок, 19% непосредно преку записник за примање на кривична пријава, и 35% преку бесплатни телефонски разговори.

**Графикон бр. 17 Доколку имате сознание за криминал поврзан со злоупотреба на службената положба како би го пријавиле во полиција?**




Големиот процент на граѓаните кои доколку би дознале за криминал поврзан со злоупотреба на службената положба истиот би го пријавиле во полиција како анонимни, зборува за недовербата во полицајата и можноста некој да им се освети на кој било начин.

10. Дали резултатите од борбата против криминалитетот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување, влијае врз забавување на процесот на интеграција на РМ во Европската Унија?

Да, не, делумно, не знам

**Табела бр. 16 Дали резултатите од борбата против криминалитетот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување, влијае врз забавување на процесот на интеграција на РМ во Европската Унија?**

| Одговори | | Број на испитаници | Процент % |
|---|---|---|---|
| 1. | Да | 81 | 39% |
| 2. | Не | 32 | 15% |
| 3. | Делумно | 57 | 27% |
| 4. | Не знам | 40 | 19% |
| | Вкупно | 210 | 100% |

На ова прашање со да одговориле 39%; со не 15%; делумен одговор дале 27% испитаници, додека со не знам 15 % од испитаниците.

**Графикон бр. 18 Дали резултатите од борбата против криминалитетот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување, влијае врз забавување на процесот на интеграција на РМ во Европската Унија?**



Големиот процент на граѓаните злоупотрбите ги третират како фактор што влијае врз забавувањето на процесот на интегрирање во ЕУ. Нивното мислење е оправдано, бидејќи најголемите критики што РМ ги има од страна на ЕУ, и други меѓународни институции се однесуваат токму за корупцијата. Со оглед на тоа што злоупотребите претставуваат коруптивни дела, по автоматизам доаѓа дека борбата против овој вид на криминалитет значи и исполнување на дел од политичките критериуми од Копенхаген како предуслов за влез во ЕУ. Но не само тоа, корупцијата влијае и врз исполнувањето на економските критериуми од Копенхаген, бидејќи како фактор што силно влијае во застојот на инвестиците, намалениот бруто националниот производ, резултира со пораст на сиромаштијата и невработеноста, дислоцирање на ресурсите, невработеноста итн., кои заедно придонесуваат кон намалување на конкурентноста на нашата економија за справување со економските сили на заедничкиот пазар на ЕУ, што de facto и de jure е главен предуслов за исполнувањето на економските критериуми, од Копенхаген.

11. Дали зголемувањето на структурата на единиците во рамките Централните полициски сили при МВР на РМ, во борбата против организираниот криминал, ќе даваат подобри резултати, во ефикасноста на докажување на криминалот со елемнти на злоупотреба на службената положба и овластување?

Да, не, делумно, не знам

**Табела бр. 17 Дали зголемувањето на структурата на единиците во рамките на Централните полициски сили при МВР на РМ, во борбата против организираниот криминал, ќе даваат подобри резултати, во ефикасноста на докажување на криминалот со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување?**

| Одговори | | Број на испитаници | Процент % |
|---|---|---|---|
| 1. | Да | 76 | 36% |
| 2. | Не | 34 | 16% |
| 3. | Делумно | 71 | 34% |
| 4. | Не знам | 29 | 14% |
| | Вкупно | 210 | 100% |

На ова прашање 36% од испитаниците одговориле со да, 16% со не, 34% дале делумен одговор, додека 14% одговориле со не знам.

**Графикон бр. 19 Дали зголемувањето на структурата на единиците во рамките на Централните полициски сили при МВР на РМ, во борбата против организираниот криминал, ќе дадат подобри резултати, во ефикасноста на докажување на криминалот со елемнти на злоупотреба на службената положба и овластување?**




12. Според Ваше мислење, дали вработените пред сè во полиција како и во други органи, кои директно се инволвирани во борбата против криминалот поврзан со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување, се адекватни, според стручната спрема, искуството, и други елемнти што би требале да ги имаат?

Да, не, делумно, не знам

**Табела бр. 18 Според Ваше мислење, дали вработените пред сè во полиција како и во други органи, кои директно се инволвирани во борбата против криминалот поврзан со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување, се адекватни, според стручната спрема, искуството, и други елемнти што би требале да ги имаат?**

| Одговори | | Број на испитаници | Процент % |
|---|---|---|---|
| 1. | Да | 14 | 7% |
| 2. | Не | 86 | 41% |
| 3. | Делумно | 91 | 43% |
| 4. | Не знам | 19 | 9% |
| | Вкупно | 210 | 100% |

На ова прашање 7% од испитаниците одговориле со да, 41% со не, 43% дале делумен одговор, додека 9% одговориле со не знам.

**Графикон бр. 20 Според Ваше мислење, дали вработените пред сè во полиција како и во други органи, кои директно се инволвирани во борбата против криминалот поврзан со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување, се адекватни, според стручната спрема, искуството, и други елемнти што би требале да ги имаат?**




Профилот на образование што треба да биде во МВР на РМ, се од безбедносен, правен и економски факултет. А се разбира за одредени служби како што е крим техника, оделите за вештачења, потребно е да се има и други профил на образование. Но доколку се прави една анализа на структурата на вработените во МВР низ цела Македонија, ќе се констатира дека најголемиот број на работници се со несоодветна стручна спрема. За жал, и покрај големите критики што РМ, ги има во оваа насока, сепак продолжуваат вработувања со несоодветна стручна спрема, но за волја на вистината последните години овој интензитет видно е намален.

13.Според Ваше мислење, дали во Државните институции, на работните места, чија дејност е да се борат против криминалот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување, се примаат професионалци со соодветно образование?

Да, не, делумно, не знае.

**Табела бр. 19 Според Ваше мислење, дали во Државните институции, на работните места, чија дејност е да се борат против криминалот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување, се примаат професионалци со соодветно образование?**

| | Одговори | Број на испитаници | Процент % |
|---|---|---|---|
| 1. | Да | 52 | 25% |
| 2. | Не | 68 | 32% |
| 3. | Делумно | 80 | 38% |
| 4. | Не знам | 10 | 5% |
| | Вкупно | 210 | 100% |

На ова прашање 25% од испитаниците одговориле со да, 32% со не, 38% дале делумен одговор, додека 5% одговориле со не знам.

**Графикон бр. 21 Според Ваше мислење, дали во Државните институции, на работните места, чија дејност е да се борат против криминалот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување, се примаат професионалци со соодветно образование?**




Одговорите на ова прашање можат да се поврзат со претходното прашање, со таа разлика што овде директно се однесува за институции кои директно се инволвирани во

борбата против ваков вид на криминалитет. И покрај тоа што во последно време во главно се настојува работните места да бидат пополнети од лица со содветна стручна спрема, поранешната практика во мнението на граѓаните оставила впечаток дека и понатаму се практикува истиот начин. Но не само тоа, нивното мислење можеби е формулирано врз основа на слабите резултати што конкретно се даваат на терен, од страна на овластените службени лица, што не значи дека тие не поседуваат соодветна стручна спрема, но проблемот е како се стекнале со тие дипломи, и дали при нивното вработување е почитуван мерит системот.

14. Според ваше мислење дали улогата на непосредниот раководител во полициските служби влијае врз степенот на откривање, расветлување и докажување на кривични дела поврзани со злоупотреба на службената положба? Да, не, делумно, не знам

**Табела бр .20 Според ваше мислење дали улогата на непосредниот раководител во полициските служби влијае врз степенот на откривање, расветлување и докажување на кривични дела поврзани со злоупотреба на службената положба?**

| Одговори | | Број на испитаници | Процент % |
|---|---|---|---|
| 1. | Да | 43 | 20% |
| 2. | Не | 31 | 15% |
| 3. | Делумно | 96 | 46% |
| 4. | Не знам | 40 | 19% |
| | Вкупно | 210 | 100% |

На ова прашање 20% од испитаниците одговориле со да, 15% со не, 46% дале делумен одговор, додека 19% одговориле со не знам.

**Графикон бр. 22 Според ваше мислење дали улогата на непосредниот раководител во полициските служби влијае врз степенот на откривање, расветлување и докажување на кривични дела поврзани со злоупотреба на службената положба? Да, не, делумно, не знам?**



Најголемиот процент даден за делимичното влијание на непосредниот раководител врз вработените кон намалување на инкриминираните дејствија со елементи на злоупотреба на службената положба е оправдано од причина што добриот раководител може да биде добар менаџер во организирањето и кординирањето на работата и работните задачи, но истиот нема толкава моќ и можност да влијае кон карактерот на работникот, навиките, емоците што ја сочинуваат субјективната страна на личноста.

15. Колку е важно за вас ослободување од политички влијание и други центри на моќ на државните органи кои се борат против криминалитетеот со злоупотреба на службената положба? Воопшто не е важна, Помалку е важна, Многу е важна, Исклучително важна, Не знае

**Табела бр. 21 Колку е важно за вас ослободување од политички влијание и други центри на моќ на државните органи кои се борат против криминалитетеот со злоупотреба на службената положба?**

| Одговори | | Број на испитаници | Процент % |
|---|---|---|---|
| 1. | Воопшто не е важна | 5 | 2% |
| 2. | Помалку е важна | 15 | 7% |
| 3. | Многу е важна | 80 | 38% |
| 4. | Исклучително важна | 84 | 40% |
| 5. | Не знае | 26 | 13% |
| | Вкупно | 210 | 100% |

На ова прашање 2% од испитаниците одговориле дека ослободување од политички влијание и други центри на моќ на државните органи кои се борат против криминалитетот со злоупотреба на службената положба воопшто не е важна 7% дека помалку е важна, 38% дека многу е важна 40% дека исклучително е важна и 13% со не знае.

**Графикон бр. 23 Колку е важно за вас ослободување од политички влијание и други центри на моќ на државните органи кои се борат против криминалитетот со злоупотреба на службената положба?**




Големиот процент даден за одговорот многу и значително е важна ослободувањето на политичките влијанија кон државните органи кои се борат против ваков вид на криминалитет, доволно зборува за степенот на партизација на институциите на системот и нивното слободно функционирање. Во контекст на ова, зборува и фактот што најголемите злоупотреби се откриваат токму кога имаме промена на власта.

16. Колку е важно за Вас Зголемувањето на платите на службениците за борба против криминал со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување? Воопшто не е важна, Помалку е важна, Многу е важна, Исклучително важна, Не знае

**Табела бр. 22 Колку е важно за Вас Зголемувањето на платите на службениците за борба против криминал со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување?**

| Одговори | | Број на испитаници | Процент % |
|---|---|---|---|
| 1. | Воопшто не е важна | 12 | 6% |
| 2. | Помалку е важна | 32 | 15% |
| 3. | Многу е важна | 96 | 46% |
| 4. | Исклучително важна | 60 | 28% |
| 5. | Не знае | 10 | 5% |
| | Вкупно | 210 | 100% |

На ова прашање 6% од испитаниците одговориле дека зголемувањето на платите на службениците за борба против криминал со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување воопшто не е важна, 15% дека помалку е важна, 46% дека многу е важна 28% дека исклучително е важна и 5% со не знае.

**Графикон бр. 24 Колку е важно за Вас Зголемувањето на платите на службениците за борба против криминал со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување?**




Податоците добиени од наведената табела, зборуваат дека финасиските средства играт голема улога во намалувањето на кривичните дела со елементи на злоупотреба. И тоа е факт, од причина што со просечен личен доход добиен од институциите на системот, особено од МВР  не можат да се задоволаат потребните параметри за стандардно живење, особено доколку во семејството има само еден вработен.

## Анализа и заклучок од истражувањето

Според реализираното анкетно истражување се прибраа податоци, кои беа обработени, анализирани и интерпретирани, а сумирано истите во вид на резиме може да се прикажат на следниот начин.

Анкетата беше спроведена на 210 испитаник, по случаен избор од вкупната полнолетна популација во градовите, Скопје Тетово, Гостивар, Струга, Струмица и Прилеп.

- Најголем број од испитаниците злоупотребата на службената положба и овластување го поврзуваат со корупцијата, што значи дека не е грешка од причина што и во научната литература кривичното дело злоупотреба на службена положба и овластување се третира како дело со корумптивни својства.
- Најголем број од испитаниците или 62% одговориле дека во институциите на системот во Република Македонија има злоупотреба на службената положба и овластување, 14% дале делимичен одговор додека само 14% одговорија дека нема.
- 24% од испитаниците судството го сметата како институција каде злоупотребата на службената положба и овластување е присутна.

Процентот на анкетираните испитаници што Судсвото го опишуваат како институција во која злоупотребите се присутни, е навистина голем. Ова е вистиски проблем, од причина што станува збор за институција која дели правда и доколку таа институција не функционира според законските прописи тогаш не може да се очекува подобрување во однос на намалување на криминалитетот со елементи на злоупотреба, од проста причина што сторителите на такви дела нема да престанат кон инкриминирани дејствија доколку соодветно не бидат санкционирани.

- 19% од испитаниците Јавното обвинителство го сметат како институција каде злоупотребата на службената положба и овластување е присутна.

Овој процент треба да не загрижува бидејќи станува збор за институција која со новиот ЗКП ја има главната улога во борбата против криминалитетот воопшто.

- 19% од испитаниците полицијата ја сметат како институција каде злоупотребата на службената положба и овластување е присутна.

Имајќи ја предвид општата улога на полицијата во општеството, значи не само како институција што се бори против криминалитетот, туку и нејзината улога во сообраќајот, одржувањето на ЈРМ, и др, податоците добиени од оваа прашање, се загрижувачки. Токму поради тоа треба да се зајакнат пред сѐ внатрешните механизми на контрола, не за да се елеминират целосно злоупотребите бидејќи тоа е невозможно, туку да се намалат појавите со таков карактер.

- 9% од испитаниците царината ја сметат како институција каде злоупотребата на службената положба и овластување е присутна.

Царинскиот криминал предизвикува големи последици спрема државата. Негативните ефекти пред сѐ, се чувствуваат врз буџетот на РМ, а големо влијание има и врз функционирањето на пазарната економија. Со други зборови кажано, доколку во царинските редови имаме толкав процент на злоупотреба, тогаш не треба да не зачудува фактот што низ цела Македонија цвета сивата економија, нелагалната трговија со наркотични средства, како и други негативни појави предизвикани токму од незаконското работење на царинските службеници.

- 9% од испитаниците здравството го сметаат како институција каде злоупотребата на службената положба и овластување е присутна.

Здравствената дејност е многу значаен сегмент во општеството од причина што претставува масовен општествен интерес, со што се потврдува максимата дека здравјето на луѓето и неговото зачувување и враќање е највисок императив на човечкото постоење.

Одговорите добиени од испитаниците го опишуваат здравството како институција каде злоупотребите се присутни со солиден процент. Ова состојба, не треба да не зачуди многу бидејќи се позабележителни се случаите на осомничени лекари и медицински персонал за примање поткуп за вршење на некоја медицинска интервенција, оперативен зафат и сл. Во овој контекст честопати сме слушнале и слушаме по медиуми за злоупотреби направени од страна на одредени лекари и друг медицински персонал, за издавање фиктивна медицинска документација, со лажни дијагнози, кои на одредени лица

им послужиле за стекнување со инвалидска пензија, или пак за некоја друга работа, со чие приложување би ги постигнале своите цели.

- 9% од испитаниците образованието го сметат како институција каде злоупотребата на службената положба и овластување е присутна.

Образованието како чуствителен сегмент во општеството според погоренаведените податоци се карактеризира со солиден процент на злоупотреби. Ова слика е загрижувачка пред сѐ кога се има предвид дека иднината на една држава се темели кон квалитетно образование и создавање на кадар кој утре ќе биде во состојба да се справува со разновидни предизвици. Значи со кадар што незаслужено се стекнале со дипломи, не може да се очекува унапредување на државата од кој било аспект, а тоа значи и уназадување и неспособност на нашата економија да се справи со предизвиците што ги нуди светскиот пазар, забавување на процесот на интегрирање во меѓународни институции и организаци пред сѐ во Европската унија.

- 5% од испитаниците јавните претпријатија ги сметат како институција каде злоупотребата на службената положба и овластување е присутна.

Јавните претријатија како правни субјекти се значаен фактор во една пазарна економија. Процентот на злоупотреби во овие институции, треба да не загрижи сите како граѓани на ова држава. Во некои јавни претпријатија состојбата е алармантна што ги натера институциите на системот пред се МВР на РМ, да крои планови како да се справи со ова појава. Во овој контекст би ја спомнал оперативната акција „Гора“, отворена во средината на 2014 година која се спроведува низ целата РМ, а се однесува за преземање на мерки и активности за заштита на шумите. Оваа оперативна акција пред сѐ е отворена поради фактичката состојба на терен како и големиот број на претставки од граѓаните на РМ доставени до МВР на РМ кои укажуваат на основи на сомненија за сторени кривични дела : Злоупотреба на службена положба, фалсификување на исправа, даночно затајување токму од лица вработени во Јавно претпријатие македонски шуми, кој во овој криминал не се сами туку се инволивирани и други лица од други институции пред сѐ од шумска полиција, полиција, државен инспекторат за шумарство и др.

- 52% од испитаниците најефективна мерка  во борба против криминалот поврзан со злоупотреба на службената положба и овластување гледаат во строгите пресуди за оние коишто ќе бидат обвинети.

Поврзаноста со власта и моќта на сторителите на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување, според одговорите добиени од испитаниците, се најголемите фактори што влијаат кон криминалното однесување со елемнти на злоупотреби на службената положба и овластување.

И покрај критиките во јавноста во однос на работата на полицијата воопшто, сепак за разлика од другите институции, одговорите добиени од испитаниците, полицијата со 34% ја ужива довербата на граѓаните во однос на пријавување на случаи од типот на злоупотреба на службената положба наспроти Јавното обвинителство со 28 %, Финансиската полиција со 20% и ДКСК со 18%. Кога сме кај довербата на граѓаните кон полицијата, 38% од испитаниците одговориле дека би го пријавиле случајот во полициските органи кои функционират во нивното подрачје додека 62% во МВР - Скопје.

- 46% од испитаниците одговориле дека  доколку дознаат за криминал поврзан со злоупотреба на службената положба, во полиција  би го пријавиле како анонимен граѓанин со писмен поднесок, 19% непосредно преку записник за примање на кривична пријава, и 35% преку бесплатни телефонски разговори.
- Големиот процент на испитаните граѓаните т.е. 39%, злоупотребите ги третират како фактор што влијае врз забавувањето на процесот на интегрирање во ЕУ.
- Поголем процент од граѓаните т.е. 36% од испитаниците гледаат подобрување во борбата против организираниот криминал со елементи на злоупотреба на службената положба, со зголемувањето на структурата на единиците во рамките Централните полициски сили при МВР на РМ.
- 41% од испитаните граѓани сметат дека вработените пред сè, во полицијата како и во другите органи кои директно се инволвирани во борбата против криминалот поврзан со елементи на  злоупотреба на службената положба и овластување, се неадекватни, според стручната спрема, искуството, и други елемнти што би требало да ги имаат, додека 43 % од испитаниците одговориле дека овие лица делумно ги исполнуват условите за справување со овој вид на криминалитет.

- 20% од испитаниците одговориле дека улогата на непосредниот раководител во полициските служби влијае врз степенот на откривање, расветлување и докажување на кривични дела поврзани со злоупотреба на службената положба, додека 46 % од испитаниците одговориле дека има делимично влијание.

Поголемиот процент во однос на делимичното влијание можеби е оправдано од причина што, личноста меѓу другото се карактеризира со низа субјективни карактеристики, каде раководителот многу малку или воопшто не може да има влијание.

- Најголемиот број од испитаните граѓани т.е. 40 % од нив сметат дека ослободување од политички влијание и други центри на моќ на државните органи кои се борат против криминалот со злоупотреба на службената положба е исклучително важно, а 38% од нив сметат дека е многу важно. Значи ако се соберат овие проценти доаѓаме до заклучок дека во РМ навистина е големо политичкото влијание врз институциите на системот кои се надлежни во борбата против овој вид на криминалитет.

- 46% од испитаниците гледаат подобрување на ефикасноста во борбата против овој вид на криминалитет доколку имаме зголемување на платите на надлежните работници вработени во институциите кои се борат против овој вид на криминалитет.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

## ЗАКЛУЧОК

Главен предмет на обработка во докторскиот труд беше кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување, преку неговите кривично – правни, криминолошки и криминалистички карактеристики.

Главната цел што требаше да се постигне со трудов е да се помогне во ефективноста и ефикасноста на откривањето, расветлувањето и докажувањето на ова кривично дело.

Кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ спаѓа во најманифестираните од сите кривични дела против службената должност, а солидна застапеност има и во групата на кривични дела од областа на економско – финансискиот криминалитет.

Главниот проблем беше посебно појаснет преку кривично – правните карактеристики – законско битие на делото, појавни облици, активен субјект, субјективна страна на делото, услови за инкриминација, квалификуваните облици на делото, односот со други дела, криминолошките карактеристики – причини и фактори, обем структура и динамика, временска и просторна распространетост, криминалистичките карактеристики - начинот и средствата на извршување, местото просторот и времето на извршување, трагите, личноста на сторителот улогата на државните органи и институции во Република Македонија надлежни за истражување на економско финансискиот криминалитет како и нивната соработка во процесот на расветлување и докажување на ова дело, а исто така посебен дел од трудот и е посветен на превентивните мерки и активности кои е потребно да се преземат со цел намалување на бројот на извршители на ова кривично дело.

Генерална цел на овој труд беше да помогне во создавање на стратегија за справување со Кривичното дело „Злоупотреба на службена положба и овластување" и промовирање на решенија за надминување на слабостите на борбата против овој вид криминалитет.

Притоа практичните цели и задачи на научно истражувачката работа се движат во неколку насоки:

- Откривање на недостатоците и пропустите при приземање на мерки и активности за откривање, расветлување и докажување на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување;
- Утврдување на криминалистичко – технички мерки и активности за расветлување и докажување на делото;
- Преку практични примери, анализирање на начинот на извршување, како и карактеристиките на сторителите;
- Анализа на бројот на пријавени, обвинети и осудени сторители на кривични дела злоупотреба на службената положба и овластување за периодот од 2002 до 2012;
- Добивање на податоци за застапеноста на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување во групацијата на економскиот криминалитет и во групата на кривични дела против службената должност;
- Улогата на меѓуинституционалната соработка во расветлувањето и докажувањето на ова дело;
- Предлог на мерки и активности за превенција на ваквите криминални активности.

Како што беше истакнато во вториот дел од трудот кој се однесуваше за кривично - правните карактеристики на КД „Злоупотреба на службената положба и овластување“, ова дело се појавува во три облика и тоа со искористување на службената положба и овластување, пречекорување на границите на службеното овластување и неизвршување на службена должност.

Кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување во КЗ на РМ е предвидено во глава 30, член 353 од КЗ на РМ.

Делото постои доколку службено лице, одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице што има претставништво или врши дејност во РМ, или лице со јавни овластувања при вршење на службени работи од делокругот за кои се овластени, ги злоупотребуват нивните овластување, вршат пречекорување на истите или не ја вршат службената работа која по службена должност треба да ја вршат, а за последица имаме стекнување со противправна имотна корист за себе или за друг или нанесување на штета на друг .

Во однос на факторите односно причините коишто влијат врз деликвентното однесување на кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“, во докторскиот труд во рамките на третиот дел кој се однесуваше на Криминолошките карактеристики, беа потенцирани субјективните и објективните фактори. Во рамките на субјективните фактори беа  потенцирани : дадената ситуација сфатена во потесна смисла на зборот, личните карактеристики на сторителот, стручноста и професионалноста на сторителот, човечката алчност. Во рамките на објективните фактори беа потенцирани надворешните влијанија од политички, економски и кривично – правен карактер.

Во рамките на овој дел беа анализирани податоците за КД „Злоупотреба на службената положба и овластување“ добиени од Државниот завод за статистика, Секторот за анализа истражување и документирање при МВР на РМ, како и од Управа за Финансиска полиција, преку нивно табеларно и графичко прикажување за истражуваниот период.

Податоците се однесува на следните карактеристики:

- Пријавени, обвинети и осудени сторители за КД ”Злоупотреба на службената положба и овластување” член 353 од КЗ на РМ во период  2002 - 2012 година.
- Откриени кривични дела ˝Злоупотреба на службена положба и овластување˝, пријавени сторители на истите и предизвиканата материјална штета по години во период од 2002 - 2012  год.
- Процентуално учество на кривичното дело ˝Злоупотреба на службена положба и овластување” во однос на кривичните дела наведени во глава 30 од Кривичниот закон на РМ.
- Процентуално учество на кривичното дело ˝Злоупотреба на службена положба и овластување˝ во однос на кривичните дела од економски криминал.
- Откриени кривични дела од Секторите за внатрешни работи и Центарот за сузбивање организиран и сериозен криминал (ЦСОСК).
- Откриени сторители од Секторите за внатрешни работи и Центарот за сузбивање организиран и сериозен криминал.
- Откриени сторители на КД злоупотреба на службената положба и овластување за периодот  2005 - 2012 година  од страна на Управата за Финансиска полиција

Во четвртиот дел со наслов Криминалистички истражувања на злоупотреба на службена положба и овластување, беа изложени криминалистичките карактеристики на кривичното дело „Злоупотребата на службената положба и овластување“ и тоа :

- Начинот и средствата за извршување на КД злоупотреба на службената положба и овластување;
- Местото, просторот и времето на извршување;
- Државни органи и институции во Република Македонија надлежни за истражување на економско - финансискиот криминалитет;
- Соработката на институциите на системот во истражувањето и гонењето на кривичните дела од областа на злоупотребата на службената положба и овластување;
- Полициската улога во откривањето на кривичните дела против службената положба и овластување;
- Начинот на дознавање, расветлување и докажување на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување

Анализата на криминалистичките карактеристики на КД „Злоупотреба на службената положба и овластување“ овозможува да се извлечат начините, моделите и стратегите за практична борба против овој вид на криминалитет – што значи откривање, расветлување и докажување на делото и откривање на сторителот.

Превенцијата  кај кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ беше петтиот дел од докторскиот труд и тука беа наведени мерки и активности што се презмени и што е потребно  да се преземаат од страна на институциите на системот.

Реализираното истражување беше презентирано во шестиот дел. Според анкетното истражување се прибираа податоци, кои после нивната обработка, беа интерпретирани, а заклучокот беше даден во рамките на истиот дел.

**Во однос на поставените хипотези, состојбата изгледа на следниов начин:**

- Злоупотребата на службена положба и овластување е најизвршувано кривично дело од областа на кривични дела против службената должност, а значајна застапеност зазема и во вкупниот економско - финансискиот криминалитет.

Во третиот дел од трудот меѓу другото беше направена анализа на статистичките податоци добиени од Државниот завод за статистика на Република Македонија од Годишните извештаи за сторители на кривични дела за период од 2002 до 2012 година. Според резултатите од анализата на сторителите за кривични дела против службената должност од Глава 30 од Кривичниот законик на Република Македонија пријавени во истражуваниот период се вкупно 9588 кривични дела од кои 8315 се пријавени сторители за кривичното дело “Злоупотреба на службена положба и овластување” по чл. 353 или тоа е 86,7 % од вкупно пријавените сторители во Главата во која доминира посебно истражуваното кривично дело.

Доминантна позиција на ова кривично дело во однос на другите кривични дела од главата 30 од КЗ на РМ, се потврдува и од статистичките податоци добиени од Секторот за СКРА при МВР на РМ, каде може да се види дека во сите години на истражувачкиот период процентуалното учество на кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување, учествуваа со над 50% во вкупниот обем на кривичните дела против службената должност. Тој процент во повеќе години се движи од над 75% до над 80%.

Солидна застапеност на ова кривично дело имаме и во групата на кривични дела со економски карактер. Во истражувачкиот период, најголемата застапеност ја имаме во 2003 година со 51,3 %, а најмалата во 2011 година со 22, 6%, но и во дргите години застапеноста е голема, доколку се има предвид бројот на кривичните дела кои влегуваат во категоријата на економски кривични дела.

Погоренаведените податоци ја потврдуват хипотезата дека кривичното дело ,,Злоупотреба на службената положба и овластување,, има апсолутна доминација во групата на кривични дела против службената должност, а солидна застапеност има и во групата на кривични дела со економски карактер.

- „Злоупотребата на службената положба и овластување“, како појава, во Република Македонија, доживува експанзија во периодот на транзиција како резултат на правниот вакуум и неподготвеноста на институциите на системот за новонастанатата општествено - економска и правна состојба во државата .

Голем број сторители на кривичното дело злоупотреба на службената положба во временскиот период од 1996 до крајот на 1999 , што вршеле одговорни функци во правни лица, не биле опфатени под казнена одговорност, бидејќи законодавецот предвидуваше одговорност само за службените лица. Така што голем број на сторители на кривични дела што вршеле одговорни функци во правни лица т.е генерални директори, финансиски и комерцијални раководители како и други лица особено во периодот кога се приватизира голем број на претпријатија, остана неказнети. Во контекст на ова говорат податоците презентирани од Манески кои укажуваат дека од 1996 година до 2003 година се отфрлени кривични пријави против 2236 лица или 62 % од поднесените пријави, а против 498 лица истрагата била запрена, токму поради тоа што пријавените немале својство на службено лице. Тој пропуст, повеќе одговорни лица во правни лица, што вршеле одговорна функција или должност, најчесто генерални директори, директори на фирми, финансиски и комерцијални раководители и други одговорни лица, добро ги искористија законските дупки и доста бргу сфатија дека нема да одговараат што и да сторат и каков било финансиски криминал да направат со злоупотреба на положбата. Имајќи го предвид наведеното, може да се констатира дека и втората хипотеза се потврдува.

- Злоупотребите се вршат на повеќе нивоа и низ разните сфери на општествено - економскиот и политичкиот живот во државата.

Доколку се анализират примерите дадени во трудот, може да се констатира дека како сторители на злоупотреби на службената положба и овластување може да се јават разни категори на лица на кои тоа им го овозможува службената положба, почнувајќи од обични референти, административни службеници, лица со јавни овластувања, па се до службени и одговорни лица кои имаат повисока функција. Во контекст на ова говорат и статистичките податоци добиени од Финансовата полиција, наведени во втората глава на трудот, каде во својство на сторители на ова кривично дело имаме раководни лица во државни институции, вработени во државни институции, нотари, раководители на Јавно

претпријатие, стечаен управник, раководител во акционерско друштво, раководител во приватна фирма, претседател на управен одбор, адвокат, вешто лице и сл. Значи со самото анализирање на статусот на извршителите на ова кривично дело доаѓаме до заклучок дека злоупотребите на службената положба и овластување се манифестира во сите области на општественото живеење т.е како во стопанската така и во нестопанската сфера. Значи и третата хипотеза се потврдува.

- Статусот на извршителите на КД Злоупотреба на службената положба и овластување како и времето на извршување се значајни елементи кои го карактеризираат битието на ова дело.

Злоупотребите на службената положба и овластување се извршуваат од лица со одредени својства. Тоа може да се види во глава два и четири од трудот.

Имено сторителите на ова дело одговарат за кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување за време додека истите ја извршуваат нивната должност во рамките на своите службени овластувања. Доколку овие лица сторат кривично дело надвор од службата кое нема никакви допирни точки со нивните овластувања и делокругот на нивната службена работа истите нема да одговарат за КД „Злоупотреба на службената положба и овластување“, туку за друго дело. Статусот, на сторителите на ова кривично дело, се дефинира во самата одредба на членот 353, каде како сторители на ова дело ни се јавува службено лице, одговорно лице, одговорно лице во странско право лице кое има претставништво во РМ или врши дејност во РМ и лице со јавни овластувања.

Доколку се анализират примерите дадени во трудот, може да се констатира дека при расветлување и докажување на ова дело полициските службеници, секогаш одат кон тоа најпрвин да се дефинира статусот од сторителот и времето на неговото назначување во конкретното работно место кои податоци се добиваат од решението за работа. То се прави со цел да се констатира дали во времето кога презел инкриминирани дејствија бил на функција и дали инкриминираните дејствија се поврзани со неговите овластувања, статус и должноста. Токму поради немањето на статус на одговорни лица во правни лица во периодот кога се трансформира голем број на претпријатија од општествена и државна во приватна сопственост остана неказнети. Факторот време не треба да се анализира само во

контекст на тоа дали сторителот кога презел инкриминирани дејствија бил на функција или не туку и во насока на законската регулатива за одредена проблематика која важела во одредениот период. Имено, може да се случи одредени инкриминирани дејствија поради специфичните карактерситики на ова дело, последиците да се откријат подоцна односно во временски период кога тие инкриминирани дејствија не претставуват законска пречка односно законски се дозволени. Во таквите случаи оперативниот службеник не треба да се доведе во заблуда, туку треба да изврши споредување дали во времето кога осомничениот ја злоупотребил функцијата преземените активности од негова страна биле законски дозволени или не. Доколку не биле дозволени тогаш против истиот ќе се преземат соодветни законски мерки согласно законот за кривична постапка. Имајќи го предвид наведеното сметам дека и ова хипотеза е потврдена.

- Сторителите на ова кривично дело во своето криминално дејствување не применуват физичка сила или насилство, туку вештина во изигрување или одбегнување на одредени законски прописи, акти, договори и сл.

Ова хипотеза се потврдува во главата четири т.е криминалистичките истражувања на „Злоупотреба на службената положба и овластување", а исто така и во дадените примери во трудот. Имено основната разлика на овој вид на криминал со класичниот криминал е токму во употребата на сила при криминалното дејствување. Начинот на извршување кај овој вид на криминал не се заснова во употреба на сила при криминалното однесување туку кон вештините на сторителите во заобиколување на законските прописи, и непочитување на истите.

- Доминантен мотив на криминална активност е стекнување со противправна имотна корист.

Секоја криминална активност пред сè се врши заради стекнување со имотна корист која се разбира според начинот на кој е стекнато се квалификува како против правна имотна корист. Но кај овој вид на кривично дело мотивот изгледа е поголем, особено кај лицата кои имат раководна позиција кои не сакаат да ја пропуштат можноста што им се дава преку работното место, функцијата, овластувањата што им се дадени за одреден период, а водени од фактот дека овластувањата не се трајни и дека сега е моментот да се искористи.

Во контекст на ова говорат и податоците презентирани во последната графа од табела бр. 1 наведена во третиот дел од трудот, а и од фактот што според кривично - правните карактеристики на делото, истото се смета за довршено кога настанале услови за инкриминација т.е прибавување за себе или за друг противправна имотна корист. Со овие констатаци сметам дека и ова хипотеза е потврдена.

- „Злоупотребата на службената положба и овластување“ најчесто е поврзано со фалсификување на службени исправи, непочитување на законските прописи од соодветната област, прикривање и уништување на документација и сл.

И ова хипотеза се потврдува во четвртиот дел. Имено самиот чин на извршување на ова дело се одвива тајно, а со цел прикривање или уништување на важечката докуменатција, се преправа или изготвува нова со која доколку последицата не е видлива кривичното дело за подолг период останува неоткриено. Со самиот факт дека имаме прикривање, уништување или изготвување на нова докуменатција произлегува дека ова кривично дело особено е пропратено со кривичното дело фалсификување на службена исправа или исправа. Исто така оваа хипотеза се потврдува и во вториот дел од трудот каде се објаснети облиците на ова дело. Тука се дадени неколку дефиници од одредени автори, а исто така се презентирани и практични примери. Доколку се анализират наведените дефиници и дадените примери доаѓаме до констатаци, кои ја потврдуват наведената теза.

- Бавните судски процеси, и претежно скромниот судски епилог во однос на предмети поврзани со злоупотреба на службена положба и овластување влијае на зголемување на инкриминираните дејствија со елементи на злоупотреби.

Оваа хипотеза се потврдува и од статистичките податоци презентирани во главата три од трудот и од годишните извештаи на Европската комисија и од мислењето на испитаниците во делот на анкетирањето. Така што за ова не треба многу да се зборува од причина што самите податоци укажуваат дека во ова насока имаме многу слаби резултати, кое нешто се рефлектира кон зголемување на инкриминирани дејствија со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување. Имено според статистичките податоци добиени од државниот завод за статистика на Република Македонија

презентирани во третиот дел од трудот, вкупно пријавени сторители за истражуваниот период 2002 – 2012 година имаме 8315, обвинети 2284 или  додека осудени 889 лица.

Тргнувајќи од тоа што главната цел на трудот која беше поставена во методолошкиот дел и се однесуваше во насока на изградба на стратегија која ќе помогне во создавање на стратегија за справување со кривичното дело „Злоупотреба на службена положба и овластување" и промовирање на решенија за надминување на слабостите на борбата против овој вид криминалитет, беше поставена следната генерална хипотеза:

> ***Ефикасноста на откривање, расветлување и докажување на злоупотребите на службената положба и овластување пред сè зависи од стручноста, професионалноста на оперативниот службеник, стручното реализирање на оперативно - тактичките мерки, како и кординираната меѓуинституционалната соработка особено во процесот на обезбедување на метеријални докази.***

Фактите за проверка и докажување на ова хипотеза воглавно се наведени во четвртиот дел од трудот. Имено тука, меѓу другото беше констатирано дека за разлика од класичниот криминалитет кај овој вид на криминална активност се оставаат специфични траги и доказни материјали кои најчесто се на одредена докуменатција (договори, потврди за солемнизација на договори, записници од различен карактер, како што се записниците и заклучоците сочинети од страна на извршител при преземање на извршни дејствија, налози за исплати, и сл), а трагите се врз тие документи предизвикани со пишување, печатење, фотокопирање, и сл.

Имајќи, ги предвид својствата на сторителите начинот и методите на извршување, процесот на откривање, расветлување и докажување не е лесен. Значи, станува збор за кривично дело кое се врши во најголема можна тајност, во чија основа лежи прибавување некаква корист за себе или друг, или на друг да му нанесе штета. За да бидеме успешни во откривањето расветлувањето и докажувањето на ова дело оперативните службеници треба да бидат стручни и на професионален начин да си ги извршат проверките. Стручноста и професионалноста мора секогаш да се ставаат на преден план. Ако не се почитуваат искуствата, професионалноста, стручноста, способноста, чесноста, потесната специјалност на кадрите на сите нивоа и не се води грижа за нивно постојано остручување и

усовршување, тешко е да се очекува битно изменување на неповолните состојби во врска со откривањето и гонењето на кривичните дела од областа на економскиот криминалитет каде спаѓа и кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“. Најчесто доказниот материјал се наоѓа во повеќе институции, и тоа државни органи, здравствени институции, банки и други финансиски институции, Јавни претпријатија, Образовни институции, Агенции за катастар на недвижности  и сл. Со оглед на тоа што материјалниот доказ се наоѓа во наведените институции, неминовна е соработката на оперативните службеници со овие институции.

За да бидеме успешни во откривањето на ово кривично дело, освен стручноста и професионалноста  што треба да ги поседуваат оперативните службеници,  органите надлежни за откривање пред сè треба да имаат солидна соработка, и меѓусебна доверба, потоа солидна соработка и со останатите државни органи и институции кои директно не се инволвирани во борбата против криминалитетот воопшто, а се со цел  уште во најраната фаза од кривичното гонење да се обезбеди веродостоен  доказен материјал  кој што ќе биде презентиран во понатамошните фази од кривичната постапка. Имајќи го предвид погоренаведеното сметам дека и генералната хипотеза е потврдена.

## ПРЕДЛОЗИ

Преку истражувањето во рамки на докторскиот  труд треба да се дојде до конкретни решенија и предлози за откривање, расветлување и докажување на кривичното дело злоупотреба на службенат положба и овластување:

Полициските службеници, особено тие што работат во областа на економско – финансискиот криминалитет кои се вклучени во откривањето, расветлувањето и докажувањето на овој вид на криминал, треба да ги знаат следните насоки:

- Што претставува злоупотреба на службена положба и овластување и појавните облици на истото;
- Тактиките и техниките на извршување на злоупотреба на службената положба и овластување – modus operandi;
- Трагите кои настануваат од злоупотребата на службената положба и овластување;

- Законската регулатива и прописите со кое е регулирано одредена проблематика каде извршителот врши дејност
- Законските прописи со кои се регулирани овластувањата и статусот на извршителите на ова дело;
- Да бидат внимателни во анализата на наодите, мислењата и заклучоците добиени од одредени органи како што се општините, правните лица со јавни овластувања, коморите, и сл, од причина што може да се случи поради нечиј интерес да не кореспондираат со фактичката сосојба, особено кога станува збор за влијателен човек инволвиран во криминал.
- Во однос на методиката на откривање, расветлување и докажување на кривичните дела со елементи на злоупотреба на службената положба и овластување, органите за прогон каде полицијата има доминантна улога мора да се стреми кон обезбедување што повеќе веродостојни материјални докази во пишана форма сето тоа согласно Законот за кривична постапка. За да се дојде до тоа, полициските службеници треба :
- Да соберат сознанија и информаци за извршителите, преку информатори, разговори со жртви кои се јавуват во улога на пријавители или во некоја друга улога.
- Раговорот со нив да биде во детали, а се со цел добивање на јасна претстава за инкриминираните дејствија во која би можело да се вклучени повеќе лица;
- Да се изврши увид во документацијата, а со цел утврдување на неправилности во изготвувањето на истата;
- Претрес на дом и други простории каде се очекува да се пронајде доказен материјал поврзан со инкриминираното дејствие;
- Спроведување на финансиски истраги особено кога се работи за криминален случај од поширoки размери;
- Соработка со институции кои директно се инволвирани во борбата против овој криминалитет;
- Соработка со останати институции кои придонесуват во расветлувањето и докажувањето на кривичното дело злоупотреба на службената положба;

Имајќи ги предвид спецификите на крививичното дело злоупотреба на службената положба и овластување, како и последиците предизвикани од истата особено спрема

буџетот на Република Македонија, се надевам дека  проучувањето на кривично – правните, криминолошките и криминалистичките карактеристики на ова дело ќе дадат скромен придонес во научната литература особено во насока на воспоставување и унапредување на системот на мерки и активности кои треба да бидат преземени од надлежните институции за поуспешно и поефикасно откривање на овој вид на кривично дело.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Ангелески М., "Основи на економската криминалистика", НИП "Ѓурѓа", Скопје, 1999.
2. Ангелески М., "Криминалистичко постапување при откривање на економскиот криминалитет", Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје, 1994.
3. Ангелески М., "Економскиот криминалитет и фингирањето", Безбедност бр. 4, Скопје, 1997.
4. Ангелески М., "Проучување на личноста на економскиот деликвент", МРКПК бр. 4, Скопје, 1997.
5. Ангелески М., "Научна проблематика на откривањето и разјаснувањето на кривичните дела", Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје, 1991.
6. Ангелески М., "Поим и класификација на информаторите, Безбедност бр. 2, 1992 "
7. Ангелески М., "Криминалистички аспекти на истражувањето на географијата на криминалитетот", МРКК бр. 1/98, Скопје, 1998, -2.
8. Ангелески М., "Оперативна криминалистика", Скопје, 2005.
9. Алексиќ Ж., и Миловановиќ З., "Криминалистика", Београд, 1994.
10. Арнаудоски Љ., и Сулејманов З., "Масовниот криминалитет во Македонија", Институт за социолошки и политичко - правни истражувања, Скопје, 1990.
11. Арнаудоски Љ., "Организираниот криминалитет како политичко - криминолошки проблем", Безбедност бр. 1 - 2, Скопје, 1994.
12. Арнаудоски Љ., "Криминализација на политиката и политизација на криминалот", Безбедност бр. 3, Скопје, 1997.
13. Арнаудоски Љ., Тасева С., Салиу С., "Потреба од следење на судските предмети од областа на корупцијата", Коалиција "Сите за правично судење", Скопје, 2007.
14. Алексич Ж., "Вештачења фалсификата докумената, рукописа и новца", Књига одбраних дела, Београд, 1996.

15. Алексоски С., "Психологија со криминалистичка психологија", Скопје, 2005.
16. Albaneze Jay S., 1995, White - Collar Crime in America Englewood Cliffs, NJ: Prentice Hall.
17. Atanaćković D., Krivićno pravo, posebni deo, Beograd, 1985.
18. Банович Б., "Обезбедување доказа у криминалистичкој обради кривичних дела привредног криминалитета", Београд, 2002.
19. Бачанович О., "Виктимолошки аспекти на Македонскиот кривичен законик", МРКПК, бр. 2, Скопје, 2006.
20. Бабич М., "Злоупотреба службеног положаја или овласчења - Основно антикорупцијско кривично дело", Модерна управа, Часопис за управно - правну теорију и праксу, Република Српска, април, 2009.
21. Богоев К., "Економска транзиција - концепци, резултати, проблеми" во Економска транзиција: состојби, проблеми и перспективи, МАНУ, Скопје, 1994.
22. Бошкович М., "Криминалистичка методика - I", Београд, 1996.
23. Бошкович М., "Организиран криминалитет - први део, Полициска академија, Београд, 1998.
24. Бошкович М., "Криминалистичка методика - II", Београд, 1998.
25. Benson I., Michael i Simpson S., Sally, 2009, White - Collar Crime: An Opportunity Perspective, taylor and Français, New York.
26. Bell B., Theatrical investigation: White - Collar Crime, Undercover operations, and Privacy, William and Mari Bill of Rights journal 2002.
27. Betts R.K., Fixing Intelligence, Foreign Affairs, January - February 2002.
28. Bosković M., "Organizovani kriminalitet", prvi deo, Policiska akademija, Beograd, 1998.
29. Бошкович М., и Банович Б., "Методика откривања и разјашњавања фингираних кривичних дела и кривичних дела из посебни закона", Београд, 1998.
30. Бошкович М., "Актуелни проблеми сузбивања корупције", Београд, 2000.
31. Бошков И., "Примена на законот на општествен капитал во РМ", Безбедност бр. 3, Скопје, 1992.

32. Богева Мицовска М., Јованоска М., Аргировски А., Глигоријевска Р., “Примена на законот за јавни набавки во практика”, Здружение на финансиски работници на локалните самоуправни и јавни претпријатија, Скопје, 2008.
33. Боутман Р., “Како реагираме на закони (I), дали е нашиот систем исправен (II)” Безбедност бр. 1, Скопје, 1994.
34. Браун Џ., и Вотерс И., “Професионално - истражувачка работа во полицијата”, Безбедност бр. 1, Скопје, 1994.
35. Berdnik A., “O poreznim krivcima”, Finansije br. 11 – 12.
36. Bishop M., Hong Kong Bejond 1997 g, “The importance of international Cooperation in the Fight against corruption”, Corruption The enemy within, London 1998.
37. Будак, Ј, ”Корупција у хрватскоj; перцепције расту, проблеми остају” во Привредна кретања и економска политика, Загреб, бр.106, 2006.
38. Воделенич В., “Криминалистичка операција”, Безбедност бр. 2, Скопје, 1992.
39. Витларов Т., “Даночно затајување” МРКРК БР. 4, Скопје, 1997. (1)
40. Витларов Т., “Казнено - Правна заштита од корупција”, Докторски труд, Правен факултет, Јустиниан први, Скопје, 2005. (2)
41. Витларов Т., “Правните лица како субјект на казненото право”, МРКК бр. 2, Скопје, 2006. (3)
42. Витларов Т., “Репресија и превенција на корупцијата”, 2 - ри август, Штип, 2006. (4)
43. Витларов Т., “Репресија и превенција на корупцијата” Скопје, 2006. (5)
44. Велкоски А., “Вештачење во областа на финансиското и материјалното работење во претпријатијата” Магистерски труд одбранет на Економскиот факултет во Скопје, 1994.
45. Велкович Д., “Транзициона деструкција”, Скопје, 2001.
46. Велкович Д., (2004), “Либерализацијата на надворешната трговија како фактор на деструкција на едно стопанство”, во Македонија во глобализација - Економски факултет - Скопје, 2004.
47. Вилиамс В., “Транснационалниот и националниот организиран криминал и меѓународна безбедност”, Безбедност бр. 3, Скопје, 1997.

48. Вукович С., “Корупција и владавине права”, Институт друштвених наука, Београд, 2003..
49. Вукович М., “Откривање и превенција привредног криминала”, Зборник радова са саветовања, Привредних криминал и корупција, Институт за криминолошка и социолошка истражувања, Београд, 2001.
50. Weber K., “Privredni kriminal”, Kriminalistika 4/98.
51. Годишен извештај на МВР за 2010 г, на Биро за јавна безбедност, централни полициски служби, Оддел за организиран криминал, Сектор за криминалистичко разузнавачка анализа, јануари, 2011.
52. Grupa autora, “Privredni kriminalitet”, Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Beograd, 1977.
53. Dimitrov D., “Negativnite pojavi vo preobrzbata na sopstvenićkite odnosi”, Bezbednost br. 3, Skopje, 1992.
54. Dimitrov D., “Ekonomski delikti”, Skopje, 1998.
55. Dvorsek A., “Kriminalistićka strategija”, Ljubljana, 2001.
56. Edelhertz Herbert, 1970, The nature, Impact and Prosecution of White - Collar crime. Washington, DC: U.S Department of Justice.
57. Зафировски В., и Јанкуловски З., “Полициските овластувања и човековите права во РМ”, Скопје, 1999.
58. Ignjatović Đ., “Kriminologija” Beograd, 1998.
59. Ignjatović Đ., “Zemjite vo tranzicija i organiziraniot kriminal”, Godińnik na fakultetot za bezbednost, Skopje, 2001.
60. Ignjatović Đ., “Suzbivanje najteži oblika kriminaliteta u uslovima tranzicije i nesigurnosti”, Teški oblici kriminala, XVI seminar prava, Budva, 2004.
61. Jelaćić M., “Korupcija - društveno pravni aspekti i metodi suprotstavanja”, Beograd, 1996.
62. Јовашевич Д., “Злоупотреба службеног положаја и корупција”, Номос д.о.о Београд 2005.
63. Ј. Јовчески, Специјалните истражни мерки во кривичното законодавство на РМ, докторска дисертација, Скопје 2009.
64. Марина П., и Камбовски В., “Казниви дела против стопанството и основи на казнените постапки”, НИО, Студентски збор, Скопје, 1980.

65. Камбовски В., “Проблематика на пропуштањето во кривичното право”, Студентски збор, Скопје, 1982. (1)
66. Камбовски В., “Кривичен законик” - со краток коментар, објаснувања и регистар на поими, Академик, Скопје, 1996. (2)
67. Камбовски В., “Правна држава и организиран криминал”, Правен факултет, Скопје, 1996. (3)
68. Камбовски В., “Прелогмена за вистинската кривично - правна реформа”: примерот на стопанските деликти, Безбедност бр. 3, Скопје, 1992. (4)
69. Камбовски, В., “Казнено право” посебен дел, четврто дополнето издание, Просветно дело АД, Скопје, 2003. (5)
70. Камбовски В., “Корупцијата - најголемо општествено зло и закана за правната држава, коментар на Законот за спречување на корупцијата и на Законот за спречување на перење пари”, Влабор, ДООЕЛ, Скопје, 2002. (6)
71. Камбовски В., “Организиран криминал”, Штип, 2005. (7)
72. Камбовски В., “Десет години примена на кривичниот законик на РМ (Криминално - политичка анализа : состојби и тенденции)”, МРКК бр. 2, Скопје, 2006. (8)
73. Камбовски В., “Кривична одговорност на правните лица”, МРКПК, бр. 2 - 3, Скопје, 2008. (9)
74. Камбовски В., “Кривичен законик на РМ”, (интегрален текст), Скопје, 2009. (10)
75. Камбовски В., “Казнено право”, општ дел, Скопје, 2011. (11)
76. Камбовски В., Тупанчески Н., “Казнено право”, посебен дел, 2011. (12)
77. Камбовски В., “Спречување на криминалот во царинското работење”, МРКК бр. 1, Скопје, 2006. (14)
78. Камбовски В., “Потреба од утврдување на национална анти - корупциска стратегија во РМ”, Транспарентност Македонија, Скопје, 2001. (15)
79. Котески М., “Криминалистичка тактика 2”, Факултет за безбедност, Скопје, 2009.
80. Кандикјан В., “Димензи и апликации од сивата економија”, Безбедност бр. 4, Скопје, 1994.

81. Калајџиев Г,. "Правно - државни аспекти на новите методи за борбата против организираниот криминал", Безбедност бр. 4, Скопје, 1998.
82. Кејзер Г., "Криминологија", Александриа, Скопје, 1995.
83. Каневчев М., "Казнено - правна заштита во економските односи" МРКПК бр. 4, Скопје, 1997.
84. Кнапе К., "Нетрадиционални истражни технички – неопходност во иднината на тешкиот и организиран криминал", Безбедност бр. 1 - 2, Скопје, 1996.
85. Кривокапич В., "Криминалистичка тактика", Београд, 2005.
86. Кривокапич В., "Превенција криминалитета", Београд, 2002.
87. Кривичен законик на РМ.
88. Котески М., "Криминалистичка тактика 2", Факултет за безбедност, Скопје, 2009.
89. Лабовиќ М., "Власта корумпира", Де Гама, Скопје, 2006. (1)
90. Лабовиќ М., "Реформа на кривично - правниот систем" МРКК бр. 2, Скопје, 2006. (2)
91. Лабовиќ М., "Корупцијата најголема пречка за влез на Македонија во ЕУ", МРКПК бр. 1 - 2/2003.(3)
92. Лабовиќ М., "Корупцијата не е обичен криминал", МРКПК бр. 3, Скопје, 2014. (4)
93. Лабовиќ М. и Николоски М., "Организиран криминал и корупција", Скопје, 2009. (5)
94. Лабовиќ М. и Николоски М., "Организиран криминал и корупција - најнови теоретски димензи", практични консеквенци и методика на истражување, Факултет за безбедност, Скопје, 2010. (6)
95. Лазаревиќ Љ., "Кривично право", Посебни део, Савремена администрација, Белград, 1993.
96. Мојаноски Ц., "Финансирање на политичките партии", Годишник на факултетот за безбедност, Скопје, 2000/2001.
97. Маркоски Ј.,"Јавни Финансии", Безбедност бр. 3, Скопје, 1992.
98. Маневски М., "Корупцијата во РМ" (превентивни и казнени мерки за спречување), Скопје, 2005. (1)

99. Маневски М., “ Конфискација на имот и имотна корист” , Судска практика 2007 - 2012, Скопје, 2013 (2)
100. Маневски М., “Казнено - правна заштита на јавните финансии”, правни аспекти и практични искуства, Академик, Скопје, 2003. (3)
101. Маневски М., “Македонија и корупција - состојби и предизвици”, Фондација отворено општество, Магор, Скопје. (4)
102. Манев П., “Воведувањето кривична одговорност за правните лица – актуелна тема во РМ”, МРКК бр. 1 -2, Скопје, 2002.
103. Мачев А., “Контролните механизми во банкарскиот систем” МРКПК бр. 4, Скопје, 1997.
104. Михајлова В., “Перењето на пари и друга противправна имотна корист - влијанието врз финансискиот систем, превенција и искуствата од други земји”, МРКПК бр. 4, Скопје, 1997.
105. Михајлова М., “Корупција пречка за развојот на земјата”, Судска ревија - 3/2000..
106. Михајлова В., “Корупцијата и консеквенците од неа врз политичкиот и економскиот систем”, Судска ревија - 1/1999 г.
107. Митја Д., и Мирослав В., “Кривична одговорност правних лица”, пословни биро Д.О.О, Београд, 2010 г.
108. Милутиновиќ М., “Криминологија”, Савремена администрација, Београд, 1988.
109. Николоска С., “Кривични дела против службената должност”, Графотранс, Скопје, 2008. (1)
110. Николоска С., “Методика на истражување на економско - финансиски криминалитет”, Факултет за безбедност, Скопје, 2013 г. (2)
111. Николоска С., “Квалитативните измени и дополнувања на Кривичниот законик на РМ кај економскиот криминалитет”, МРКК бр.2, Скопје, 2006. (3)
112. Николоска С., “Феноменолошки карактеристики на криминалитетот против службена должност”, Годишник на полициска академија, Скопје, 2007 – 2008. (4)
113. Н. Матовски, Г. Бужароска, Г. Калајџиев, Кривично процесно право, второ изменето и дополнително издание, Скопје, 2011.

114. Osborn S A. Questioned documents, London 1929 и Симоновиќ Љ., “Криминалистичко вештачење докумената”, Београд, 1956.

115. Печар Ј., “Посебни средства и методи на спречување на криминалот (аспекти на надзорот)”, Безбедност бр. 3, Скопје, 1998.

116. Печар Ј., “Политизација на спротивставување на корумпираноста”, Безбедност бр. 1 - 2, Скопје, 1997.

117. Петрева М., “Кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството” МРКПК бр. 4, Скопје, 1997.

118. Проевски Ј., “Кривичен законик”, објаснувања и коментари, Академик, Скопје, 1998.

119. П Емилија, Полиција во предистражна постапка, магистерски труд Скопје, 2012.

120. Папеж Д., “Привредна криминалистика”, Загреб, 1986.

121. Рајдер Б.А.К., “Финансискиот свет во опасност: опасностите од организираниот криминалитет, перењето пари и корупција”, Безбедност бр. 3, Скопје, 1994.

122. Report on interception of communication ,, CDPS of Concil of Evrope, 2000 year.

123. Работен документ на службите на комисијата, Извештај за напредокот на РМ, 10.10.2012 г. СЕК 2012.

124. Стојанов И., “Востановена кривична одговорност на правните лица”, Годишник на полициската академија, Скопје, 2005/2006.

125. Сиваков К., “Конфискација на имот и на имотна корист и одземање на предмети”, МРКК бр. 2, Скопје, 2006.

126. Симоновиќ Б., “Улогата на полицијата во превенција на криминалот на ниво на локална заедница”, Годишник на факултетот за безбедност, Скопје, 2001.

127. Сулејманов З., “Македонска криминологија”, Скопје, 2000.

128. Симонович Б., “Улогата на полицијата во превенција на криминалот на ниво на локална заедница”, Годишник на факултетот за безбедност, Скопје, 2001 г.

129. Тасева С., “Перење пари”, Скопје, 2003.

130. Тасева С., “Темна бројка на криминалитетот”, Безбедност бр. 4, Скопје, 1995.

131. Тасева С., “Перење пари и финансиски криминал”, едуција Организиран криминал, Темпус, Скопје, 2002.
132. Тупанчевски Н., “Етиологија и феноменологија на кривичното дело даночно затајување”, Безбедност бр. 1, Скопје, 1994.
133. Transparency international, 2013, податоци објавени од транспаретност Македонија.
134. Tomanović M., “Krivićni dela korupcije”, Kultura, Beograd, 1990.
135. Tahović J., “Krivićno pravo”, Posebni deo, naućna knjiga, Beograd, 1953.
136. Q. Wright., “Police Power”, Encyclopedia Americana, New York, 1974, vol. 22.
137. United Nations Development Programme, “Corruption and Good Governanse”, United Nations, 1997.
138. Франк Х. Норвич и Хауард Сејден, “Спорни документи - Форензика”, Вовед во научни и истражни техники, Второ издание, Табернакуп, 2009, Дел од програмата на владата на РМ за преведување на 500 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреноминираните универзитети во САД и ЕУ.
139. Fight against organized crime and corruption unit - public prosecutor’s office, Збирка текстови, Охрид, 2009.
140. Халили М., “Процесот на проширување на Европската Унија и пристапувањето на Република Македонија”, Магистерски труд, одбранет на Унивезитетот Св “Кирил и Методиј” Економски Факултет, Скопје, 2009.
141. Франк Х. Норвич и Хауард Сејден., Спорни документи “Форензика”, Вовед во научни и истражни техники “Второ издание” Табернакуп, 2009, Дел од програмата на владата на РМ, за преведување на 500 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреноминираните Универзитети во САД и ЕУ.
142. Helmkamp James., Richard Ball and Kitty Townsend, Editors, 1996, Definitional Dilemma: Can and should there be a Universal Definition of White - Collar Crime? Proceedings of the Academic Workshop, Morgantown, WV: National Whide - Collar Crime Center.
143. Џуклески Г., и Николоска С., “Економска криминалистика”, Скопје, 2008 г.

144. Џуклески Г., “Перењето пари и кривичното дело даночно затајување”, Безбедност бр. 4, Скопје, 1997.

145. Џуклески Г., “Форми и методи на перење пари во РМ”, Годишник на факултетот за безбедност, Скопје, 2000/2001.

146. Џуклески Г., “Вовед во криминалистика”, Скопје, 2006.

147. Џуклески Г., “Даночно затајување”, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1998.

148. Џуклески Г., “Прирачник за соработничка мрежа”, Скопје, 2005.

149. Shapiro S., 1990, “Collaring the Crime, Not the Criminal: Reconsidering the Concept of White - Collar”, American sociological rewiev.

**Закони, упаства, конвевци и други маѓународни документи**

Закон за кривична постапка на РМ.

Закон за полиција.

Закон за јавни набавки.

Закон за спречување на корупција.

Закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Закон за трговски друштва.

Закон за политичките партии.

Закон за здруженија на граѓани и фондации.

Закон за банки.

Закон за локална самоуправа.

Закон за државни службеници.

Закон за јавни претпријатиа.

Закон за организација и работа на органите на државната управа.

Закон за основно образование.

Закон за средно образование.

Закон за високо образование.

Закон за здравствена заштита.

Закон за социјална заштита.

Закон за адвокатура.

Закон за нотаријат.

Закон за здравствено осигурување.

Закон за шуми.

Закон за градење.
Закон за Основно јавно обвинителство.
Закон за Внатрешни работи.
Закон за полиција.
Закон за државен завод за ревизија.
Закон за Државната комисија за спречување на корупција.
Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.
Закон за финансиска полиција.
Закон за царинска управа.
Закон за јавни приходи.
Закон за извршување.
Закон за ратификација на спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу РМ и ЕУ.
Царински законик на РМ.
Закони кои се донесени во РМ, со нивните измени и дополнувања.
Збирка на меѓународни документи од казнената област за спречување на корупцијата, Министерство за Правда - Европска агенција за реконструкција на Европската комисија за правда и внатрешни работи, Скопје, 2002 г.
Збирка на меѓународни документи за борба против корупцијата, Транспарентност Македонија, јуни, 2002 г.
Службен лист на ФНРЈ.
Службен лист на СФРЈ.
Службен весник на СРМ.
Службен весник на РМ.
Упатство за начинот на водење на криминалистички истраги во полицијата во Министерство за внатрешни работи, Министерство за внатрешни работи, Скопје, Јули 2008 г.
МВР на РМ, БЈБ, СКРА-Скопје, (Допис бр.21.2-2018 од 28.06.2013 г.)
Управа за Финансиска Полиција- Скопје (Допис.бр.1696/2 од 19.09.2014 г.)
Дневен весник, Вест, број 4297, 15 октомври 2014 година.

Користени веб – страници:

www. мvr.gov.mk

www.finpol.gov.mk

www.idividi.com.mk

www.stat.gov.mk